УНИВЕРЗИТЕТ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
----------------------------------------------------------------------
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

М-р Нада ЈУРУКОВА

# МЛАДИНАТА НА МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА БОРБАТА ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И ПРОМЕНИТЕ ВО ОШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ 1948-1953 ГОДИНА

- Докторска дисертација -

Ментор:
Д-р Владо ИВАНОВСКИ

Скопје, 1992 година

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР** .......... 1

**ВОВЕД** .......... 8

**ГЛАВА ПРВА**

**БОРБАТА ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И СПОЈУВАЊЕТО НА СКОЈ И НАРОДНАТА МЛАДИНА НА ЈУГОСЛАВИЈА**

ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ.......... 22
ПЕТГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАЗВИТОК НА СТОПАНСТВОТО .......... 24
БОРБАТА ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈУГОСЛАВИЈА .......... 30
БОРБА ЗА НОВИ ОДНОСИ.......... 35
ЧЕТВРТИОТ КОНГРЕС НА СКОЈ.......... 40
ЗАЕДНИЧКИОТ КОНГРЕС НА СКОЈ И НМЈ.......... 49

**ГЛАВА ВТОРА**

**ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА НММ И ОРГАНИЗАЦИОНАТА СТРУКТУРА**

ЧЕТВРТИОТ ПЛЕНУМ НА НАРОДНАТА МЛАДИНА.......... 59
ЧЕТВРТИ КОНГРЕС НА НММ.......... 68
*Претконгресни активности*.......... 68
*Подготовки*.......... 73
*Одржување на конгресот*.......... 78
*Резолуција на Четвртуот Конгрес на НММ за основните и наредните задачи на организацијата на НММ* ..........96
АКТИВНОСТИ ОД НЕПРИЈАТЕЛСКИ ПОЗИЦИИ.......... 105
ПЕЧАТ.......... 113
АГИТАЦИЈА И ПРОПАГАНДА.......... 117
ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ.......... 123
ОРГАНИ И РАКОВОДСТВА НА НАРОДНАТА МЛАДИНА ВО ОКОЛИИТЕ,ГРАДОВИТЕ, РЕОНИТЕ И НА УНИВЕРЗИТЕТОТ .......... 124
НАЈВИСОКИ ОРГАНИ НА НАРОДНАТА МЛАДИНА.......... 127
КАДРИ.......... 134
ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА НММ.......... 139

ОРГАНИЗАЦИОНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 144

## ГЛАВА ТРЕТА

## МЛАДИНСКИ РАБОТНИ АКЦИИ

ГЛАВЕН ШТАБ НА МЛАДИНСКИТЕ РАБОТНИ БРИГАДИ ........ 155
СОЈУЗНИ МЛАДИНСКИ РАБОТНИ АКЦИИ ........ 158
РАЗМЕНА СО ДРУГИ РЕПУБЛИКИ ........ 168
СОЦИЈАЛНА И НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА ........ 172
МЛАДИНСКА РАБОТНА АКЦИЈА "МАВРОВО" ........ 177
*Подготовки* ........ 177
*Бројна состојба на учесниците на младинската работна акција во Маврово* ........ 185
*Одгласот на акцијата "Маврово" во Пиринска Македонија* ........ 188
*Социјална и национална структура* ........ 190
*Форми на културно-преосветна активност* ........ 193
АКЦИЈА ЗА ПОШУМУВАЊЕ ........ 205
МЕЛЕОРАТИВНИ ЗАФАТИ ........ 207
МЛАДИНАТА УЧЕСНИК ВО ИЗГРАДБАТА НА ЗАДРУЖНИТЕ ДОМОВИ ........ 211
МЛАДИНАТА УЧЕСНИК ВО ИЗГРАДБАТА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ........ 215
МЛАДИНАТА УЧЕСНИК ВО ПРОИЗВОДСТВОТО ........ 225

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

**КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА АКТИВНОСТ НА МЛАДИНАТА** ........ 231

ПИОНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 232
ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ........ 241
НАРОДНО ПРОСВЕТУВАЊЕ ........ 249
*Организација на аналфабетските курсеви* ........ 249
*Бројна состојба на аналфабетските курсеви и опфатеноста на курсистите* ........ 255
ДРУГИ ФОРМИ НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА АКТИВНОСТ НА МЛАДИНАТА ........ 270

ЗАКЛУЧОК ........ 274

ФУСНОТИ ........ 278

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА ........ 298

# ПРЕДГОВОР

Активноста на младината во Југославија воопшто, а аналогно на тоа и во Македонија не е доволно аналитички обработена. Запознавањето со активноста на југословенската и на македонската младина во периодот по Втората светска војна има големо значење денес, а тоа ќе биде поголемо понатаму, кога ќе се проучува поцелосно епохата на заедничкиот социјалистички развиток на југословенските народи. Проучувањето, пак, на историјата на младинското движење на Југославија во периодот од 1948 до 1953 година, е од посебно значење. Преку проучувањето на овој период од развојот на дејноста на младината полесно можат да се сфатат општествените процеси кои се карактеристични за раниот социјалистички развој на југословенските земји во повоените години. Како целина досега не е обработувана ниту дејноста на младината во Македонија од 1948 до 1953 година. На младината од повоениот период на социјалистичката изградба на Македонија, нашата историографија се уште не и го посветила она внимание кое таа и го заслужува. Се што е направено во проучувањето на младинското движење, тоа се само неколку прилози во кои е анализиран текот на некои елементи од дејноста на младината во тој период. Поточно речено, нашата историографија нема посебни дела посветени на оваа проблематика.

Тоа нешто, секако, беше основниот, појдовен мотив поради кој се определивме и се зафативме со проучувањето и

обработувањето на оваа мошне интересна проблематика. Имено, се определивме за најинтересниот период од развојот на младинската организација по Втората светска војна, а тоа е периодот на одбраната на независноста на Југославија и промените во општествено-политичкиот систем, односно од 1948-1953 година. Имајќи го предвид значењето на активноста на младината во овој период, се одлучивме за комбиниран проблемско-хронолошки пристап кон темата. Научната оправданост на обработката на оваа тема, односно на овој период од развојот на младинската организација, ја согледавме во тоа што македонската младина во периодот на изградбата на земјата, иако имаше забележливи плими и осеки, сепак делуваше организирано. Во ова време таа беше неодменлив креативен носител, двигател, како на стопанскиот, така и на општествено-политичкиот живот на Републиката. Со еден збор, таа во сите сфери на општествено-политикиот и културно-просветниот живот на Македонија во тие години играше важна улога. Активноста на младината во периодот кој е предмет на проучување, настојуваме да го прикажеме врз основа на историските извори. Пристапувајќи кон оваа работа, јасно ни беше дека активноста на младината на Македонија неможе да се разгледува одвоено од активноста на младината на Југославија во целост. Нашето истражување се темели врз постоечката документација, а тоа се, главно, архивските извори, печатот, литературата и меомоарската граѓа. Прашањето на младината на Македонија го истраживме и проучивме во контексот на развојот и работата на младината во Југославија. Тоа е од причини што младинската организација на Македонија во периодот во годините непосредно по војната се развиваше под непосредно влијание на активноста на организацијата на НМЈ, односно како нејзин составен дел. Сите слабости и тешкотии во

политички, организационен и културно-просветен поглед, карактеристични за целото младинско движење во Југославија во овој период, важеа и за дејноста и развојот на младината во Македонија. Оттука и специфичностите во развитокот и во дејноста на младината во овој период, најчесто не ги разгледуваме изолирано, туку во контексот на целокупниот развој и дијалектичката поврзаност со развојот и активноста на младината во Југославија пошироко.

Целта на нашето проучување е научно и сестрано, колку штое е можно поцелосно да ја обработиме активноста на младината на Македонија во периодот 1948-1953 година. Во тезава правиме обид да ги изнесеме и проучиме првенствено поважните прашања, односно оние кои се непосредно сврзани со главниот проблем т.е со активноста на младината на Македонија во времето на почетоците на социјалистичкиот општествен развој и за време на одбраната на независноста на Југославија. Но, не навлегуваме во широчината и длабочината на оние прашања кои, заради сличната природа само се допираат со прашањата кои се главна цел на проучувањето.

Сметаме за потребно да укажеме дека во докторскава дисертација го обработуваме само прашањето на дејноста на младината во Вардарскиот дел на Македонија, односно на териоторијата на денешна Република Македонија. Развојот на младината во Егејскиот и Пиринскиот дел на Македонија битно се разликува од оној во Републиката, во што се и објективните причини што не е предмет на нашево проучување.

Целта на ова проучување беше научно и сестрано, колку што беше можно поцелосно, да се обработи прашањето на целокупната дејност како и структурната организираност на македонската младина во периодот на одбраната на независноста на

Југославија и на општествено-политичките промени. Користевме, главно, необјавена архивска документација, потоа монографски и други трудови кои се занимаваат, односно засегнуваат одделни прашања поврзани со оваа проблематика. Се послуживме и со изјави на учесници - современици на младинското движење во овој период. Но, имајќи предвид дека најголем број документи кои се однесуваат на дејноста на младината во периодот на изградбата на земјата потекнуваатод оние кои биле носители на тие настани, некои поедини факти често ги прифаѓаме со извесна резерва, а за некои од нив бефме принудени да заземаме и критички став.

Поради отсуството на побогата општа лотература, нашето изучување на прашањата поврзани со дејноста на младината на Македонија во периодот од 1948 до 1953 година најмногу беше свртен кон архивската документација. Единствено архивскиот материјал можеше да ни ги пружи потребните примарни информации во пристапот кон пообјективно презентирање на дадената проблематика. Од неа ги извлековме и ги констатиравме, на пример, фундаменталните идејно-политички ставови на младинската организација по прашањето за учество и допринос на младината во разни сегменти од општествено-политичкиот, културно-просветниот и стопанскиот живот на земјата. За таа цел вршевме истражувања во Архивот на Македонија, во Архивот на МАНУ, во Скопје, историските архиви во Титов Велес, Прилеп, Охрид, Струмица, Куманово, Тетово и во други архиви во Македонија. Од првостепено знажање за нашево проучување беше материјалот со кој располага Архивот на Македонија - Скопје. Во овј наш архивски центар користевме повеќе архивски фондови: Главен одбор на Народната младина на Македонија; Републичка конференција на Сојузот на

социјалистичката младина на Македонија; ПК на СКОЈ; Главен одбор на АФЖ на Македонија; Главен одбор на Народниот фронт на Македонија; Министерство за просвета на НРМ; Престедателство на народната влада на Македонија. Ги користевме, пред се, записниците од состаноците, извештаите, одлуките, табеларните прегледи и слични документи издавани од страна на највисоките младински органи, а испраќани најчесто до младинските органи што дејствувале на теренот, како и обратно.

Во нашите архивски истражувања наидовме и на тешкотии од посериозна природа. Тие беа резултат што поголем дел од документацијата што се однесува за периодот по Втората светска војна не е доволно средена и обработена. Покрај необјавената архивска документација при научно-методолошката обработка на прашањето за активноста на младината во периодот 1948-1953 година, го користевме и објавениот архивски материјал: Зборник на документи на младинското движење во Македонија; Документи историје омладинског покрета Југославије, том 2 книга 2; Зборник на документи на АСНОМ (1944-1964); Извори на ослободителната борба и револуцијата; Документи за создавањето и развиток на Македонија (1944-1964); Зборник на документи за држзвно-правниот развиток на СРМ (1945-1963); Уставот на НРМ 1946; Петгодишниот план за развиток на народното стопанство на ФНРЈ и на народните републики; Петтиот конгрес на Комунистичката партија на Југославија - извештаи и резолуции; Првиот конгрес на КПМ - извештаи и резолуции; Статистички годишник на НРМ; Шести конгрес на КПЈ; Документи о развоју народне власти; Устав на ФНР Југославија од 1946 година; како и други објавени документи.

При проучувањето на прашањето, во врска со активноста на младината во Македонија во првите години по војната

односно, поконретно во периодот 1948-1953 година, користевме статистички податоци од Републичкиот завод за статистика. Го користевме и принципот на анкетирање на личности, кои кај нас во тој период се наоѓале на значајни функции во младинските раководства како и учесници на младински акции.

Исто така, при обработка и проучувањето на главното прашање внимание посветивме и на постојната публикувана литература која ни пружи драгоцени информации. Меѓутоа, малобројната историска литература, што се однесува на повоениот развиток на младинското движење во нашата земја, делумно опфаќа одделни прашања од активноста на младинската организација на Македонија. Одделни прилози и дела опфаќаат различни краеви и периоди. Затоа беше неопходно да се пополни една празнина, да се изложи, и научно да се обработи историски материјал, а пред се да се напише дисертација која ќе ги прикаже развојните процеси на младинското движење во Македонија од 1948 до 1953 година.

Ја користиме оваа прилика да ја искажеме нашата топла и посебна благодарност на ценетиот ментор на дисертацијата, д-р Владо Ивановски, научен советник во Институтот за национална историја, кој со својата срдечна и научно-стручна помош овозможи дисертацијата да ја добие конечната форма. Нашата длабока благодарност му припаѓа и на проф. д-р Воислав Кушевски и на д-р Вера Весковиќ-Вангели, кои укажаа полезни сугестии при изработката на дисертацијата. Ја ползуваме оваа можност да им ја искажеме нашата топла благодарност на проф. д-р Наќе Бабамов и на проф. д-р Науме Радичевски, кои ни помогнаа при техничкото средување на дисертацијата. Исто така и на сите институции во кои користевме архивски материјали (Архивот на Македонија, Архивот на

МАНУ, историските архиви во Македонија), како и на сите поединци што дадоа какви и да било писмени или усни информации им ја изразуваме нашата благодарнпост.

Би сакале оваа теза да биде од полза на нашите млади гемнерации, пред се на училишната и средношколската младина, да сочува светли спомени за моралниот лик на младината, за оние младинци и младинки кои со голем ентузијазам и занес во работата дадоа се од себе за развиток на новото општествено уредување.

# В О В Е Д

Историјата на македонскиот народ на своите бунтовни страници, со светли букви, го запиша учеството на младината во борбата за национално ослободување, во борбата за револуционерно менување на статусот на угнетениот народ, за нови општествени односи. Настаните од НОВ и Револуцијата уште еднаш ја потврдиле борбеноста на младината во Македонија. Достојна на својата револуционерна традиција, збогатена со искуство од класната борба, младината на Македонија масовно зеде учество во борбата против окупаторската власт.

По нападот на Југославија, делот на Македонија што пред тоа беше во состав на Кралството Југославија доживеа нова трагедија. Поголем дел од него потпадна под бугарска окупаторска власт, додека територијата на западниот дел на Македонија беше окупирана од страна на Италија[1)] На Мајското советување на КПЈ, одржано во Загреб 1941 година, покрај другите прашања анализирана била и положбата на Македонија по априлската катастрофа. Во однос на Македонија изнесена е, меѓу другото, и следнава констатација: "Македонија, исто така, ја доживеа таа несреќа да ја делат неколку освојувачи. Од великосрпското угнетување таа потпадна под бугарски, а дел под италијански јарем. Бугарската реакционерна капиталистичка клика го прави истото она со македонскиот народ што го правеше великосрпаската. И бугарските освојувачи не му го признаваат правото на македонскиот народ и тие го прогонуваат и со сите

сили работат на неговото однародување. Секаде во Македонија се воведува бугарски јазик"2) .

Веднаш по окупацијата на Македонија, уште повеќе се влошува положбата на македонскиот народ во политички, економски, социјален и културно-просветен поглед. Интензивната експлоатација и ограбувања на стопанските ресури на земјата, реквизициите, недостигот на прехранбени и други артикли за широка потрошувачка и брзото покачување на цените, од ден на ден се повеќе и повеќе ги загрозуваше животните интереси на широките слоеви на македонското население. Бугарската окупаторска власт се грижеше во прв ред да го овозможи извлекувањето на материјалните добра од Македонија и да ги експлатира што е можно повеќе македонските трудбеници од градот и селото, во полза на бугарската окупаторска власт. Зачестија злочините, сиромаштијата, гладот, голотијата, невработеноста и слично. Македонскиот народ се најде под најтешко национално угнетување. Политиката на бугарскиот фашистички окупатор, изразена преку хегемонијата на бугарската власт, дискриминацијата, денационализацијата и асимилацијата што истата ја вршела со воведувањето на бугарскиот јазик за официјален во Македонија и бугаризација на личното и фамилијарното име, за целиот македонски народ, а аналогно на тоа и за македонската младина значеле грубо губење на индивидуалитетот, одземање на најелементарното човечко право-на својот мајчин јазик и традициите на својот народ, да ги воспитува и школува сопствените деца на својот мајчин македонски јазик. Од ова произлегува дека македонскиот народ и македонската младина воопшто за време на окупацијата се најдоа под најтешко национално угнетување. На македонскиот народ оневозможуван му е секаков културно-просветен

напредок. Во окупирана Македонија бил воведен режим на расно и национално прогонување и најбесен терор против се што е национално, прогресивно и слободољубиво. Во сите земји фашистите водеа иста политика спрема младото поколение, спрема учениците од основните училишта, спрема средношколската младина и интелегенцијата воопшто. Бугарските фашисти и албанските кфислинзи го следеа патот на Хитлер и сакале нашата младина да ја фашизираат. Но нивните планови не беа реализирани. Окупаторската власт во општествениот, политичкиот и јавниот живот, а и во наставата во училиштата во Македонија забранила секаква употреба на мајчиниот македонски јазик. Окупаторските власти го негирале постоењето на македонскиот јазик, име, македонска историја, традиции и слично. Окупатoрор настојувал училиштата и другите просветни установи да ги претвори во инструмент на својата политка.3) Значи, на оној дел на Македонија што потпаднал под бугарска окупаторска власт било проширено бугарското законодаство, а со тоа и оној дел од законодаството што го регулирал прашањето на образованието, просветата.

По окупацијата на Македонија политичката, економската, социјалната и културно-просветната положба на младината рапидно се влошуваше. Аргументирано сведоштво за тешката положба на младината во тоа време претставува прогласот на ЦК на СКОЈ до младата генерација на сите народи и народности во Југославија од јули 1941 година. Во него се вели: "Фрлена во ропство на империјалистите, младата генерација на сите народи и народности на Југославија ги изгуби и последните права стекнати со крв. Најтешко национално угнетување, оневозможување на секаков културен развој, безмилосна експлоатација, масовна невработеност и присилна работа,

режим на диви расни и национални прогони и најбесен терор против се што е национално и слободољубиво. Тоа е денешницата на младата генерација во земјите во Југославија..."[4] Фашистичките окупатори не бираа средства и методи младината да ја однародат и вклопат во окупаторскиот јарем, а со тоа полесно да ја спроведуваат асимилаторската и денационализаторската политика. Усилбите на окупаторот да го скрши борбениот дух на младата генерација и да ја дезориентираат и обезглават во тие судбоносни моменти, со настојувањата да и зададат смртоносни удари на партиската организација и на СКОЈ, останаа залудни.Во такви услови КПЈ и СКОЈ развија широка активност кај младината, објаснувајќи го фашистичкиот карактер на окупацијата, разобличувајќи ја окупаторската денационализаторска и асимилаторска полкитика што беше вршрена од страна на бугарскиот и италијанскиот окупатор врз македонската младина. Младината од Македонија ја пеифати за свој животен кредо борбата за ослободување што ја водеше КПЈ и СКОЈ, на која и самата и припаѓаше, што најдобро зборува дека во редовите на младинското движење длабоко се всадило сознанието, дека нема и неможе да се дојде до вистинско ослободување без смртоносен удар на окупаторите во земјата. Покажувајќи ја својата национална свест и своето антифашистичко определување младината предводена од КПЈ и СКОЈ даде организиран отпор на окупаторската политка за денационализација и фашизација на македонската младина. Како резултат на отпорот што го даде македонското младо поколение, точно е дека окупаторот не само што не постигна да создаде своја машинерија од младината по моделот на бугарските фашистички младински одреди и "Хитлеругент"[5], туку тој не ги реализира ни своите замисли за создавање јаз меѓу

македонската младина со поделбана ”благонадежни Блгари” и неблагонадежни Евреи, Срби, Власи и други.[6)] За цело време на окупацијата младината од Македонија преку разни форми на отпор го манифестираше своето незадоволство спрема окупаторската политика. На сите акти на духовно насилство на окупаторските власти организиран отпор дадоа раководството на КПЈ и СКОЈ во Македонија кои ја поведоа младината и народот воопшто во борбата за слобода. Покраинскиот комитет на СКОЈ за Македонија брзо реагирал на новонастанатата ситуација во периодот на окупацијата и кон крајот на декември 1941 година упатил инструктивен проглас до младината во Македонија. Во прогласот посебен акцент е ставен на положбата на младината и страотите од фашизмот, посебно полициските прогони и пресуди. Во прогласот се повикува македонската младина да застане на чело во борбата против непријателот, против општиот и најцрн непријател на младината-фашизмот.

Покраинскиот комитет на СКОЈ на Македонија обраќајќи се до македонската младина во прогласот, меѓу другото, вели:

”... Десетици и стотици младинци од Кумановско, Скопско, Прилепско, Битолско, Охридско, Кавадарско и Светиниколско, од краиштата под окупација на Италија и од сите други места паднаа жртви на фашистичкиот бел терор. Насекаде пропиштеа македонските мајки за тешката судбина на своите невини деца. И за да не биде тоа малку, уште рано приквечерина се што ќе се сретне младо се претепува без одговорност”.[7)]

Опишувајќи ја крајно влошената положба на работничката, и селската младина, се повикуваат да земат помасовно учество во борбата против најголемиот непријател на младината-

фашизмот. А на интелектуалната младина, пак, врз конкретни примери и се укажува дека "фашизмот, преку разни ограничувања, "нумерус клаузус", од училиштето создава монопол на свои јаничари. Фашистичките окупатори во Македонија под Италија ги затворија и оние училишта што ги имаше, а во Скопје го затворија единствениот факултет во Македонија. Земјоделските училишта станаа чифлици на фашизмот. И по тебе, училишна младино, фашизмот удри со намети и разни давачки во форма на школаринаи такси со илјадници, униформи и друго. Фашизмот е најголем непријател на науката и напредокот, на културата и просветата. Тој ги пороби твојот и другите народи, тој ја поробува целата младина, не ти дава слободно да мислиш, да учиш и да го развиваш својот ум за доброто на својот народ. Фашизмот и тебе те изгладнува. Тој сака да ја извалка твојата чест и совест на предани македонски синови. Твоето место е заедно со целата македонска младина, да дадеш се од себе за уништување на фашистичкиот мрак, а за слобода на човештвото".8) Во споменатиот проглас на ПК на СКОЈ за Македонија од крајот на декември 1941 година, за женската младина се апострофира тешкото секојдневие под фашистичката окупација, се повикува и таа да го даде својот удел во борбата против окупаторот. Во првите партизански одреди на Македонија младината беше главната носечка сила на оружената народноослободителна борба, ПК на СКОЈ за Македонија обраќајќи се до младите комунисти вели:

"Вие сте првоборци насекаде по светот каде што се води борба за подобар живот, слобода и рамноправност. Вие сте првоборци и авангарда на македонската младина, во нејзината голема борба против фашистичките окупатори. Полни со младински народноослободителни идеали и ентузијазам, полни со полет и

организирани единствено, цврсти и истрајни како кремен, вие летате во борбата за посветли денови, за подобра утрешнина".9)

Во овој Проглас, откако се укажува на новонастаната положба во Македонија по окупацијата, се повикува македонската младина да земе активно учество и да даде значаен придонес во борбата против фашистичкиот окупатор, терор, суровост и слично. ПК на СКОЈ за Македонија во текот на НОВ упатува повеќе прогласи, летоци и други документи преку кои ја повикува младината на Македонија на давање разновиден отпор на окупаторите, ја повикува против фашистичките организации и нивната политика. Младината преку разни форми на отпор го манифестираше своето незадоволство спрема окупаторската просветна политика. Младината остро реагираше на одлуката учителите-Македонци да бидат испраќани на служба во Бугарија. Средношколската младина одржуваше јавни протести поради воведувањето на бугарскиот и албанскиот јазик во училиштата.Во 1941 година во училиштата во Скопје беа организирани масовни штрајкови. Повод за штарајкот била донесената одлука од страна на бугарските просветни власти за воведување високи такси за упис на учениците во училиштата, како и наредбата за носење униформа и слично. Заслужуваат и штрајковите на учениците од кумановската, битолската, прилепската, кавадарската, охридската, струмичката гимназија и други гимназии во Македонија.10) Во текот на 1941/1942 учебна година уследија масовни акции на младината против денационализаторската политика во училиштата, акции против општиот грабеш и терор, штрајкови и масовни демострации, јавно спротиставување на грабежот во градовите и посебно во селата, саботажни акции и поединечни диверзии.

Младината предводена од СКОЈ енергичен отпор

даде и при основањето на фашистичките и националистички младински организации, како што беа Бугарската младинска организација "Браник", Бугарскиот младински сојуз "Отец Паисиј", Сојузот на бугарските национални легиони, познат како фашистичка организација "Легионери", Бугарскиот младински "Црвен крст", како и голем број спортски, туристички и други друштва за вовлекување на училишната младина. Албанскитре квислинзи, пак, на територијата во Западниот дел на Македонија вршеа притисок за зачленување на младината во организациите "Авангардисте" (за ученици од 14-17 години) и "Џовани фашисте" (за младината над 17 години). И на овие фашистички организации младината предводена од СКОЈ им даде решителен отпор.

Во времето пред и по одржувањето на Првиот конгрес на антифашистичката младина на Југославија, одржан од 27 до 29 декември 1942 година, во Бихаќ, на кој е создаден УСАОЈ (Обидинет сојуз на антифашистичката младина на Југославија), младинското антифашистичко движење во Македонија се наоѓаше во мошне тежок период во својот развиток. Ударите што окупаторот им ги зададе на Партијата и на скоевските организации, честите провали, судските процеси, масовните апсења и убиства на прекалени борци и раководен кадар, меѓу кои и на секретарот на ПК на СКОЈ-Перо Наков, кој бил обесен во затворот во Скопје, доведоа до извесно заслабнување на младинското движење во Македонија. Покрај другото, цел еден период и тоа од втората половина на 1942 година до октомври 1943 година, ПК на СКОЈ за Македонија како раководно тело непостоеше.[11)] Тоа разбирливо, донекаде се одрази во темпото на развојот на СКОЈ и младинската организација во Македонија. Меѓутоа, независно дали постоеше или не централно СКОЈ-евско раководство, факт е дека

скоевските организации и натаму работеа, покажувајќи видна револуционерн активност против окупаторот. Тоа значи дека во Македонија во тоа време носител на сите прогресивни политички и воени акции беше младината. Во овој, за младината на Македонија преломен и судбоносен чин, ЦК КПЈ одигра решавачка улога. Таа презеде радикални мерки за обновување и зацврстување на своите редови, за организационо зајакнување на скоевските организации, дојде до нов подем на вооружената борба. Така, во писмото од ПК КПЈ за Македонија до партиските организации, во декември 1942 година меѓу другото се зборува за СКОЈ и неговата примарна задача ”да се оствари единството на македонската млада генерација без оглед на сите разлики, да се оствари и народноослободителен сојуз на младината на Македонија, како единствена организација на целокупната македонска младина во борбата против окупаторот, во борбата за слобода на својот народ”.12) Во писмото е заземен критички став во однос на појавата на секташтвото во редовите на СКОЈ, се укажува и на начинот на организирање и задачите на НОМСМ во претпријатијата, училиштата, селата и градовите. Според содржината по се изгледа дека директивите од писмото се во духот на оние одредби што се зацртани во Организационата резолуција донесена на Првиот конгрес на југословенската младина во Бихаќ.

Општиот подем и разгорот на вооруженото востание доведе и до развој на младинското движење. Мобилизацијата на младината за вооружена борба, за одење во партизани, беше тогаш прва, и мошне важна задача на СКОЈ. Младите комунисти и другата младина воопшто ја изрази својата готовност да се бори против окупаторот и домашните предавници, младината пристапуваше во првите партизански

одреди, а покасно масовно се вклучија во редовите на НОВ. Покрај работничката, во борбените редови на НОВ и ПОМ пристапуваше средношколската и студентската младина. Младината со сета сериозност на дадениот момент, уште поангажирано и помасовно учествуваше во отпорот против окупаторот.

Во октомври 1943 година, по капитулацијата на Италија, на ослободената територија во Дебарца, во селото Црвена Вода дојде до обновувањето на ПК на СКОЈ за Македонија. Членовите на ПК на СКОЈ на Македонија, непосредно по обновувањето на ова раководство, како главна задача му беше да се зафатат со надминување на последиците во одделни скоевски организации, и најголем дел од работата да посветат на масовна активизација на младите. Се зголемуваше приливот на млади борци во НОВ. Присуството на младината во Народноослободителната војска и партизанските одреди беше големо, имаше 70-75% борци од младата генерација на нашите народи. [13)] Во некои случаеви учеството беше помногубројно. Така, на пример, во Првата македонско-косовска бригада 88% од борбениот состав го сочинувале младинци, [14)] а во некои воени единци изнесувал и до 95%.

Со одлуките на Второто заседание на АВНОЈ македонскиот народ застана на историската и меѓународна сцена како суверен субјект во рамноправна, федеративна заедница на југословенските народи. А тоа секако беше резултат на победоносната и тешка борба, што македонскиот народ, ја водеше под раководство на КПЈ. Постое уште многу тешки битки до конечното истерување на окупаторот и ослободување на земјата. Меѓутоа во ова време се отвори најширок можен хероизам за засилување на вооружената борба во

Македонија. Во редовите на вооружените партизански сили приливот на доброволци од редовите на родољубивата и антифашистичка младина постојано се зголемуваше, особено по создавањето на слободната територија во Македонија. Општиот подем и разгорот на вооруженото востание, постигнатите успеси на НОБ во Македонија, организираноста на младината и нејзиното масовно учество, како во НОВ и ПОМ, така и во бројни други значајни акции, создадоа услови, а воедно ја наложија потребата од одржување на Конгрес на младината на Македонија на кој ќе се конмституира Антифашистичка младина на Македонија и како таква ќе влезе во составот на Обединетиот сојуз на Антифашистичката младина на Југославија. Во едни такви услови, младината на Македонија испраќаше делегати на својот прв конгрес. Конгресот на Народноослободителниот младински сојуз на Македонија се одржа на 22 декември 1943 година во селото Фуштани, Мегленско-Егејска Македонија. Овој настан претставува еден од најзнаменитите настани во историјата на младинското движење во Македонија. На Конгресот присуствувале 288 делегати од цела Македонија и борци од Народноослободителната војска, претставници од албанската, бугарската и грчката младина како и делегатот на Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ Светозар Вукмановиќ Темпо, потоа членови на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, на ЦК КПМ и Главниот штаб на НОВ и ПОМ. [15)]

Првиот конгрес на НОМСМ беше импресивна манифестација, одраз и израз на готовноста на младата генерација уште порешително да се соочи со сите воени тешкотии. Делегатите на Првиот конгрес на ародната младина на Македонија на Врховниот командант на НОВ и ПОЈ - на Тито му порачаа:

"Мили другар Тито, Ти ја вуваме дека е создадено единство наше, на младината на Македонија, дека сме се вооружиле со силно оружје за натамошна борба..."16)

На Конгресот се основа Народноослободителен сојуз на младината на Македонија (НОМСМ), се избра главен одбор на НОМСМ од 26 члена. Исто така, се донесоа три значајна документа: Организациона резолуција, Проглас до младината на Македонија и Одлука за влегување на НОМСМ во составот на УСАОЈ. Во Резолуцијата се истакнува дека НОМСМ е цврст облик на сите млади патриоти и антифашисти, без оглед на националната припадност вероисповеста и политичката определба, утврдувайи ја неговата основна задача-работата врз се поширока мобилизација на борци на Народноослободителната војска и партизанските одреди, со цел да се победи фашистичкиот окупатор. Основањето на НОМСМ претставуваше најголема потврда на Народноослободителното и антифашистичкото движење и на антифашистичката определба на македонската младина. Со основањето на НОМСМ беа удрени темелите на новото, младинско движење, а најдобрите синови и ќерки на македонскиот народ, под водство на КПЈ на чело со Тито, беа главна ударна сила во борбата за национално и социјално ослободубање.

Во Скопје, од 6 до 8 јануари 1945 година се одржа Вториот конгрес на НОМСМ. Одржувањето на Конгресот е резултат на големите успеси на младината на Македонија во НОВ и Револуцијата. На Вториот конгрес на НОМСМ не само што беа сумирани дотогашните резултати на младината на Македонија, туку тој го одреди и нејзиното место и улога во новите услови на слободен и сестран развиток на македонската федерална држава. Во 1946 година НОМСМ прерасна во

Народна младина. Во услови кога нашите народи ги вложуваа сите сили за исполнување на Првиот петгодишен план, младината на Македонија го одржа својот Трет конгрес од 9 до 11 јуни 1947 година.

Новото време, постави нови задачи пред младината. Ниту една судбоносна битка на револуцијата, ниру една позначајна акција во разни сфери од животот не се одигруваше без активно учество на младината. Секоја етапа од развојот на нашето општество, па и етапата на повоениот развиток, бараше соодветен ангажман, искажување и потврдување на субјективните, социјалистички сили во практика. Револуцијата беше навистина една од најголемите инспирации на младоста, но голема инспирација на младоста претставуваат и првите повоени години на Македонија. Во тоа време во нашата земја настанаа крупни општествено-економски и политички промени. И по победата над фашизмот, младината предводена од СКОЈ, во првите години на обновата и изградбата на земјата беше вистинска, незмерна инспирација за херојски подвизи. СКОЈ како политички и борбен мобилизатор на најшироките младински маси, во духот на напредните слободарски и патриотски стремежи, делотворно ги потврдуваше новите односи и вредности, продлабочувајќи ја свеста за нов свет. Првите повоени години беа навистина голем испит на способност, моќ и афторитет на новиот општествен систем на народната власт, а аналогно на тоа претставуваа испит на креативните способности и вредносни резултати на младата генерација.

Низ многубројните акции во обновата и изградбата на земјата, преку активното учество во општествено-политичкиот живот, како активен поборник на идејата за борба против сите непријатели, при воспоставувањето на новите односи, во културно-

просветниот живот, младината извишно и импресивно го симболизираше својот револуционерен занес. Со нејзиното учество во многубројните и разновидни акции се повќе доаѓаше до израз силата и самопрегорот на таа градителска младост и на најубав начин ги зачувуваше спомените за нејзиниот неизмерен хероизам и работен ентузијазам. Активноста на младината во разните свери во животот беше основна претпоставка, единствен можност да се најде смисла на живото, единствен начин да се сочува младоста. Самите младински работни акции беа младост, младост на животот, младост на човекот, младост на утрешнината.

## ГЛАВА ПРВА

# БОРБАТА ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈУГОСЛАВИЈА И СПОЈУВАЊЕТО НА СКОЈ И НАРОДНАТА МЛАДИНА НА ЈУГОСЛАВИЈА

## ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ ПРОМЕНИ

Со активното учество во НОВ и Револуцијата на југословенските народи (1941-1945), македонскиот народ и народностите што живеат во Македонија ја создадоа ДФ Македонија, како рамноправна единица - република на југословенската Федерација и пристапија кон револуционерни општествено-економски промени. Тоа го правеа со заеднички усилби и во федеративен сојуз со другите југословенски народи и народности во кои власта на работниот народ и прогресивните општествено-економски стремежи и промени го поттикнуваат и насочуваат сиот натамошен развиток. На тој начин се реализираа нивните стремежи за државно конституирање во форма на рамки што соодвествуваа на конкретните услови, потреби и перспективи. Неопходно беше да е обнови земјата, која за време на Втората светска војна поднесе огромни човечки и материјални жртви. Во Втората светска војна живот изгубиле секој девети граѓанин или вкупно 1.700.000 жители на Југославија. Тоа претставува 34% од сите загуби на 18 земји кои учествувале на меѓусојузничката репарациона комисија во Париз 1945 година.[17)]

Војната остави тешки последици во Македонија, која четири години беше поприште на жестоки судири и разурнувачки дејства,

вршени од страна на окупаторските војски, огромни материјални штети и човечки жртви. Повеќе македонски села и градови претрпеа големи штети. Ослободувањето ја затекна Македонија не само разрушена и ограбена, туку и во една крајна економска, техничка и културна заостанатост. Со векови поробувана, Македонија им служеше за експлоатирање и богатење на владеачките буржоаски власти, кои што на Македонија гледаа како на средство за експлоатирање и за задоволување на своите интереси. Индустријата, рударството и земјоделството беа на мошне низок развоен степен. Кон крајот на Втората светска војна во Македонија имало 80 индустриски претпријатија кои, при нормално користење на производствените капацитети, беа во состојба да вработат 2.300 работници. Овој број сам по себе говори "за реалниот факт дека се работи за занаетчиски претпријатија, а не за некаква индустрија". Затоа создавањето фабрики, оживувањето на стопанството, претставуваше најшироко поле за работа, во кое, во полна мера доаѓаше до израз полетот на младината[18)].

Веднаш по ослободувањето на земјата, пред народната власт се постави задача за брза стопанска и културно-просветна обнова, за создавање материјална база и општествени односи кои ќе осигуруваат постојан развиток на производните сили и темелна социјално-економска и културно-просветна трансформација. Тоа веќе значеше изградба на ново општествено уредување. За извршување на тие задачи, најпрво мораа да се отстранат штетите и последиците од воените разурнувања, да се совладаат неправедните меѓународни економски и политички пречки и да се надминат неизбежните тешкотии во издигнувањето на една заостаната земја.

Младата македонска држава започна да се изградува и

менува врз основа на извојуваните права, слобода и придобивки од НОБ. Политиката за сестран развиток и за јакнење на општествено-економската основа на народите и народностите од Југославија, беше присутна и насочувачки активна во доизградувањето на системот на народната власт и државната организација во Македонија. Но, таа се изразуваше низ спроведувањето на разни мерки, како што беа конфискацијата, национализацијата, аграрната реформа и други мерки и зафати[19)], преземени со цел да се поопштествуат средствата за производство и да се преминува кон планска изградба на народното стопанство.

Совладувањето на наследената заостанатост стана императив на политиката на изградба материјална база на новото општествено уредување на Југославија. Тоа беше, пак, и основен предуслов за изградба на новите општествени односи во земјата. Поради тоа, развитокот на производните сили во Југославија, а во тој контекст и во македонија, мораше да биде насочен кон постепена ликвидација на стопанската неразвиеност на заостанатите подрачја, кон максимално и рационално ползување на постојните ресурси. Тоа се однесуваше на сите југословенски народи, се однесуваше како на нивниот поединечен напредок, така и на општиот подем на југословенската заедница во целост.

## ПЕТГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАЗВИТОК НА СТОПАНСТВОТО

Овде се поставува прашањето кои беа причините Југославија во еден мошне краток временски период по војната да премине кон планско стопанство? Одговорот, секако, треба да се бара како во крупните општественоекономски промени, извршени не само за

време на војната, туку и непосредно по неа, така и во ориентацијата на социјалистички развиток на Југославија.

Настојувањата за извлекувањето на републиките од наследената заостанатост, многу релјефно се покажани во Законот на Петгодишниот план за развиток на народното стопанство 1947-1951 година. Основни предуслови за донесување на Петгодишниот план биле пред се: значајните успеси во обновата на земјата; извршената национализација на индустријата и на други стопански гранки; спроведената аграрна реформа; зацврстувањето на народната власт и изградбата на новиот државен апарат; јакнењето на општествено-политичките организации и друго. Сето тоа овозможило Народото собрание на ФНРЈ на 26 април 1947 година да донесе Закон за Петгодишниот план за развиток на народното стопанство на ФНРЈ. Во неговиот вовед зацртани се следните основни задачи: ликвидирање на стопанската и техничката заостанатост; зацврстување и понатамошен развиток на социјалистичкиот сектор на народното стопанство и нови односи кои произлегуваат од него и подигнување на повисок степен на општата благосостојба на работниците во сите три стопански сектори.

Сите подрачја на Југославија во спомнатиот период, се наоѓаа на различен степен на стопанска развиеност. Петгодишниот план, всушност претставуваше основна програма за утврдување на идната политика на стопанскиот развиток. Целта што се настојуваше да се постигне со него беше подигање на земјата од вековната аграрна заостанатост на ниво на понапредна индустриско-аграрна земја со социјалистички систем и со повисока продуктивност при работењето. Планот предвидувал зголемување на националниот доход во Југославија од 132 милијарди динари во 1939 год. на 255 милијарди во 1951 година[20].

Основна ориентација на Петгодишниот план била индустријализација и електрификација на земјата и социјалистичка реконструкција на земјоделството. За развиток на индустријата со Планот биле предвидени 43% од вкупните инвестиции. Требало да се изградат најпрво фабрики кои ќе овозможат реконструкција на старите и изградба на нови. Било предвидено производството на електрична енергија да се зголеми на 4.350.000.000 киловат часови годишно. Тоа значело да се создаде енергетска основа за развиток на стопанството и да се обезбеди електрична енергија за стотина илјади нови домови. Се предвидувало зголемување на продуктивноста на работата во индустријата, за 66% и на рударството за 90%. Тоа укажувало дека постојат големи скриени резерви, кои биле предуслов за понатамошен замав. Значи, основната поента на планот била електрификација на земјата.

Препорака за ликвидирање на економската неразвиеност, својствена за некои подрачја во Југославија, значеше прв чекор кон општиот економски подем. Ова гледиште јасно го илустрираат и поткрепуваат ставовите од точка еден, два и три во член 5, глава прва од "Основните задачи на Петгодишниот план", во дел први, каде што се вели:

1. "Да се осигура побрзо темпо на развитокот на стопански заостанатите републики и да се отстранат последиците на нерамномерниот развиток.

2. Да се зголемат вкупните инвестиции до 1951 година и тоа во Народна Република Босна и Херцеговина преку 7 пати, во Народна Република Македонија за 8 пати, во Народна Република Црна Гора близу 8 пати, во споредба со 1946 година и да се надмине општото темпо на растежот на инвестициите.

3. Да се зголеми вредноста на индустриското

производство во 1951 година во Народна Република Босна и Херцеговина за 10,5 пати, во Народна Република Македонија за 26,3 пати, во споредба со 1939 год., а во Црна Гора која што немала индустрија, да се постигне производство во вредност од 1,1 милијарда динари, и со тоа да се премине во тие народни републики општиот среден темпо на растежот на вредноста на индустриското производство"[21].

Основната поента во процесот на индустријализацијата во изградбата, се ставаше врз тешката ндустрија. Со тоа, практично, се создаваше "производно техничка база за сите стопански гранки". Според горенаведените начела, изнесени во членовите 1, 2 и 3, Законот за Петгодишниот план практично значеше решавање на прашањето за нееднаквост, односно усогласување во економскиот развиток на одделни неразвиени републики и подрачја, во кои спаѓаше и Македонија. Во врска со ова, во Законот за Петгодишниот план, меѓу другото, се вели: "... Петгодишниот план за развиток на народното стопанство во Федеративна Република Југославија полага основна грижа за развојот на Народна Република Македонија и осигурува брзо отклонување на нејзината стопанска и културна заостанатост. Сојузниот Петгодишен план ги осигурува сите одделни потреби на Македонија врз основа на принципите дека ФНРЈ претставува единствено стопанско подрачје, ги развива оние гранки од стопанството што имаат најдобри услови за развиток на Македонија и поставува правилен однос меѓу одделните стопански гранки. Упорно и одлучно да се тежи кон полна ликвидација на заостанатоста на Македонија, на ниската техника во индустријата, на заостанатоста во занаетите, на примитивноста во земјоделството и на ниската продуктивност на трудот. Со брезо темпо на растежот на производството да се создадат услови за стигнување на понапредните републики"[22].

Ова практично значи дека Југославија, а во тој контекст и Македонија треба да пристапи кон попланска изградба на земјата, и на тој начин да се создадат основни предуслови за поцелосен сестран и побрз стопански развој на производствените сили и односи. Со Законот започнува, фактички, првата фаза од процесот во отстранувањето на економската, просветно-културната и техничката неразвиеност на републиките во Југославија. Врз основа на Петгодишниот план, Југославија, а аналогно на тоа и Македонија, појдоа по јасно зацртан пат во стопанскиот развиток. Целата земја стана големо градилиште. Никогаш дотогаш во нашата земја толку не се градело и не се учело.

Мошне голема улога во изградбата одигра и младинската организација. Младината беше организатор на предавања за Петгодишниот план и за политичкото значење на изградбата. За неписменото население, од страна на Организацијата на народната младицна, беа организирани голем број аналфабетски и општообразовни курсеви како и други форми на просветна работа. Младинците и младинките беа поставени пред мошне сериозни задачи, кои тие ги совладуваа со нивното несебично залагање во изградбата.

Надворешно-политичката ситуација во времето на Првиот Петгодишен план, не беше добра. Иако градеше социјалистички, општествен систем, Југославија не беше во добри односи со Советскиот Сојуз, со земјите на народната демократија (Албанија, Бугарија, Чехословачка, Полска, Унгарија, Романија) иако со нив имаше склучено договори за пријателски односи и заемна помош. Освен тоа, Југославија беше постојана цел на напади и од страна на империјалистичките кругови на запад. Во услови на една ваква атмосфера и на предвидувања дека претстојат и други напади однадвор, Југославија, сепак, се определи за

курсот да воспостави економски и политички врски со западните земји, водејќи политика за зачувување мир на своите граници и за добивање репарации и економска помош. Сето тоа беше нужно за да може да се реализира Петгодишниот план.

Постојните архивски документи и литература покажуваат дека во тоа време на југословенското раководство му станувaa се појасни намерите и чекорите на владата на Советскиот Сојуз, која почна да ги покажува знаците на хегемонизам и целите за економско потчинување на Југославија. Таков пример е обидот за контрола на југословенското стопанство и на Армијата со испраќање на советски стручњаци. Курсот спрема социјалистичката изградба на земјата предизвика нови напади од буржоаските кругови во странство и од нивната ослабена агентура во земјата. Има мислење дека, и покрај сите тешкотии, Петгодишниот план започнал да се реализира, бидејќи народните маси биле свесни дека од тоа зависи и нивниот подобар живот.

И покрај многубројните тешкотии, особено во снабдувањето на поголемите градови и во рационализација на намирници, работните луѓе од градот и од селото развиле натпреварување за реализација на Петгодишниот план. Зголемен е бројот на младите ударници и иноватори во фабриките, претпријатијата и сл. Се создал нов однос кон работењето, доаѓа до јакнење на државниот сектор во стопанството и до ширење на задругарството на село. Меѓутоа, се доаѓа до сознание дека тој процес се одвивал преку огорена класна борба, во која победувал централистички организираниот државен сектор на стопанството. Но, оправдано е мислењето дека во него започнале да се појавуваат и да се зацврстуваат стихијни бирократски тенденции, кои се кочница за понатамошниот развиток.

Во рамките на Првиот Петгодишен план, младината од Југославија во 1947 година ја изгради пругата "Шамац-Сараево". Тоа беше пример за добро организирана работа. На неа се гледаше како на сестрано училиште кое треба да послужи како пример во организирањето доброволни младински работни акции. Во изградбата на пругата "Шамац-Сараево" учествувале вкупно 217.234 младинци и младинки, кои за 14 дена предвреме ја завршиле пругата долга 242 км. Од Македонија учествувале 11.267 младинци и младинки. За време на изградбата се описменети 15.878 младинци и младинки. Одржани се 13.539 предавања и оспособени се 16.000 полуквалификувани млади работници и работнички за работа во индустријата[23]. Со овој младински зафат, забележливо порасна угледот на младинските работни акции во Југославија.

## БОРБАТА ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Една од судбоносните и тешки години во историјата на југословенските народи и народности секако, е и 1948-та. Во врска со оценката за таа година интересно е становиштето на д-р Владимир Бакариќ, кој во еден говор вели: "... 1948 е година која во историјата на Југославија е, исто така, една од пресвртните години. Во светското јавно мислење таа доби скоро исто значење како и успесите во Народноослободителната борба. Тоа беше година кога е ставена на проба сета дотогашна дејност и линија на КПЈ и другарот Тито. Сталин сметаше дека не може да постои социјалистичка земја без негово раководство. Одеше кон ликвидација на другарот Тито и раководството на КПЈ. Дотогаш некоја комунистичка партија не можеше да се одржи ако ја

затекнеше осудата на советската партија. Но, Тито храбро одлучи да не се покори. Одеше кон тоа, историјата да ја покаже исправноста на неговите постапки. Беше јасно дека не очекуваат тешки денови..."[24]. 1948-та е една од најтешките години и во извршувањето на задачите од Петгодишниот план. Започна изградбата на клучни објекти од тешката индустрија и електростопанството, изградбата на хидроелектраната Маврово, железарницата во Зеница, изградбата на делницата од автопатот "Братство-Единство", од Белград до Загреб, изградбата на Нов Белград и на околу 4.000 задружни домови. Новата политика на цени, распишувањето на народниот заем и други мерки ги поттикнаа сите материјални и човечки резерви за успех на планот.

Во една таква ситуација и во мошне сложени услови на "ладна војна" меѓу Исток и Запад, е извршен напад врз независноста на Југославија. На 28 јуни 1948 година Информационото биро (Информбирото) на комунистичките партии (основано во септември 1947 година во Варшава) ја донесе т.н. "Резолуција" за состојбата и положбата во Комунистичката партија на Југославија". Таа, всушност, беше израз и продолжение на веќе извршените притисоци врз Југославија, и нејзината партија од страна на раководството на Советскиот Сојуз, кое имаше хегемонистички тенденции над Југославија и настојуваше да го оневозможи курсот на самостојниот внатрешен развиток на Југославија. Тој судир имаше длабоки корени. Една од главните прчини за него е идејно-политичкиот концепт на КПЈ за развојот на социјализмот. Меѓутоа, не може да се испушти од предвид дека Сталиновото сфаќање за односите меѓу комунистичките партии и социјалистичките земји, беше изразено во неговиот став дека тие треба да се засниваат на "единствениот Советски модел и на задолжителните директиви од центарот на меѓународното комунистичко

движење". На вака зачаурената Сталинова мисла не и беа прифатливи концептите за сопствените и за различните патишта на социјалистичките земји. Неговата теза е јасна. Тој сакаше под негова непосредна контрола да се најде, односно да се стави целокупната надворешна и внатрешна политика на социјалистичките земји. Сталин направи обид да го скрши отпорот со јавен напад врз највисокото раководство на КПЈ, заканувајќи му се со разни мерки, меѓу кои и со економска блокада и слично[25].

Резолуцијата за состојбата и положбата на Комунистичката партија на Југославија имаше 8 точки и заклучен дел[26]. Целиот текст на Резолуцијата е со остра и навредлива содржина. Во последните три пасуси до КПЈ и нејзиното раководство е упатен отворен повик на завера и преврат: "Информационото биро не се сомнева во тоа дека во крилото на КПЈ има доволно здрави елементи... Задачата на овие здрави членови на КПЈ е да ги присилат своите денешни раководители отворено и чесно да ги признаат грешките и да ги поправат... или ако денешните раководители на КПЈ се покажат за тоа неспособни да ги сменат и да постават ново интернационалистичко раководство...". Во неколкуте последни зборови од Резолуцијата се очекува членството на КПЈ "да ја исполни оваа чесна задача"[27].

Антијугословенската хистерија се шираше мошне брзо. Југословенските социјалистички соседи и другите земји со народна демократија беа безмилосни во оцрнувањето на Југославија. Остри напади доаѓаа од Бугарија на која Југославија и ги прости воените репарации, од Романија на која во големата суша што настана во 1946 година Југославија и испрати жито без да праша кога ќе го врати долгот, од Чехословачка и Полска на кои Југославија во 1947 година им даде 15.000 вагони жито, без разлика на тешките материјални можности во кои се наоѓаа и егзистираа

југословенските народи. На едно од челните места во клеветничката кампања насочена против Југославија се наоѓаше и Албанија, на која во првите повоени години, во времето на големата немаштија, Југославија и пружи исто така видна помош. Странскиот печат во тоа време беше полн со невистини и лаги. На страниците на поголем број од странскиот печат остро е напаѓано југословенското раководство. Така, во лондонскиот "Тајмс", меѓу другото пишуваше: "Тешко е да се замисли како денешните управувачи на Југославија можат и понатаму да останат на власт", а "Манчестер Гардијан" утредента по објавувањето на Информбировската Резолуција, пишуваше дека "југословенската влада веројатно, веќе премина во други раце" и дека наскоро може да се прошири веста "дека југословенското раководство на чело со Тито е уапсено и дека им се суди за предавство на народот". Печатот во Советскиот Сојуз и во земјите со народна демократија беше преплавен од написи со антијугословенска содржина. Меѓутоа, факт е дека и југословенските весници од тие дни не пропуштаа број во кој немаше јасни одговори на бескруполозните напади што доаѓаа однадвор.[28)]

Во една таква атмосфера, раководството на КПЈ се определи за одбрана на независноста на Југославија, се определи за патот на борба за победа на вистината. Тоа беа мошне тешки и сложени услови, услови на напади и клевети што доаѓаа однадвор, услови кога на југословенските граници завладеа атмосфера на закани, на вооружени провокации и тешки инциденти, кои во секој момент можеа да прераснат во директна воена агресија. Во услови на економска и политичка блокада, во време кога се откажуваа договорите за пријателство и низ многу други форми на притисок, се одржа Петтиот конгрес на КПЈ (21-28 јули 1948), кој фрли јасно светло врз позадината на Резолуцијата на Информбирото, и ја

одреди линијата за понатамошна борба...

Во втората половина на 1948 година социјалистичката изградба во Југославија продолжи без помош од Советскиот сојуз и источните земји. Во услови на воен притисок и клеветничка пропаганда, во прво време сосема осамена и потпрена на сопствените сили, Југославија настојуваше да го реализира Петгодишниот план. Таа борба имаше голема морална поткрепа, што овозможуваше да се надрасне така сложената ситуација. Моралното право да се победи во судирот од 1948-та е концентрирано во новогодишниот поздрав на Ј.Б. Тито на почетокот на 1949 година: "Нас ни е тешко. Меѓутоа, кога нас ни беше лесно? Ние сме навикнати на тешкотии и тие нас не можат да не поколебаат, а камоли да не скршат. Ние веруваме во победа и се боревме тогаш кога цела Европа стенкаше под фашистичкиот мрак, кога една голема маса на луѓе веќе изгуби надеж и почна да верува дека победи злото за долго време. Ние не се колебаме ни денес. Оние кои се надеваат дека нас со клевети и невистини ќе не натераат да признаеме дека вистината не е вистина, нека знаат дека тоа не е право. Љубовта за вистината и праведливоста кај нас е онаа сила, која нас не ни дозволува да бидеме бескичмењаци. Тоа својство го наследивме од нашите прадедовци и го сметаме за најпозитивно својство на кое мора да се придржуваат не само секој комунист туку и секој чесен човек. Така ние мораме да ги воспитуваме и нашите членови на Партијата и нашата млада генерација. Ние веруваме, дека и овојпат ќе победи вистината и правдта. Бидејќи, инаку би била мошне мрачна перспективата во светот..."[29)].

Благодарение на принципиелната надворешна политика, што ја водеше раководството на Југославија, како и на моралното политичко единство што во тоа време беше присутно кај југословенските

народи во  1949 година Југославија почна да добива заеми и бесплатна помош од  многу земји со кои склучила поволни трговски договори. Економската блокада веќе  почна да биде победувана. Принципиелната борба за независност, застанувањето против ревизионизмот во односите меѓу социјалистичките  земји, имаа позитивно влијание и врз внатрешните односи. По Петтиот конгрес на КПЈ посебно внимание посветено е на раководењето со стопанството, кое во тоа време беше државно и централизирано. Борбата  против бирократизмот, и зголемувањето на чиновничкиот апарат и административното раководење се водеше во Југославија и пред тоа, но по  одржувањето на Петтиот конгрес на КПЈ започнува широка борба за продлабочување на социјалистичката демократија, и за децентрализација на управата. Во наредните години тоа ќе доведе до поголеми суштествени промени во целикупниот систем на раководење.

Едно од повеќето мерки на тој план беше и новиот Закон што народното собрание на ФНРЈ го донесе и усвои на 6 јуни 1949 година. Народните одбори добија мошне широки овластувања не само во раководењето со изградбата на стопанството, туку и во другите сегменти од  животот. Законот предвидува низа форми за директно учество на народот во работата на органите на власта како што се: собири на бирачите, советите, комисиите и сл.

## БОРБА ЗА НОВИ ОДНОСИ

Во 1948 година се случија ред крупни настани. На 28 јуни 1948 година, Информбирото ја донесе ”Резолуцијата за состојбата и

положбата на Комунистичката партија на Југославија". КПЈ на чело со Тито заседе јасни становишта спрема тие настани и актуелни проблеми на сложената меѓународна ситуација, односно спрема авантуристичката политика и шовинистичка пропаганда на раководството на СССР и на земјите со народна демократија коишто вршеа разни притисоци врз раководството на Југославија. КПЈ не пропушти да ги подложи на принципиелна критика нивните тенденциозни скршнувања, а пред се скршнувањата на Советското раководство на чело со Сталин[30)].

Во тоа време народите на Југославија, посебно младата генерација, доследно ја поддржуваа линијата на КПЈ на чело со Тито. Тие одлучно се спротивставија на сите напади, клевети и лаги што доаѓаа од СССР и од земјите со народна демократија врз раководството на Југославија. Веќе утредента по објавувањето на Информбировската Резолуција, Централниот комитет на КПЈ даде изјава со која нападите врз КПЈ и нејзиното раководство категорички ги одби како лажни и неправедни. Ваквата ориентација на свесната авангарда на работничката класа на Југославија се покажа многу важна во тоа време, особено поради тоа што политиката што ја водеше во тие историски тешки дни на дело го спречи разбивањето на тогашна Југославија. Овие тенденции на КПЈ фактички им беа од штета на завојувачките планови на реваншистичките и реакционерни сили на СССР и на земјите со народна демократија.

Тргнувајќи од констатацијата дека постојните влади на СССР и на земјите со народна демократија мислат и дејствуваат на штета на развојот на Југославија, КПЈ изјавуваше дека доследно ќе се бори во прв ред за за чувување на независноста и суверенитетот на Југославија и ќе придонесува за создавање и јакнење на нови односи меѓу општиот фронт на прогресивните движења и партии. Тие односи според

југословенското раководство треба да се заснивааат врз принципот на рамноправност, независност и немешање во внатрешните работи на други земји. Со тоа, всушност се постави темел на самостојно утврдување на политичката линија и одговорност пред својата работничка класа и својот народ.

Петтиот конгрес на КПЈ (21-28 јули 1948 година) претставуваше значаен датум во нејзината историја.[31)] КПЈ тогаш доста опстојно се занимава и ги разгледува теоретските и актуелно-политичките аспекти на притисоците и нападите вршени врз нашата земја однадвор, а особено врз носителите на новиот општествен поредок. Основниот став што го изгради тогаш КПЈ се засновуваше врз гледиштето дека развитокот на Југославија е детерминиран од дејствувањето на неколку фактори:

1. од стремежот на југословенските народи и народности самостојно да решаваат за својот живот и судбина, преку зачувување на извојуваната национална и социјална слобода;

2. од потребата за зачувување на државниот суверенитет и од недозволувањето било какво мешање на на дворешни сили во внатрешната политика на Југославија и во нејзиниот општествено-историски развиток.

Во голем број документи и изданија на ЦК КПЈ се констатира дека за горенаведените начела КПЈ доследно и упорно се залагаше имајќи ја предвид притоа и дадената објективна историска закономерност, според која патиштата во развојот на социјалистичките односи во поедини земји неизбежно се различни. Се разбира, тоа произлегува од конкретните општествено-историски услови во односната земја. Исто така, во документите се нагласуваше дека тие начела не се пречка за соработка, туку на некаков начин придонесуваат во

збогатувањето на идеите и практиката во социјалистичкиот процес. Тие, се повеќе го развиваат во тогашни услови социјализмот како прогресивен процес.

Меѓутоа, неопходно е да се истакне дека Петтиот конгрес на КПЈ се занимаваше и со други актуелни прашања. Меѓу другото, се најде за потребно да биде анализиран и изминатиот период од револуционерната борба на КПЈ и на нашите народи, како и да се утврди правецот на натамошниот општествен развиток на Југославија.

Со текот на времето, особено во дискусијата околу линијата на Партијата по прашањето за одбрана на независноста на Југославија, преовладува општото мислење дека КПЈ во 1948 година направи голем чекор: "Тој чекор претставува исто така, голема работа каква што е и НОВ и Револуцијата. Тоа во историјата ќе биоде означено како еден од најснажен историски чин кој нашите народи го направија. Не ни беше лесно..., Но, ние (тој чекор) го направивме, затоа што без тоа немаше живот...".[32] Притоа, и покрај големите економски тешкотии, КПЈ не можеше да прави било какви отстапки, туку, југословенските народи тогаш го продолжија патот на општествениот развој со се пошироко вовлекување на работните луѓе во управувањето на работите од општествениот сектор.

Во својата суштина Петтиот конгрес требаше да реши уште некои историски задачи во полза на виталните интереси и барања на нашиот народ. Тие задачи имаа за цел да го поттикнат општествениот развиток на Југославија. Со оглед на времето во кое се одржа, како и врз основа на донесените одлуки, во кои доминантни беа тенденциите што извираа од потребите и барањата на југословенското општество во целост, Петтиот конгрес беше и обид за спојување на СКОЈ и Народната

младина во една единствена организација.

Петтиот конгрес на КПЈ се занимаваше со многу важни прашања: Беше направена анализа и оценка на изминатиот период од активноста нма КПЈ и на југословенските народи и беа утврдени насоките за натамошниот општествен развиток на Југославија.

Во светлината на идеолошко-теоретската ориентација и концепција на КПЈ по прашањето за одбрана на независноста на Југославија и за зачувување на нејзиниот територијален интегритет и мир, можат мошне добро да се разберат и ставовите на југословенските комунисти во тоа време спрема младинското движење и спрема настаните кои ги засегнуваа интересите и барањата на младата генерација. Затоа, Петтиот конгрес послужи како повод за да дојдат до израз и многу поголема искристализираност, сфаќањата за создавање единствена организација на младите. Во врска со ова, меѓу другото, Конгресот ја потенцира потребата до крајот на годината "да се изврши спојување на Народната младина и Сојузот на комунистичката младина на Југославија (СКОЈ) и на тој начин што во врска со изменетите услови во земјата ќе се измени програмата на Народната младина, и ќе се земе поодлучен курс во идеолошкото издигање и правилното воспитување на членовите, а постоечките членови на СКОЈ според индивидуалните одлики постепено и без брзање пред и по спојувањето на овие организации, ќе се примаат како кандидати за членови на партијата".[33)]

Важна карактеристика на Петтиот конгрес е и тоа што имаше искристализирани сфаќања за суштинската физиономија на новата младинска организација.

Тргнувајќи од фактот дека дотогаш СКОЈ беше "еден од главните резервоари за членови на Партијата" а во интерес на напредокот и

развитокот на младинското движење во наредниот период, таков резервоар требаше да стане Народната младина, која резонираше дека е природно да го прифати курсот за уште поодлучно воспитување во духот на КПЈ. Ваквите погледи релјефно ја изразуваат платформата и ориентацијата на КПЈ во однос на младинското движење и означуваат квалитативна промена и значително повисок развоен стадиум.

## ЧЕТВРТИОТ КОНГРЕС НА СКОЈ

Четвртиот конгрес на СКОЈ се одржа во време кога работните луѓе и младината на Југославија вложуваа се од себе за изградба на земјата. Конгресот има големо значење и по тоа што се одржа непосредно по Петтиот конгрес на КПЈ, кој отвори нова страница во историјата на младинското движење, во Југославија, односно го определи неговиот понатамошен развиток. Четвртиот конгрес на СКОЈ се одржал од 12 до 14 октомври 1948 година во Белград. На него се разгледуваше прашањето за обединувањето на СКОЈ и Народната младина.

Скоевската организација, која во тоа време броеше 370.000 членови, на Конгресот во Белград ја претставувале 946 делегати, претставници на организацијата на СКОЈ о цела територија на Југославија и од Југословенската армија. Во извештајот на Верификационата комисија поднесен на Четвртиот конгрес на СКОЈ, се наведува дека од вкупно 946 делегати, 784 биле машки, а 162 женски. Националната структура на делегатите била следната: Срби 481, Хрвати 195, Словенци 68, Црногорци 91, Македонци 50, Албанци 34, Чеси 5, Власи 3, Маџари 7, Бугари 2, Руси 2

Романци 5, Словаци 1, Италијани 2. Социјалната структура на делегатите е следната: од присутните делегати на конгресот 317 се работници, 251 селани, 121 намешници, 107 интелектуалци, и 148 ученици. 938 делегати биле членови на КП, 1 кандидат за член на КП и 7 членови на СКОЈ. 14 делегати биле постари членови на КПЈ, примени до 1941 година, 490 делегати биле примени од 1941 до 1945 год., а 434 делегати по 1945 година. Во СКОЈ до 1941 година примени се 82 од делегатите, од 1941 до 1945 година 726 делегати, и по 1945 година 138 делегати. Во НОБ и ПОЈ учествувале 777 делегати. Од нив 253 биле ранети, а 219 биле затворани[34)].

На Конгресот, покрај избраните делегати, присуствувале и повеќе гости, меѓу кои: Александар Ранковиќ, Милован Ѓилас, Моша Пијаде, Иван Гошњак и Франц Лескошек - членови на Политбирото на ЦК КПЈ; д-р Иван Рибар - претседател на Президиумот на Народната Скупштина на ФНРЈ; Светозар Вукмановиќ - Темпо, Родољуб Чолаковиќ, Вицко Крстуловиќ, Никола Петровиќ и Јаков Блажевиќ - претставници на Сојузната влада; претставници на ЦК КП на Србија на чело со Драган Стаменковиќ; претставници на ЦК КП на Македонија на чело со Крсте Црвенковски; претставникот на Покраинскиот комитет на КПЈ за Босна и Херцеговина Нико Јуричиќ; претставници на Југословенската армија на чело со генерал - полковник Пеко Дапчевиќ и генерал лајтантот Отмар Креачиќ, претставници на Единствените синдикати на Југославија на чело со Ѓуро Салај, претставници на АФЖ на ело со Вида Томшич, како и голем број претставници на партиски, културно-просветни и други организации.

Поздравувајќи ги присутните делегати и гости, Четвртиот конгрес на СКОЈ го отворил секретарот на ЦК на СКОЈ, Милијан Неорчиќ. Потоа од името на ЦК КПЈ, Конгресот го поздравил Милован Ѓилас. Било избрано почесно претседателство во кое влегле членовите на Централниот

комитет на КПЈ на чело со Тито. Работното претседателство, пак, е составено од Милијан Неорчиќ, Стеван Дороњски, Рато Дугоњиќ, Брана Петровиќ, Милутин Бабиќ, Славко Комар, Стана Томашевиќ, Михаил Швабиќ, Стојан Бјелац, Раденко Брочиќ, Франц Перовиќ, Јозо Бачиќ, Димче Беловски, Ружа Еврачиновиќ, Милојко Друловиќ, Мичо Ракиќ, Бошко Кецман, Велизар Шкеровиќ и Крсте Марковски[35)].

Во име на ЦК КПЈ, Конгресот го поздравил Милован Ѓилас. Тежиштето во неговото излагање било ставено врз анализата и оценката на борбата што ја водела младата генерација на Југославија со цел да го оствари своето единство во десетгодишниот период (1937-1948). Тој укажува дека СКОЈ и НОЈ се обединуваат во една нова и единствена организација - Народна младина на Југославија, која од двете претходни организации го задржува она што е главно; од Народната младина масовноста и широчината а од СКОЈ идеологијата, дисциплината, херојството, пожртвуваноста, цврстината, верноста кон својот народ[36)].

Во извештајот на Централниот комитет на СКОЈ, поднесен од Милијан Неорчиќ, исцрпно е прикажан и оценет развитокот на СКОЈ од неговото создавање во 1919 па се до 1948 година. Посебно внимание во него е посветено на активноста на СКОЈ во услови на илегално работење, кога Партијата и СКОЈ беа предмет на напади и забрани од страна на буржоазијата и на владата на кралска Југославија. Фактите и стојалиштата во документот се изложени главно хронолошки, а се настојува да се прикаже и историскиот тек по одржувањето на Третиот конгрес на СКОЈ, односно да се прикаже борбата на СКОЈ во услови на монархистичката диктатура.

Имено, Третиот конгрес на СКОЈ бил одржан во јуни 1926 год. во време кога во Партијата владееле тешки прилики. Тоа беше

периуод на жестоки фракционерски борби кои заземаа се пошироки размери и негативно влијаеја врз развитокот на СКОЈ, кој веќе станал основна сила и "авангарда на напредното младинско движење на работничката, селската и другата напредна младина. Борејќи се доследно за правата и интересите на младата генерација, против владеачката буржоазија, и нејзините буржоаско-националистички младински организации, СКОЈ постепено излегува од своите тесни организациони рамки и поминува на пат на работа и делување во масовните легални организации (синдикални, спортски, културни и други организации)".[37)]

Потпирајќи се на воената врхушка и бирократија, за зацврстување на својата власт, монархијата и капиталистите се служеа со испробаните реакционерни методи за задушуваење на политичките права и слободи. Ги забранува напредните организации и оневозможуваа собирање на сите оние што не беа привреженици на Владата. Скоевското движење врвеше по нагорниот пат на своето организационо и борбено дејствување. Во тој поглед историско значење имаше доаѓањето на Тито на чело на ЦК КПЈ во 1937 година. Оттогаш овде започнува нова страница во историјата на СКОЈ. Во документот што овде го разгледуваме посебна нагласка е да дена и на реорганизацијата на СКОЈ под Титовото раководство и борбата за единство на младината(1937-1941).

Особено подробни и содржајни се податоците и соопштенијата во извештајот за активноста, за борбата и за придонесот на СКОЈ во периодот на НОВ и Социјалистичката револуција, како и придонесот на младите во периодот на обновата и зградбата на Југославија (1945 - 1948 година).

На третиот ден од работата на конгресот е присутен и Јосип Броз Тито. Објаснувајќи ги целите и причините за спојувањето на

двете младински организации, во својот говор, тој рече: "Една од големите победи на СКОЈ е тоа што се омасови, го зголеми бројно своето членство" за да продолжи дека Комунистичката младина на Југославија "не влегла и не влегува сега, токму сега, со одлука на овој Конгрес, во Народна младина, во младината на народите на Федеративна Народна Република Југославија. Таа ги создала сама тие услови во долготрајната своја борба за младата генерација. Тоа е најголемата победа на комунистичката младина на Југославија, бидејќи успеа да застане денес на чело на најголемата масовна организација..."

Петтиот конгрес на КПЈ ја донесе историската одлука Комунистичката младина на Југославија и организационо да се соедини со Народната младина. Кога ние зборувавме за народна младина, тој збор има сосема друга смисла денес, отколку што имаше некогаш. Таа смисла има и политичка и идеолошка содржина. Според тоа, вие не влегувате во една нова организација, туку формално го завршивте она што во пракса веќе одамна сте го извршиле. Денес веќе нема место за две или три организации. Денес развојот на Југославија дојде дотаму, младите генерации треба да бидат обединети во една општа организација на народната младина со идеолошка подлога на комунистичка младина, под раководство на Комунистичката партија, а вие, млади комунисти, треба да работите на тоа сето што сте постигнале во долгогодишната борба, да го всадите во срцата на нашите младинци и младинки. Оттаму, произлегуваат и заедничките задачи на младите комунисти и на народната младина воопшто."[38)]

На Конгресот беше оценето дека Народната младина на Југославија претставува ов тип на единствена революционерна младинска организација и дека е изградена на ист организационен принцип на кој е

изграден и СКОЈ. Беше констатирано дека, доколку се земат предвид учеството на Народната младина и активноста на нејзините членови во изградбата на земјата, програмата врз основа на која таа ја воспитува младината, организационите принципи врз кои се изградува, ќе се оцени дека меѓу Народната младина и СКОЈ нема некои посуштествени разлики. Заслугата и успехот на СКОЈ е во тоа што во народната младина внесе свои особини. Тоа се револуционерните искуства, програмата за воспитување, цврстина и др. И на тој начин тој создаде организација идентична на себе.

За правилно толкување на револуционерната суштина, за покажаната несебичност на младите комунисти, за херојството и упорноста во борбата против ненародните режими на Кралството Југославија, за херојството и самопожртвувањето за време на НОВ и Социјалистичката револуција и за несебичното залагање во обновата и изградбата на ФНРЈ, Јосип Броз Тито во таа прилика на СКОЈ му предаде Орден-Народен херој. По тој повод, меѓу другото, Тито рече: ”Ви го предавам ова големо одликување од името на Президиумот на Народното собрание на ФНРЈ. Држете го тој Орден како знак на големите победи на нашата идна генерација. Држете го и чувајте го како знак и признание на нашите народи за херојските дела на младата генерација на чело со Комунистичката партија на Југославија”[39)].

Конгресот усвои и две резулуции: Првата е Резолуција на Четвртиот Конгрес по извештајот на ЦК на СКОЈ, делегатите во потполност ја одобриле активноста на СКОЈ во периодот помеѓу Третиот и Четвртиот конгрес (1926-1948 год.). Тие ги конкретизирале задачите на младите комунисти и го овластиле дотогашниот Централен комитет (во состав: Милијан Неорчиќ, Милутин Бабиќ, Стеван Дороњски, Брана

Петровиќ, Стана Томашевиќ, Јозо Бачиќ, Ружа Еврачиновиќ, Крсте Марковски, Владо Шестан и Стојан Бјелајац) до заедничкиот конгрес на СКОЈ и на Народната младина на Југославија да раководи со работата врз спроведувањето на заклучоците од Четвртиот конгрес на СКОЈ[40)].

Младите комунисти имале задача најсериозно и со полна одговорност да му ја објаснат на членството на СКОЈ и на Народната младина одлуката за спојување на двете организации, донесена на Петтиот конгрс на КПЈ. Тие беа повикани во своите редови да ги негуваат најдобрите особини од СКОЈ. Во основните организации на единствената организација, скоевците требаше да ги пренесат, да ги зацврстат и развијат сите позитивни одлики кои се стекнале во СКОЈ, како и да се заложат "за уште посилно на секој член на младинската организација, во активите уште повеќе да се зацврсти дисциплината и да се развие одговорноста спрема поставените задачи".[41)] Од војната СКОЈ излезе со прекалени кадри, а за време на изградбата на земјата тој круг го ширеше со нови израснати младинци, подготвени да ги преземат општествените работи и обврски. Членовите на СКОЈ беа обврзани и натаму да работат врз јакнењето на идеолошкото единство во младинската организација. Борејќи се против реакционерните влијанија врз младината и против остатоците од старите сфаќања и идеи, членовите на СКОЈ како и дотогаш, и сега, во носите услови, требаше да се поставаат во улога на "будни мобилизатори за уште пошироко и посестрано учество на младината во извршувањето на Петгодишниот план и социјалистичката изградба на земјата, да бидат организатори на разни натпревари и носители на работниот хероизам на младината"[42)].

Во Резолуцијата, која Четвртиот конгрес на СКОЈ ја донесе по повод клеветничката кампања против Југославија, се истакнува

дека целокупното членство на СКОЈ и Народната младина, со огорченост уште од првиот ден ги одбива лагите и обвиненијата изнесени во Резолуцијата на Информбирото против ЦК и КПЈ, и одлучно и единствено стои со ставовите на ЦК КПЈ по повод Резолуцијата и кампањата. "Четвртиот конгрес на СКОЈ најодлучно протестира против непријателската кампања, која се води против нашата татковина од страна на некои комунистички партии и енергичнмо бара таа кампања да се прекине, бидејќи таа може да им користи само на империјалистите и воените злосторници... Четвртиот конгрес на СКОЈ со огорченост ги одбива сите клевети со кои доскоро се служеа само империјалистите, а кои длабоко го навредуваа секој младинец од нашата земја. Целокупната досегашна борба и работа на Сојузот на комунистичката младина и на Народната младина на Југославија, учеството на нашата младина во предвоената антифашистичка борба, огромните жртви што ги даде таа во ослободителната војна, учеството на нашата младина во создавањето и работата на светската федерација на демократската младина, јасно зборуваат за вистинскиот интернационализам на нашата младина..., за нејзино пријателство и соработка со демократската младина од целиот свет. Четвртиот конгрес ја изразува одлучноста на младите комунисти и на сета наша младина да го продолжи патот на борбата за зацврстување на единството и пријателството меѓу напредната светска младина, по пат на борба против империјалистите и воените злосторници..."43) .

Четвртиот конгрес испратил телеграма до Јосип Броз Тито44), во која делегатите ветуваат дека во новата единствена младинска организација ќе внесат борбеност, богати искуства и со сите сили и младешки занос ќе работат на исполнувањето на поставените задачи. На крајот на работата на Четвртиот конгрес на СКОЈ било испратено писмо до

Централниот комитет на КПЈ во кое го известуваат дека едногласно е прифатена одлуката на Петтиот онгрес на КПЈ за спојување на СКОЈ и Народната младина. Младите изразуваат уште и безрезервна поддршка во борбата против неправедните напади и обвиненија, изнесени во Резолуцијата на Информбирото и клеветничката кампања против Југославија и нејзиното раководство.

Делегатите на конгресот испратиле писмо и до генералниот секретар на Организацијата на обединетите нации, Тригве Ли, во кое во името на целата младина од Југославија, најодлучно го креваат гласот против империјалистите кои работат на систематско спречување на сите мерки и предлози наменети за зацврстување на мирот меѓу народите. Тие во името на југословенските народи најостро ги осудија империјалистичките подготовки за нова светска војна, и бараа од Генералното собрание на Обединетите нации да забрани употреба на атомска енергија за уништувањето на човештвото, "бидејќи тоа одговара на интересите на сите слободољубиви народи од светот, на целата млада генерација.... Ние знаеме дека една нова војна претставува страшна опасност, во прв ред за младината. Младата генерација на Југославија за време на Втората светска војна поднесе голем број жртви. На нашиот дел на ослободителниот фронт стотина илјади млади Југословени, меѓу нив и преку 100.000 млади комунисти, го положија својот живот", за да може нашиот народ, и младината да живеат во мир и да изградуваат подобра иднина[45)].

Четвртиот конгрес на СКОЈ одигра значајна улога за обединувањето на СКОЈ и Народната младина во единствена организација. Начелата, разбирањата и одлуката за спојување на СКОЈ и Народната младина на Југославија, најпотполн израз добија на заедничкиот конгрес на

СКОЈ и на Народната младина кој се одржа во декември 1948 година во Белград.

## ЗАЕДНИЧКИ КОНГРЕС НА СКОЈ И НМЈ

Заедничкиот конгрес на СКОЈ и Народната младина претставува нова победа во борбата за конечното обединување на младата генерација во една организација од нов тип. Конгресот на обединувањето е голем настан, како за развитокот на младинското движење, така и за животот на младината во Југославија. Овој конгрес претставува крај на еден период од историјата на младинското движење, во кој под раководството на КПЈ, тоа успеа да оствари единство на младата генерација.

Централниот комитет на СКОЈ и Централното собрание на НМЈ на 14 септември 1948 година, донесоа Одлука за свикување Заеднички конгрес на СКОЈ и НМЈ. Конгресот започна со работа на 15 декември 1948 година во 17 часот, во салата на Коларчевиот народен универзитет во Белград, а заврши на 19 декември 1948 година. Присуствуваа 1.469 делегати, а нивната работа се одвивала по Пленуми и во 10 комисии: Комисија за идеолошко-политичка работа, Комисија за оргаизациони прашања, Комисија за учество на младината во изградбата на социјализмот, Комисијата за кадрови прашања, Комисија за училишта, Комисија за студенти, Комисија за пионери, Комисија за фискултура, Комисија за вонармиско воено воспитување на младината и Комисија за работа на село[46)].

На отворањето на Конгресот беше присутен

генералниот секретар на КПЈ и Претседател на Владата на ФНРЈ - Јосип Броз Тито, членовите на Политбирото на ЦК КПЈ - Едвард Кардељ, Моша Пијаде, Иван Гошњак, Борис Кидирч и Благоја Нешковиќ, претседателот на Президиумот на народното собрание на ФНРЈ - д-р Иван Рибар, повеќе членови на ЦК КПЈ, на владата на ФНРЈ, голем број претставници на општествено-политичките организации, на Југословенската армија, итн. Во име на ЦК СКОЈ и во име на Централното собрание на Народната младина на Југославија, Конгресот го отвори Милијан Неорчиќ. Во почесното претседателство се избрани членовите на ЦК КПЈ на чело со Тито, а во Работното претседателство: Милијан Неорчиќ, Стеван Дороњски, Милутин Бабиќ, Брана Петровиќ, Стојан Бјелајац, Стана Томашевиќ, Милојко Друловиќ, Раденко Брочиќ, Крсте Марковски, Франц Перовшек, Мичо Ракиќ, Јозо Бачиќ, Милорад Пешиќ, Рудолф Цар, Ружа Ервачиновиќ, Димче Беловски, Ајша Маличевиќ, Иво Блануша, Велизар Скеровиќ, Владо Шестак, и Слободан Зец[47].

Поздравувајќи го Конгресот во името на ЦК КПЈ, на Владата на ФНРЈ и на Народниот фронт на Југославија, Јосип Броз Тито во својот говор, им оддаде признание на СКОЈ и НМЈ за нивната пожртвуваност и придонес во текот на народноослободителната борба и по ослободувањето на земјата. Меѓу другото рече: "Условите за една единствена организација на младината на нова Југославија создадени се во текот на ослободителната војна, тие созрејуваа и созреаја во процесот на изградбата на нашата земја... Прашањето за единствена младинска организација, т.е. спојувањето на Сојузот на комунистичката младина на Југославија со Организацијата на Народната младина воопшто, се поставува токму во вистинско време, т.е. во време кога тоа оргаизационо единство стана потребно, кога потполно веќе созреаја условите, кога

двојниот организационен облик на нашата младина стана пречка за натамошен правилен развиток на младината на наша нова социјалистичка Југославија[48]. Таа потреба од една единствена младинска организација е диктирана од вонредно брзиот политички и економски развиток на нашата земја”.

Исто така, Конгресот, го поздравиле генерал-лајтнатот Отмар Креачиќ, во име на југословенската армија; Мишо Павичевиќ, во име на Централниот одбор на Сојузот на синдикатите на Југославија, Милка Миниќ во име на Антифашистичкиот фронт на жените на Југославија, Владимир Дедиер во име на фискултурниот сојуз на Југославија, Весел Горазд во име на Антифашистичката младина на слободната територија на Трст и Перч Карел во име на младината на Корушка. На пленарните заседанија на Конгресот се поднесени извештаи на Централниот комитет на СКОЈ и на Централното собрание на НМЈ, референт Стеван Дороњски; реферат ”Петтиот конгрес на КПЈ и задачите на Народната младина”, референт Милија Наорчиќ; Извештај на Надзорната комисија на Централното собрание на народната младина на Југославија, од страна на Брана Ковачевиќ и образложение за Проектот на статутот на Народната младина на Југославија, референт Брана Перовиќ.[49]

На Конгресот е констатирано дека Народната младина на Југославија спроведувајќи ги одлуките на Третиот конгрес на Народната младина на Југославија, зајакнала во организационен поглед. Во своите редови опфатила вкупно 1.476.000, односно 80% од вкупниот број на младината на Југославија. Основните организации на Народната младина станаа носители на целокупната активност на младината. На Конгресот е констатирано и дека народната младина покажала активност и во борбата против разните непријателски влијанија вршени врз младината. Како

резултат на таквата работа и на победите што ги постигнуваше во изградбата на земјата, мла динските организации не само што го зголемуваа своето членство, туку се зацврстуваа и средуваа во организационен поглед. Народната младина на Југославија и по прашањето во однос на обврските и должностите, начелата, разбирањата и одлуката за спојување на СКОЈ и Народната младина на Југославија најпотполн израз добија на заедничкиот конгрес на СКОЈ и на народната младина кој се одржа од 16 до 18 декември 1948 година во Белград. Пратениците на овој конгрес едногласно ја усвоија одлуката за спојување на СКОЈ и НМЈ со што и формално беше извршено обединувањето на овие две организации во Народна младина на Југославија, како единствена организација на младите. Еден од значајните документи донесени на овој конгрес претставува Статутот на новосоздадената единствена младинска организација - Народна младина на Југославија[50)].

Во извештајот поднесен на конгресот од ЦК НМЈ, се наоѓа за потребно темелно да се расветли историското минато и објективно да се согледаат развојните процеси и тенденции на НМЈ и СКОЈ. За поправилно сфаќање на минатото на СКОЈ, во извештајот се наведува дека во текот на НОВ СКОЈ одигра позитивна улога во создавањето на обединетиот сојуз на антифашистичката младина на Југославија. Тоа е широка младинска организација која, со развивањето на интензивна систематска дејност, работеше на опфаќањето во своите редови на сета младина која беше поборник на линијата на НОБ.

Историската вистина е дека во повоениот период паралелно постоеле и дејствувале СКОЈ и УСАОЈ. Тргнувајќи од констатацијата дека разликата меѓу овие две организации се состоеше пред се, во тоа што за разлика од УСАОЈ, СКОЈ претставувала потесна,

кадровска, организационо и идеолошка поцврста организација. Поаѓајќи од голем број факти и констатации, се доаѓа до заклучокот дека меѓу нив можат да се согледаат и многубројни заеднички особини, од што логично следи дека не е потребно паралелно да постојат две многу слични или приближно исти младински организации.

Но, се поставува и прашањето во што се состојат сличностите на овие две организации. Во одговор на ова прашање мора да се каже дека и СКОЈ и народната младина на Југославија своите јасни стојалишта ги градеа врз програмата на Комунистичката партија. Исто така, и СКОЈ и Народната младина во работата со младината застапуваа идеи и сознанија за исти воспитни цели. Карактеристично е што и двете организации земаат значително учество во совладувањето на економската неразвиеност како наследство од минатото на владеачките режими. Освен тоа, неопходно е да се нагласи и фактот што и СКОЈ и Народната младина беа изградени врз основа на исти организациони принципи. Поради сето тоа во пракса се покажало мошне често, едни исти младинци да бидат членови и на околиските комитети на СКОЈ и на секретаријатите на околиските комитети на народната младина. И СКОЈ и Народната младина во овој период развиваа и застапуваа приближно слични концепции и ставови. Во основата на својата платформа, тие ги формулираа начелата со кои се раководеа во практична дејност. Општите услови за вонредно брзиот политички и економски развиток на тогашна Југославија, како и оствареното единство меѓу младата генерација, изврши решително влијание тоа единство да добие и своја организациона форма. Тоа можеше да се реализира во организација која би имала широчина како што е Народната младина на Југославија. Во услови на вакква идејна атмосфера се предвидуваше дека новата младинска организација ќе ја има идеолошката

основа и организационата цврстина на Сојузот на комунистичката младина на Југославија. Овие концепции беа со голема јасност и консеквентност пропагирани на заедничкиот конгрес на СКОЈ и Народната младина на којшто и формално беше извршено обединувањето на овие две организации во Народна младина на Југославија како единствена организација на младите.

За целите и причините за спојување на двете младински организации сретнуваме бројни податоци во извештаите на партиските организации, кои во летото 1948 година се испраќани до ЦК КПЈ. Податоци се сретнуваат и во извештаите на младинските организации испраќани до ЦК НМЈ, во извештаите на ЦК КПЈ, во самите извештаи на ЦК НМЈ, во конгресните материјали од Петтиот конгрес на КПЈ и во други архивски документи. Нужно е да констатираме дека податоците изнесени во овие архивски документи со мали исклучоци, најчесто не се така скромни. Овие известувања овозможуват да се согледаат да се реконструираат и причините за спојувањето на СКОЈ и Народната младина во една единствена организација.

Од извештајот на заедничкиот конгрес на Народната младина и на СКОЈ може да се констатира ставот на конгресот дека младата генерација во Југославија нема различни интереси и цели. Оттаму, како што е истакнувано на Конгресот, таа има исти интереси и задачи. Од тоа, секако, произлегуваат и причините за спојувањето на овие две младински организации, односно потребата за формирање и изградба на сеопфатен и јасен концепт во однос на создавањето на една единствена младинска организација. Нагласено е дека ”Младата генерација во Југославија нема различни интереси. Нејзините интереси се истоветни, заеднички. Младината која учествува во толку голема работа, како што е

изградбата на социјализмот на нашата земја, има, значи, една заедничка задача и една заедничка цел. Таа заедничка цел ја исклучи потребата од опстанок на две организации кои се воспитуваат во исти дух: Комунистичката и Народната младина. И едното и другото е народна младина, но народна во целосна смисла на тој збор".[51)]

Изменетите општествено-политички услови во Југославија налагале преформулирање на поблиските цели во стратегијата и тактиката на новата младинска организација. Сите прашања кои извирале од младинското движење се изложени во повеќе документи донесени на Конгресот. Статутот донесен на овој Конгрес, претставува основен законски документ кој го навестува и определува новото организационо устројство, тактика и стратегија на дејствувањето на младината. Во него дошле до израз новите концепции на младинската организација. Статутот ги формулира основните организациони принципи, непосредни задачи и методи на организацијата на Народната младина на Југославија.[52)]

За основа на овој Статут бил земен Статутот од 1946 година. Промени има во прокламирањето на новите посодржајни, основни принципи, како и во целите и задачите на организацијата. СКОЈ и НМЈ се соединуваат во една нова организација. Организацијата во новиот статут од 1949 година била наречена Народна младина на Југославија. Според статутот Организацијата на Народната младина на Југославија ја сочинуваат организациите на Народната младина на Србија, Хрватска, Словенија, Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Статутот ги прокламира основните цели на дејствувањето на организацијата на НМЈ. Во него е подвлечено дека Народната младина на Југославија е самостојна, борбена, демократска, единствена

организација, која, врз основа на доброволни начела, ги опфаќа широките слоеви на напредната работничка, селска и училишна младина. Организацијата ги "воспитува во духот на социјализмот и во духот на љубов и верност кон ФНРЈ", односно ја мобилизира младината за на новото општествено уредување во Југославија.

Според новиот Статут, Народната младина на Југославија програмата на КПЈ ја прифаќа како своја програма и се залага за нејзино реализирање. Во Статутот како постапка е внесена и тенденцијата за стремежите Народната младина на Југославија да биде резерва на КПЈ. Се вели дека таа е извор на нови и млади кадри за сите гранки на општествената управа, стопанството, културно-просветната област и за другите дејности на масовните организации. Според Статутот, симболи на организацијата на Народната младина се Знакот и Знамето. Знакот на Народната младина е претставен во вид на црвена петокрака ѕвезда, во чија средина има вкрстено житно класје и чекан. Меѓу чеканот и класјето е поставена отворена книга со буквите Н и М, кратенка за почетните зборови на организацијата. Знамето на организацијата е црвено по боја, а во неговата средина е поставен знакот на Народната младина. Над знакот се наоѓале испишни зборовите: "Народна младина на Југославија", а под него било напишано името на Организацијата на која и припаѓало Знамето. Особено внимание во Статутот е посветено на составот и на начинот на организирање. Наведени се основните организациони единици, организационата структура на раководствата и слично. Врз основа на Статутот, за совесното и примерното извршување на задачите, организациите и членовите на Народната младина можеле да бидат наградувани и, во обратен случај, казнувзни.[53)]

На крајот од својата работа, Конгресот ги усвои: Резолуцијата за работата на Централниот комитет на СКОЈ и на Централното собрание на Народната младина, Резолуцијата за спојување на Сојузот на комунистичката младина на Југославија и Народната младина на Југославија, Резолуцијата на конгресот на СКОЈ и Народната младина за основните и наредните задачи на Народната младина и Резолуцијата на Конгресот по повот обвинувањата на Информбирото и клеветничката кампања против Југославија и југословенската младина.

Во Резолуцијата за спојување на СКОЈ и Народната младина на Југославија меѓу другото се вели: " Заедничкиот конгрес на Сојузот на комунистичката младина на Југославија и на Народната младина ја поздравува одлуката на Петиот конгрес на Комунистичката партија на Југославија за спојување на Сојузот на комунистичката младина на Југославија и на Народната младина....

Заедничкиот конгрес на Сојузот на комунистичката младина на Југославија и на Народната младина, манифестирајќи го потполното единство на младата генерација на Југославија, едногласно одлучија Сојузот на комунистичката младина на Југославија и Народната младина на Југославија да се спојат во една организација-НАРОДНА МЛАДИНА НА ЈУГОСЛАВИЈА".[54)]

На конгресот беше избран Централен комитет на Народната младина на Југославија од 75 лица. Националниот состав на Централниот комитет бил следниот: Срби 37, Хрвати 13, Словенци 7, Македонци 5, Црнагорци 11, Чеси 1 и Албанци 1.[55)] Социјалниот состав на ЦК на Народната младина изгледал вака: работници 22, селани 6, ученици 24 и студенти 23.[56)]

Заедничкиот конгрес на СКОЈ и НМЈ имаше огромно

политичко значење како еден од крупните настани, во време на борбата за независност на Југославија, како по бројот и составот на учесниците така и по значењето на одлуките и организационите решенија за младинското движење во Југославија.

# ГЛАВА ВТОРА

# ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА НММ И ОРГАНИЗАЦИОНАТА СТРУКТУРА

## ЧЕТВРТИ ПЛЕНУМ НА НАРОДНАТА МЛАДИНА НА МАКЕДОНИЈА

Сите досегашни проучувања на Четвртиот пленарен состанок на Народната младина на Македонија се согласуваат во оценката дека тој има големо значење и далекосежни последици за понатамошниот развиток на македонското младинско движење. Овој состанок ја исфрли на површина идејата за отстранување на пречките и негативните фактори и влијанија кои во извесна мера, неповолно делуваа врз развиток на младинската организација во целост. Потребата од теоретска анализа на резултатите од Четвртиот пленарен состанок станува се поактуелна зависно од разраснувањето и активирањето на македонското младинско движење.

На 15, 16 и 17 февруари 1948 година во салата на женската гимназија во Скопје е одржан Четвртиот пленум на Народната младина на Македонија. На Пленарниот состанок во Скопје учествувале голем број мл адинци, работници, селани, интелектуалци и средношколци од разни краишта на Македонија. На состанокот допатувале и делегати на Народната младина на Југославија, а меѓу нив и членот на секретаријатот

на Централното собрание на Народната младина на Југославија, Стево Дороњски. На Четвртиот Пленарен состанок присуствувал и потпретседателот на Владата на НР Македонија Видое Смилевски, претставници на синдикалните, на партиските и на другите општествено-политички организации. Пленумот го отворил Јонче Фотев, член на секретаријатот на Земското собрание на Народната младина на Македонија. Обраќајќи му се импозантниот аудиториум, тој истакнал дека: "иднината на младата генерација, се наоѓа во нејзини раце. Свесно и одлучно сите младешки сили, на сите работни слоеви и на сите народи и народности во нашата земја да одат напред во изградбата на својата татковина, напред за подобро и посреќно утре". Во работниот дел на состанокот претседателот на Земското собрание на народната младина Димче Беловски поднел реферат "За работата меѓу националните малцинства". Во таа смисла особено е важна констатацијата дека Народната младина на Македонија во изминатата 1947 година ја пропагирала идејата за нејзино организационо зајакнување, а со тоа воедно и настојувала да создаде поволна основа за извршување на задачите кои пред неа биле поставени како императив. Во оценката на работата на младинската организација со младината од албанската и турската народност, и покрај извесните успеси на тој план, на Пленумот се чувствува стремежот и ориентацијата да се впрегнат сите младински активни елементи во разврската на сложениот комплекс прашања кои постоеја во редовите на младината на народностите. Во критичкиот осврт кон организационата физиономија на младинската организација се тврди дека во опфаќањето на младината кај народностите, резултатите на младинската организација се уште ни оддалеку не можат да бидат задоволителни. Ваквите мислења изнесени во Пленумот, всушност, беа

вистински сообразени со тогашната стварност. На пленумот е автентично и тврдењето дека од вкупниот број на албанската младина во Македонија, членови на Организацијата биле само 43,5% а од редот на турската младина опфатот на членството е нешто поголем и изнесува 58%. Во многу населени места каде што живее и работи албанската и турската младина не се чувствувала активноста на младинската организација што значи таму немало младинска организација. Постојат податоци дека и во оние села во кои младинците од албанската и турската народност формирале организација, во неа не е опфатена сета младина. Женската младина. пак, како што е констатирано на Пленумот, главно, стои надвор од Организацијата, освен 647 Албанки и 464 Турчинки, кои биле нејзини членки[57]).

Тргнувајќи од оценката дека процесот против "Национал демократик шиптаре" и шпијунската терористичка група "Јуџел", како и ликвидирањето на поединечни бандитски двојки и мали групи, остатоци од балистичките групи од времето на Втората светска војна е завршен, овој авторитетен форум на млдинското движење на Македонија уште повеќе придонесе за зајакнување на младинската организација. Еден дел од народностите на тој начин всушност започна да се ослободува од погрешното сфаќање, а воедно ја увиде суштината и целта на непријателската дејност на странската империјалистичка реакција, "Која се потпира на непоправливи, изродени, класнопогодени групи и поединци особено присутни во редовите кај албанците"[58]).

Доследните позиции на народната власт, по прашањето од сферата на воспитно-образовниот процес, значеа, во суштина, важен придонес во создавањето услови за развој на целокупниот живот на земјата. Основните белези, достигања и манифестации на македонската

просвета и култура постојано беа предмет на севозможни напади и негирања од страна на поедини албански шпекулантско-реакционерни елементи во селата, на така наречени "верски паропи". Ги имаше во западниот дел на Македонија, во поедини села во Гостиварско, Тетовско и на други места. Политиката на народната власт за развиток на воспитанието и образованието албанските националистички елементи во целост ја сфаќале како ефикасно средство во раце на народната власт насочено против верата, против Албанците и Турците воопшто. Ваквите стојалишта на загрижените албанско-националистички елементи веднаш беа земени на нишан пред се од југословенските и од македонските комунисти, како и од другите прогресивни елементи во југословенската јавност.[59)]

Ова прашање беше предмет на оценка и на Четвртиот пленарен состанок на народната младина на Македонија. Во еден од документите на Пленумот, поточно во поднесениот реферат од страна на потпретседателот на Владата на НР Македонија, Видое Смилевски, меѓу другото е забележано и следното: "... Една таква нужна потребна мерка за задолжително школување во државните училишта и ликвидирање на поедини сибианехтеби, тие реакционерни елементи сакаат да ја спрежат. Мерките на народната власт за општо и задолжително воспитување и школување на малцинските деца и забрани на такви сибианехтеби, кои што немаат елементарни хигиенски услови и кои што немаат никаков програм за настава и регуларни стручни наставници, тие сакаат да ги прикажат како тие мерки божем значат задушување на верски прописи и гонење на исламската црква во Македонија, итн..."[60)].

На Пленумот биле поднесени и извештаи на обласните и околиските одбори на НММ. Во нив се сумирани напорите и резултатите на младинската организација за зголемување на нејзиното членство, како и за

преземените активности. Од содржината на извештаите дознаваме дека во Македонија во тоа време во селата каде живееле припадници од албанска или турска народност не постојат младински организации. Во полза на ова тврди и Извештајот на Околискиот одбор на НММ за Гевгелиска околија. Од него ја извлекуваме и констатацијата дека во Гевгелиска околија, во села со население од турската народност, во почетокот на 1948 година се уште немало формирано младинска организација[61]).

Четвртиот Пленум наедно послужи и како повод за да дојде до израз сфаќањето дека треба да се преземат мерки во Младинската организација што поскоро да се зачленат бригадири од работните акции како и демобилизираните борци кои до тој момент се уште се наоѓале надвор од тие редови. Тие, секако, би требало да бидат меѓу подобрите активисти во младинската организација. На Пленумот, исто така, е присутна и констатацијата дека младинските активи по селата населени со Албанци или Турци не покажале видна активност. Станува збор за организираните 12 фискултурни активи од селската младина на Албанците и Турците, како и за организираните преку 100 читачки групи. Што се однесува до нивната дејност, по задачите што требаше да ги решат за поттикнување на културнопросветниот развиток, слободно може да се заклучи дека нивната работа како да беше без содржина и не е интересна за автентично научно проучување. Од извештајот што го поднесе секретарот на Околискиот одбор на НММ за Тетовска околија, како и од другите околиски извештаи на младинските раководства, се гледа дека младината од албанската и турската народност во овој период покажува извесни резултати на полето на народното просветување. Во организираните аналфабетски курсеви во Македонија биле опфатени преку 10.274 лица припадници на албанската и турската народност, меѓу кои

10.274 се жени. На Пленумот е укажано на актуелноста на прашањето за борба против неписменоста и во редот на пионерската организација. Така, на пр. станува збор за дејноста на пионерските ученички од селото Речица - Тетовско во описменувањето на неписмените младинки Албанки. Пет ученички од Основното училиште од Тетовското село Речица го раководеле аналфабетскиот курс во кој биле опфатени 35 младинки Албанки. Раководителите на курсот биле под непосредно раководство и контрола на учителката на училиштето, која всушност била и главниот раководител на курсот. И во други села во Македонија е забележана активност на пионерите и на младината од албанската и турската народност во описменувањето на неписменото население.[62)]

На Пленумот беше фиксирано дека младинската организација ќе се грижи за следново:

а) да развива организационен и политички живот, како и јакнење и развивање на идејно-политичкото воспитување и образование на народната младина;

б) да ги привлече и опфати во нејзините редови не само младинците Македонци, туку и младинците и младинките од албанската и турската народност и другите етнички групи кои живеат во Македонија, без разлика на нивното социјално и национално потекло и образование.

в) да ја координира активноста на Младинската организација со активноста на КПЈ, Народниот фронт и на другите општествено-политички организации;

г) поголемо мобилизирање на младината за учество во акциите од републички и сојузен карактер[63)].

Овие принципи и задачи релјефно ја изразуваат ориентацијата на македонското младинско движење. Во соодветниот

степен на развиток тоа означува квалитетна промена, и зборува за еден значително повисок стадиум. Меѓу поважните карактеристики е и тоа што младинската организација на Македонија, преку донесените заклучоци на Четвртиот Пленум, во тоа време имаше искристализирани сфаќања и во однос на физиономијата за проширување и организационо зајакнување на организацијата во редот на припадниците од народностите.

Посебно внимание привлекува еден значаен документ од Четвртиот пленум на Земското собрание на Народната младина на Македонија. Тоа е прогласот на Централното собрание на Пленумот до младината од Македонија за учеството во изградбата на земјата. Во него најнапред вонредно добро аргументирано се прецизираше дека народната младина на Југославија, која се одзва на новогодишната порака на Јосип Броз Тито, "... и понатаму треба да биде пример на ентузијазам и работен хероизам во општите напори на нашите народи за исполнување на Петгодишниот план за изградба на новото општествено уредување"[64]. Прогласот, има значење на еден од видните и повлијателни програмски документи на организираното младинско движење во Македонија. Во него се наведуваат и претстојните задачи на младината во процесот на изградбата:

1. Народната младина на Македонија да учествува во акциите на народниот фронт на Македонија за изградба на кооперативно домови;

2. Да се зајакне организацијата оздола нагоре, да ги заздравиме врските со младинските организации на теренот, преку месните одбори со секретаријатот на Земското собрание;

3. Да ги вложиме сите усилби за да ја поставиме организацијата правилно;

4. Да ја ликвидираме нередовноста и невниманието во извештаите како предуслов за поуспешна работа и живот на организацијата;

5. да ги издигнеме на уште повисоко ниво конференциите и да ја засилиме конструктивната работа преку воспитно делување врз младината;

6. да ја засилиме и да ја направиме пополезна помошта од погорните форуми на пониските;

7. Да сториме се за издигнување на наши активисти и функционери преку предавања, курсеви, заеднички состаноци, итн.;

8. Да ја зајакниме финансиски нашата организација со редовна пресметка, прегледи и сл.;

9. Да се зајакни соработката на одделни младински организации и раководители со фронтот и другите општествено-политички организации.65)

Прогласот на Централното собрание на НММ од Четвртиот пленум е проникнат со интенции за развивање што поширока агитација за запознавање на младината со важноста на изградбата на сојузните младински акции. Се мисли првенствено на акциите како што се: изградбата на дел од автопатот Белград-Загреб, изградбата на Нов Белград, и проширувањето на фабриката за тешки машини и машини алатки ”Иво Лола Рибар” во Железник. Прогласот ги содржи и основните задачи на младинската организација во однос на нејзиното учество во електрификацијата на земјата. Поради тоа беа сосема оправдани предупредувањата (во прогласот) за настојувањата во Македонија да се изгради хидроцентрала во Маврово.

Составен дел на тенденциите на овој проглас е и

зацврстувањето на братството и единството меѓу младината во нашата земја. Во тоа време, тоа повеќе е сторено преку организираните младински работни бригади и заемните контакти на младинците и младинките од сите републики на Југославија. Овој важен младински документ даде низа насоки и препораки и заживување на богатата и разновидна културно просветна дејност. Таа е забележливо поквалитетна во однос на претходниот период, а особено во однос на периодот меѓу двете светски војни, кога големосрпската власт со разни средства и обиди го задушуваше секој обид за просветно издигнување на младинците и младинките, со цел да останат полуписмени или неписмени, за да може полесно да ги држи во потчинетост.66)

Според Прогласот, пред младинските организации во Македонија тогаш стоеја необично важни и сериозни зафати во областа на стопанскиот живот. Тоа наложуваше широко вклучување на сите постојни сили за да може да се создадат услови за подобрување на процесот на работата. Барањето за помасовно учество во работните младински акции, што го истакнуваше во преден план Земското собрание на НММ и кое влезе во основата на широката програма на македонското младинско движење, произлегуваше од реалната оценка на ситуацијата во која требаше да се решат бројни проблеми во односната етапа од развојот на општеството. Барањата изразени во Прогласот својата практична примена ја имаа во осигурувањето и во зајакнувањето на процесот на политичко стопанската консолидација на земјата. Ваквите погледи и очекувања од НММ се совпаѓаат со идеите на напредните младешки елементи надвор од Македонија во другите југословенски републики. Во изградбата на својата татковина тие ја гледаа перспективата за решавање битни проблеми и конфликти во интерес на демократијата и прогресот воопшто.

## ЧЕТВРТИ КОНГРЕС НА НММ

### *Претконгресни активности*

На Четвртиот конгрес му претходеше богата претконгресна активност. Одржани беа месни, реонски, околиски, и обласни конференции, на кои беа поднесени реферати за активноста на организацијата, беше извршен избор на редовни раководства по демократска процедура и избор на делегати на конгресот.

Покрај другите, конференциите ги донесоа и следните решенија:

а) Што повеќе нови младинци и младинки во организацијата на НММ;

б) Поголема застапеност и ангажираност на младината во органите на народната власт;

в) Омасовување на НММ и основање месни организации во сите села и месности каде се уште не постоеле.

За акциите и делувањето на НММ во претконгресниот период податоци сретнуваме во извештаите на околиските комитети на народната младина и во извештаите на активите на младинските организации на теренот. Тие се испраќани до ЦК НММ неколку дена пред одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ. Во најголемиот број од извештаите се нагласува дека работата на младинската организација е "доста добра" и дека нејзините членови успеваат да го прошират своето влијание "и надвор од своите редови, на останатите маси". Благодарение на

активноста на младинското раководство и на помошта од Партиската организација, НММ успеала во своите редови да опфати голем дел од младината. Посебно активно учество активите зеле во борбата против неписменоста. Била спроведувана добра агитација сред селските работни маси, при што се користени разни средства за агитација, усмени и нагледни.

Со помош на младината од ЈНА и на оние младинци кои учествувале во младинските работни акции во претконгресниот период биле формирани специјални младински бригади кои посветиле внимание на обработувањето на необрботливите површини земја. Благодарение на активноста на специјалните младински бригади, во претконгресното натпреварување во Македонија беа обработени повеќе хектари земја. Младината помагаше и во унапредувањето на селското производство со применувањето на агротехнички мерки. За таа цел повеќе младинци и младинки биле испратени на разни курсеви за стручно усовршување. Младината зела активно учество уште и во акцијата за спроведување откуп на жито, како и во борбата против шпекулацијата. Врз основа на анализата на податоците за активноста на младинските организации во Македонија претконгресното натпреварување, се доаѓа до констатација дека една од најдобрите младински организации е организацијата на Ресенска околија. За активноста на оваа младинска организација подробни податоци изнесува Извештајот на Околискиот политички секретар на комитетот на НММ за Ресенско, од 20 април 1949 година. Во својот извештај тој известува дека околиската организација на Ресен, во текот на претконгресното натпреварување во организационен поглед е зајакната уште со 366 нови членови. Од нив 121 член биле од редот на народностите, а 185 новопримени членови биле од пионерската организација. Поголемиот дел од неопфатената младина биле Албанки или Турчинки. Освен тоа, биле

формирани 11 нови младински активи по разни претпријатија и села, па вкупниот број членови на НММ во Ресенска околија изнесува 2828. Бројот на неопфатените, пак, според истиот извештај е 70 младинци, од кои 45 биле од народностите. За организацијата од Ресен, со право беше речено дека успеала околу 98% од младината да опфати во организацијата на НММ[67)].

Во извештајот станува збор и за 10 младински бригади, кои биле формирани во претконгресното натпреварување, како и за 9 посебни групи, организирани во активите од работните земјоделски задруги, за унапредување на земјоделското производство. За спроведувањето на идеолошко-политичката работа во Ресенска околија во ова време, биле организирани уште 15 нови кружоци, а во проучувањето на програмата на КП биле вклучени 96% од вкупното членство на младинската организација. Основано е и едно младинско културно друштво со четири екипи. Во подготовките на мајско-јунските смотри во Ресенска околија биле формирани 89 културно-уметнички групи и 11 хорови. Тие покажуваат добри резултати при одржувањето приредби, а остварениот приход од нив им припаѓал на сиромашните семејства и на децата без родители[68)].

Во извештајот е нагласена и грижата на младината за ликвидирање на неписменоста, за описменувањето на младината, една од приоритетните задачи на НММ, биле преземени конкретни акции пред се, организирање на аналфабетски курсеви. Освен тоа, наместо 9 општообразовни курсеви со 290 младинци, како што било предвидено по планот, околиската организација оформила 19 општообразовни курсеви со 483 младинци. Укажано е и на актуелноста од ширење на пишаниот збор. За таа цел во текот на претконгресното натпреварување биле формирани 4 нови библиотеки со 920 книги[69)].

Младинците и младинките од Ресенска околија успеале

да обработат 15 хектари необработлива површина. Во извештајот е подвлечена и една од многуте други задачи на НММ - да се грижи за пошумување на голите површини. Во исплнувањето на пролетниот план за пошумување, во текот на натпреварите, младинската организација од Ресенска околија засадила 65.000 фиданки и 85.300 тополи. Во други локални акции дала уште 28.250 доброволни работни часови. Училишниот актив од училиштата од Ресен и од с. Љубојно го подобриле успехот во учењето на претконгресното натпреварување со 27%, а дисциплината со 40%.[70)]

Од извештајот на Алекса Мангоски, политички секретар на околискиот комитет на народната младина на Битола, се дознава дека во претконгресното натпреварување младината од Битола и Битолско исто така бележи позитивни трендови во својата работа. За организационо зацврстување на послабите активи, раководството на околискиот комитет применувало најразлични форми и начини на работа. Така, во Битолската околија за првото тромесечие на 1949 година младинската организација се проширила со 839 нови членови. Организационото зацврстување на организацијата придонесе и за учество на младината во социјалистичкото преобразување на селото. Во Битолската околија тогаш имало формирано 75 работни задруги, со вкупно 4.597 домаќинства, во чиј состав влегувале 3.752 младинци[71)].

Извештајот пак, на секретарот на Градскиот комитет на народната младина од Битола, Цене Секуловски, се сведува, главно, на соопштенијата за дејноста на активите на работничката младина во еден тесно ограничен временски период. Во претконгресното натпреварување во градот Битола биле оформени осум нови активи на народната младина со 359 младинци. Извештајот дополнува и осветлува и една друга мошне

важна страна од дејноста на работничката младина - работата на производствените младински бригади. Од овој документ се дознава дека до средината на април 1949 година во Битола биле формирани вкупно 37 производствени бригади со 249 младинци, а во составот на синдикалните бригади биле вклучени 328 младинци. Како свесни членови на НММ, овие младинци цврсто веруваа дека до подобар живот ќе се дојде само преку работењето и преку натфрлувањето на производствените норми. Поради тоа,нормите тие секојдневно ги натфрлувале од 20-40%. 82 младинци биле прогласени за ударници, од кои некои по втор и по трет пат, а 73 младинци биле наградени и пофалени.[72)]

Од извештајот што до конгресот го доставил членот на Градскиот комитет на народната младина од Скопје, Тихо Цветковски, се дознава дека и во Скопје како и во Битола, активноста на работничката младина била насочена кон натфрлување на производствените планови. Во градот Скопје, во фабриките и претпријатијата, дошло до формирање на 267 производствени младински бригади, меѓу кои се спроведувал постојан натпревар. Бригадниот систем во натпреварувањето претставувал секојдневна "политичка работа" на младинската организација. Овој систем поволно се одразил врз производствениот процес во фабриките и претпријатијата. Во извештајот се наведува дека стремежите за идејно-политичко воспитување на младината појасно дошле до израз преку одржувањето на повеќе предавања во кружоците. Во поголемите фабрики во Скопје, биле формирани играорни и дилетански групи, рецитаторски, и балетски секции, а имало и играорци по фискултура. И во Скопска околија младината покажува забележителни резултати во својата дејност.[73)]

Организацијата на народната младина во Гостиварска околија, пак, успеала поголемиот број младинки Албанки да убеди да го

отстранат црното фереџе и заедно со другите младинци и младинки да работат на спроведувањето на задачите поставени со Петгодишниот план. Преку аналфабетски курсеви и училишта, на младинците и младинките од народностите им е овозможено да учат на мајчин јазик, а многу од нив стануваат просветни работници. Младинката Албанка и Турчинка зеле активно учество во работата на читачките групи, каде се запознавале со економските и политичкиот живот во Југославија, и во светот. И во Штипска, Титоввелешка, Кавадаречка, Прилепска, Охридска и други околии, како и во голем број градови на Македонија, во текот на претконгресното натпреварување младината покажува забележителни резултати. Тоа се однесува и на младината од Унверзитетот "Кирил и Методиј", која како и средношколската младина покажува добри резултати во работата.[74)]

## *Подготовки*

Настаните што ја потресоа Југословенската држава по објавувањето на Резолуцијата на Информбирото, со најголемо внимание и заинтересираност беа следени и толкувани не само од странските, туку и од југословенските политички фактори и служби. Редовно одбележувајќи ги актуелните настани и појави во Југославија, Младинските претставници на југословенските републики се впуштија во мошне подробни анализи и прогнози за ситуацијата во земјата, а воедно соопштуваа низа околности и оценки во врска со дејноста на младинското движење во Југославија. Извештаите од тие години на младинските емисари во Југославија обилуваат со податоци за општествено-политичките и економските услови во земјата. Често точни и непристрасни тие извештаи укажуваат на

положбата на НММ, а наедно ја рефлектираат големата заинтересираност на младината за исполнување на задачите од Првиот петгодишниот план. Во некои од тие извештаи се изложени хронолошки факти и стојалишта со функционална намена да го прикажат историскиот тек на подготовките и на одржувањето на конгресот на НММ.

За да се забрза реализирањето на идејата за одржување на конгресот, Милијан Неорчиќ, во својство на претседател на ЦК на НМЈ, му пишал на претседателот на ЦК НММ во Скопје да стапи што поскоро во контакт со околиските и градските младински раководства од Македонија за да се искористи оваа прилика: "Ми се чини дека би било од Ваша страна многу корисно ако го проучите прашањето за организирање на една турнеја од непрекидни конференции во околиските центри во Македонија" настојува Нерчиќ во писмото до претседателот на ЦК на НММ. "Не го одлагајте ова прашање подолго, со оглед на капиталната важност и на историските моменти што ги преживуваме, настанати по објавувањето на Информбировската резолуција", продолжува тој.[75)]

Во едно подоцнежно писмо, се гледа дека претседателот на ЦК НММ му придавал големо значење на овој вид активност и дури настојувал што поскоро да се одржи предложениот конгрес во Скопје. За време на подготовките на Четвртиот конгрес на НММ, поточно на 7 февруари 1949 год[76)]. ЦК на НММ преку обласните комитети на НММ испратил едно директивно писмо до сите младински организации во Македонија. Во него се истакнува најнапред, херојското држење на младината од Македонија за време на НОВ и Револуцијата, се наведуваат резултатите, како и жртвите што ги даде нашата младина во борбата против окупаторот. Во писмото се споменуваат и бројните резултати на младината постигнати и по ослободувањето на земјата во

нејзината изградба. Исто така, наведени се и мошне поволните можности за сестрана активност на младинската организација. Но, истовремено во писмото се забележува и расположението на младината во Македонија за учество во разните акции за изградба на земјата, како и нејзиното присуство и на младинските акции од сојузен карактер. Но, истовремено, во писмото се укажува дека може уште повеќе да се стори со вклучување на младината во сите сфери на општествено-политичкиот и културно-просветниот живот. Се потенцира и масовниот одзив на младината од другите краишта на Југославија, како и желбата на младинците и младинките од Пиринска Македонија да дадат придонес во изградбата на НР Македонија. Во писмото се бара уште и извршување на задачите со темпо и на начин што ги наметнува новото општествено уредување. Некои задачи тука дури и се конкретизирани и како што стои буквално во писмото,"задачите што непосредно се поставуваат пред младинските организации во Македонија се следниве:

1. Помасовно влегување на младината во организацијата на НММ. Опфаќање на целата младина во таа организација без оглед на нивната верска и национална припадност. Собирање во организацијата не само на широките мл адински маси од македонската младина туку и на онаа од албанската, турската, влашката и другата младина од етничките групи.

2. Решително применување на најширока мобилизација на младината за стапување во редовите на младинските бригади за работните младински акции. Спроведување на натпревар меѓу самите организации која организација ќе мобилизира повеќе младинци, и изнесување на резултатите од тој натпревар на Конгресот.

3. Што помасовно организирање на младината за

учество во републичката младинска акција "Маврово".

4. Младината да земе поголемо учество и во спроведувањето на акциите од економски карактер (собирање на летината, укажување помош на семејствата без машка работна сила во разни земјоделски работи и слично).

5. Организирање на поголем број младински собири во вид на конференции организирани или неорганизирани, во вид на весели собири, за објаснување на карактерот на новото општествено уредување и за популаризирање на политиката на КПЈ на чело со Тито што ја водеше во однос на одбраната на независноста на Југославија. Истапување на тие собири со однапред подготвени реферати. За основа на тие реферати да се земат извештаите од Петтиот конгрес на ЦК КПЈ и други материјали од тој Конгрес, материјалите од Четвртиот конгрес на СКОЈ, материјалот од заедничкиот конгрес на СКОЈ и Народната младина, статии и говори на Јосип Броз Тито и слично"[77].

Од младинските организации во писмото се бараат опширни извештаи за нивната работа. Исто така, се бара на Конгресот да се испратат што повеќе подготвени делегати, и тоа на секои 150 членови на младинската организација да се избере најмногу по еден делегат. Побарано е извештаите за нивниот избор да пристигнат најдоцна до почетокот на април 1949 година.

Анализираново директивно писмо на ЦК НММ од 7 февруари 1949 година беше доставено до сите обласни комитети на организацијата, а тие го проследуваа понатаму. Така, Вториот областен комитет Битола го проследува писмото до сите околиски, градски и месни комитети, на НММ два дена по неговото пристигнување. Притоа, бара примерокот од писмото да биде умножен и растурен низ целата

организација. Вакви мерки презеле и обласните комитети на НММ за Скопска и за Штипска област. Од содржината на пропратното писмо се гледа дека директивното писмо на ЦК НММ е прифатено како програмски документ. Затоа се налагале и конкретни задачи за реализација. Писмото претставува поттик за политичките и организационите секретари на обласните комитети на НММ за неуморна и масовна активност[78)].

Во продолжение на писмото се даваат детални упатства за изборот на делегати на конгресот, за начинот и за времето на нивното доаѓање во Скопје, што било предвидено за 21 април 1949 год. Во писмото, исто така, се известува членството дека на конгресот ќе дојдат и високи младински претставници од другите братски републики на Југославија. Станува збор и за работата на конгресот. Периодот од денот на закажувањето на конгресот, па до неговото одржување, бил исполнет со низа активности во духот на упатството. ЦК на НММ застанал цврсто на мислење од корисноста на популаризација на одржувањето на конгресот, и со ентузијазам пристапил кон остварувањето на оваа идеја. Пред се, решил да отпечати голем број летци и друг пропаганден материјал, со цел да и се даде широк публицитет на содржината на конгресот, како и на самите говорници - учесници на конгресот. Летците ги поделиле на видни културни и јавни работници, на младински активисти и на други истакнати личности[79)].

Според некои податоци на одржаните околиски и градски конференции во Македонија бил извршен избор на делегати за Четвртиот конгрес на НММ. Според некои податоци, до 20. 03. 1949 година, за делегати на Четвртиот конгрес биле избрани од 8 градски комитети на НММ и од 5 околиски комитети, вкупно 40 делегати и тоа: од Градскиот комитет-Скопје Димче Беловски, Гере Герасимов, Станислав Озоловиќ, Вера Петрушева, Магда Карамиха, Милица Бабиќ, Ефтим Бојаџиски,

Драгољуб Будимовски, Страте Арсовски, Стојан Дојчинов, Тодоровски Цветко, Бошко Атанасовски; од Градскиот комитет на НММ - Прилеп: Киро Наумовски, Боро Конески, Блажо Наумчев; од Градскиот комитет - Тетово, Муртезан Казадеи,и Иван Крстески; од Околискиот комитет - НММ Кочани - Павлина Петрова, Апостол Апостоловски, Јоцо Стаменков, Димитар Герасимов; од Околискиот комитет на Дебарска околија - Даница Поповска, Дане Глигоров, Лена Георгиева; од Околискиот комитет НММ - Битола: Јонче Фотев, Трајан Јанакиев, Вангел Поповски, Димитрија Килијановски; Градски комитет на НММ -Охрид- Олга Белевска; Градски комитет - Титов Велес: Лазо Страиков; Околиски комитет Ѓорче Петров: Васил Поповски; Околиски комитет - Гевгелија: Славка Георгиева, Митко Прошев и Васил Теговски; Градски комитет Штип: Ацо Шопов, и Трајан Коцевски; Градски комитет - Битола: Крсте Марковски, Томе Момировски и Живко Василевски.И од Градскиот комитет на Куманово Бошко Зизовски и Невена Стојменова. Со избор на делегати од страна на Околиските и Градските комитети на НММ се продолжило и во текот на првата половина на април. Според инструкциите на ЦК,според вкупниот број на членството во организацијата, требало да се изберат 660 делегати, односно на секои 150 членови доаѓало по еден делегат.

### *Одржување на конгресот*

Македонското младинско движење се развивало со една историски утврдена закономерност. Неговата крајна цел била, преку залагање и работа да даде голем придонес за поуспешно извршување на

задачите што беа од интерес на општиот социјалистички развиток на нашата заедница.

Четвртиот конгрес на НММ е одржан во време на големи општествено-политички превривања во земјата. По објавувањето на резолуцијата на Информбирото, со која што отпочна кампањата против единството на КПЈ и југословенските народи, против текот на социјалистичките процеси во Југославија во нашата земја во тоа време не само што владее мир, туку, сите сили, вклучувајќи ја и младината, беа цврсто решени да не дозволат општествената криза која доаѓа поради непријателскиот став на раководните челници на СССР и на земјите со народна демократија, да го нарушат мирот во нашата земја. Тоа, со други зборови, значи дека и македонскиот народ, заедно со неговата младина, му даде целосна поддршка на раководството на КПЈ на чело со Јосип Броз Тито. Во духот на историската законитост, младината даде целосен одговор во врска со единството на југословенските народи и најодлучно ги отфрли сите омаловажувања, клевети, обвиненија и лаги со кои што во непријателската кампања се служеа некои комунистички партии. Речиси сите историски аргументи одат во прилог на мислењето дека Четвртиот конгрес на младината на Македонија се одржа во услови кога нашиот народ и младина, предводени од КПЈ, ги вложуваа до максимум сите сили во борбата за изградба на новите социјалистички односи и упорно работеа на зацврстуањеето на своето единство, ја зајакнуваа работата во духот на новиот југословенски социјалистички патриотизам. Со еден збор, младината на Македонија доследно се залагаше за извршување на задачите предвидени во Првиот петгодишен план.

Располагаме со богат архивски материјал за одржувањето на конгресот.Во каква атмосфера се одржал конгресот

кој и колку делегати присуствувале, текот на неговата работа, како и донесените ставови, одлуки и решенија на конгресот, се прашања чиј одговор ни го овозможува овој материјал. Покрај конгресните материјали, за одржувањето на конгресот, опширно известува весникот "Нова Македонија", орган на народниот фронт на Македонија . Од статијата посветена на конгресот од 22 април. 1949 година, бр.1336,[81)] дознаваме дека уште рано изутрина низ улиците на Скопје, младинците од градот и блиската околина со знамиња и транспаенти манифестирале во знак на поздрав и поддршка на конгресот. Конгресот се одржал во свечена сала, во која видлива била статуата на Тито и сликите на членови на политбирото на ЦК КПЈ и ЦК КПМ. Во извештаите кои зборуваат за одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ, со впечатливо воодушевување се проникнати и описите за свеченото и гордо држење на младинците при одењето на конгресот. Така, на пример еден од нив, во детали ја сочувал атмосферата на денот на одржувањето на конгресот во Скопје. "Уште рано изутрина пред седум часот, Скопје е полн со младичи и девојки од градот и околните села, облечени во убаво руво, како за најсвечен празник. Многу се. Градот празнува. Празнува цела Македонија. Младешки насмеани лица чекорат смело низ улиците носејќи црвени знамиња во рацете. Нивното задоволство е големо. Тие манифестираат во знак на љубов, поздрав и поддршка на конгресот. Тоа се претставници на младината од времето на НОВ кои не ги жалеа животите во борбата за слобода, во борбата за убав и светол ден. Меѓу нив се наоѓаат и учесници кои со својот ентузијазам се истакнаа во големите младински работни акции."[82)] Четвртиот конгрес на народната младина на Македонија е одржан на 21, 22 и 23 април 1949 година, во Македонскиот народен театар во Скопје. На конгресот учествувале 625 избрани делегати од сите краишта на Македонија. Меѓу нив 487 се младичи и

138 девојки. Националниот состав на учесниците е следниот: Македонци 475, Албанци 87, Турци 57, и Срби 6. Од вкупниот број делегати од Македонија по социјална структура се: 252 селани, 240 работници, 51 службеник, 19 интелектуалци и 63 ученици. Според материјалите што ги имавме на располагање, делегатите биле членови на партиската односно на скоевската организација или на НММ. Голем број од делегатите на Конгресот, дури 431, во редовите на скоевската организација биле вклучени од 1941 до 1945 година, во периодот од 1945 до 1949 година биле зачленети уште 134 од присутните делегати на конгресот, 137 делегати станале членови на партиската организација, од 1941 до 1945 година, а уште 326 делегати се зачлениле од 1945 до 1949 година.[83)] Од погоре изнесените податоци доаѓаме до заклучок дека покрај делегатите избрани на околиските и градските младински конференции, на Конгресот присуствувале и највисоките раководители на Президиумот на Народното собрание на НРМ на чело со Богоја Фотев - претседател на Президиумот; претставници на народната Влада (повеќе министри на Владата на НРМ); претседателот на Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија, Димитар Влахов, претставници на ЦК КПМ на чело со секретарот на ЦК КПМ Лазар Колишевски, Цветко Узуновски, Видое Смилевски, Наум Наумовски, Крсте Црвенковски - членови на политбирото на ЦК КПМ; на Конгресот присуствуваше и делегатот на ЦК НМЈ, Раденко Брочк; допатувале и делегати на младината од другите републики во ФНРЈ: Љубица Стублинац, делегат на Народната младина на Србија; Ицо Симиќ, делегат на Народната младина на Хрватска; Блажо Мандиќ, делегат на Народната младина на Босна и Херцеговина; Јанез Хочевар, делегат на Народната младина на Словенија; и Михајло Бропевиќ, делегат на Народната младина на Црна Гора; претставници на ЈНА, претставници на

АФЖ и на други општествено-политички и културно-просветни организации, како и претставници на селските работни задруги.[84)]

Откако хорот на училиштето за народни учители од Скопје ја испеал химната "Хеј Словени" во свечената сала присутните гости и делегати ги пееле песните "Овде е младост Југославије"[85)], и "Денес над Македонија се раѓа ново сонце на слободата". Тоа беше уште една потврда за нераскинливото единство што младите го градеа низ сите пори на нивното делување, како за време на НОБ,и Револуцијата, така и во дните по војната. Четвртиот конгрес на ЦК НММ го отворил Крсте Марковски. Поздравувајќи ги присутните делегати и гости од името на ЦК НММ, во обраќањето кон импозантен аудиториум тој истакна: "Народната младина на Македонија постигна видни резултати и целосно ги исполни задачите кои беа поставени од нашата Партија. Народната младина на Македонија беше прва во социјалистичката изградба на нашата татковина. Низ извршувањето на задачите од петогодишниот план таа израсна во снажна организација на младата генерација од нашата Република, која е способна да го води младото поколение на Македонија уште во поголеми борби и успеси во изградбата на социјализмот".[86)] Потоа, со согласност на сите делегати е избрано почесното претседателство на конгресот составено од членови на ЦК на КПЈ и од членови на ЦК КПМ, и работно претседателство на конгресот од 21 член, во кое беа избрани: Крсте Марковски, Гере Герасимовски, Јонче Фотев, Ката Видева, Славе Поповски, Џемаил Таири, Даница Поповска, Муртеза Казадеи, Иван Мазов, Гере Блажевски, Томе Момировски, Мити Велевски, Фана Кочовска, Станислав Осковиќ, Рускоски Георги, Нетковски Данчо, Димитриевски Димче, Стаменковиќ Јоцо, Хамо Сидо, Каранфиловски Боро[87)].

Од името на Централниот комитет на КПМ и Владата на

НРМ, Конгресот го поздравил Лазар Колишевски. На Конгресот беа поднесени повеќе поздравни говори. Во нив беше истакнато дека одржувањето на Четвртиот конгрес на Народната младина на Македонија се совпаѓа со еден многу важен период од развитокот на нашата земја. Имено, тоа е почетокот на третата година од Петгодишниот план за развој. Во поздравните говори се изнесени ставовите спрема основната задача на младинската оргнизација. Во нив не е испуштено да се потсети дека при воспитувањето на нашата младина во социјалистички дух, организацијата има навистина постигнато видни успеси. Но, оправдано сметаа дека поголемиот дел од работите на тој план допрва треба да се решат. Понатаму, потсетуваа дека новиот лик на нашиот младинец е формиран благодарение на напорите што ги даваше младината, на нејзината трпеливост и резултати во текот на НОБ и Револуцијата, во дните на големата обнова и изградба на земјата и низ работните акции[88]).

Имавме ли тогаш во ликот на нашиот младинец свесен борец и градител, кој е роден во една историски дадена ситуација, младинец кој знае да ги изнесува своите сознанија и кој со својата самопрегорна љубов кон народот и татковината, е секојпат готов да одговори на новите подвизи кои одат во прилог на развојот на новите односи во земјата? Во погоре споменатите говори се тврдеше дека доколку младешките сили би успеале да ги реализираат замислите во процесот на изградбата на земјата, Македонија би постигнала успех во евентуалната ”војна” со тешките последици наследени од минатото. Такви последици пак, беа, непросветеноста, присутна особено кај возрасните слоеви од населението, егоизмот, предрасудите од секаков вид, почнувајќи од суеверието па до националистичките тенденции и појави, изразени особено кај припадниците на албанската народност. Поздравните говири го

поставуваат и прашањето за алката за која би требало да се фатат младинците за да можат правилно да одат во своето социјалистичко воспитување. Вообичаено е истовремено да се понуди и одговор. Се смета дека во тие услови, таква алка е социјалистичкиот патриотизам, којшто се изедначува со новиот југословенски патриотизам.

Изградбата на социјалистичките односи во Југославија беше особено отежната со неавтентичните обвинувања што ги донесе информбировската резолуција. По пат на невистинитост и со клевети се омаловажуваше и негираше како борбата на нашите народи и народности во текот на НОВ и Револуцијата, така и улогата што ја одигра партијата во годините на војната и обновата и изградбата на земјата. Југословенските народи одлучно и категорички ги отфрлива сите тиа лаги и клевети изнесени во резолуцијата на Информбирото, и уште повеќе ги зацврстија своите редови околу КПЈ и нејзиното раководство. Политиката на ЦК КПЈ наиде на поддршка во редовите на народната младина која што знаеше многу брзо да ја согледа целта на контрареволуционерните напади.

Наоружана со искуството од војната, младината имаше верба во партијата под чие раководство се бореше и победуваше и можеше брзо да согледа дека зад неправедните напади се кријат намерите на т.н. "критичари". Овие ставови особено дојдоа до израз во говорот на Раденко Брочк, член на Политбирото на ЦК на НМЈ, кој го поздрави Конгресот од името на ЦК НМЈ. Неговото истапување е еден од коректните обиди на Политбирото на ЦК НМЈ да го истакне пред јавноста своето природно право да се обраќа до младината во Македонија, за да ја поучува што треба да прави (заедно со целата младина на Југославија) за зачувување на придобивките од НОВ и Револуцијата,за зачувување на територијалниот интегритет на Југославија, за слободата и мирот во

земјата. Во ова време оддадено и е големо признание на младината за учеството во борбата за слобода, како и за одбрана на демократијата. Во својот поздравен говор Брочк вели: "Нашите младинци и младинки, учествуваа со пушка во рака во НОВ. Јас сум горд што стојам на чело на таква младина ..., која во борбата за слобода на татковината по својот хероизам, по својата издржливост беа се на прво место во челните редови на нашите народи во Југославија, им чини чест, и им е гордост што имаат такви синови и ќерки - свесни градители и будни чувари на слободна Македонија во Демократска Федеративна Југославија, која единствено и гарантира на македонската младина полна национална рамноправност, слобода на личноста и непречен развиток во сверите на општествено-политичкиот, и културно-просветниот живот."[89) Ова поздравно писмо, ова искажување, веројатно нема цел да убедува или да застрашува некого во Македонија. Тоа требало да го зацврсти уверувањето кај младината дека СССР и земјите со народна демократија, имаа цел да внесат заблуда кај југословенскиот народ, со цел да го елиминираат отпорот на КПЈ и на нејзиното раководство.

Во името на Врховниот штаб на ЈНА, во името на борците и командниот кадар на единиците на ЈНА, Конгресот го поздравил полковникот Фрањо Кнебл. Во почетокот на тој говор Кнебл констатира дека "Нашата армија се наоѓа на најистурените позиции на нашата татковина во однос на империјалистичките сили, како и во однос на оние на кои што Народна Република Македонија во рамките на Социјалистичка Југославија им е трн во окото"[90). Во натамошното излагање Ф.Кнебл истакнува: "Борците на нашата Армија членови на народната младина свесни се за таа своја одговорна положба и се гордеат што баш ним им падна во дел да стојат на браникот на нашата јужна граница. Тие ви

порачуваат дека со својата работа во Армијата ќе им го осигураат на нашите народи и народности слободата и мирот. Младите војници, исто така, испраќаат поздрави и, им порачуваат на сите оние што настојуваат да ја загрозат независноста на нашата земја, дека младите војници од сите краишта на Југославија со ист елан и пожртвуваност ќе ги бранат границите на нашата социјалистичка татковина, исто така, како што ги бранеа нивните претходници - членови на СКОЈ и УСАОЈ во текот на херојската ослободителна борба на нашите народи"[91]. Од овој поздравен говор се гледа решеноста и убеденоста на народната младина на Македонија заедно со младината на цела Југославија да се бори за зачувување на мирот, слободата и независноста на својот народи на својата татковина.

Во поздравниот говор што го поднесе делегатот на Сојузот на пионерите на Македонија, е нагласена грижата на Организацијата на Народната младина за воспитување на пионерите. Во овој поздравен говор меѓу другото се вели: "Ние пионерите во секој случај сакаме да Ви заблагодариме на вас наши раководители и воспитувачи. Ние сме среќни и радосни што растеме и воспитуваме во духот на нашиот работен хероизам, во духот на херојските градители на пруги, фабрики, централи, канали, патишта, мостови и др...

Од вас ние учиме како се сака својата татковина, вие ни помагавте да се запознаеме со науката, културата и техниката. Организацијата на Народната младина вложува големи усилби за правилно воспитување на нас пионерите. Под нејзино раководство, се создаде таква пионерска организација која навистина стана ковачница на идните градители на нашата татковина."[92]

Од Конгресот било испратено поздравно писмо до ЦК

НМЈ - Белград, до Тито[93] и до Конгресот на приврзеницит на мирот во Париз[94]. Во писмото до ЦК на МЈ, меѓу другото, се вели: "... Од Третиот Конгрес до денес, Народната младина на Македонија, мина пат на големи победи... Собрани во својата организација која што денес брои 111.134 членови на Народната младина, младите Македонци... стоеја секогаш цврсто со Партијата и другарот Тито и беа во првите борбени редови во фронтот на социјалистичката изградба. Тие несебично се залагаат за изградба на земјата, манифестирајќи го својот голем и вистински патриотизам и спремност за нови борби и подвизи во остварувањето на Петгодишниот план..."[95]

Во телеграмата на делегатите до Конгресот на приврзениците на мирот во Париз, се истакнува дека членовите на Народната младина на Македонија, свесни за своите цели, знаеја и во светски рамки со вистински аргументи да се борат за вистината. Во најтешките и во најсудбоносните ситуации, тие непоколебливо го актуелизираа југословенското прашање. Со тоа била создадена клима која оставала впечаток дека во Југославија во тоа време немало поважно прашање од мирот, од демократијата, и од одбраната на независноста на земјата. Давајќи јасен одговор на сложените и драматични прашања, младината, всушност, ги изразуваше своите битни настојувања, и интереси. Тоа, пак, беа интереси и на работниот народ на Југославија. Во тие моменти таквиот впечаток се ширел низ целиот свет, посебно во Европа. Приврзениците на мирот со големо почитување, секогаш будно и со забележлив интерес, ги следеле настаните во Југославија. Делотворното присуство на Тито и на неговата татковина, тие го ценеле токму поради нејзината приврзаност кон мирот, поради прокламираните принципи и поради нејзиното искрено залагање за демократскиот дијалог со другите земји во

светот.

Аналогно на ова нашата младинска организација на IV конгрес дошло до јасен став и определба за слобода на човекот, за слобода на народите. НММ се залагаше за социјални права, за прогрес и целосно остварување на идеалите за мир и демократија на прогресивното човештво. Во рамките на тоа, карактеристична е и погоре споменатата телеграма, испратена од IV Конгрес на НММ до Конгресот на приврзаниците на мирот во Париз.Поголема нагласка телеграмата става врз расположението на Народната младина на Југославија, која, под раководство на КПЈ, беше воспитувана во духот на интернационализмот. Тоа значи дека таа ги сакаше сите народи кои се раководеле од мислата како да ги ангажираат прогресивните сили за мир и демократија во светот. Во случај, пак, кога не можат тоа да го постигнат, тие обично бараат нови сојузници во младината. Поточно, поминуваат во таборот на оние сили кои постојано се против секаков вид империјалисти и воени подбуцнувачи, односно против оние кои во дадени кризни ситуации, повеќе смислено, отколку наивно, се предизвикувачи на нова војна. Така, во телеграмата се вели: "... нашата организација на Народната младина на Југославија се воспитува така што да ги сакаме сите народи кои се борат за мир и демократија и да ги мразиме сите оние империјалисти и воени подбуцнувачи кои подготвуваат нова војна. Го креваме гласот за победа на слободожубивите народи над фашизмот... Нашата младина е доследен поборник на меѓународното единство и солидарност на младината...".96)

Во телеграмата до Конгресот на приврзаниците на мирот во Париз, уште поизразито беа апострофирани скапоцените младешки сили, кои со својата крв ги циментираа основите на борбата за победа на слободооубивите народи над фашизмот. Сепак, тука е најопределена

констатацијата дека нашата младина, со својата специфична активност во поновата и најновата македонска историја, со сета своја полнота се изразила како доследен поборник за меѓународното единство и солидарност на младината. Тој прогресивен импулс на нашата младина, како позитивно наследство, со изразити прогресивни традиции и светли моменти, свој автентичен афирмативен белег доби особено со ангажираноста што ја покажа за остварување на паролата: "Младино, обедини се, напред за траен мир". Оваа теза, чиј творец е Светската федерација на демократската младина, беше и голем револуционерен критериум. Таа беше идеен фундамент и далекусежен прогресивен мотив за зближување на младината од целиот свет, одредница за среќна иднина и прогресивен од на младата генерација[97]).

Во работниот дел на Конгресот бил поднесен извештај за работата на ЦК НММ. Во извештајот на Славе Поповски[98]), организационен секретар на ЦК НММ, се сумирани напорите и резултатите на народната младина во периодот од Третиот до Четвртиот конгрес на НММ. Во тој период младината минува пат на големи победи, како во сферата на социјалистичката изградба на земјата, така и во поглед на јакнењето на идејно-политичко единство. На конгресот беше констатирано дека во периодот меѓу двата конгреси младинската организација на Македонија значително ојакнала. Во прилог на оваа констатација ќе презентираме само неколку податоци кои ја илустрираат тогашната состојба на опфатеноста на младинците и младинките во организацијата на НММ и дел од постигнатите резултати во работата на младинските акции. Бројот на членството на младинската организација во средината на април 1949 година, во однос на јануари 1947 година бележи видно зголемување близу за 100% во однос на 1947 година. Во почетокот на 1947 година,

организацијата на народната младина на Македонија, имаше 53.000 членови, а во април 1949 година бројот на нејзиното членство изнесуваше 111.134 членови. Со зголемувањето на бројната состојба на членството на младинската органицација, расте и бројот на младинските основни организации. Постојат податоци од кои се гледа дека во Македонија речиси скоро во сите населени места постоеле основни организации на Народната младина на Македонија, освен во ридско-планинските рурални населби каде овој процес само фигуративно бил присутен[99].

Собрани во организацијата народна младина, младите Македонци, Турци, Албанци и припадници на други етнички групи што живееја тогаш во Македонија, покажаа успеси во сојузните и во републичките младински акции.

Со својата формула за решавање на организационото прашање на НММ, Четвртиот конгрес, тргнуваше првенствено од имагинарната цел за воспитување на младината во социјалистички дух. Во таа смисла, политичкиот секретар на ЦК НММ, Крсте Марковски, во својот реферат, поднесен на Четвртиот конгрес на НММ, истакнува: "Нема сомнение дека прва и најважна наша задача е стручното и теоретско воспитување на младите за да можат што побргу да ги заземат своите места во стопанството и другите сектори... Народната младина, како масовна организација не би можела понатаму да се развива, ако не се подигнува социјалистичката свест кај нејзините членови, бидејќи тоа е гаранција не само за нејзиното зацврстување, туку и за ширење на единството на младинската организација.

Секој член на Народната младина мора да биде доследен борец за изградбата на социјализмот во ФНРЈ, да биде како што не учи другарот Тито, вистинољубив, да ја сака правдата, и да се бори за

неа... Ние треба да бидеме храбри, упорни, несебични, истрајни и скромни".[100)]

Во приоѓањето и разгледувањето на прашањето за воспитувањето на младите, Марковски не заборава и на конкретната политичка свест на младината. Тоа се забележува во многубројните работи на младината, во нејзината севкупна дејност, особено во 1948 година, кога во организацијата на НММ беше зајакната идеолошко-политичката работа, а како резултат на тоа беше постигнато поголемо единство во организацијата. За социјалистичкото воспитување на младината во рефератот, се истакнува следното: "Информбировската кампања од секој младинец е отфрлена како најгруба клевета и лага, како најголема навреда. Секој младинец непоколебливо е уверен дека вистината е на наша страна, дека линијата на ЦК КПЈ во ова време е правилна. Информбировската пропаганда е насочена против изградбата на новите социјалистички односи во Југославија. Во својата политичка работа ние ќе мораме организационо да се спротивставиме на таквите настојувања. Во отој однос нашата работа особено треба да се засили меѓу селската младина".[101)]

Резимирајќи ги концепциите по прашањето на идеолошко-политичката работа, Конгресот особено го истакна значењето и потребата од успешно остварување на специфичниот општествено-историски развиток на Македонија. Аналогно на тоа, и од потребата за побрза изградба на земјата. Стриктното поддржување на ваквите концепции во практика, автоматски водеше кон омасовување на организацијата на народната младина и кон организирано прифаќање и извршување на поставените задачи. Засилената идеолошко-политичка работа, како што е познато, беше постојано проткаена со настојувањата

за пронаоѓање соодветни начини за постигнување на целта во борбата против влијанијата на непријателските идеологии врз младината. Тоа се однесуваше уште и на борбата против мистицизмот, верските заблуди и сл. Затоа, учесниците на Четвртиот конгрес, како и на другите младински демократски елементи, стануваат поддржувачи како и на разни проекти и идеи за формата и рамките на државата која на младите би им осигурала правилно воспитување: "Воспитувањето на младината во духот на југословенскиот социјалистички патриотизам, верност кон својата татковина, својот народ, револуцијата... е мошне значајно за јакнење и зацврстување на единството на младината од Македонија...".[102)]

Во светлината на ваквата идеолошко-теоретска ориентација и концепција подобро можат да се разберат и поздравите упатени до младината и народот од Пиринскиот дел на Македонија, кои имале желба да учествуваат во изградбата на НР Македонија. Конгресот, исто така, го поздрави и херојското држење на младината од Егејска Македонија која, заедно со грчката прогресивна младина, се бореше против грчките империјалисти и монархофашисти. Делегатите ги разгледаа, од историски агол, и основните морални црти, кои ќе му помогнат на секој младинец и младинка да навлезат во суштината на законите и во смислата на историската еволуција и општествените промени. Конгресот тргнуваше од оценката дека во општеството не владее случајот, ниту слепата волја или мислата на одбрани личности, туку развојна законитост чиј од може научно да се предвиди. Затоа, во рамките на горните констатации во однос на воспитувањето, пред младината понатаму беа поставени и истакнати следниве основни позитивни морални црти кои треба и натаму да се развиваат и негуваат: Правилен однос кон учењето, правилен однос кон работата, јакнење на работната дисциплина, чување на народниот имот.

Младинецот треба да биде пример и во личниот и семејниот живот. Во рамките на овие задачи на важно место Конгресот го постави и воспитувањето на пионерите и работата со нив. Беше констатирано дека пионерската организација брои 140.000 членови, идни градители на нашата земја. Конгресот констатира дека, по ослободувањето на нашата земја, беа создадени услови за сестран културнопросветен развиток на младата генерација и на народот воопшто. Во рамките на тоа, беа искристализирани сфаќања и во однос на просветеноста на населението во Македонија.

Во врска со ова искажано мислење, како императив се наметна прашањето за искоренување на тешките последици во областа на просветата, првенствено на неписменоста на населението: ”младината во нашата земја мора да биде запознаена со се она што било и што се случува околу неа”,[103] е истакнато на Конгресот. ”Образованиот млад човек е најдобар борец во борбата за прогресот. Затоа, нашите раководства, ќе мораат поупорно да работат во помагањето на младите, особено оние што живеат на село за стекнување на општо образование преку најразлични форми. Општообразовните курсеви што ги организираат просветнит органи на народната власт се покажаа како најпогодна форма. Просветните работници и другите стручњаци, агрономи, лекари и други треба да организираат разни курсеви, семинари и предавања од областа на науката и културата. Мораме поинтензивно да ја запознаеме нашата младина со минатото, со нашата национална историја и целата младина да го изучува нашиот литературен јазик. Неписменоста е еден од најголемите непријатели во изградбата на нашата земја. ненародните и поробувачки режими оставија 65% неписмено население. Против ова зло и натаму ќе мораме да водиме најостра борба”.[104]

По рефератите и дискусијата, работата на Четвртиот

конгрес е заокружена со избирањето членови на новиот Централен комитет на Народната младина на Македонија, кој се состоеше од 52 члена. Во ЦК НММ беа избрани: Мито Атанасов, Благој Ацевски, Лазо Арсовски, Чеде Блажевски, Ѓоре Боцевски, Драгољуб Будимовски, Алија Беадин, Ката Видева, Мити Велевски, Гере Герасимовски, Мара Димитрова, Драги Дилидарски, Димче Димитриевски, Павле Давков, Блаже Зафировски, Ќемал Исмаил, Риза Инает, Славко Јаневски, Трајан Јанакиевски, Али Јонузи, Влајко Јосифовски, Фана Кочовска, Магда Карамиха, Александар Коцевски, Борислав Каранфилски, Лазо Лалков, Данчо Нетковски, Кицо Нонковски, Блаже Наумчов, Крсте Нелков, Илија Николов, Крсте Марковски, Томе Момировски, Вера Минанева, Алексо Манговски, Славко Милосавлевски, Димо Мојсов, Ване Масларков, Станислав Орцоколиќ, Даница Поповска, Вера Петрушева, Ѓорѓи Ристовски, Спирко Спирковски, Нове Стојановски, Цане Секуловски, Џемаил Таири, Јонче Фотев, Киро Цветковски, Тихо Цветковски, Саде Хамо и Ацо Шопов. За политички секретар на ЦК НММ беше избран Крсте Марковски, а за организационен секретар на ЦК НММ Гере Герасимовски. На Конгресот беше избрана и Надзорна комисија во сотав: Апостол Апостоловски, Живко Василевски,Блага Тодорова, Вељо Тодоровски и Миле Тодоровски[105)].

По изборот на Централниот комитет на НММ и на надзорната комисија, беа усвоени основните документи на конгресот - Резолуцијата по повод клеветничката кампања против нашата партија, нашите народи и нашата младина и Резолуцијата за основните наредни задачи на организацијата на Народната младина на Македонија. Во "Резолуцијата по повод клеветничката кампања против нашата партија, нашите народи и нашата младина",[106)] во името на Народната младина на Македонија, Конгресот најостро ја осуди срамната и

контрареволуционерна Резолуција на Информбирото против нашата партија, нашите народи и нашата земја. Во оваа Резолуција делегатите ја истакнуваат решеноста и убеденоста на Народната младина на Македонија, заедно со целата младина на Југославија, да се бори за зачувувањето на извојуваната слобода, за мир и независност на својот народ и својата татковина.

Поради посебното значење на "Резолуцијата за основните наредни задачи на организацијата на Народната младина на Македонија,[107] во која утврдени се организационата поставеност, целта и задачите на Народната младина на Македонија, на нејзината содржина се осврнуваме посебно.

Четвртиот конгрес на народната младина на Македонија има големо политичко значење. Но, она со што привлекува најмногу внимание, тоа се до донесените одлуки и организациони решенија за младинското движење на Македонија пред се за натамошниот уддел на младината во сите сегменти на општествено-политичкиот и културно-просветниот живот. Одлуките и програмските определби на Четвртиот конгрес на Народната младина на Македонија со воодушевеност беа прифатени ширум Македонија, во сите младински организации и кај младината на Македонија воопшто.

По завршувањето на Конгресот, избраниот ЦК НММ го одржа својот прв состанок на кој го избра Бирото на ЦК НММ. За членови на Бирото на НММ беа избрани: Крсте Марковски - политички секретар на ЦК НММ, Гере Герасимовски - организационен секретар на ЦК на НММ, и членови Ката Видева, Џемаил Таири, Фана Кочовска, Саде Хамо и Данчо Нетковски[108].

## ***Резолуција на Четвртиот Конгрес на НММ за основните и наредните задачи на организацијата на НММ***

Резолуцијата на Четвртиот конгрес на НММ за идните задачи на организацијата на НММ претставува разработен проект, во кој беа зацртани општите насоки на Народната младина на Македонија во изградбата на новото општество. Во оваа Резолуција најнапред се изнесени следните поважни констатации на Четвртиот конгрес на НММ во однос на дотогашната работа на НММ: Организацијата на НММ, спроведувајќи ги одлуките донесени на Третиот конгрес на НММ, постигна забележителни резултати во организационен поглед, "го зацврсти единство и стана активен поборник во спроведувањето на линијата на КПЈ". Понатаму, во резолуцијата е констатирано дека младината од претпријатијата и во фабриките, во секојдневната работа за исполнување на задачите, приоѓа повеќе со стремеж за натфрлување на поставените норми и планови, а младината на село упорно се бори за проширување и унапредување на земјоделското производство. Во логичкиот распоред на ваквите концепции во Резолуцијата понатаму се заклучува дека Македонската младина, собрана во младинските бригади на големите младински работни акции, даде евидентен придонес за побрза изградба на земјата. Меѓутоа, и покрај се ова, во овој документ став е дека во работата на младинската организација се уште се провлекувале повеќе сериозни слабости, а пред се на планот на недоволната организациона среденост во организацијата[109)].

Прифатено е и гледиштето дека активите на народната младина покажуваат недоволна активност во опфаќањето на женската

младина, а особено на младинките Албанки и Турчинки. Како важен момент во натамошниот развиток на младинската организација, е истакната потребата од подобро изграден систем во раководството на околиските и градските младински комитети. За да има подобро функционирање на работата на органите при истите комитети, се препорачува брзо отстранување на пројавените недостатоци.

Резолуцијата содржи мошне важни насоки и препораки за натамошниот развиток на организацијата на НММ. Програмската насока и акционата програма на овој основен младински документ може да се согледа секако од опфатот на проблемите во усвоениот текст. Во првиот дел на Резолуцијата се наброени конкретните задачи од кои произлегува омасовувањето, јакнењето и стручното оспособување на младинското движење во Македонија. Истакната е потребата од работа за организационо средување и зацврстување на организацијата на народната младина. Посебен акцент е ставен врз натамошното организационо изградување на основните младински организации. Внесувањето полн организационен живот и содржина во работата на младинските активи, се смета за битен елемент на успешното реализирање на задачите поставени пред младинското движење. Според начелата изнесени во Резолуцијата, секретаријатите на активите како извршни тела на основните организации, требало посериозно да пријдуваат кон реализирањето на работите. Притоа се предвидува секој член на секретаријатот и секој член на младинскиот актив за исполнувањето на задолженијата да одговара пред целиот актив.[110)]

Друг важен момент што играше значајна улога во понатамошното ширење и зајакнување на младинската организација, беше препораката за поголема ангажираност при работењето со младината од

албанската и турската народност, а особено со женската младина. Во врска со тоа младинските раководства биле задолжени да наоѓаат разни форми на работа и да пристапуваат со поголема тактичност, со цел организационо да се зацврсти младинската организација.

Од околиските и од градските комитети на народната младина, пак, во Резолуцијата, се бараше да посветат поголемо внимание на помошта и соработката на основните организации. Анализирајќи ја суштината на проблемот на своето подрачје, всушност, тие го усовршуваат системот на работа. Особено е важен заклучокот дека околиските и градските комитети, треба да живеат поредовен организационен живот, посолидно да пристапуваат кон подготвувањето на состаноците и посеопфатно да приоѓаат кон решавањето на поважните прашања и проблеми. Во Резолуцијата е формулиран ставот дека е потребно да се изгради системот на раководењето, односно да се зацврсти апаратот при градските и околиските комитети,на народната младина.111)

Во Резолуцијата се даваат низа насоки и препораки и во водењето на кадровската политика. Во врска со тоа, пред организацијата на НММ како важна задача се постави издигањето на младинските раководни кадри по пат на младински школи, курсеви, и партиски училишта.

Поголема активност се бараше и на народната младина од претпријатијата и фабриките во исполнувањето на секојдневните норми и планови. Секој младинец, трудбеник, службеник, секое стручно и нестручно лице, имаше право да дава иницијатива за изнаоѓање нови начини во производствениот процес, за основање нови производни центри, претпријатија, рудници и сл. Според Резолуцијата, работната ракла на младите трудбеници од фабриките и претпријатијата требаше да биде

распоредена што е можно поправилно и тоа врз основа на реалните стручни способности и квалификации. Се потенцираше дека во производството и невработените младинци треба да бидат вклучени. Членовите на младинските организации според Резолуцијата требаше да водат борба за систематско штедење во работните организации и да придонесуваат за намалување на расходите во производствениот процес. Секој застарен и несоодветен производен систем,што не одговараше на условите создадени по ослободувањето, требаше да биде отстранет од работните организации, заменет со нов, посовремен, рентабилен и соодветен на задачите што беа поставени во областа на стопанството во тоа време. Овие нешта не ќе можеа да се реализираат без грижата на младината за постојано усовршување во внатрешната организација на работата во погоните и другите производни простории.

Особено е важно поврзувањето на младинската организација со органите на народната власт и со Сојузот на синдикатите за преземање заеднички, целосно координирани мерки за зголемување на производството.

Во вториот дел од Резолуцијата, како што се гледа од нејзиниот текст, се истакнуваат неколку основни проблеми и се даваат насоки за понатамошна идеолошко-политичка работа на организацијата на НММ. Главното тежиште на идеолошко-политичката работа беше насочено кон воспитувањето на младината во духот на социјализмот. Се инсистира младината да се запознае со задачите на социјалистичката изградба, со историјата на КПЈ и народната револуција. Еден од поважните елементи на идеолошко-политичката работа, како што се наведува во Резолуцијата, е јакнењето на идеолошко-политичкото единство на младината. Овде поентата е фрлена врз борбата против непријателските влијанија, а се

упатува повик за борба и отпор и против секаков обид насочен кон разбивањето на единството во редовите на младинската ороганизација, односно кон разбивањето на Југославија.[112)]

Овој важен младински документ низа насоки и препораки даде и за оживување на богатата и разновидна културно-просветна дејност. Сега таа е далеку поквалитетна во однос на предвоениот период, кога големосрпската власт ги задушуваше обидите за културно-просветно издигнување на македонската младина, со цел да ги остави полуписмени и неписмени за да може полесно да ги држи во покорност. Од Резолуцијата се гледа дека пред младинските организации во Македонија, се поставени необично важни и сериозни зафати во културно-просветната сфера. Тоа се однесуваше пред се на издигнувањето на просветното ниво кај широките младински кругови, особено во позаостанатите средини. Така, во ширењето н културно-просветната дејност требаше да се вклучат сите постојни сили,за да се фундира и аргументира тезата за значењето на културно-просветното издигање на младината, во Резолуцијата беше потребно да се изнесат и главните белези и компоненти што ја сочинуваа штетноста од неписменоста на населението. Во Резолуцијата се посочуваат повеќе важни елементи и карактеристики од дејноста што треба да ја вршат културно-просветните одбори при младинските организации. Тие одбори требало да дадат најнепосредна помош во работата на младинските културно-уметнички и фискултурни друштва. При утврдувањето и проширувањето на културно-уметничката работа, Резолуцијата се потпираше врз критериумите на постојните теории за засилување на борбата против неписменоста, за нејзино што поскоро намалување, за издигнување квалитетот на културно-уметничката работа[113)].

Засилената културно-просветна дејност не беше некаква цел сама за себе. Таа требаше да биде едно од најсилните оружја на младинското движење во Македонија, за натамошно развивање и издигнување на свеста кај младиот човек. Само ваквиот начин на воспитување на младината можеше да придонесе, без сомнение, за зајакнувањето на дисциплината во процесот на работењето, за издигнување на чувството за одговорност во училишта. Сите тие цели можеа да бидат остварени, доколку се спроведуваше правилна организациона поставеност на културно-просветните самодејности и манифестации. Затоа се наложи потребата од логична поделба на секторите во оваа област и од нивното живнување.

Низа основни дејности во културно-просветните зафати не можеа да бидат реализирани без некои претходни подготовки. Во таквите подготовки спаѓа и засилената акција против неписменоста, особено меѓу селската младина и младината од националните малцинства. Голема улога во борбата против неписменоста тогаш им се припишуваше на младинските активи на просветните работници, кај кои беше создадено чувство на поголема одговорност при описменувањето на неписменото население. Културно-просветната дејност требаше да помогне да се смени и сфаќањето за трудот во процесот на производството. Младинците трудбеници во него гледаа сигурна метода за подобрување на животот на работничката младина, односно за воспоставување на општа благосостојба.

Сообразено со новите идејни позиции, определувања и интереси преку разни форми на работа, младината ја проучуваше, развиваше и збогатуваше македонската национална култура. Врз основа на таквото гледање кон проблемот, се пристапи кон основање културно-

просветни екипи кои организираа бесплатни приредби за населението, особено во селските средини. Освен тоа, младинските организации, а особено нивните културно-просветни одбори, требаше да обратат поголемо внимание и да им пружат помош на младите културни работници, писатели, млади уметници и сл. Организацијата на НММ сметаше дека културно-просветниот сектор спаѓа меѓу поважните сектори во нејзиниот акционен радиус. Така, се наложи и потребата од подобро уредување на младинскиот печат. Посебна нагласка е дадена врз уредувањето на весникот "Млад борец". Тоа е сторено со активирањето на најнепосредни дописници од теренот од сите краишта на Македонија.

Кога се анализираат и резимираат сваќањата изнесени во Третиот дел од Резолуцијата, неопходно се наметнува заклучокот дека тука е направен посериозен и целосен обид за научно-теоретска аргументација на тезата за основните задачи на организацијата на народната младина за политичко активирање на младинските маси. Во контекстот на ова, едно од карактеристичните стојалишта е политичката работа меѓу младината да се развива по пат на одржување конференции, дискусии, предавања, политички информации, колективно читање, печат, како и секојдневно запознавање на младината со настаните во Југославија и во светот. Во Резолуцијата е укажано на актуелноста од координирана соработка меѓу одборите на НММ и одборите на Народниот фронт. Се истакнува и потребата од земање активно учество на организацијата во изградбата на новото општество. Притоа, се застапуваше гледиштето дека сите членови на народната младина со навршени 18 години треба да се зачленуваат во Народниот фронт и да земат поголемо учество во целокупниот политички живот.[114)]

Понатаму, пред младинските организации, без исклучок

се поставуваше и прашањето од поголема будност во безмилосната борба против сите непријателски, саботерски елементи. Со други зборови, будност против сите оние кои се непријатели на младината и на нашиот народ воопшто.

Во документот исто така нагласено е дека за да се свати суштината на империјалистичката политика и на нивната воено-подбуцнувачка пропаганда, е потребно посебна и систематска политичка работа меѓу младинските маси. Во Резолуцијата преовладува мислењето дека е потребно да се разобличат сите напади што доаѓаат од СССР и од земјите со народна демократија, нападите врз КПЈ, врз југословенските народи воопшто. Тоа, пак, можеше да се стори само по пат на засилена политичка работа меѓу младината.

Паѓа во очи дека организацијата на НММ и понатаму требало повеќе внимание да му посвети на мобилизирањето на младината за извршувањето на задачите од Петгодишниот план за изградба на земјата. Во врска со прашањето за работни акции, се бараше, да се развие што е можно поширока агитација.

Младината требаше да се запознае со важноста на изградбата на објектите од Петгодишниот стопански план, во кој таа учествуваше и даде значаен придонес во исполнувањето на поставените задачи. Исто така, беше препорачано во сите акции од локален карактер, како и во оние што беа организирани од страна на народниот фронт, организацијата на народната младина и натаму да учествува, а со тоа, се предвидуваше дека во фронтовските бригади младината ќе биде двигател на натпреварувачкиот дух, дека ќе придонесе за подобрување на дисциплината, и за развивање на културно-просветната работа.

Во Резолуцијата е подвлечена уште една од многуте

задачи на НММ, која за младината е од особено значење. Тоа е воспитувањето на училишната и на студентската младина и создавањето на таква интелигенција, која ќе биде верна на својот народ. Во Резолуцијата се инсистира организацијата на народната младина во училиштата и на факултетите да се бори за правилно воспитување на членовите, односно да ја јакне работата на идеолошко-политичко и културно-просветно издигнување на училишната и на студентската мла дина.За правилно воспитување на младината укажано е и на актуелноста од натамошна борба против идеалистичките разбирања и мистика. Во Резолуцијата меѓу другото е забележано: ”Во организацијата на народната младина во земјоделските и ветеринарните техникуми, од учителските школи, гимназии, и други средни училишта, факултети, воспитно-образовната работа треба да се постави така, таа да претставува школа на борци за преобразба на општестото во целост, и на тој начин би можела младинската организација потполно да одговори на својот позив.[115)]

Јасно поставената цел и перспектива, на документот, неговата јасна и конкретна содржина имаше мобилизаторско значење за целата младина од Македонија, од најразличните слоеви и претставуваше гаранција за реализирање на стремежите во повеќе свери од животот. Резолуцијата изврши мобилизаторско дејство врз младината од градот и од селото, врз ученичката, средношколската и студентската младина, за да се вклучи и активно да учествува во новите општествени процеси во земјата. Така, младината на Македонија даде своевиден придонес не само во општествено-политичкиот и економскиот, туку и во културно- просветниот живот, на Републиката. Таа претставуваше носечки фактор за подобрување благосостојбата на младинските и на другите работни слоеви на Македонија и на Југославија пошироко.

## АКТИВНОСТИ ОД НЕПРИЈАТЕЛСКИ ПОЗИЦИИ

Според податоците од истражувањата, стремежите за одбрана на независноста на Југославија како адекватна рамка и гаранција на националниот суверинитет и за зачувување на територијалниот интегритет на ослободениот дел на Македонија, многу забележливо се манифестираат во концепциите на највисокото раководство на НММ. Во концепциите на НММ исто така се укажува на потребата од зголемена идеолошко-политичка работа меѓу младинците и младинките со цел да се намалат поедини непријателски истапи и појави забележани во редовите на младината. Факте е дека како резултат на специфичниот сплет на конкретни историски околности, во ова време не постои некоја поцврста непријателска организација во Македонија, која, врз основа на своја определена програма, се спротиставува на младинската организација во нејзините цели и стремежи. Но, и покрај се ова, историската вистина тврди дека поедини непријателски истапи имало во редовите на самата младинска организација. Од предметно значење за нашево истражување е и фактот дека непријателските истапи на поедини младинци или младински групи биле базирани главно врз политичка и верска основа.За прашањето во врска со елементите и белезите што ги сочинуваат односно карактеризираат непријателските истапи на политичка база е мошне показателна соработката меѓу поедини младинци со непријателски елементи, ванчовисти. Според извештајот на Околискиот комитет на партиската организација од Велес од 23 септември 1948 година, се набележува дека челникот на

младинскиот актив од селото Ореше, Титовелешко[116) во селото протурил пароли со непријателска содржина. Неговата активност од страна на месното население била оценета како негативна појава и набрзо спречена. Исто така, постојат податоци дека во селото Подлес (и тоа во Титовелешка околија) дејствувала една младинска група чии намери биле насочени против новото општествено уредување. Работата на ова група, всушност, претставувала вистинска кочница во работата на месниот младински актив. Навременото разоткривање на работата на вакви или слични непријателски групи претставуваше, во извесна смисла на зборот, поволна основа за испраќање младинци на младински работни акции. По спречувањето на дејноста на непријателската младинска група која дејствуваше во пролета на 1948 година во селото Ореше, од истото село за учество во републичката акција "Маврово" биле испратени 20 младинци. Младинците од ова село покажале видна активност и во поправање на селскиот пат, во акцијата за запишување заем и друго. Младинците со непријателски став кон новата општествена преобразба, вникнале во проблемот за изнаоѓање погодни форми за спречување на развојниот процес на земјата. Овие непријателски дејствија, присутни кај поединци во редот на младинската организација, не одговараа на новото општествено уредување и на целокупната југословенска констелација, а во тој контекс и на специфичностите на Македонија[117).

Неопходно е да се нагласи знаењето на фактот дека вакви концепции и ставови поедини младински непријателски елементи застапувале за време на предавањата на блоковските фронтовски конференции. Пароли со непријателска содржина биле подметнати и во Прилепската гимназија, умножени непријателски летоци

се забележани и во гимназијата во Кавадарци, во гимназијата во Струмица и во други градови во Македонија. Погодни младинци за спроведување на непријателската замисла,кои потпаднале под силно влијание на ванчовистичките идеи, се нашле и во селата Смиљанци, Ново Село, Воиславци, Ораовица, Падареш, Јаргулица.[118)]

Непријателските елементи во некои случаи правеа обиди врз основа на верската припадност, да одделат извесен дел младинци од редот на организацијата на НММ. Според еден извештај на градскиот одбор на народната младина од Струмица[119)], дознаваме дека протестанскиот поп и некои негови приврзеници, кои уживале симпатии и добивале материјална помош од поедини протестански друштва од Америка, се обиделе да организираат акции против учеството на младината во изградбата на земјата, верувајќи дека на тој начин ќе доведат до пасивизирање на младината. Вакви појави биле забележани во селата Колешино и Муртино каде се осеќало повеќе влијанието на протестанскиот поп од Струмица. Меѓутоа градскиот одбор на НММ Струмица смета дека ваквите негативни појави најрезултатно можат да бидат спречени со зајакнување на идеолошко-политичката и културно-просветната работа меѓу младината. Впуштаќи се во предвидувањата на последиците од влијанието на протестанските свештени лица, околискиот младински комитет за Струмичка околија чуствуваше олеснување во колку би успеал младинците кои потпаднале под силно протестанско влијание во извесна мера да ги отргне од тие верски заблуди. Така, на состанокот одржан на 21 јуни 1949 година, околискиот младински комитет за Струмичка околија одлучил со младинците кои длабоко потпаднале под влијание на поедини верски заблуди да бидат ангажирани односно да работат со нив најдобрите младински сктивисти. Како прва и

најважна задача на младинските активисти им била поставена да ги оттргнат младинците и младинките од верските заблуди, да им даваат извесна морална подршка, и на тој начин мошне убедливо да ги уверат во доследноста на политиката и во стојалиштата на младинската организација.[120)]

Според извештајот на околискиот комитет на народната младина од Гостиварска околија од 23 септември 1950 година, дознаваме дека под влијанието на оџите потпаднала поголем дел од муслиманската младина, а пред се онаа од албанската народност. Оџите во тоа време впрегнаа огромна пропагандна машина и прибегнуваа кон секаква демагогија за да го зголемат своето влијание меѓу младината, да ја насочат младината против новата народна власт и преобразбата на новото општествено уредување. Нивната дејност беше насочена кон создавање на Голема Албанија во чии рамки требало да се најде и територијата на Западна Македонија. Вакви непријателски дејствија се забележани и во оние села во Струшка околија каде живееа припадници на албанска народност. За остварување на оваа замисла на младинците и пионерите кои доаѓале во џамиите им биле давани скапоцени подароци, пари и друго.[121)]

Во Гостивар поголем број младинци припадници од албанската народност организирале друштво "Џелалако", 21 август 1948 година. Раководството на друштвото било од Косово. Во септември 1949 година друштвото "Џелалако" објавило проглас до албанската младина под наслов "Нашиот збор во јавноста" и со потпис "Арнаутска младина"[122)]. Во него, меѓу другото се наведува дека "албанската младина и сите Албанци во нова Југославија ја изгубиле слободата и националната независност,... Затоа го повикуваме целиот

албански народ" се вели во прогласот "да пружи енергичен и семожен отпор на новата народна власт. Подајте ни рака и старо и младо жени и деца за да го истераме непријателот од земјата и да си создадеме на просторите во Западна Македонија и на Косово наша држава-Голема Албанија, која ќе ги штити интересите на сите Албанци"[123]. Понатаму во прогласот се истакнува дека младината од албанската народност во Македонија "свесна е за големата задача и за големата одговорност која и паѓа на нејзините плеќи"[124], инсистирајќи раководството на друштвото "Џелалако", младинците Албанци од цела Македонија да се поврзат со Арнаутите од Албанија и оние на Косово, "кои имаат голема љубов према младината од албанската народност која живее на западните простори во Македонија, за да ја оствари својата замисла и својата правда"[125]. Дејствувањата на друштвото "Џелалако" имаат успех кај младината припадници од албанската народност. Друштвото "Џелалако" врши влијание и врз македонските муслимани и врз младината од турската народност. Меѓутоа според расположивата документација факт е дека идеите на друштвото "Џелалако" во ова време не биле прифатени од македонските муслимани и од младината на туркста народност. Меѓутоа неоспорен е фактот дека голем е бројот на младинците и младинките од албанската народност кои во целост ја подржувале идејата на друштвото "Џелалако" за рушење на новото општествено уредување во Југославија и за повторно доаѓање на албанскиот фашистички окупатор во Македонија. Во паролата која била подметната во јули 1950 година и раширена од членовите на друштвото "Џелалако" се вели: "Нека дојде макар и најцрниот ѓавол ќе ни биде подобро него да живееме под ваква власт-југословенска. Ние, сакаме албанска власт и албански челници да не водат"[126]. Помогната од КПЈ,

од органите на народната власт, организацијата на Народната младина на Македонија ги презела сите можни мерки во одредените услови за да ја парализира и спречи дејност на друштвото "Џелалако" и да придобие во своите редови поголем дел од младината од албанската народност. Дејноста на друштвото "Џелалако" иако во голема мера била спречена, на просторите во Западниот дел на Македонија, влијанието на дејноста на друштвото "Џелалако" меѓу припадниците од албанската народност се чуствуваше низа години.

Некои младинци припадници од албанската народност дејствувале и против учеството на младината во изградбата на земјата. Постојат податоци дека двајца члена на младинската организација од Струга, припадници на албанската народност исврлиле парола со непријателска содржина во која се вели следново: "Ширум Југославија на младинските работни акции владее безредие и хаос. Не одете младинци арнаути во Нов Белград и во Нова Горица".[127)] Со цел да ја спречат и оневозможат мобилизацијата на младината во исполнувањето на Петогодишниот план, во поширокта агитација настојувале да се вклучат и некои непријателски елементи. Таков пример откриваме и во содржината на една друга парола, која во почетокот на август 1948 ја исврлија реакционерни елементи, припадници на албанската народност од Гостивар. Таа парола или лажна информација гласи: "Да ги заштитиме и спасиме животите на младинците од злосторствата што се вршат на младинските бригади. Во Маврово експодира мина и погинаа 15 младинци"[128)]. Вакви или на оваа слични пароли, кои ги растурале пред се младинци припадници од албанската народност, се засновани врз покренување страв кај населението. Во потврда на ова зборуваат содржините на бројни телеграми кои биле испратени до Главниот штаб

на младинските работни бригади во Маврово. Во телеграмите, родителите бараат најпрвин да бидат известени за здравјето на своите деца. Ѓорѓи Станковски од Кичево, на пример, на 15 август 1948 година испратил телеграма до Главниот штаб на младинските работни бригади во Маврово во која, меѓу другото, стои дека околу 9 часот вечерта на 14 јуни во центарот на градот и неговата периферија, предизвика паника веста дека во Маврово експлодирала мина. Содржината на телеграмата гласи: "Голема маса народ во Кичево се растрча по улиците очаена и возбудена. Група младинци од Зајас дојдоа во градот и пренесоа вест дека во Маврово експлозијата на бомбите предизвикала пожар. Жртви има извикуваа тие. Во тој момент, на полноќ во Кичево пристигнаа и голем број младинци Албанци од околните села на Гостивар. Се слушаа многу викотници. Положбата крајно сериозна..."[129)] Во друга телеграма, испратена на 17 август 1948 година, секако попладне, стои дека од неофицијални извори се дознава во Тетово дека во Маврово пред два дена, на полноќ, е фрлена бомба и загинале 5 младинци[130)].

Слично изгледале и голем број други телеграми, кои по повод наведената експлозија на бомба, родителите ги испраќале до младинското раководство во Маврово. Се разбира, повод за овие телеграми, во прашање било пренесување на неточни вести од страна на остатоците од реакционерните елементи, младинци-припадници на албанската народност. На овој начин реакцијата сакала да ја фрли земјата во хаос. Тоа се тенденции кон криење или изопачување на вистината, кон давање информации кои најчесто биле сосема спротивни на вистинската состојба.

Имено, за македонското младинско движење, како и за било која акција што не се софпаѓа со желбите и стремежите на

реакционерната пропаганда во Македонија, реакцијата ниту можела, а ниту сакала да биде објективна. Затоа и не е чудно што реакционерните елементи протурале разни вести за фрлање на бомби на младинските работни акции, за убиени младинци и слично. Меѓутоа, и покрај присутноста на реакционерните елементи, нивните "планирања" и напади завршувале редовно со неуспех. Овие дезинформации брзо станувале провидни лаги и наивни измислици. Илустративно за тоа е примерот на Ѓорѓи Петровски од Тетово: "Јас и Никола, додека бевме во Тетово, сакавме да тргнеме за акција во Маврово на 17 август 1948 година. Но при тоа го прашавме младинскиот челник во Тетово кој ја познаваше состојбата во Маврово, што мисли за таму општо земено. Тој одговори позитивно: таму рече тој е добро. Откако ни го соопшти нападот на албанската реакција, кој напад можел да има несогледиви последици за цела Македонија, со право го сфативме делото и задачите на македонската младина за изградба на земјата, која сериозно ја вршеше својата задача"131).

Реакционерните албански елементи чинеле се да ја оневозможат работата на младинските работни акции. Спротивно на ставовите на реакционерните елементи дејствувале младинските раководства. Мошне интересни се и податоците што Главниот штаб на младинските работни бригади во телеграмите што ги праќал до родителите на младинците по повод пртпоставките за експлодирањето на бомба во Маврово. Писмата и телеграмите кои биле составувани веднаш по добивањето телеграми од страна на родителите на младинците, биле содржајни и, се разбира, точни. Одговорите биле составувани по примерот на следново: "Директно во Маврово сосотјбата е добра. Во Маврово воопшто не се случили експлозија на бомба. Жртви нема. Сите

младинци и младинки учесници во младинската работна акција во Маврово се наоѓаат во добра состојба"[132]. Се покажало дека појавата на непријателски елементи кои настојувале да внесат колебање во редовите на младината, не бил некаков спонтан чин, туку бил посериозно организиран. Имено, јавното мислење во Македонија и во Југославија пошироко, тогаш било вистински загрозено од локалните страсти на реакцијата. Протестите против таквите злосторнички акти, пак, се претвориле во движење кое постојано го потсетувало македонскиот народ и државната влада на Македонија дека целта на непријателските елементи кои настојуваат да внесат колебање кај младината и кај народот воопшто е анахронизам во современото оптество и дека е неопходно да се преземат сите можни мерки, со цел да се спречи било каква дејност на реакцијата.

## ПЕЧАТ

Освен организационо-политичката активност за ширење на младинското движење, за неговото утврдување, за развивање на свеста,(особено политичката свест) кај младината, за запознавање со настаните од земјата и светот, за запознавање со настани од културно-просветниот, културно-забавниот живот, итн., потребно било да се развие и младинскиот печат. Оваа потреба била согледана и во минатото, во периодот на НОВ и Револуцијата, и особено во годините по војната. Станало јасно дека, и покрај скромните материјални и кадровски можности, карактеристични по завршувањето на секоја војна, развивањето и постоењето на младинскиот печат е неопходно. Печатот претставува

информациono и пропагандно средство кое од свој агол ги прикажува настаните, т.е. на достапен и непосреден начин ги развива и објаснува идеите на младинското движење. На тој начин може да им се даде целосен изворен израз на младите и прогресивни елементи.

Организацијата на НММ во годините по војната посветила мошне сериозно внимание на младинскиот печат. Младинските весници најчесто се издавале во главниот град на Македонија. Во Скопје излегувал весникот "Млад Борец", орган на Земското Собрание на НММ, кој бил и првиот весник на македонски јазик по ослободувањето. Од 1 јануари до 20 ноември 1948 година од весникот "Млад Борец" излегле 46 броја со вкупен тираж од 538.380 примероци. Последниот број од ноември истата година се појавил во 13.300 примероци. Вкупниот тираж на весникот во 1948 година изнесувал 634.000 броја. Приходите од продадените броеви во текот на истата година изнесуваа 418.389 динари, а расходи биле 1.506.352 дин. Весникот "Млад Борец" финансиски бил помаган од Владата на Македонија, а особено имал помош од Министерството за народна просвета[133)].

Основна ориентација на "Млад Борец" било подигањето на свеста на младината, развивањето на нејзиното сознание дека изградбата на земјата е општествена потреба. Весникот имал повеќе специјални рубрики: организациона, во која се изнесувале основни познавања од дејноста на другите општествено-политички организации, рубрика за работничка младина, за селска младина, за работнички акции, за задругарството. Во посебна рубрика од весникот е поместена проблематиката од делото на училишната, студентската младина, од животот на пионерската организација. Имало посебна рубрика за агитација и пропаганда, рубрика со теми од фискултурниот живот на младината, од

забавниот живот и рубрика за настани од внатрешно-политичката и надворешна -политичка ситуација. Развивањето на ”Млад Борец” како пропагандно средство не само за запознавање со голем број актуелкни настани, најчесто од секојдневниот живот, имало првостепено значење за организационото зајакнување на младинската организација. Тој момент бил одлично сфатен од раководството на Одделението за агитација и пропаганда при Земското собрание на НММ. За таа цел под покровителство на Агитационото одделение биле организирани повеќе советувања, состаноци со раководните челници на редакциите на младинските весници. На тие советувања се настојува да се решата спорните прашања при нивното излегување[134)].

Свој печатен орган под наслов ”Пионерски весник”, издавала и пионерската организација. Во низа написи што биле објавени во ”Пионерски весник” се ширела вистината за улогата и значењето на оваа организација, во воспитанието и образованието на младите. Во нив биле разработени низа прашања од македонската историја, географија, просвета и култура. Повремено се јавуваат и статии со современа и актуелна проблематика. Тоа придонело учениците подобро да се запознаат со состојбата во Македонија и за афирмирање ентузијастички стремеж кај пионерите да дадат придонес во создавањето посреќно утре. Од извештајот на редакцијата на ”Пионерски весник” од декември 1948 година се дознава дека во текот на истата година излегле 22 броја. Просечниот тираж изнесувал 14.000 примероци. Редакцијата добила 853 дописи од теренот. Од 1948 год. според податоците изнесени во извештајот, дознаваме дека редактор на културната рубрика бил познатиот македонски поет Ванчо Николески, а во работата на редакцијата бил ангажиран и писателот Цане Андреевски и Зора Матевска како

соработник. ”Пионерски весник” е користен и како училишно помагало во училиштата.[135)]

Весникот ”Електро-Маврово”, бил орган на Главниот штаб на младинските работни бригади во Маврово. Првиот број се појавил на 12 мај 1948 година излегле 6.000 примероци, од кои 1.200 се разделени меѓу младинците градители во Маврово по 100 примероци биле испраќани на сојузните акции, како и на акциите во другите републики. Останатите примероци од весникот биле доставувани до градските и околиските младински организации[136)].

Обидите за задоволување потребите на младинското движење од печатна пропаганда, од пишан збор, постојано растеле. Потребите од поразвиена младинска пропаганда понатаму се чувствувале се повеќе. Подобрените услови, стекнатото искуство и други причини овозможиле во Македонија успешно да се развива младинскиот печат. Излез бил побаран и во издавањето на печат во гимназиите и средните училишта. Се појавил мошне популарниот весник”Гимназијалец”, орган на младинскиот актив на Машката гимназија од Скопје. ”Гимназијалец” започнал да се појавува во првото полугодие на 1948 година. Многу придонел за подобрување на учењето и дисциплината на учениците во гимназијата. Добрите страни од овој весник се користеа и во другите училишни активи во Скопје. Во текот на 1948 год. ”Гимназијалец” излезе во 11 броја, со вкупен тираж од 2.000 примероци. Средно-техничкото училиште од Скопје го издаде ”Глас на младите техници”, орган на младинската организација од ова училиште. Во 1949 година весникот на младинскиот актив на средно-техничкото училиште од Скопје прерасна во списаниетио ”Млад техник”. Весниците ”Гимназијалец” и ”Глас на младите техници” биле организирани по иницијатива на градскиот одбор на НММ од

Скопје. Овие весници дале поттик такви акции да се преземат и во другите средни училишта, како на пр. во учителското, уметничкото и музичкото и други училишта. Во Титоввелешката гимназија се појавил весникот ”Титов младинец”, како орган на младинскиот актив од оваа гимназија[137)].

Од 1948 година започна да излегува ”Студентски весник”, орган на младинската организација на Универзитетот ”Кирил и Методиј”. Во ова време се појави и новото литературно списание ”Иднина” наменето пред се за младите. Објавените публикации одиграле голема улога во ширењето на младинското движење. Издавачкото претпријатие на ЦК НММ ”Ново поколение”, во текот на 1948 година издало разни книги и списанија со интересна проблематика. За потребите на пионерската организација ”Ново поколение”, објавил 14 книги, со вкупен тираж од 85.000 примероци, со идеолошко-политичка содр/ина, 15 книги со вкупно 60.200 примероци, од областа на науката 3 книги од 15.000 тираж, 6 книги биле наменети за библиотеките на народностите со вкупно 16.000 тираж. Од годишниот извештај на издавачкото претпријатие ”Ново поколение” за 1948 год. се гледа дека ова издавачко претпријатие во 1948 година издало 38 книги со вкупен тираж од 174.200 примероци[138)].

## АГИТАЦИЈА И ПРОПАГАНДА

По ослободувањето, а особено по одржувањто на Третиот конгрес на Народната младина на Македонија, прашањето за агитација и пропаганда се постави мошне пошироко. Впрочем, задачите на обновата и изградбата на земјата го одредуваа карактерот и содржината на агитацијата и пропагандата.

Организацијата на народната младина требаше поранешното искуство и формите на агитација и пропагандна работа да ги развива и да ги проширува што е можно повеќе. Земското собрание на НММ се залагаше за организационо-политичко издигнување на младинската организација и за ширење на нејзината пропаганда. На 15 ноември 1948 година во Сккопје, највисокото младинско раководство одржува советување со раководителите по агитација и пропаганда од одборите на Фронтот и младинските раководства. На советувањето се расправало за агитационо-прпагндната работа во младинските организации на теренот. Заклучоците од ова советување послужиле како извесна програма за работа во 1949 година и придонеле младинските раководства да добијат јасна перспектива за нивните задачи на ова подрачје на нивното дејствување. Со цел агитацијата и пропагандата подобро да биде организирана, на советувањето била донесена и одлука за организирање двомесечни политички курсеви за младински раководители по разни сектори на работа. Освен тоа се одлучило да се одржат неколку семинари со политичките и организационите секретари на околиските и градските младински комитети, како и со останатите членови на секретаријатите на активите на народнтата младина, на кои семинари требало да стани збор за прашања од доменот на агитацијата и пропагандата.[139)]

На 24 март 1949 година при ЦК на НММ е одржано советување со секретарите и со членовите на секретаријатите на околиските и градските младински комитети, како и со уредниците на младинските весници по прашањето на младинскиот печат и работата на редакциите на младинските весници. На ова советување била анализирана и оценета дејноста на младинскиот печат.[140)]

Работните акции се ново подрачје во агитационо-пропагандната работа на младинската организација. Во периодот 1948-1953 година, највисокото младинско раководство на Македонија посебно внимание посветило на агитационо-пропагандната работа за популаризирање на младинските работни акции.

Раководејќи се од искуствата од мобилизацијата во 1947 година, врното младинско раководство сакаше да постигне повеќе во однос на мобилизацијата на младината за работните младински акции. Уверлив доказ за тоа е изработениот детален план за агитација. Во него беа анализирани сите важни аспекти на објектите на кои работи младината, а докажано е и нивното значење за исполнувањето на задачите од Првиот петгодишен план. За правилно разбирање на карактерот и важноста на овие акции, користени се весниците "Нова Македонија", "Млад Борец", како и весниците од локален и градски карактер, издавани од околиските и градските одбори на Народниот фронт. ваа проблематика била предмет во повеќе написи од наведените гласила, а според силата на вистината, станала важен инструмент во мобилизацијата на младината.

Овие прашања јасно биле прецизирани и во скромниот број написи на ѕидните гласила по селата и градовите, кои ја имале и улогата на вистински народен информатор за пообјективно презентирање на важноста на работните бригади. Имајќи ги на знање она што од нив го барало републичкото младинско раководство, младинските раководни претставници, посебно во Скопје, Охрид, Битола, Прилеп, Велес, Гевгелија, Струмица и други поголеми центри на Македонија, продолжиле да ги следат како резултат на развиената агитација и пропаганда, настанитешто се однесуваат на подготовките за испраќање

младинци на младинските работни акции. Покрај обемната младинска пропаганда што ја пласира издавачката дејност, тоа беше правено и преку бројниот тираж на дневниот печат и популарните брошури. Преку младинските радио-емиси се изнесувани репортажи за младинските работни акции.[141)]

Агитацијата во врска со работните акции била корисна и добро организирана. Усмената агитација се одвивала преку предавања. Во оваа пропагандна дејност младинските активисти го внеле целото свое искуство и снаодливост. Низ конкретни ангажмани, врзани со успешната работа на бројните популарни предавања ("Акцијата на народната младина во 1948 година", "Значењето на изградбата на хидроцентралите Маврово", "Сојузните акции на народната младина" и други), младинците ги популаризираа младинските работни акции. Поради тактичка целесобразност за агитација се користени и искажувањата на младинските ударници кои биле учесници на работните акции и кои најдобро можат да дадат јасен одговор за животот и работата на градилиштата.

Покрај овие форми, како резултат на засилената активност на младинските активи во Македонија, што е последица на засиленото младинско движење, за поактивно учество на младинските акции се користени: младински емисии, се давани репоратажи за младинските работни акции. Од страна на Земското собрание на НММ во 1948 година биле изработени и плакати за Нов Белград, за задружните домови и за акцијата Маврово во 5.000 примероци. Плакатите биле доставувани до оклиските и градските младински раководства, а од младинските активисти биле растурани по селата и градовите.[142)]

Според еден статистички извештај од крајот на 1948

година се дознава дека во периодот од 10 април до 5 септември 1948 година во Маврово се одржани 467 политичко-воспитни предавања, 163 научно популарни, 73 предавања со стручна содржина, а биле дадени и 385 политички информации. За младинките и младинците што учествувале во оваа републичка младинска работна акција, биле одржани 17 филмски претстави, меѓу кои: ”Младинската пруга”, ”Славица” и ”Смотра на младите”. Биле одржани и 25 аналфабетски курсеви, а 977 неписмени младинци научиле да читат и пишуваат.[143)]

ЦК на НММ постојано водеше грижа и за финансирањето на издавачките претпријатија ”Младина” и ”Ново поколение”. И покрај извесните недостатоци во нивната работа со својата за тогашни услови богата издавачка дејност, ”Младина” и ”Ново поколение” одиграа значајна улога во воспитувањето на младината и пионерите. Тие издадоа повеќе книги од опбласта на белетристиката и книги со идеолошко-политичка, забавна и научна содрина. Во периодот по 1947 година, младинското раководство посветило внимание и на организирањето изложби, како една од формите за популаризирање на младинската организација. Меѓу попознатите изложби со содржина од животот на младината во тоа време, биле изложбите: ”Младината од Македонија во борбата за независност на Југославија”-Скопје, ”Младинската акција Маврово” и други.[144)]

Големите резултати кои народната младина ги постигна во стопанската изградба, нејзиното политичко влијание врз младинските маси, овозможило младинската организација повеќе внимание да посвети и на идеолошко-политичката работа. Мошне значајно влијание во тој правец извршило списанието ”Народна младина”, кое придонеслоза подобро запознавање на широките

младински маси со линијата, тактиката и целите на НМЈ. Списанието иумаше за цел принципиелно и теориски да ги осветли и соопшти главните прашања и проблеми од дејноста на младинската организација.[145)]

За да се подобри идеолошко-политичката работа, од 20 до 23 април 1951 година, ЦК на НММ свикал советување на кое присуствувале лицата одговорни за агитација и пропаганда при околиските, градските и месните младински комитети. На советувањето, кое се одржало во Скопје, присуствувале и уредниците на младинскиот и пинерскиот печат. Ова советување е прво од таков вид на кое акцент е ставен врз идејно-политичката страна на воспитанието кај пионерите.За популаризација на младинската организација меѓу селската младина значаен придонес дало списанието "Млад задругар".[146)]

Слободно може да се заклучи дека агитацијата и пропагандата, во овој период што е предмет на нашет о истражување беше мошне интензивна и ефикасна, како во градовите, така и во селата во Македонија. Таа помогна за ширење на влијанието на младинската организација кај работничката, селската, средношколската и студентската младина. Благодарение на успешното водење на агитацијата и пропагандата, забележителни резултати се постигнати при воспитувањето на младината. И покрај таквата агитациона и прогандна дејност, стои заклучкот дека идеолошко-политичката и културно-просветната работа во тоа време во извесна мера била зад реалните потреби на младината и тоа, вопрв ред кај работничката и селската младина.

## ОСНОВНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Народната младина организационо се изградувала и оформила како организација одозгора до долу. Во периодот од 1948 до 1953 год. таа имаше широка мрежа на основни организации и раководства. Нејзините основни организации се активите. Тие организационо се зацврстиле и се оспособиле за решавање на многубројните прашања што се поставуваа пред нив. Низ нив младината живееше, преку нив одредуваше и примаше соодветни задачи.

Членовите на Народната младина редовно одржувале свои состаноци, на кои активите решавале за своите прашања, примале и поставувале задачи и го контролирале нивното извршување. На состаноците на активите се примале нови членови, се избирале раководства на активот и делегати за конференцијата.

Активите се организираа врз основа на продукционо-територијална основа. Нив ги сочинуваа сите членови на народната младина од селото, училиштето, фабриките, претпријатијата, единиците на ЈА, задругите и сл. За да се формира актив беше потребно да има најмалку 5 члена на народната младина. Од членовите на активот се избираше секретаријат. Бројот на членовите на секретаријатот изнесуваше од 3 до 9 члена. На чело на секретаријатот се наоѓаше секретарот[147)].

Врз основните младински организации каде што имаше над 100 члернови, како на пр. во фабриките, на Универзитетот, во училиштата,итн. со одлука на ЦК на НММ, доаѓаше до формирање на повеќе младински активи. На општинските конференции, кои обично се одржуваа еднаш годишно, биле избирани комитети на училишта, фабрики, претпријатија, итн. Бројот на членовите на комитетите изнесувал најмногу

до 15 члена. Од своето членство, Комитетот избирал секретаријат, составен од 5 до 7 члена[105]. За извршената работа во текот на една година, секретаријатот на активот поднесувал писмен годишен извештај на годишниот состанок, на кој е вршен избор на нов секретаријат.[148]

Активите на народната младина станаа двигатели и организатори на активноста на младината. Тие со голем самопрегор и пожртвуваност ги извршувале задачите кои во тоа време Партијата ги поставуваше пред народната младина. Општа карактеристика за основните организации на народната младина во т.н. "административен социјализам" е тоа што во овој период, тие непосредно учествуваат во просветно-културниот, општествениот и стопанскиот живот на земјата. Органите на основните младински организации, во овој период, непосредно раководат со културно -просветната, а воедно и со стопанската дејност. Тоа имаше за последица постојано да се создаваат нови младински-културни друштва, пеачки хорови, дилетански групи, литертурни дружини, дебатни и други кружоци, младински домови, и сл. Активите на народната младината формирале и младински работни единици на доброволна основа. На тој начин поорганизирано учествувале во изградбата во сите сфери од животот[149].

## ОРГАНИ И РАКОВОДСТВА НА НАРОДНАТА МЛАДИНА ВО ОКОЛИИТЕ, ГРАДОВИТЕ, РЕОНИТЕ И НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Раководни органи на Народната младината во околиите, градовите, реоните и на универзитетот, според Статутот, се:

а) околиската, градската, реонската и

универзитетската конференција;

б) околиските, реонските и универзитетските комитети на Народната младина на Македонија и нивните бироа. Највисок орган на Народната младина на Македонија во околијата, градот, реонот и универзитетот, претставуваше околиската, градската, реонската, односно универзитетската конференција. Конференцијата ја свикуваше соодветниот комитет, а се одржуваше најмалку еднаш годишно. Вонредна конференција можеше да се одржи ако за тоа донесе одлука околискиот, градскиот, реонскиот, односно универзитетскиот комитет или по барање на најмалку една третина од членството на нивната организација. Определувањето бројот на делегатите на конференцијата беше во надлежност на соодветниот комитет. Околиските, градските, реонските, односно универзитетскиот комитет, како и надзорните комисии за извршената работа поднесуваа писмени извештаи до околиската, градската, реонската, односно универзитетската конференција. Конференцијата заземаше одредени ставови по извештаите и, врз основа на донесените решенија, го насочуваше понатамошниот тек на работа во својата организација. Во надлежност на конференцијата беа и: избор на делегатите за околиската, реонската, градската и универзитетската конференција; избор на делегати на Конгресот на НММ, избор на членови на бироата на околиските, градските, реонските и универзитетскиот комитет, како и избор на надзорни комисии[150)].

Раководните органи на НММ беа носители на определена функција од политиката на младинската организација. Отаму комитети, кои беа составени најмногу од 25 членови со целокупната своја дејност, се јавуваат во функција на орган кој има компентенција на

раководно тело. Тој ја раководи работата на младинската организација во времето меѓу две конференции. При тоа се раководи од одлуките, решенијата, упатствата и друг вид акти, донесени на самата конференција, како и од оние акти што се донесени од повисоките младински органи. За вршење на работите, во рамките и правата на своите должности, како и за вршење на одделни работи, комитетот одржуваше состаноци. Бирото на соодветниот комитет свикуваше состанок и предлагаше дневен ред. Тоа беше составено од 7 до 9 члена. Посебно важно место во организацијата на бироата му припаѓаше на секретарот. Околиските, градските, реонските и универзитетските бироа имаа задача да им даваат помош на активите и да ја контролираат нивната работа на она подрачје до каде што се простираше нивната компетенција. Исто така, една од задачите на членството на односното биро беше и водењето евиденција за своето членство и за сите документи што ги добиваше од ЦК НМЈ, ЦК НММ и од други места. За извршената работа, бироата доставуваа извештај до повисоките младински органи[151]).

Во организациона форма, при околиските комитети постоеја: актив на инструктори, отсек на кадри, отсек за евиденција и статистика, отсек за пропаганда и агитација, финансиски отсек, штаб за работни бригади и штаб за работа со Сојузот на пионерите. Отсеците од понизок ранг беа под надлежност на отсекот од повисок ранг. За поорганизирано учество во ппроцесот на изградбата на земјата, при околиските, градските, реонските и универзитетскиот комитет, по потреба, се формирале и младински работни единици, бригади и чети врз доброволна основа.

Околиската, градската, реонската и универзитетската

надзорна комисија, како што се гледа, по својата дејност имаа право да ја контролираат работата на соодветниот комитет и да го контролираат неговото финасиско и материјалното работење. Надзорната комисија била составена од 3 до 5 члена, а за својата работа поднесувала извештај до соодветниот комитет на конференцијата на Народната младина[152)].

## НАЈВИСОКИ ОРГАНИ НА НАРОДНАТА МЛАДИНА

Според статутот на Народната младина на Југославија, највисоки форми на републички младински раководни органи, со најшироки овластувања, во овој период на општествениот развиток беа: Конгресот на народната младина на Македонија и Централниот комитет на НММ и неговото биро. Највисок републички орган на НММ претставуваше Конгресот на народната младина. Тргнувајќи од карактерот на Конгресот и на ЦК на НММ, се укажува и на некои основни принципи врз кои треба да се засновуваат задачите на Конгрсот и на Централниот комитет на народната младина. Посебно се истакнува потребата од непосредна соработка на Централниот комитет со младинските раковод;ства од понизок ранг. Статутот содржи неколку поглавја што ја прават основата на законодавната обработка на организацијата и дејноста на нејзините раководни органи. Така, во статутот, особено се разработуваат организационата структура на ЦК НММ, Конгресот, делокругот на работа на Конгресот и на ЦК НММ, односите меѓу повисоките и пониските младински раководства и сл.

Меѓу поважните овластувања, Централниот комитет

имаше и задача да го свикува Конгресот. Вонреден Конгрес на Народната младината на Македонија можеше да се одржи само врз основа на одлука од ЦК НММ, или пак по барање на најмалку една третина од околиските и градските организации на НММ. Централниот комитет бил должен да го објави одржувањето на конгресот и неговиот дневе ред најмалку два месеци пред неговото одржување. Под непосредна надлежност на Централниот комитет беше и утврдувањето на бројот на делегатите за Конгресот. На Конгресот од страна на Централниот комитет на НММ и Надзорната комисија се доставувале писмени извештаи за нивната работа, обично за период меѓу два конгреса. Конгресот донесувал соодветни заклучоци по извештаите. Во рамките на општата линија од дејноста на Народната младина на Југославија, Конгресот на НММ го насочувал делокругот на задачите што биле под надлежност на младинските организации, давал насоки за задачите кои требало да ги извршат Бирото на Централниот комитет и Надзорната комисија. Членовите на Бирото на Централниот комитет и на Надзорната комисија ги определуваше Конгресот на НММ. Така, Четвртиот конгрес избра Централен комитет на НММ од 52 члена и Надзорна комисија од пет члена. Централниот комитет од своите редови го избра Бирото на ЦК НММ од седум члена: Крсте Марковски, политички секретар на ЦК НММ; Гере Герасимовски, организационен секретар на ЦК НММ; и Ката Видева, Џемаил Таири, Фана Кочовска, Саде Хамо и Данчо Нетковски, членови[153)].

Петтиот конгрес избра Централен комитет од 53 члена, а наместо Биро е избрано Претседателство од 11 члена. За претседател е избран Ѓорѓи Русковски, за секретар Живко Василевски,а за членови Дидо Герасимовски, Споменка Петрушева, Љупка Ефтимова, Станко Јаневски, Ристо Иванов, Тихо Цветковски, Стојмир Поповски, Феми Муча и Митко

Петрушев[154]).

ЦК на НММ работеше врз основа на законските акти донесувани од Конгресот на НММ и Конгресот на НМЈ, односно на Централниот комитет на НМЈ и неговото Биро, подоцна Претседателство.

Бирото имаше право да организира, помага и врши надзор во спроведувањето на одлуките, решенијата, и друг вид акти донесени на конгресите или од Централниот комитет на НММ. ЦК на НММ, како раководен орган на младинското движење во Македонија, одржуваше тесна соработка со основните младински организации, непосредно или пак преку околиските и градските комитети и расправаше за сите посуштествени прашања и проблеми, од чие решавање зависеше натамошниот растеж на младинското движење. Бидејќи пред целото општество стоеја важни задачи за решавање, ЦК на НММ преку младинските комитети го активира нејзиното членство. Прва задача на ЦК во оваа насока беше до максимални можни граници да се развие општонародниот работен елан и иницијатива, да се зголеми доброволната работа, и да се засилат вообичаените младински натпревари. Сето тоа беше во полза на организационото зајакнување на младинската организација. Најзначајна задача во оваа насока претставуваше се разбира и дејноста на младинската организација во борбата против неписменоста.

Цк на НММ во овој период одржал неколку пленарни седници, на кои се расправале важни прашања од дејноста на организа цијата. Од 15 до 17 февруари 1948 година е одржан Четвртиот, во септември 1948 година Петтиот, а во февруари 1949 година шестиот пленарен состанок. ЦК вложил големи напори да ги изврши поставените задачи за развој на младинската организација. Со цел да ја унапреди и организационо обедини работата на младинските организации на теренот, и

содржински и идејно да ја подигне на повисоко ниво, изработил низа упатства, директиви, расписи и други значајни акти кои биле доставени до околиските, градските и месните младински организации. Упатствата, одлуките, писмата, и другите акти, донесени од страна на ЦК во еден краток временски период се сведоштва за неговата интензивна активност и настојување за развиток на македонското младинско движење.

За организационата структура на апаратот на ЦК НММ дознаваме од податоците изнесени во повеќе архивски документи. Но, за нашите научни истражувања најверодостојни според нашето мислење се, секако, податоците изнесени во извештајот на Надзорната комисија, поднесен за време на одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ. Според податоците од овој извештај можеме да ги извлечеме следните констатации. За апаратот на ЦК НММ како целина, а особено за неговите одделенија, може да се рече дека во периодот од Третиот до Четвртиот конгрес се наоѓаше во состојба на средување. Во 1947 година апаратот броел 23 члена. Одделенијата работеле во неполн состав од 1-3 члена. Ваквиот состав на апаратот не можеше да одговори на задачите кои ги постави Третиот конгрес на НММ. Спроведувањето на задачите поставени на Третиот конгрес наметнаа потреба апаратот да се пополнува со нови кадри, кои биле земани исклучиво од младинските раководства. Во 1948 година апаратот на ЦК НММ брои 50 члена што значи 2,17 пати повеќе или за 115% повеќе е зголемен во споредба со 1947 година. Во 1948 година, при ЦК НММ се формирани неколку нови одделенија: Кадровско одделение, со 3 члена и 2 отсека со 2 члена; Одделение за работа со селската младина со 3 члена. Освен тоа, при организациоото одделеие биле формирани посебни отсеци за статистика и информации.155) Во почетокот на 1949 година при ЦК е формирано одделението за работничка младина. Во оваа

година апаратот на ЦК во доволна мера се подобрува. За време на одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ, апаратот на ЦК брои околу 53 раководители и тоа по следните одделенија:

- организационо со 4 члена, 4 инструктори, 2 отсека со 2 члена.
- кадровско со 4 члена и 2 отсека со 2 члена.
- агитационо-пропагандно со 4 члена и 2 отсека со по 2 члена.
- училишно со 4 члена.
- одделение за работа со сојузот на пионерите со 3 члена и 2 отсека со 3 члена.
- за работни акции со 3 члена и еден инструктор (1) за фискултура и предвојничка обука со 5 члена и 1 инструктор
- за селска младина со 3 члена
- за финансии со 4 члена
- за работничка младина
- опошто одделение
- културно-просветно одделение

Била формирана и комисија за проучување на историјата на младинското движење.[156)]

Како што се гледа од наведените податоци се поголемата активност на народната младина и новите задачи, кои беа поставени пред младинските организации, ја наметнаа потребата при ЦК НММ да се создаде јак и броен апарат за да му помогне на Централниот комитет за поуспешно раководење во сестрана активност на младинската организација. По одржувањето на Четвртиот конгрес, спроведувањето на задачите во врска со донесената Резолуција за наредните задачи на НММ

помогна апаратот на ЦК се повеќе да се оспособува и да ја зголемува својата работна оперативност. Во годините по Четвртиот конгрес апаратот постојано се усовршуваше во организационен поглед, се надополнуваше со нови членови, беше составен од такви раководители кои беа способни самостојно да решаваат и да ги спроведуваат задачите. Апаратот на ЦК на НММ имаше значајна улога во спроведувањето на низа акции, како што се младинските работни акции, фестивалите, конгресите, и сл[157].

Со цел да се подобри воспитувањето на младината, се зголемува и грижата за нејзиниот културно-просветен живот, и се води сметка за поорганизирано учество на младинските работни акции беше формиран Главен штаб на работните бригади, кој за својата работа одговараше пред Централниот комитет на НММ. ЦК НММ, врз основа на одлуките и Статутот на ЦК НМЈ, имаше право, во зависност од потребите, да создава нови или пак да донесува одлуки за укинување на некои од постојните одделенија и отсеци. ЦК бираше и надзорна комисија, која ги решаваше молбите и жалбите на членовите на организацијата на НММ. Надзорната комисија имаше задача да ја контролира брзината и праведливоста при извршувањето на работите на одделенијата на ЦК и да врши надзор над финансиската и материјалната работа на ЦК. Надзорната комисија за својата работа одговарашее пред Конгресот на ЦК НММ. ЦК имаше задача да им пружа постојана помош на раководителите и на другите членови од неговиот апарат за нивно културно и општо образование. Така, во 1951 година од апаратот на ЦК НММ 18 раководители биле испратени да учат средно училиште, а 6 студирале на Скопскиот универзитет[158].

Од архивските материјали се дознава дека ЦК НММ сериозно се зафатил да ги помага околиските и градските младински

организации при спроведувањето наниза одлуки донесени на пленарните и на други состаноци и советувања. Како што покажуваат материјалите што ги истражувавме за постигање на оваа цел, ЦК ползуваше разни можности. Така во извештајот од 26 декември 1950 година, стои дека апаратот на ЦК НММ испратил на теренот екипи составени од инструктори со цел да ги согледаат најважните проблеми во работата на поедини младински организации и да дадат соодветна помош. Од споменатиот извештај се дознава дека во летото 1950 година три екипи на ЦК НММ дејствувале на теренот и укажувале помош на младинската организација за подобар развиток на културно-просветниот и идејно-политичкиот живот во организациите. Екипите ги посетиле младинските организации во Кумановска, Струшка, Радовишка, Прилепска, Кичевска околија и градот Струмица. Во ноември 1950 година ЦК НММ испртил две екипи на терено, едната со задача да ја согледа работата на активите на младината на село, а другата, пак, да им укаже помош на активите на работничката младина. Екипата за помош на активите на работничката младина укажала помош на 13 основни организации. Екипата за укажување помош на селската младина ги посетила и им дала соодветна помош на младинските организации во Штипска, Радовишка, Титоввелешка, гостиварска, Беровска, Струмичка, Охридска, Кумановска, Струшка, Царевоселска (Делчевска), Кочанска и Светиниколска околија[159]).

Покрај овие екипи од страна на ЦК НММ на теренот биле испратени и екипи за укажување помош на младинските организации во Тетово, Госивар и некои села во Скопска околија, за опфаќање што поголем број младинци и младинки припадници на народностите во младинската организација. Врз основа на пристигнатите информации од екипите кои дејствуваа на теренот, како и врз основа на извештаите и

информа циите од околиските и градските комитети на Народната младина, апаратот на ЦК ја следеше и ја проучуваше целокупната проблематика на младинското движење од повеќе аспекти. Ги согледуваше проблемите и предлагаше мерки за нивно надминување. Со цел да ги намали проблемите што се појавуваа во работата на младинските организации на теренот, апаратот на ЦК НММ од својата средина испрати и повеќе инструктори кои придонесоа со своите напатствија за зајакнувањето на младинските организации. Инструкторите покажаа голема активност и снаодливост во работата[160)].

## КАДРИ

Конгресните материјали ја одразуваат ориентацијата и правилните сфаќања на младинското раководство за повеќе актуелни прашања, а особено во врска со кадровското прашање. Изнаоѓањето нови организациони форми и принципи, сообразено со новонастанатите услови, го забрзуваше ширењето на Организацијата и нејзиното оспособување да ги собира околу себе и предводи младинските маси за зацврстување на воспоставениот социјалистички систем во земјата. Младинското раководство се раководеше од вообичаената мисла: "кадри решаваат се". Затоа, посебно внимание им посвети на младинските кадри, на нивното правилно воспитување и издигнување[161)].

Раководството на НММ беше свесно за фактот дека во воспитувањето и способноста на младинските раководители зависи успехот во воспитувањето на младината. Затоа, ЦК НММ посебно внимание му посвети на издигнувањето на младинските кадри. Четвртиот конгрес на

НММ истакна две основни слабости во кадровската политика: Мошне недоволната евиденција на младинските кадри и неразработениот систем на школувањето на кадри. Во толкувањето на главните причини за овие слабости паѓа во очи фактот дека тие, пред се, биле резултат на брзиот повоен развиток на младинската организација и на големите задачи кои во тоа време беа поставувани пред организацијата на НММ и нејзините раководства[162]).

За да се отстранат овие слабости неопходно било правилно водење на кадровската политика. Затоа, при ЦК НММ било формирано и одделението за кадри. Како што покажуват фактите утврдени во еден статистички извештај од 25 декември 1949 година, во 39 околиски и градски комитети во Македонија во 1948 година работеле 270 младински раководители. Бидејќи се водеше сметка за националниот состав на младинските раководства, од извештајот се гледа дека тој главно задоволува. Во младинските раководства тогаш имало Македонци 247, 15 Албанци, и 10 Турци. Во 1948 година во градските и во околиските младински раководства работеа 336 члена од кои 314 Македонци, 26 Албанци, 6 Турци, 9 Срби и 1 Влав. Во април 1949 година во составот на околиските и градските бироа имало 358 члена, од кои 320 Македонци, 26 Албанци, 10 Турци и 2 Власи.[163])

Според структурата на населението може да се каже дека задоволувал и социјалниот состав на младинските раководства. Така, од вкупно 349 младински раководители, колку што при крајот на 1948 година имало во околиските и во градските комитети на НММ, 150 се работници, 106 селани, 13 ученици, 20 интелектуалци и 60 други професии. Во 1949 година социјалниот состав на бироата бил следниот. Од вкупно 358 младински кадри работници се 202, селани 152 и студенти 4[164]).

Најголемиот број членови на околиските младински комитети воедно биле членови и на КПЈ. Од вкупниот број членови на околиските младински комитети, 91 биле членови на КПЈ од 1944 година, 45 члена од 1946 година, 94 члена од 1947, а во 1948 година се зачлениле 118. Почнувајќи од членовите на секретаријатите на околиските одбори на народната младина, повеќето раководители на народната младина, биле членови на партијата. Од овие податоци произлегува дека Народната младина на Македонија беше вистински резервоар на нови кадри за партиски и државни функции. Членовите на раководствата на СКОЈ истовремено биле и членови на секретаријатите на одборите на Народната младина.[165)]

Еден дел од младинските кадри се развивал во НОБ, бидејќи голем дел од младинските раководители биле учесници во НОВ и Револуцијата. Другиот дел на кадрите на Народната младина се развиваше во периодот на социјалистичката изградба. Младинските работни акции претставуваат големо училиште за младинските раководители. Од вкупниот број младински раководители, во 1949 година 90,6% биле учесници на сојузните или на републичките и локалните акции, каде стекнувале големи организаторски способности. Во втората смена на изградбата на патот "Братство-Единство", е организиран дваесетдневен курс за младински раководители, на кој биле обработени најосновните стручни прашања. Низ тој курс поминале скоро сите команданти на младинските бригади, меѓу нив и 9 од Македонија. Во подготовките, пак, за изградба на Нов Белград е организиран едномесечен стручно-политички курс, посетуван од 315 младински раководители, меѓу кои и 56 од Македонија. Пред курсевите за идеолошко политичко образование во 1948 година во Маврово се оспособиле 1300 младинци. Меѓутоа, треба да се подвлече дека

младинските раководства на теренот не биле секогаш во состојба правилно да го оценат значењето на тие курсеви, ниту пак при изборот на младинците и младинките за курсевите, ги давале најдобрите претставници.[166)]

ЦК на НММ посебно внимание посветил на идеолошко политичкото издигнување на младинските раководители. Во низата форми, што се организирани за нивното издигнување најзабележливи се младинските курсеви и едногодишните партиски училишта. ЦК на НММ во согласност со ЦК КПМ, во декември 1949 година, организирал двомесечен партиски курс во Скопје, а го завршиле 28 младински раководители. Во јуни 1949 година е организирана и едногодишна партиска школа, која ја завршиле 13, а во 1950 год. 11 младински раководители. Според извештајот на ЦК НММ од јуни 1949 година,94 претставници на младинските раководители во оваа година завршиле средна или нижа партиска школа, а 153 завршиле партиски курсеви. Голема помош во идеолошко-политичкото воспитување на младинските кадри даваше КПЈ[167)].

Голем број младински раководители од младинските раководства заминале на разни партиски и државни должности. Така, според горенаведениот извештај на ЦК НММ, 81 младински раководител во 1949 година заминале од младинската организација, 67 зазеле одговорни државни и партиски функции, а 14 заминале во редовите на Југословенската армија. Може да се констатира дека е постигнат извесен успех во идеолошко-политичкото образование на младинските кадри. Меѓутоа, факт е дека во тој поглед тогаш имало и голем број недостатоци. Како еден од недостатоците се смета и недоволно разработениот систем на школување на кадрите. Имено, партиските младински курсеви и партиските училишта во тоа време ни по својата програма ни по времето на

траењето не одговарале на соодветните потреби[168]).

Покрај курсевите и партиските училишта, одржувани се и специјални курсеви и семинари за пионерски и фискултурни раководители. Курсот за пионерски раководители организиран во 1950 година при ЦК НММ, траеше 2о дена со 20 слушатели. ЦК НММ, во заедница со ФИСОМ, е организатор на фискултурни курсеви. Во летото 1950 година во Скопје е одржан дваесетипетдневен фискултурен курс за пионерски раководители. Наставата на курсот ја посетувале 22 лица[169]).

За издигнување на идеолошко-политичкото образование на младинските раководители биле одржувани и разни семинари. Во 1951 година при ЦК НММ бил одржан семинар за оспособување на пионерски раководители за летните одморалишта, кој имал 120 посетители. Низ семинарите за пионерски раководители во 1952 година се оспособиле вкупно 320 лица. Исто така, одржувани се голем број семинари за оспособување раководители за училишта. Од еден извештај на ЦК НММ од крајот на 1952 година се дознава дека во летото 1952 година, во Скопје е одржан семинар за раководителите на училиштата, кој траел 10 дена, а го посетувале 252 слушатели. Семинари за раководители на стопанските училишта биле одржани во Маврово, Теарце, и Калишта, а имало вкупно 170 слушатели. Аналогно на ова, произлегува дека во текот на 1952 година на семинарите за раководители во училиштата се оспособиле 519 лица[170]).

Може да се заклучи дека поголемиот број од раководниот кадар на Народната младина биле учесници на НОВ, односно се воспитувале во тешките денови на војната. Тоа биле кадри кои биле проверувани низ многубројните акции во обновата и изградбата на земјата. Заедно со останатата младина, тие минуваа низ битката за извршување на Петтогодишниот план, стекнаа нови искуства и знаења и докажаа дека

можат да раководат со таква организација каква што е Народната младина.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА НММ

Организацијата на НММ во текот на своето дејствување работеше врз основа на својот Статут со кој беа регулирани прашањата од организационен карактер, како што се: составот на членството, начинот и примањето во организацијата, функционирањето на организацијата, правата и должностите на членовите и слично. Тоа значи дека НММ, беше во суштина демократска организација и се изградуваше врз демократски принципи. Според Статутот, член на НММ можеше да стане секој Македонец младинец и Македонка младинка, како и секој младинец и младинка од народностите и етничките групи што живеат во Македонија. Поради тоа што организацијата на НММ дејствуваше во легални услови, нејзините раководни органи беа избрани по пат на демократска процедура.

Во периодот од Третиот до Четвртиот конгрес со НММ раководеше Секретаријатот на Главниот одбор на Народната младина на Македонија во состав: Димче Беловски-престедател и членови Крсте Марковски, Ацо Шопов, Олга Арсова, Бошко Станковски, Јонче Фотев и Ката Видева.[170a)]

Според еден извештај од септември 1949 година организационата и кадровската структура на НММ е следната: Главното раководство го сочинуваа членовите на Бирото на НММ во состав Крсте Марковски, политички секретар на ЦК НММ, Гере

Герасимовски, организационен секретар и членовите Ката Видева, Џемаил Таири, Фана Кочовска, Саде Хамо и Данчо Нетковски.[170б)]

Македонија организационо беше поделена на области, околии и реони. Младинските раководства на овие организациони единици се векаа комитети.

а) Скопска област

Во составот на Обласниот комитет на НММ Скопје влегувале Јосифовски Влајко-организационен секретар, Милошевски Милан-одговорен за работни акции, Манојловска Марица-агитација и пропаганда, Јенузи Алија-училишта. Тодоровски Вељо-за пионерите и Стојановски Војо член. Под надлежност на Скопскиот областен младински комитет се наоѓаа: градски комитет на НММ, Скопје составен од 9 члена: политички секретар на Градскиот комитет бил Данчо Нетковски, а организационен секретар Миле Тодоровски; Првиот реонски комитет на НММ-Скопје, составен од 8 члена: организационен секретар Иван Блажевски; Вториот реонски комитет на НММ-Скопје, од 9 члена, политички секретар бил Богатинов Пере, организационен секретар Стојановски Спасе; Третиот реонски комитет на НММ-Скопје од 7 члена, политички секретар Илиевски Богољуб, организационен секретар Јовановски јован; Четвртиот реонски комитет на НММ-Скопје составен од 7 члена, политички секртар Давковски Павле, организационен секретар Илиевски Илија; Комитетот на НММ за Републички организации од 7 члена, политички секретар Арсова Олга, организационен секретар Ивановски Мице; Железничкиот комите на НММ-Скопје, од 7 члена, политички секретар Силјанов Драган, организационе секретар Павловски Александар; Комитет на НММ-Скопје на Народната милиција од 9 члена, политички секретар Методија Спасовски, организационен

секретар Цветан Димовски; Околискиот комитет на НММ-Ѓорче Петров од 6 члена, политички секретар Јован Данаилов; Околискиот комитет на НММ-Скопје составен од 7 члена, политички секретар Вељо Јеловски, организационен секретар Здравковски Крсте;Градскиот комитет на НММ-Маврово составен од 4 члена, политички секретар Мојсовски Видое, организационен секретар Стефановски Заке; Околискиот комитет на НММ-Гостивар од 7 члена, организационен секретар Несторовски Сандре, политички секретар Расим Мемеди; Околискиот комитет на НММ-Тетово од 7 члена, политички секретар Трпко Серафимовски, организационен секретар Бекири Џемаил; Градскиот комитет на НММ-Тетово составен од 4 члена, политички секретар Илија Николовски; Околискиот комитет на НММ-Крива Паланка од 7 члена, организационен секретар Спасовски Богдан; Околискиот комитет на НММ-Куманово од 8 члена, организационен секретар Величковски Драгиња, политички секретар Новко Цаневски; Градскиот комитет на НММ-Куманово од 9 члена, политички секретар Војо Стојанов, организационен секретар Здравковски Живко; Околискиот комитет на НММ-Титов Велес од 7 члена, организационен секретар Христов Мирко; Градскиот комитет на НММ-Титов Велес составен од 8 члена, политички секретар Крсте Спировски; Пружни комитет на НММ-Куманово-Свети Николе од 6 члена, политички секретар Илија Ангеловски. Во составот на Скопскиот областен младински комитет влегувал уште и Универзитетскиот комитет, составен од 7 члена, политички секретар Боро Каранфилски, организационен секретар Кирил Алексов.[170в)]

б) Битолска област

Обласниот комитет на НММ Битола се состоее од 9 члена и тоа: Велевски Мити-политички секретар, Јанакиевски Трајан-

организационен секретар, Василевска Коца-одговорна по работни акции, Велевска Олга-за работничката младина, Нелковски Крсте-селска младина, Јовановска Стана-пионери, Муча Фани-по училишта, Стојановски Нове-по фискултура, и Николовски Блаже одговорен за агитација и пропаганда.

Под надлежност на Обласниот комитет на НММ- Битола се наоѓаа: Градскиот комитет на НММ - Битола од 9 члена, политички секретар Бојчевски Јани, организационен секретар Гоцевски Сотир; Градскиот комитет на НММ-Прилеп од 8 члена, политички секретар Трајановски Гоце, организационе секретар Андоновски Блаже; Градски комитет на НММ-Охрид од 7 члена, политички секретар Сидоровски Ристо, организационен секретар Стефановски Блаже; Околиски комитет на НММ-Битола составен од 9 члена, политички секретар Манговски Алексо, организационен секретар Ѓоковски Крсте; Околиски комитет на НММ-Прилеп од 8 члена, политички секретар Димовски Иле, организационен секретар Трајковски Павле; Околиски комитет на НММ-Охрид од 9 члена, политички секретар Калусевски Коле, организационен секретар Милевски Благоја; Околиски комитет на НММ-Крушево од 7 члена, политички секретар Андреевски ставре, организационен секретар Ристовски Ангеле; Околиски комитет на НММ-Дебар од 9 члена, политички секретар Мицковски Ристо, организационен секретар Илиевски Ристо; Околиски комитет на НММ-Брод од 8 члена, политички секретар Лазаревски Предраг, организационен секретар Цветановски Васил; Околиски комитет на НММ-Кичево од 9 члена, политички секретар Ираковски Ристо, организационен секретар Магдановски Целе; Околиски комитет на НММ-Дебар од 9 члена, политички секретар Наумовски Душан, организационен секретар

Попраниге Демир; Околиски комитет на НММ-Струга од 7 члена, политички секретар Инает Риза, организационен секретар Дуковски Наум; Околиски комитет на НММ-Охрид од 9 члена, политички секретар Калашевски Коле, организационен секретар Милевски Благоја; Околиски комитет на НММ-Ресен од 7 члена, политички секретар итовски Крсте, организационен секретар Милевски Глигор.[170г)]

в) Штипска област

Обласниот комитет на НММ-Штип го сочинуваа 9 члена и тоа: Русковски Ѓорѓи-политички секретар, отевска Стојна-организационен секретар, Атанасов Митко-агитација и пропаганда, Прешевски Митко-училишта, цева Марија-одговорна по пионери, Тодорова Блага-по задругарство, Ивановски Тоше-по работна младина, Исмаиловски Кемал-по финансии и Прошевски Киро-политички секретар на Градскиот комитет на НММ-Штип. Под надлежност на Обласниот комитет на НММ-Штип се наоѓаа: Градскиот комитет на НММ-Штип под 9 члена, политички секретар Прешевски Киро, организационен секретар Реџеповски Рашит; Околискиот комитет на НММ-Штип од 7 члена, политички секретар Арсовски Ставре, организационен секретар Наковски Манаско; Околиски комитет на НММ-Свети Николе од 9 члена, политички секретар Зафировски Блаже, организационен секретар Серафимовски Русе; колискиот комитет на НММ-Кавадарци од 6 члена; Околиски комитет на НММ-Берово од 7 члена, политички секретар Цибанска Мара, организационен секретар Чабуковски Тимко; Околиски комитет на НММ-Радовиш од 9 члена, политички секретар Спасов Добре, организационен секретар Камчев Славчо; Околиски комитет на НММ-Струмица од 9 члена, политички секретар Јовановски Ристо, организационен секретар Николовски Данчо; Околиски комитет на НММ-

Гевгелија од 9 члена, политички секретар Васевски Вано, организационен секретар Ицевски Ристо; Околиски комитет на НМММ-Кратово од 8 члена, организационен секретар Крстевски Владо;Градски комитет на НММ-Струмица од 9 члена, политички секретар Данаиловски Данчо, организационен секретсар Стојановски Алекса; Околиски Комитет на НММ-Кочани од 6 члена, политички секретар Георгиев Ѓорѓи, организационен секретар Јефтимов Лазар; Околиски комитет на НММ-Штип од 7 члена, политички секретар Арсовски Ставре, организационен секретар Наковски Маносија; и Околиски комитет на НММ-Царево село (Делчево), политички секретар Котевски Љубомир и организационен секретар Попова Мирослава.[170д)]

Од горниве податоци се гледа дека организацијата на НММ при крајот на 1949 година дејствуваше во три области, 32 околии, 9 града и четири реона. Организацијата на НММ претставуваше моторна сила за мобилизација на младината во разни свери во животот.

## ОРГАНИЗАЦИОНО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЛАДИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Разгледувањето и оценувањто на организационата политика на Народната младина на Македонија во раздобјето 1948-1953 година ќе биде поуспешно доколку повеќе се надоврзува на правилни заклучоци што ги наметнува анализата. Предмет на нашата анализа е како суштината и развитокот на создавањето на новите социјалистички односи, така и целиот сложен сплет на околностите сврзани со

секојдневната активност на младината за нејзиниот организационен растеж. При тоа секако дека мораат постојано да се имаат на ум, од една страна дејствата и стремежите на младинската организација која, со сите свои обележја и карактеристики во овој петгодишен период, беше свртена кон борбата за обнова и изградба на земјата, како и кон барањата форми на борбата за нејзино организационо зајакнување. Процесот за натамошна изградба и стабилизација на младинската организација во Македонија, се одвиваше преку секојдневните економско-политички и културно-просветни акции. Тие акции, меѓу другото се каратеризираат со забрзано зголемување на основните младински организации и омасовување нанејзиното членство. Младинската организација ја обединуваше во своите редови работничката, селската, студентската и средношколската младина. По одржувањето на Третиот конгрес на НММ, со помош и активна подршка на највисокото републичко младинско раководство, се создадоа поповолни услови за организационо зајакнување на НММ.

Растежот на членството на младинската организација, во поголема мера бил последица на донесените одлуки на Четвртиот пленум на Земското собрание на НММ одржан во февруари 1948 година. На овој пленум за прв пат беше опстојно и сетрано анализирано прашањето за опфатот на младината од албанската и турската народност од Македонија. Во почетокот на 1948 година, поточно во средината на февруари истата година, членови на младинската организација од албанската и турсктат младина имало многу мал број. Така во Гостиварска, Кумановска и Скопска околија, во оние села каде живееле припадници на албанската и турската народност најчесто не постоела младинска организација.

Младинците од албанската и турската народност во ова време веројатно немаа пречистени разбирања за значењето на младинската организација. Тоа го покажуваат истражувањата од сочуваната документација. Така, на пример, од вкупно 5.86О младинци и младинки од албнската народност од Гостиварска околија во 1948 година, мнозинството не биле членови на младинската организација. Од младинците од албанската народност од Гостиварска околија, во младинската организација биле опфатени само 1.456 младинци и младинки. Од нив 1.428 се младинци, а само 28 младинки Албанки. Вкупниот број на младинци и младинки од албанската народност од Гостиварска околија во почетокот на 1948 година надвор од организацијата бил 4.404 лица.[170ѓ)] Од 666 младинци и младинки од албанската народност во Скопје само 266 биле членови на младинската организација, и тоа 214 младинци и 52 младинки Албанки. Тоа значи дека надвор од младинската организација во Скопје имало 400 младинци и младинки од албанската народност.[170е)] Во Скопје според еден документ од 24 февруари 1948 година 40% од младината од турската народност била опфатена во младинската организација, а од младината од албанската младина само 25,6%.[170ж)]

Настојувањата и извлекувањата на Македонија од наследената заостанатост мошне рељефно се покажува и во насоките и резултатите за организационо зајакнување на младинската организација. За поефикасно да ги продолжи извршувањето на задачите што ги наложуваше индустријализацијата и сефкупниот економски развиток, младинската организација настојуваше да привлече на своја страна што поголем број младинци. Значи, во спроведувањето на политиката за побрз економски развиток и планска изградба на

земјата, се форсираше и организационото зајакнување на младинската организација.

Околностите и факторите што влијаеја за растежот на младинската организација условија зголемување на нејзиното членство. Тоа многу добро го покажуваат следните статистички податоци: при крајот на ноември 1947 година младинската организација на Македонија имала 77.732 члена, при крајот на декември 80.000 члена, а при крајот на јануари 1948 година 83.423 члена. Заклучно со третото тромесечие на 1948 годинаЃ, односно во почетокот на октомври Организацијата на НММ имала 96.723 членови, односно 79,50% од вкупниот број на младина на Македонија.[170з)]

Врз основа на внимателно проучување, анализирање и споредување на сите познати и достапни статистички податоци од овој период, со доста голема сигурност може да се заклучи дека националната (етничката) структура на младината од Македонија при крајот на септември 1948 година изгледаше вака: Македонци 71.033, Албанци 14.530, Турци 6.571, Срби 1.872, Власи 866, Црногорци 71, Хрвати 63, Словенци 26, Руси 73, Бугари 36, Чеси 31, Романци 2, Македонски муслимани 425, разни 790.[170s)] Значи, во организацијата на НММ заклучно со септември 1948 година биле зачленети 96.723 младинци и младинки. Анализата на националната структура на младинската организација на Македонија во 1948 година, исто така, посредно укажува на трендовите, односно на состојбите во младинската организација во рамките на целокупната бројна младинска структура во соодветниот степен на општествениот развиток.

Во декември 1948 година бројот на членовите на младинската организација изнесуваше 99.210 членови или 82,33% од

вкупниот број на младина од Македонија. Во архивската документација од ова време се провлекува сваќањрто дека од вкупно 19.210 новопримени членови во младинската организација во Македонија во 1948 година, 12.238 биле од редот на селската младина. Од вкупниот број новопримени членови во 1948 година 3.341 биле припадници на младината од албанската народност и 2.072 на младината на турската народност.[170и)] Од горниве податоци се гледа дека организационото зајакнување на младинската организација во Македонија е особено забележливо во 1948 па и во 1949 година.

Во еден напис "Нашата организација", објавен во март 1949 година во "Млад Борец", по куса ретроспектива за учеството на младината во НОВ и Револуцијата, се изнесени ставовите и мотивациите на младината во обновата и изградбата на земјата, како и констатацијата дека со нејзиното учество во младинските работни акции организацијата постепено се зајакнува. Овој број на "Млад Борец" ја донесува и програмската статија на Организацијата "Да ја зајакнеме младинската организација". Во неа прецизно се поставени задачите пред кои била исправена организацијата:натамошно формирање активи на НММ во цела Македонија; одржување широки масовни конференции и собири на кои ќе земат учество сите младинци и младинки; објаснување целите на младинските работни акции. Посебно се подвлекува потребата организациите на НММ да го координираат своето работење низ цела Македонија, на кој начин македонската младина би станала моќна сила на Народниот фронт на Македонија.

Имајќи ја во предвид основната задача на организацијата-да изврши широка политичка мобилизација меѓу младината ЦК на НММ во програмската статија сугерира во комитетите

и активите на НММ широки по бројот на членството, најпрво да влезат најнапредните младинци и младинки.Обично се имале предвид првенствено оние кои се истакнале за време на НОВ и Револуцијата и во дните по војната. Но, тие форуми и тела не се затворени и за сите оние кои сакале да работат во полза на новото општествено уредување. Според содржината на програмската статија, во младинските активи на НММ требало да влезат младинци и младинки од сите вери, народности и општествени слоеви. Тоа значи дека активите и комитетите на НММ требало да го симболизираат единството на младината од Македонија, кое што постои во најшироките редови на младината. Младинските комитети, како што се наведува во документот, не би смеело да станат некаков вид зачаурени тела, чија работа би се свела само на комитетски седници. Спротивно, тие би требало да претставуваат "живи органи" за одржување широки масовни конференции, за активирање на младината во младинските работни акции, нарочно на младината од село, на работничката, на студентската, на средношколската итн., односно на сите оние кои сакаат и се подготвени да дадат се од себе за доброто на својот народ и татковина.

Најважна задача за зајакнување на Организацијата, сепак, и понатаму претставувало единството и политичкото издигнување на младината. До НММ од страна на ЦК НММ е упатена и една препорака за да го најдат своето место во младинската организација, како што се вели во препораката сите оние младинци и младинки кои дотогаш стоеле надвор од редовите на организацијата на НММ, да се вклучат во нејзините редови. Во препораката се инсистирало во младинската организација да бидат опфатени сите младинци од Македонија, без разлика од нивната вера, пол или национална припадност, односно без оглед на тоа

дали се православни или муслимани, независно од тоа дали се Македонци, Албанци, Турци или Власи. Освен тоа се настојувало да се опфатат сите младинци од село, работници, интелектуалци, сите оние младинци што се чесни родољуби и што сакаат да помогнат во изградбата на земјата и во развојот на новите општествени процеси.

Весникот "Млад Борец" допирал до сите катчиња ширум Македонија и се читал како една од поомилените лектири на собирите и конференциите на НММ. Дадените објаснувања и насоки од ЦК НММ, ги забрзаа и ги зголемија, од своја страна, развојните процеси на организационото зајакнување на младинската организација. Истовремено, на своевиден начин се придонесло и за отстранувањето на извесни дилеми кај оној дел од младината, кој дотогаш стоел настрана од организацијата.

Во пресрет на Четвртиот конгрес на НММ, со победнички ентузијазам се пристапило кон формирање на активи и комитети на НММ и во оние населни места каде што дотогаш не постоела младинска организација. Според документацијата што ја имавме на располагање, можеме да изведеме заклучок дека раководствата на младинската организација во поедини околии во Македонија извршиле анализа на состојбата на младинските активи, а во врска со тоа успеале да останат извесни слабости и недостатоци во нивната работа. Како резултат на активноста што ја покажале некои младински раководства, дошло до позабележителни резултати во организационото зајакнување на младинската организација во односната околија, а аналогно на тоа дошло и до опфаќањето на поголем број дотогаш неопфатени младинци и младинки во организацијата.

Во периодот пред одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ, со безначајни исклучоци, цела Македонија била покриена со

активи на НММ, на АФЖ, на Народниот фронт, на единствените синдикати и слично.

Описите на зачленувањето во младинската организација сочувани се со впечатливо воодуевување на тие полетни денови. Тие се однесуваат на се она што се случувало особено во селата каде доминирал свечениот миг при зачленувањето на младината при организацијата на НММ. Така, на пример, еден извештај на младинската организација за Битолска околија од декември 1949 година, меѓу другото, содржи и детаљи од атмосферата на денот на зачленувањето на младинците и младинките во младинската организација во селото Дихово: "Над 100 младинци и младинки се собраа во училиштето во селото Дихово. Тие беа облечени во празнично руво. Пред да почне конференцијата, разговаравме со нив. Им раскажувавме за настаните кај нас и во светот. Им кажувавме слики од "Млад Борец", на една од нив имаше две младинки како ги учат неписмените да пишуваат и читаат".[170j)]

И во училиштата во селата Црнец, Трновци, се вели во цитираниот извештај, голем број младинци од турската народност покажале интерес да станат членови на организацијата на НММ. Од овој младински документ дознаваме дека организацијата на младината бележи евидентни успеси во Битолска околија. Во оклијата имало околу 6.772 младинци и младинки, од кои до почетокот на 1949 година во младинската организација биле опфатени и 5.963 лица. Кон средината на април 1949 година младинската организација во Битолска околија бројно се зголемува. Според цитираниот извештај во тоа време имала 6.639 младинци и младинки.[170к)] Според податоците, пак, изнесени во извештајот на младинското раководство за Кавадаречка околија од април 1949 година, може да се забележи дека во оваа околија младинската

организација е доста зајакнета. Според овој извештај, близу 100% од младинците и младинките во Кавадаречка околија биле членови на младинската организација.[170л)] Од еден друг сочуван документ, се дознава дека во Струмичка околија во средината на април 1949 година непосредно пред одржувањето на Четвртиот конгрес голем е бројот на младинците и младинките кои станувале членови на младинската организација.[170љ)] Во Кочанска околија во претконгресниот период биле формирани 9 нови младински активи кои опфаќале поголем број младинци и младинки, а во Кумановско и Светиниколско делувале неколку ново формирани младински активи кои опфатиле повеќе од стодваесетина младинки-Турчинки. Формирањето на активите на НММ, имаше за задача уште помасовно да ја вклучат народната младина во процесот на изградбата на новото општествено уредување. Изборот за активиста во младинските активи од редот на младинката особено Турчинка или пак Албанка не значеа само формална потврда на нејзиното право да биде еманципирана, туку претставуваа воедно, и израз на полна доверба на младинката припадник на народностите, која совесно и со чувство на полна одговорност пристапила кон исполнувањето на поставените задачи. На овој начин младинката-Албанка и Турчинка уште еднаш ја доживува својата најреволуционерна трансвормација на слободната личност. Воодушевена од победата како што констатира д-р Вера Весковиќ-Вангели ”таа ги премостува верските догми и строгите норми на патриархалното семејство и спротивставувајќи му се на обичајното право”,[170м)] раскинува со вековната ропска традиција. Како резултат на тоа младинката Албанка и Турчинка пристапуваат во претконгресниот период во редовите на младинската организација. Посебна активност во претконгресниот период, во

омасовување на младинската организација покажала младината од Гостиварско,Тетовско, Струмичко, Кратовско како и младината од Скопје. Така само за три месеци поточно во текот на февруари, март до средината на април 1949 година во организацијата на Народната младина во Струмичко и Тетовско зачленети се преку 2.500 нови членови.

Статистичкиот извештај на ЦК НММ од март 1949 година е еден можен начин да се доближиме до историската реалност за бројната состојба на членовите на организацијата на НММ. Овој извештај е базиран врз основа на податоците од пописот што го извршиле учителите во текот на февруари 1949 година. Бидејќи во моментот не располагавме со друг по мериторен материјал се обидовме да ги анализираме податоците од горенаведениот статистички извештај. Според овој извештај бројната состојба на младинската организација во Македонија во март 1949 година е следната: Скопје 11.004 членови на НММ, Прилеп 1.943, Титов Велес 1.205, Струшка околија 1.989, Охридска околија 2.319, Гевгелиска околија 3.096, Царево Селска околија 1.424, Крушевска околија 773, Свети Николска околија 3.807, Ѓорче Петровска околија 2.493, Прилепска околија 3.865, Битолска околија 5.963, Титовелешка околија 2.844, Скопска околија 4.566, Демир Хисарска околија 1.446, Струмичка околија 2.987, Штипска околија 1.012, Кратовска околија 1.524, Бродска околија 1.199, Криво Паланечка 1.353, Струмица 1.462, Кавадаречка околија 3.609, Тетово 1.497, Битола, 3.599, Штип 1.240, Гостиварска околија 3.578, Ресенска околија 2.710, Дебарска околија 1.944, Кумановска околија 4.716, Тетовска околија 8.973, Радовишка околија 1.843, Куманово 1.339, Охрид 747, Кичевска околија 2.313, Беровска околија 1.060, Кочанска околија 1.857 и Унивезитетот "Крил и Методиј" 709 члена.[170н)] Од горните податоци се гледа дека младинската

организација постигнува растеж. Нејзиниот број изнесуваше тогаш 100.008 лица.

Бројот на основните организации на Народната младина на Македонија непосредно пред Четвртиот конгрес изнесуваше 2.020. Бројната состојба на основните организации на народната младина на Македонија, од Третиот до Четвртиот конгрес на Народната младина се зголеми за 574. Дојде до рапидно зголемување и на бројот на членовите на младинската организација. Во знак на натпреварувањето за Четвртиот конгрес на НММ, во деновите непосредно пред одржувањето на конгресот според едни статистички показатели организацијата на НММ имала 111.134 члена. Тоа значи дека во средината на април 1949 година, во споредба со почетокот на 1947 година, кога младинската организација на Македонија имаше вкупно 53.000 членови, бројот на членството на младинската олрганизација е двојно зголемен.

Покрај сите горни факти и показатели, мошне важен е и социјалниот состав на членството на Народната младина на Македонија. Според расположивите документи тој е ваков: земјоделци-73.258; работници- 15.740; ученици-15.140; студенти и други-7.075. Националниот состав на младинците членови на организацијата, пак, бил следниот: од вкупно 111.134 членови, Македонци биле-85.502; Албанци-16.298; Турци-6.020; и други 3.661.[170њ)]

Учеството на младината во разни сегменти од општњствено-политичкиот и културно-просветниот живот, одиграа значајна улога во омасовувањето на организацијата на младите.

# ГЛАВА ТРЕТА

# МЛАДИНСКИ РАБОТНИ АКЦИИ

## ГЛАВЕН ШТАБ НА МЛАДИНСКИТЕ РАБОТНИ БРИГАДИ

Највисока организациона форма за раководење во младинските работни акции во оваа развојна етапа беше Главниот штаб на младинските работни бригади. Тој претставуваше раководен, инструктивен и контролен орган. Управуваше со целокупната воспитна, и идејно-политичка работа, со организирањето на предвојничката обука, со културно-просветниот и забавниот живот на младинските бригади што учествуваа во младинските работни акции. Со цел организационо да ја унапреди и обедини дејноста на младинските работни бригади, Главниот штаб донесуваше низа директиви и упатства. Вршеше контрола над извршувањето на задачите и над работата на курсевите за издигнување на раководители во младинските организации. Со нив раководеше директно односно преку своето организационо одделение. Ја контролираше евиденцијата, трошењето и расходувањето на материјалните добра што се наоѓаа под надлежност на управите. Раководителите на штабовите на бригадите, за работите од својот делокруг, одговараа пред Главниот штаб[171].

Главниот штаб функционираше како колективно

раководство. На чело се наоѓаше командантот којшто, воедно претставуваше и најодговорно лице за извршување на работите на Штабот. Главниот штаб беше составен од 9 члена. Во неговиот состав влегуваа: командантот, 2 заменици, одговорното лице за културно-просветна работа, раководителот за агитација и пропаганда, раководителите за фискултурната и предвојничката дејност, раководител за работа на странски бригади и гости и раководителот за специјални бригади. Секој член на штабот раководел со работата на одделение или отсек, па настојувал да ги реализира програмата за работа и решенијата донесени од Главниот штаб. Во организационен поглед во составот на Главниот штаб имало 3 одделенија и тоа: Организационо, Културно-просветно и Агитационо-пропагандно одделение[172).

Организационото одделение го сочинувале раководител и 6 инструктори. Тоа одделение извршувало работа насочена исклучиво во организациона насока. Анализата на обемот и карактерот на дејноста што ја презеде Организационото одделение, укажува дека неговите членови меѓусебе извршиле поделба на работата врз територијален принцип. Тројца од инструкторите имале задача да го организираат и унапредуваат внатрешниот живот на младинските бригади. При организационото одделение се формирани отсек за статистика и отсек за натпреварување. Во отсекот за статистика раководствата на бригадите биле должни да поднесуваат десетодневни извештаи за бројната состојба на младинците на сојузните, републичките и на локалните работни акции. Во составот на отсекот за натпреварување влегуваа инструкторот и уште два члена. Но главната работа на овој отсек, беше грижата за натпреварувањето на градилиштата. Во непосредното извршување на оваа работа, Отсекот по правило решаваше со заклучок. Имено, по пат на анализа на податоците од

отсекот за статистика и врз основа на доставените мислења од страна на секциските раководства, отсекот за натпреварување доставуваше предлог до Главниот штаб за доделување преодно знаме на најдобрата младинска бригада [173]).

Во организационен поглед, Културно-просветното одделение го сочинуваа 4 отсека: отсек за предавања,културно-забавен отсек, за културно-уметничка работа и отсек за собирање документационен материјал. Културно-просветното одделение работеше врз основа на планот и програмата донесени од Централното собрание на Народната младина на Македонија. Отсекот за предавање бил составен од 4 члена, од коишто едниот бил раководител. Еден член од овој отсек бил задолжен да се грижи за стручни предавања, друг за научно-популарни, а трет за политички предавања. Членот на отсекот кој бил одговорен за политичките предавања, настојувал во нив да внесе најчесто содржини од историјата на младинското движење на Југославија. Според расположивите податоци, во текот на една недела во секоја бригада се одржувале по две предавања од областа на историјата, а во текот на една смена биле одржувани околу 16 такви предавања. Од извештајот на Главниот штаб од октомври 1949 година, дознаваме дека во текот на таа година културно-просветното одделение на младинските работни акции ангажирало триесетина предавачи. Тоа биле пред се студенти од Скопскиот универзитет и десет просветни работници од средните училишта на Македонија, како и 4 други интелектуалци.[174])

Културно-забавниот отсек имал задача да го развива и издигнува на повисоко ниво културно-забавниот живот во младинските бригади на градилиштето општо. Отсекот имал раководител и 3 члена. Отсекот за културно-уметничка самоиницијатива ја развивал иницијативата

меѓу бригадирите од областа на музичкото, ликовното, драмското и фолклорното творештво. Отсекот за собирање документационен материјал посветувал внимание на собирањето документационен материјал создаден за време на работата на младинските работни бригади.

Одделението за агитација и пропаганда одигра значајна улога во популаризирањето на младинските работни акции и придонесе за помасовно учество на младината во нив.[175)]

## СОЈУЗНИ МЛАДИНСКИ РАБОТНИ АКЦИИ

Конкретните историски и други околности и текови во периодот 1948-1953 г. доведе до тоа за сојузни акции да бидат прогласени Автопатот "Братство-Единство", изградбата на "Нов Белград" и "Бања Лука-Добој" и "Железник".

Организирањето на сојузните акции како акции од повисок ранг е сосема очигледен, убедлив пример и доказ за тоа какви се формите и карактерот на младинските зафати и достигања. Тие се јавуваат како императив на времето и ги одразуваат новите превривања и насоки кои се најтесно поврзани и условени од непосредните потреби и барања на општествено-економскиот живот, стварност, структура и положба на Македонија и на Југославија пошироко.

Појавата на ваквите акции беше условено од сознанието на младите генерации во Југославија. Тоа беа генерации кои никнуваа од пазувите на новото југословенско општествено-економско уредување и генерации кои сфатија дека интересите на општеството се во стварност нивни сопствени интреереси. Овие стремежи ја прават младината да биде

поборник за една општонародна акција за изградба на татковината, за преобразување и за напредок. Сосема логично од тоа произлегува и нејзината масовна присутност на сојузните акции. Но, без врска со тоа не се ниту настојувањата на најодговорните политички и младински фактори и органи во Југославија. Тие се изразени преку повеќе усвоени резолуции во врска со прашањето за учество на младината на сојузните акции, сепак се успеало во остварувањето на тенденциите во врска со овие акции.

За подрачјето на Македонија, особено е карактеристично што раководствата на НММ прашањето за сојузни акции го сфатиле како неопходна потреба. Земското собранието на НММ, односно ЦК на НММ повеќе или помалку потпирајќи се на соопштенијата од младинските раководства на теренот, во врска со учеството на младинците од Македонија на сојузните акции, застапуваше стојалиште дека на тие акции од Македонија би требало да земат учество што поголем број младинци и младинки.Се пристапи во прв ред кон оспособување на сообраќајот, особено кон оспособување и изградба на железнички пруги, патишта и мостови, зашто тоа беше основен услов за меѓусебно поврзување на сите делови на земјата.

Во годините по Втората светска војна, поради вонредната состојба, како и поради брзиот развиток на крупните историски настани и промени во Југославија, прашањето за сојузни младински работни акции доби актуелност. Затоа, СКОЈ и НМЈ станувaа подржувачи на идеи во поглед на организирањето вакви младински работни акции. Искуствата стекнати во организирањето на работните акции за обнова и изградба на земјата,како и порастот на единството, меѓу политичките сили на младинското движење во Југославија, беа битни елементи кои извршија позитивно влијание врз определбата на НМЈ, во 1947 година да започне

реализацијата на уште една голема обврска на младината од Југославија. Тоа беше изградбата на младинската пруга "Шамац-Сараево", која започна на први април 1947 година[176)].

Бидејќи претставува почеток на една од најсветлите работни победи на здружената младина од сите краишта на Југославија, Народната младина на Југославија 2 април го прославуваше како ден на младинските работни бригади. Долга 242 километри пругата "Шамац-Сараево"била завршена и предадена во сообраќај истата година, 12 дена пред рокот. Во нејзината изградба учествувале 217.343 младинци и младинки (меѓу тоа 5.683 од странство, и 11.267 младинци и младинки (од Македонија) учествуваа во 1947. Од извештајот на Главниот Штаб на младинските бригади, се дознава дека младината покажала голема активност при изградбата на насипи и при пробивањето тунели. Според податоците изнесени во овој документ, може да се констатира дека младинците и младинките, учесници во изградбата на пругата "Шамац-Сараево", ископале, пренеле и вградиле околу 5.520.000 метри кубни земја и камен. Според расположивите податоци, само во текот на август 1947 година по должината на целата траса истовремено работеле околу 100.000 младинци и младинки и 6.000 инженери, техничари и други стручни работници. Покрај овие работи, младинците изградиле и 17 мостови во должина од 90 до 100 метри и 800 помали мостови, чија должина вкупно изнесувала 2.267 метри. Најголем мост бил Мостот на народната младина на Југославија, чија должина изнесуваше 600 метри, со железна конструкција тешка 832 тони.Поставија 302 км.железнички колосек, пробиле 9 тунели со вкупна должина од 2.478 метри, најголем меѓу нив бил познатиот "Врандук", долг 1.534 метри. Тој бил најтешкиот објект на изградбата на пругата "Шамац-Сараево", па бригадирите на него работеле деноноќно. Изградбата на

младинската пруга "Шамац-Сараево" играше се позабележлива улога во стопанскиот живот на Југославија. Нејзиното значење не е само во тоа што претставува значаен објект на Петгодишниот план. Изградена со доброволна работа на младината,оваа пруга во аналите на младинското движење во Југославија влезе и по белезите кои ја карактеризираат нејзината организираност. Тоа се невиденото темпо на работа и познатиот ентузијазам на младинците и младинките[177)].

Во втората година на Петгодишниот план, Народната младина на Југославија, односно на 1 април 1948 год. ја започна изградбата на на делницата на автопатот "Братство-Единство", Загреб-Белград во должина од 382 км. Тито во еден говор, меѓу другото, вели: "За да бидеме напредна земја мораме да градиме нови модерни патишта. Прво ќе почнеме со изградбата на Автопатот "Белград-Загреб" и на тој начин ќе ги поврземе не само нашите два најголеми града туку и многу наши краеви кои на Автопатот ќе се наслонуваат. Веднаш потоа ќе продолжи изградбата на Автопатот од Загреб до Љубљана и на Автопатот од Белград до Гевгелија. На тој начин ќе се овозможи поврзување на најсеверните краишта на Југославија со крајниот југ во Македонија"[178)].

Првата републичка бригада од Македонија за изградбата на автопатот Белград-Загреб, тргнала на 28 март 1948 година (во 13,50 мин) од Скопје. Доверливиот извештај од Главниот штаб на оваа младинска работна бригада, што е испратен до Земското собрание на Народната младина на Југославија е конкретен во опишувањето за бројната состојба на учесниците. Според податоците изнесени во овој документ, бригадата имала 281 лице, и тоа: од Битола 95 младинци и младинки, од Охридска околија 32, Титоввелешка 16, Кавадаречка 10, Кривопаланечка 17, Гевгелиска 20, Штипска 32, Светиниколска 25,

Струмичка 27, и Кочанска 7.[179)]

Од овие податоци произлегува дека бригадата била составена од младинци и младинки од повеќе краишта на Македонија. Споредбата на податоците покажува дека најголем е бројот на младинците од Битола. Ова секако се должи на организационото зајакнување на битолската младинска организација. По донесувањето на Првиот Петгодишен план, во Битола се очигледни процесите на крупни преобразувања, што се најтесн поврзани со организационо-структурните промени на младинската организација. Спореd годишниот извештај на ЦК НММ од 27 јануари 1949 година, се дознава дека во изградбата на Автопатот Белград-Загреб, од Македонија во 1948 година учествувале вкупно 2.053 лица, и тоа 1841 младинци и 212 младинки.[180)]

Од истиот документ дознаваме дека од 1 април до 1 јули 1948 г., покрај Првата македонска републичка бригада, во изградбата на Автопатот Белград-Загреб учествуваа Третата и Четвртата македонска републичка бригада. Третата бригада била составена од 250 младинци, и тоа од Ресенска околија 70, Битолска 70, Прилепска 40, Струшка 30, и Струмичка 40, а во составот на Четвртата македонска републичка бригада имало 200 младинци и тоа 60 од Бродска околија, 10 од Кратовска, 30 од Штип, 40 од Штипска околија, 20 од Демир Хисар, 20 од Кочанска околија и 20 од градот Охрид. Во изградбата на Автопатот Белград-Загреб, видна активност покажала и една средношколска бригада составена од 1307 младинци и младинки[181)].

Во првата смена при изградбата на Автопатот Белград-Загреб учествувале 795 младинци и младинки од Македонија, во втората смена 395, а во третата 863 младинци од Македонија. Младинците и младинките од Македонија, учесници во изградбата на Автопатот Белград-

Загреб дале 147.705 работни дена, или изразено во работни саати изнесувало 706.232 саати. Ова пак, изразено во тогашни динари, претставувало допринос од 10.593.480 динари. Од еден друг пак, извор, се дознава дека во 1949 година, на Автопатот "Братство-Единство" и "Нов Белград" од Македонија учествувале вкупно 13.067 младинци и младинки, а во 1950 година на Автопатот "Белград -Загреб учествувале 5.585 акцијаши, што значи за 150% е зголемен бројот на учесниците во 1950 година од Македонија во споредба со 1948 година[182].

При разгледувањето на прашањето на изградбата на Автопатот "Братство-Единство" се подразбира уште и анализата на богатиот фактички материјал. Тој материјал треба да одговори и на прашањето како за неполни три години е завршена изградбата на Автопатот "Белград-Загреб". На 30 јули 1950 година бил пуштен во сообраќај модерниот асвалтен пат, широк 9 м., а долг 381 км. и 672 метри. За ваквиот гигантски потфат, биле потребни многу работни луѓе. Покрај младинските работни бригади во изградбата на Автопатот учествуваа и стручни лица како и припадници на Југословенската Народна Армија. Според расположивите архивски податоци можеме да заклучиме дека во текот на изградбата на Автопатот учествувале вкупно 319.155 младинци и младинки од сите краишта на Југославија, и 120.000 младинци од странство од 32 земји. Од овие податоци се дознава дека 70.000 припадници на Југословенската Народна Армија учествувале во изградбата на Автопатот. По бројот на учесниците може да се каже дека изградбата на Автопатот "Братство-Единство" е една од најголемите работни акции во Југославија во тоа време. Во текот на изградбата на автопатот младинците и младинките ископале и вградиле 17.660.187 метри кубни земја. Автопатот е само за 5% подолг од воздушната линија Белград-Загреб, а за 76 км.

пократок од стариот пат[183]).

Изградбата на автопатот "Белград-Загреб" имаше големо економско значење. Тој придонесе за подобрување на транспортот во Југославија воопшто. Овој автопат, исто така, имаше решително значење за намалување на потрошувачката на горивото, и одигра позитивна улога во однос на продолжувањето векот на траењето на транспортните средства. Времето на возење по стариот пат било доста подолго, но со изградбата на Автопатот "Белград-Загреб", врз основа на пресметките и анализите на стручни лица, се постигнало побрзо возење за 40 км на час[184]).

Изградбата на автопатот "Братство-Единство" претставуваше уште и големо животно училиште, низ кое секоја година тогаш поминувале по стотина илјади младинци и младинки од Југославија. Во текот на изградбата на автопатот тие покажаа голем ентузијазам во работата. Во потврда на тоа ќе ги изнесеме следните статистички податоци: од вкупно 9 бригади од Македонија, во изградбата на Автопатот во 1948 година по прв пат за ударни биле прогласени две бригади, по втор пат, исто така, две бригади по трет пат 3 бригади, и по четврт пат, една младинска бригада. Значи, од Македонија, вкупно биле прогласени 8 ударни бригади, додека, пак, од вкупно 2.053 учесници од Македонија во 1948 година, за ударници биле прогласени 189, а пофалени 165[185]).

Изградбата на Нов Белград и на важните објекти во него, привлекуваа работна младинска сила од сите краеви на Југославија. Во изградбата на Нов Белград во 1948 година учествувале 7 младински бригади од Македонија, меѓу кои и Петтата македонска републичка бригада, која била составена од 250 младинци: 60 од Скопје, 60 од

Скопска околија, 30 од Куманово, 30 од Тетово, 20 од Ѓорчепетровска околија, 30 од Тетовска околија и 20 од градот Струмица. Во изградбата на Нов Белград во текот на 1948 година учествувале вкупно 1.255 младинци од Македонија. За време на двомесечната работа тие дале 71.958 работни денови, или 431.720 работни саати, со кои беше остварен придонес во вредност од 6.475.800 тогашни динари[186)].

Бројната состојба на младинците и младинките од Македонија, учесници во Нов Белград во 1950 година, според еден статистички извештај на крајот од годината, била следната:во првата смена, во месец април 1950 година, учестрвувале 911 бригади од Македонија и тоа 178 од Кавадаречка околија, 236 од Штипска, 186 од Кумановска, и 311 од Битолска околија. Втората група младинци и младинки од Македонија пристигнала во Белград во мај. Составот го сочинувале 496 младинци и девојки. Меѓу нив, 88 биле од Струмичка околија, 54 од Титоввелешка, 121 од Прилепска, 56 од Тетовска и 175 од Гостиварска. Првата група, која за Белград заминала во месец јуни била составена од 795 младинци и младинки и тоа: 200 од Демирхисарска околија, 200 од Ресенска, 200 од Битола, 300 од Кратовска околија и по 50 од Прилеп и Куманово[187)].

Од горниве податоци се гледа дека во изградбата на Нов Белград и на станбените објекти во него, во првата група прва смена учествувале 911 младинци и младинки од Македонија, во втората група, втора смена 494 и во првата група, втора смена учествувале 795 младинци. Од Македонија во 1950 учествувале вкупно 2.200 младинци и младинки. Покрај нив, во изградбата на станбрените згради во Белград, од Македонија учествувала и една средношколска младинска бригада, составена од 915 младинци и младинки, од кои 178 биле од Штип, 188 од

Струмица, 69 од Тетово, 70 од Кавадарци, 160 од Куманово, и 250 од Скопје[188].

Изградбата на Нов Белград траеше четири години. Според расположивите архивски материјали, во неа зеле учество вкупно 140.000 младинци и младинки од разни краишта на Југославија. Бригадите зеле учество во изградбата на станбените блокови на Бежанија, Тошинов бунар, на Карабурма, на улиците "Хилендарска", "Штросмаерова" и "Сазонова". Значаен придонес бригадите дале и во изградбата на зградата на Сојузниот извршен совет, палатата "Југословенска книга", "Домот на синдикатите", зградата на "Борба", хотелот "Метропол", зградата на Народното Собрание на Србија, на стадионот на ЈНА, на реконструкцијата на Теразие и др.[189]

Голема сојузна работна акција стана и Младинската пруга Бања Лука-Добој. Со работа се почнало на 1 март 1951 година, а на 20 декември истата година пругата била предадена во сообраќај. Учеството на македонската младина во изградбата на младинската пруга Бања Лука - Добој мошне рељефно го илустрираат следниве податоци: Во изградбата на младинската пруга Бања Лука - Добој имало 86.567 младинци и младинки, учесници од сите краишта на Југославија.[190] Од Македонија учествувале 4.180 младинци и младинки. Изградената пруга била долга 90 километри, а поминувала низ многу тешки и непристапни терени. Архивската документација содржи педантно собрани податоци, кои можат да дадат приближна слика за извршената работа. При изградбата на пругата било ископано, пренесено и вградено во насипи 1.800.000 м.кубни земја и камен, подигнати се 34 моста и 295 бетонски пропусти во должина од 1777 метри. Најтежок објект при изградбата на пругата биле три тунели со вкупна должина од 3.405 м. Тунелот наречен Лескова вода

претставувал не само еден од најтешките објекти во изградбата на таа пруга, туку и еден меѓу најтешките објекти од таков вид што тогаш се градел во Југославија. Меѓу младинците и стручните лица кои учествувале во изградбата на тунелите имало и 2.320 младинци и младинки од Македонија. Тие покажале дека нема препреки кои со сила, со желба и со способност на младите градители не можат да се совладаат[191]).

Големо значење има учеството на младината во изградбата на индустриските објекти, а особено клучните објекти од капитална вредност како што се: фабриката за тешки машини - алатки "Иво Лола Рибар" во "Железник" кај Белград во 1947 година ја градеа 15.566 младинци. Во 1948 година бројот на учесниците во изградбата на оваа фабрика е зголемено за околу 15%. Од Македонија учествувале 110 акцијаши. Тие дале 6.307 работни денови,односно 37.840 работни саати или изразено во вредност тогашни динари изнесуваше допринос од 567.600 дин[192]).

Насоките во процесот на учеството на сојузните акции на младината од Македонија во текот на 1948 година станаа поевидентни во светлината на расположивите статистички податоци. Тие податоци говорат дека на автопатот "Братство-Единство" од Македонија учествувале 2.053 младинци, во "Нов Белград" 1,255 младинци, а во "Железник" 110 младинци. Или вкупно на сојузните акции во Југославија од Македонија во 1948 година учествувале 3.418 младинци и тоа во првата смена 949, во втората смена 1.086, во третата 1.280, и во чертвртата смена 103 младинци. Изнесените податоци за учеството на македонската младина на сојузните акции укажува на фактот дека 1948 година е година на релативен просперитет, година која носи позитивни промени и поголема заинтересираност за сојузните акции[193]).

При анализа на составот на бригадите кои учествувале на сојузните акции се доаѓда до констатација дека тие биле составени од младинци од разни околии и градови од Македонија. Ваквата ориентација на ЦК на НММ има во извесна смисла и некои негативни белези: а) Поради ненавременото пристигнување на сите младинци на акциите се намалуваше продуктивноста во работењето на сојузните акции. Како резултат на тоа штабовите на бригадите биле соочени и со определени тешкотии; б) Како причина за намалената продуктивност се наведува и составот на штабните бригадни раководства во чиј состав се нашле членови на повеќе младински организации од Македонија. И покрај таквата положба и бројните пречки од најразличен карактер, штабовите на бригадите најдоа сили да ги надминат. Во периодот од IV до V Конгрес на НММ на Сојузните и Републичките акции учествувале младински работни бригади со 43.589 младинци и младинки. На сојузните и републичките акции сите 211 младински бригади од Македонија, се прогласени просечно по четири пати за ударни. За успешната и несебичната работа 50 бригади се одликувани со Орден братство и единство и Орден на трудот, а педесет и три младинци и младинки се одликувани со Орден на трудот од втор и трет степен[194]).

## РАЗМЕНА СО ДРУГИ РЕПУБЛИКИ

Растежот на младинското движење во Југославија влијаеше и врз постепеното извлекување на земјата од нејзината економска заостанатост. Со тоа непосредно влијаеше и врз проширувањето на волуменот на меѓусебна размена на младинците од Југославија преку нивното учество во повеќето републички акции.

Младинската организација во Македонија мошне сериозно му пријде и на прашањето за учеството на македонската младина во младинските работни акции во другите републики. Напредокот на економскиот живот, несомнено, беше примарниот фактор што влијаеше за тоа ваквите форми на размена да добијат соодветна примена. Ова прашање мошне сериозно се согледува особено по донесувањето на Првиот педгодишен план. Кон економскиот напредок се пријдува како кон закономерен процес во општествено-економскиот развиток во Југославија, а со продлабочувањето на ваквата размена, пак, тогаш се сметаше дека се доаѓа до посоодветни позитивни промени во економската структура на југословенското општество. Со тоа се создаваа неопходни услови за одвивање побрз процес на стопански развиток и во самата Македонија[195]).

Според договорите на републичките младински раководсрва за размена меѓу републиките било предвидено од Македонија во републичките акции во Југославија во 1948 година да земат учество 800 младинци и тоа во Црна Гора во изградбата на пругата "Никшиќ-Титоград" да учествува Четвртата битолска бригада составена од 202 младинци и тоа 63 од Битолска околија, 25 од Битола, 26 од Ресен, 8 од Охрид, 21 од Охридска околија, 45 од Струшка околија и 12 од Крушево. Во Србија во изградбата на пругата "Кучево-Бродица" од Македонија требало да земе учество Третата штипска бригада составена од 200 бригадири и тоа 20 од Штип, 10 од Штипска околија, 17 од Кочанска околија, 22 од Царевоселска околија, 15 од Беровска околија, 20 од Радовишка околија, 20 од Кратовска околија, 21 од Свети Николе, 10 од Струмица и 45 од Струничка околија. Во Босна и Херцеговина за изградбата на металскиот "Титов Завод" во Добој било

предвидено да учествува Втората велешка бригада составена од 198 бригадири и тоа 15 од Велес, 24 од Велешка околија, 35 од Кавадаречка околија, 32 од Гевгелиска околија, 72 од Прилепска околија и 20 од Прилеп. Во Словенија во изградбата на Нова Горица било предвидено да земе учество Петтата кумановска бригада составена од 200 бригадири и тоа 12 од Куманово, 50 од Кумановска околија, 15 од Дебарска околија, 34 од Кривопаланечка околија, 31 од Гостивар, 15 од Бродска околија, 23 од Кичевска околија и 20 од Демирхисарска околија. Во Хрватска било предвидено да земе учество Првата скопска бригада составена од 200 бригадири итоа 35 од Скопска околија, 31 од прв реон од Скопје, 31 од втор реон во Скопје, 16 од Ѓорче Петровска околија, 15 од Тетово, 72 од Тетовска околија[196]).

Во писмото на Земското собрание на НММ од 16 април 1948 година до младинските раководства на теренот, особено се подвлекува дека Земското собрание на НММ се заложува сите младински елементи да настојуваат да го реализираат предвидениот план за уество на младинците во разни краишта на Југославија во републичките акции. Во посмото понатаму се наведува дека младинската организација на Македонија единствено со таква ориентација "останува верна на југословенскиот револуционерен социјализам". Со овие ставови се утврдува потрбата младинската организација, ослободена од секакви предрасуди и негативни влијанија, активно да учествува во сите сфери на општествено-политичкиот живот во земјата[197]).

Меѓутоа, од истражувањата во архивската документација дознавме дека предвидените планови на републичкото младинско раководство за учество на младината од Македонија во републичките акции во другите републики на Југославија не можел во

потполност да биде реализиран. Бројот на младинците од Македонија, учесници во републичките акции во другите републики може да се гледа во светлината на статистичките податоци што ги дава еден извештај на ЦК НМЈ од 27 декември 1948 година. Според податоците изнесени во тој извештај, македонската младина учествуваше на следните младински републички акции надвор од Македонија: "Никшиќ-Титоград", Црна Гора, 205 младинци и младинки од Македонија. Тие дале 11.753 работни денови, односно 70.520 работни саати, допринос во вредност на тогашни динари 1.057.800 динари[198]; во "Металскиот Титов Завод" Добој, Босна и Херцеговина, 122 младинци и младинки, тие дале 6.995 работни денови, или 41.963 работни саати, односно допринос изразено во врдност од 629.520 динари;[199] во "Нова Горица", Словенија, 168 младинци, тие дале преку двомесечна доброволна работа 9.632 работни денови, односно 57.792 работни сати, или изразено во вредност од 866.880 динари;[200] во "Кучево-Бродица", Србија, 224 младинци од Македонија кои дале 12.842 работни денови, односно 77.056 работни саати, или пак вредност од 1.155.840 тогашни динари.[201] Како што е евидентно од горните податоци во републичките акции во другиоте републики во Југославија од Македонија во текот на 1948 година зеле учество 719 младинци. Во 1949 година и 1950 година ЦК на НММ се залага да се зголеми бројот нма младинците и младинките учесници во републичките акции надвор од Македонија. Како плод на зголемената активност на ЦК НММ на тој план во текот на 1949 година бројот на бригадирите учесници во републичките акции надвор од Македонија се зголемил за 14,7% во споредба со 1948 година, во 1950 година тој број се зголемил за 25%[202].

Паралелно со ова, мошне битно за развитокот на

стопанството и електрификацијата на Македонија беше и учеството на младинците и младинките од другите републики во изградбата на хидроцентралата во Маврово. Ангажирањето на младинските организации за уество во републичката младинска акција во Македонија најдобро го илустрираат следните статистички податоци: според планот на Земското собрание на НМ Србија во републичката акција ”Маврово” било предвидено да учествуваат 2.600 младинци и младинки, а учествувале во летото 1948 година 1.681 лица; според планот на Земското собрание на НМ Хрватска било предвидено да учествуваат во ”Маврово” 1.650, учествувале 1.108; од Словенија предвидено 200, учествувале 176; од Босна и Херцеговинас предвидено 600, учествувале 815; од Црна Гора предвидено 200, а учествува;ле 159. Од другите југословенски републики на Македонската републичка акција ”Маврово” беше предвидено да земат уество 5.250, а уествувале 3.939 младинци и младинки.[203)] Иако планот не бил реализиран сепак се постигнати резултати во мобиолизирањето младинците и младинките за учество во републичката акција ”Маврово” Постигнатите резултатs беа плод на објаснувачките цели во кои правилно беше изнесено толувањето на големото значење на електрификацијата за стопанскиот .подем на Македонија.

## СОЦИЈАЛНА И НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА

Еден од поважните елементи на учесниците во младинските работни акции претставува и структурата на младинците

според нивното социјално потекло. При анализа на социјалната структура на младинците учесници во младинските работни акции (сојузни и републички), се дојде до констатација дека таа е во зависност од економските прилики, односи и движења во Македонија по завршувањето на Втората светска војна. Воените опустошувања и разорувања го погодија македонското стопанство. Младината на Македонија, како главен носител на работните акции, со нејзината социо-економска структура, со работните навики, културното рамниште итн., но и како консуматор на производствените добра беше важна компонентаи фактор за одредување развојниот степен на производните сили во Македонија во тоа време. Основните статистички податоци за социјалната структура на младината (работници, земјоделци, ученици) ги покажуваат, во извесна смисла состојбите и трендовите во рамките на целокупната општествена структура и економика на Македонија. Настанатите промени на релацијата помеѓу младинците од работничко, земјоделско и друго потекло, ги покажуваат следните податоци:

-на автопатот "Белград-Загреб" во 1948 година од Македонија учествувале вкупно 2.053 младинци. Најголем број припаѓа на младината од село 1.111 лица, потоа следува работничката младина 717, уеници 222 и други 3;

- на "Нов Белград" зеле учество вкупно 1.255 младинци и младинки од Македонија, од кои 592 биле од земјоделско потекло, 300 од работничката младина и 366 ученици;

- во "Железник" учествуваат 110 младинци и младинки од Македонија, од кои 63 од земјоделско потекло, 43 од работничката младина и 2 ученика;[204)]

- во изградбата на "Хидроцентралата Маврово"

учествувале вкупно 6.629 младинци и младинки од Македонија и тоа 3.287 од земјоделско потекло, 988 од работничката младина, 1.964 ученици и 390 интелектуалци;[205)]

- на акцијата "Никшиќ-Титоград" учествувале вкупно 205 младинци и младинки од Македонија, од кои 187 од работничката младина, 3 од селско потекло и 15 други;

- на акцијата "Металски Титов Завод", Добој учествувале вкупно 122 младинци и младинки од Македонија од кои 96 од селско потекло, 26 работници;

- на акцијата "Нова Горица" учествувале од Македонија 168 младинци и младинки, од кои 162 ученици и 6 од селско потекло

- на акцијата "Кучево-Бродица" 224 младинци и младинки од Македонија, од нив 121 биле од работничката младина и 103 ученици[206)].

Од горните податоци можеме слободно да констатираме дека во 1948 година од Македонија во младинските работни акции од сојузен и републички карактер во Југославија учествувале вкупно 10.766 младинци и младинки, од нив 5.158 биле од селско потекло односно потекнувале од земјоделско потекло, 2.384 од работничката младина, 2.815 ученици, 390 интелектуалци и 15 други. Од горе наведените статистички податоци произлегува дека, огромното мнозинство на учесниците на младинските работни акции го сочинувале младинците и младинките од земјоделско потекло, по нив доаѓаат учесниците од средноколската младина ангажирани во младинските работни акции, а потоа следуваат учесниците од работничката младина. Ваквиот состав на младинците и младинките учесници во младинските работни акции

претставува, во извесна смисла на зборот, и своевиден одраз на тогашната општествено-економска ситуација во Македонија. Како што е евидентно од овие бројки, младинците и младинките од селско потекло, работничката како и средношколската младина тогаш претставуваа евидентна работна сила на младинските акции. Нивната продуктивност, која, помеѓу останатото, била во функционална зависност од нивното општо културно и стручно образование, не била на низок степен. Значењето на учеството на средношколската младина во работните акции, пак, треба да се оценува од друг аспект, во светлината на факти од понова природа. Тоа се факти кои јасно покажуваат дека со своето истакнато место во работните акции средношколската младина представуваше значаен фактор. Сето тоа изврши позитивно влиание врз процесот на акцијашката работа.

За вкупниот број на ангажираната младешка работна сила од Македонија во 1948 година на аботните акции во Југославија, за нејзината национална структура можат да бидат индикативни и следниве сумирани статистички податоци:

- Во 1948 година, од вкупно 10.766 учесници на двомесечна доброволна работа на младинските работни акции во Југославија од Македонија, машки биле 8.948, женски 817. Од вкупно 10.766 учесници од Македонија, 8.943 по национална структура биле Македонци, 765 Албанци, 635 Турци, и 423 останати;[207)]

- На Автопатот "БратствоЕдинство" учествувале 2.053 од Македонија, машки 1.841 и женски 212. Од нив Македонци 1.783, Албанци 75, Турци 167 и останати 28;

- На "Нов Белград" 1.255 учесници од Македонија, машки 958, женски 297. Од нив Македонци 1,095, Албанци 35, Турци 104, и

останати 21;

- Во "Железник" 110 учесници од кои 105 машки и 5 женски, од нив 108 Македонци, 1 Албанец и 1 Турчин;[208)]

- На хидроцентралата "Маврово" 6.629 учесници од Македонија, од кои 5.547 машки, 1.182 женски. Од нив Македонци биле 5.348, Албанци 603, Турци 335 и останати 343;

- Во "Никшиќ-Титоград" учествувале 205 младинци од Македонија, од кои 185 машки и 200 женски. Од нив Македонци биле 177, Турци 6 и 22 останати;

- Во изградбата на "Металски Титов Завод-Добој" од Македонија учествувале 122 учесници, од кои 116 машки и 6 женски. Од нив Македонци биле 81, Албанци 5, Турци 22;

- Во "Нова Горица" учествувале 168 учесници од Македонија од кои 113 маки и 55 женски. Од нив Македонци биле 167 и останати 1;

- Во "Кучево-Бродица" учествувале 224 учесници од Македонија од кои 184 машки и 40 женски. Од нив Македонци биле 174, Албанци 42 и останати 8.[209)]

Како последица на низа околности, а пред се поради заостанатоста на младината од народностите, од Македонија во акциите од сојузен карактер како и во младинските работни акции во другите републики, според вообичаените главни показатели за степенот на вложената работна младешка сила по национален состав мал е бројот на младинците од албанската и турската народност учесници на младинските работни акции. Меѓу факторите, кои негативно извршиуле влијание врз учеството на младината од народностите во младинските работни акции беше пред се присутната психологија

проткаена со патријархалност и конзервативност во поглед на сваќањето на функцијата на младинските работни акции.

## МЛАДИНСКА РАБОТНА АКЦИЈА 'МАВРОВО'

### *П о д г о т о в к и*

Настаните и превривањата што се случија во новосоздадената југословенска држава - ФНРЈ, а во тој контекс и во Македонија, беа со најголемо внимание и заинтересираност следени и толкувани од домашните општествено-политички фактори и служби. Младинските претставници во Македонија, редовно одбележувајќи ги актуелните настани и појави во ФНРЈ, се впуштаа во мошне подробни анализи и прогнози на тогашната ситуација, а наедно соопштуваа низа околности, моменти и оценки во врска со дејноста на младината во Македонија.

Извештаите на младинските раководители од тие гопдини обилуваат со многубројни податоци и за младинските рабоптни акции. Во некои од нив се сретнуваат податоци и за младинската работна акција "Маврово". Често точни и непристрасни, некои од овие документи укажуваат на положбата и тековите на Мавровската младинска акција, а наедно ја рефлектираат големата заинтересираност на народната власт, на младината, и на народот воопшто, за процесот на изградбата во сопствената земја.

Владата на НР Македонија тогаш беше најсериозно загрижена за индустријализација и електрификација на земјата и, поради

тоа, се определи за изградба на системот на хидроцентрали во Маврово. Обемен извештај за овој грандиозен потфат е изработен од ЦК на НММ во Скопје и на 7 јануари 1949 година доставен до ЦК на НМЈ во Белград. Фактите и стојалиштата во него се изложени, главно, хронолошки, со функционална намена да го прикажат и текот на настанувањето на младинската акција во Маврово, подготовките, учеството на младината во оваа акција, нивните успеси и слично[210)].

Успешното ширење на идеите на младинската организација за помасовно учество на младината во работната акција "Маврово", сметаме дека е резултзт нз влијанијата и на позитивниот однос на народната власт кон младата генерација воопшто. Потврда за тоа наоѓаме во погоре споменатиот документ. Во овој документ стои дека на Четвртиот пленум на Земското собрание на НММ одржан во февруари 1948 година се расправало за младинските работни акции и дека на истиот Пленум е донесена Одлука за републичка акција на НР Македонија да биде изградбата на хидроелектраната "Маврово". Оваа одлука на Пленумот се потпирала врз пртходно постигнатиот договор помеѓу Земското собрание на НММ од една страна и ЦК КПЈ од друга страна.

Значењето што и го придаваше Четвртиот пленум на акцијата "Маврово" е видливо од изнесеното во говорот на министерот за градежништво на владата на НР Македонија Страхил Гигов. Во говорот меѓу другото се вели: "Хидроцентралата во Маврово која што треба да се изгради има огромно значење за нас заради тоа што ќе дава во најкритичните денови на годината енергија за цела Македонија... Хидроцентралата "Маврово" е тој објект, кој што ќе даде живот на стотици и стотици фабрики, објект кој што ќе ги покрене илјадници и илјадници машини во оние денови во годината кога е тоа најпотребно,

односно во сушниот период. И тука особено се гледа каква доверба има нашата народна власт спрема нашата народна младина кога и дава да гради објект од огромно значење, објект кој што во својата конструкција е еден од најкомплицираните досега во Југославија, а слободно можеда се рече иво Европа. Затоа, треба, младината да ја сфати целата сериозност на тој објект и при избирзњето на младинците за бригадите на тој објект да извршат подбор на младинци кои што ќе бидат приготвени за таа акција..."[211]).

Четвртиот пленум ја потикна и помогна уштре повеќе да се засили и омасови бројот на младинците кои својата активност ја насочуваат кон реализирањето на задачите и решенијата донесени тогаш и кои беа тесно поврзани со потребите на општествената стварност. Младината како потенцијална сила во изградбата на хидроелектраните "Маврово" требало да покаже поголемо активирање. Пленарните материјали ја одразуваат сигурната ориентација и правилните сфаќања на младинското раководство на Македонија за повеќе актуелни прашања, особено во врска со преземените подготовки за работната акција Маврово.

Извршувајќи ги функциите на највисоко младинско раководство, Земското собрание на НММ имаше значаен удел во процесот на подготовките за младинската акција во Маврово. Тоа ја извршуваше нужната преписка со младинските раковдства на теренот. Земското собрание на НММ настојуваше да изнајде нови организациони форми и принципи, со сообразување на новонастанатите услови, имено го забрзуваше ширењето и јакнењето на младинската организација и воедно ја оспособуваше да ги собират околу себе и предводи младешките потенцијални сили во изградбата на крупни зафати.

Отука, Земското собрание на НММ се определи за радикална тактика и стратегија и по однос на прашањето во врска со подготовките за работната акција "Маврово". Во едно свое писмо, испратено до младинските организации на теренот, Земското собрание ја истакнува потребата од организиран почеток на работата во врска со подготовките, повикувајќи ги сите субјекти да ги впрегнат своите сили за надминување на тешкотиите на овој план. Од неговата содржина се гледаат интенциите за будење на чувството за поголема одговорност на младината во врска со подготовките[212)].

За да се успее во тоа, за да се разбере вистинската улога на Мавровската акција, пред активистите се наложи задача перманентно да агитираат за значењето на акцијата во Маврово, и тоа не само пред младинецот Македонец, туку и прд оној од албанската и турската народност и пред секој младинец кој живее во Македонија. Од тој успех, се вели во писмото, ќе зависи дали ќе одиме напред во стопанскиот просперитет на земјата. Се наметнува историската потреба од поголем ентузијазам на младината, каков што имаа младинците и скоевците во времето на НОВ и Револуцијата. Всушност, се вели понатаму во писмото, целокупната работа со младината, се состои во тоа што на секој младинец треба да му биде јасна девизата: "борба за изградба на земјата, борба за подобро утре." Младинската акција "Маврово", односно изградбата на хидросистемот, е прашање кое, поради својата актуелност и значење со непроменлив интензитет и заентересираност го привлекуваше вниманието на македонската и на пошироката јавност. Македонските младински претставници, редовно одбележувајќи ги актуелните настани и појави во Македонија, сврзани со акцијата Маврово, се впуштија во мошне подроби анализи и прогнози на

ситуацијата во и околу Маврово. Така, низа податоци соопштуваат за извршувањето на работите кои претходат на самите подготовки. Мошне убедлив доказ за тоа претставува обемниот елаборат "Изградба на хидросистемот Маврово", што се наоѓа во збирката "Акти на ЦК на НММ во Скопје", која се чува во Архивот на Македонија[213)].

Пристапувајќи со изработена тактика кон остварување на целите што им претходеа на подготовките за работа на изградбата на хидроелектраните "Маврово", Земското собрание на НММ испрати упатства до младинските раководства на теренот, кои беа во согласност со интенциите на "Планот за работа на младинската акција во Маврово". Планот беше изработен во втората половина на февруари 1948 година и со него се предвидува бројот на учесниците во оваа работна акција. Според планот беше предвидено во оваа младинска работна акција во текот на 1948 година да земат учество 13.000 членови на народната младина на Југославија и тоа од НР Македонија да земат учество 7.750 члена,од НР Србија 2600, од НР Хрватска 1650, од НР Босна и Хецеговина 600, од НР Словенија 200 и од НР Црна Гора исто така 200 младинци и младинки[214)].

Рекапитулирајќи ги проценките изложени во Планот, се наметнуваат следните основни констатации и заклучоци за предвидените работи што требало да ги извршат младинските бригади при изградбата на хидросистемот Маврово во 1948 година[215)]:

1. младинските бригади требало да дејствуваат во правецот на изградба на пристапни и постојани патишта во должина од 21.000 метри;

2. младинските бригади во својата глобална стратегија на работа да не ја испуштат од вид ниту изградбата на една железница

од тесен колосек во должина од 13.000 м. и индустриски колосек долг 5.000 м.;

3. за пристапните патеки на градилиштата во должина од 21.000 м. со заеднички усилби на сите младешки елементи, учесници во Мавровската акција, да се ископаат 208.000 метри кубни земја и 60.000 метри кубни камен;

4. за подготвителните работи на браната да се ископаат 5.000 метри кубни земја и 600 метри кубни карпа и да се направи 4.000 метра кубни бетон;

5. за браната требало да се насипат 300.000 метра кубни земја;

6. се очекувало во извршување на работата околу централата Вруток да се ископа земја од 15.000 метра кубни и да се направи бетон од 3.000 метри кубни;

7. силна активност на младинските бригади и чети во изградбата на патот до Беличица.За таа цел било предвидено да се ископаат 20.000 метра кубни земја и 20.000 метра кубни трошна карпа, 10.000 метра кубни цврста карпа, да се постават 12.000 метра кубни цементна кошулица и друго;

8. за каналот во Вловци се очекувало да биде ископана земја од 27.000 метра кубни, да се направи бетон од 2.000 метра кубни и 400 метра кубни армиран бетон и цементна кошулица од 8.000 метра кубни.

Младинските бригади и чети, учесници во младинската работна акција ”Маврово”, покрај горенаведените задачи, според планот требало да извршат уште ред други работи. Реализирањето на планот било од огромно значење. Покрај неговото економско значење, вонредно

голем удел има во отворањето нова етапа во афирмацијата на Македонија. Неговата реализација би претставувала трасирање и на првите поголеми чекори кон побрза електрификација и индустријализација на земјата.

За да се реализира планот од страна на младинските раководства била извршена силна агитација. Засилената агитациона и пропагандна дејност во врска со учеството на младинците и младинките од Македонија во републичката акција ”Маврово” не беше некаква цел сама за себе. Таа требаше да послужи како едно од посилните оружја на младинското движење во нашата земја за натамошно развивање и издигање на младинслката свест, а и за манифестирање на свесниот однос кон сопствената изградба на земјата. Само ваквиот начин на агитација можеше несомнено да придонесе за зголемување бројот на учесници во оваа работна акција и за издигнување на чувството на одговорност.

Во едно писмо од 26 март 1948 година Земското собрание на НММ не само што инсистира да се реализира планот за извршување на задачите во врска со работната акција ”Маврово”, дури ги разоткрива и причините кои ги навеле раководните органи на власта да се определат за изградба на хидроцентралите во Маврово. Главната прогноза на овој документ е дека со изградбата на хидроцентралите ”Маврово” ќе се добие 20 пати повисок производствен капацитет на електрична енергија, во однос на вкупното производство на енергија од сите постоечки електрични централи во Македонија. Во писмото се изнесени и надежите дека хидроцентралите во Маврово ќе произведуваат стотици милиони киловат часови електрична енергија. Тоа ќе ја зголеми можноста за побрза електрификација на Македонија,

т.е. позитивно ќе се одрази врз процесот на нејзиното преобразување.[216)]

Овој документ необично многу придонесе за правилно сфаќање на значењето на изградбата на хидроцентралите во Маврово. Неговата јасна и конкретна содржина е да ги мобилизира младешките сили да се вклучат во една од посложените изградби на земјата, а со тоа да придонеста за развојот на електрификацијата. Во документот меѓу другото се вели:

"Македонско младино! Изградбата на хидроцентралите во Маврово ќе биде големо училиште за вас младино од Македонија, за вашето културно и стручно издигање. Преку најразноврсни стручни и општо образовни курсеви, преку богат културно-просветен живот и преку другарски колективен живот што ќе го преживееte на шумовитите падини на Бистра планина вие ќе се здобиете со нови особини, особини на новиот Титов младинец, кој што со неизмерна љубов ја сака својата земја и одушевено учествува во нејзината социјалистичка изградба. Затоа помасовно приијавувајте се во младинските работни бригади за исполнување на оваа обврска. Нека вашето масовно учество во изградбата на хидроцентралата во Маврово, заедно со останатата младина на Југославија биде симбол на нашето братство и единство и на вашата љубов и односот кон нашата заедникчка татковина Федеративна Народна Република Југославија."[217)]

За да се реализираат што побрзо подготовките од страна на највисокиот младински орган на НММ основана е Дирекција за изградба на хидроелектраната "Маврово". Дирекцијата имаше задача да ја проучува целокупната проблематика во врска со изградбата на хидроцентралите "Маврово" од сите аспекти, да ги согледува

проблемите во врска со подготовките за младинската акција, да се грижи за сместување на бригадирите, за нивната исхрана итн. Всушност, Дирекцијата за изградба на хидроелектраната ”Маврово” преставуваше оперативно тело на Земското собрание на НММ и ја спроведуваше неговата политика за поорганизирано извршување на работите. Земското собрание на НММ во текот на март 1948 година во Маврово испрати и неколкумина инструктори со цел да ги извршат подготовките за свеченото отворање на младинската акција и тие со сериозност пристапија во извршувањето на задачите. Бил формиран и Главен штаб за младинските бригади во Маврово, во чиј состав влегле поистакнати младински раководители.

### *Бројната состојба на учесниците на младинската работна акција во Маврово*

Најголемите објекти во периодот од 1948 до 1953 година ги градеше, скоро по правило, младината. Во мошне тешки услови за работа, на 10 април 1948 година свечено започна изградбата на хидроелектраната ”Маврово”. Во првата смена учестувуваа 11 работни бригади од Македонија. Бригадите се судрија со мошне големи тешкотии во работата. Немало доволно најосоновни технички помагала, мал бил бројот на стручните кадри (инженери), а Главниот штаб на градилиштето работел во непoлн состав. Иако се располагало со многу скромни материјални средства, во текот на првата и втората смена, како и во август, младинците и младинките-градители во Маврово постигнаа добри резултати во работата. Во тоа време во Маврово тие работеа на неколку

обемни и значајни објекти: на главните и пристапни патишта, на зградите, на доводните тунели, на Водостан, на доводниот канал кај вештачкото езеро и друго.[218)]

Предноста на новото општествено уредување, револуционерниот и дотогаш невиден ентузијазам и работен полет на младината, беа пресудни за брзината и ефикасноста на изградбата. Веројатно со тоа е надоместуван недостатокот од елементарни технички и финасиски средства.

Работниот полет на младината, кој се разгоре, така да се рече, штом престана вооружената борба, во периодот на обновата и изградабата на земјата, не беше случаен. Младинските маси чуствуваа дека првпат во историјата на својата земја работат навистина за себе и за својата иднина. Тоа беше непосреден израз на фактот што младината чуствуваше дека народната власт е нивна власт, власт на работниот народ воопто. Да не беше таквото чуство, веројатно никој не ќе беше во состојба ниту да ги наведе, ниту да ги присили младинците на такви чуда на работен хероизам. Тоа овозможи во исклучително краток рок бригадирите од првата смена да достигнат просечна норма на работата 126,22%, а во втората смена 124%. Во текот на август, пак, просечната норма во работењето на градителите во Маврово изнесуваше над 218,30%. Во првата и втората смена, како и во текот на август, во изградбата на хидроелектраната "Маврово" учествувале вкупно9.750 младинци и младинки организирани во 54 младински бригади. Од нив 5.945 беа од Македонија, а останатиот број на младинци и младинки од другите југословенски републики. За неполни 5 месеци, од април до крајот на август 1948 година, градителите на хидроелектраната "Маврово" успеале да го надминат предвидениот број

на даденмите работни часови. Така, според еден извештај на Главниот штаб на младинските работни бригади од 28 август 1948 година до Земското собрание на НММ, се дознава дека бригадирите во младинската работна акција ”Маврово” наместо да дадат 1.580.041 работни часови, колку што било предвидено по планот, дале 2.500.571 работни часови. За постигнатите резултати во работата, во текот на август 1948 година 54 бригади биле прогласени за ударни шест пати. За ударници биле прогласени 1.732, а пофалени бле 2.318 младинци и младинки[219]).

Според годишниот извештај на ЦК НММ од 30 декември 1948 година до ЦК НМЈ, на изградбата на хидроелектраната ”Маврово” во првата смена учествувале 1.878 младинци, во втората смена 5.600 младинци и младинки, во третата смена 3.159 младинци и младинки или, вкупно во текот на 1948 година учествувале 10.637 лица, од кои 8.406 младинци и 2.231 младинка. Од Македонија учествувале 134 младински чети, со 6.629 бригадири, од кои 5.448 младинци и 1.181 младинка; од Србија 38 младински чети, со 1.681 бригадири, од кои 1.370 младинци и 311 младинки; од Хрватска 25 младински чети, со 1.108 бригадири, од нив 731 младинци и 377 младинки; од Босна и Херцеговина 14 младински чети со 815 бригадири, од нив 561 млкадинци и 251 младинки; од Словенија 4 младински чети со вкупно со 176 бригадири, од ниов 118 младинци и 58 младинки; од Црна Гора 4 младински чети со вкупно 159 бригадири од кои 116 младинци и 43 младинки. Во изградбата на хидроелектраната ”Маврово” учествуваа во 1948 година и 2 младински чети од Пиринска Македонија, со 69 бригадири, од кои 59 младинци и 10 младинки. Според горните податоци, доаѓаме до констатација дека, општо земено, соодносот меѓу младинците и младинките кои учествувале на

младинската работна акција "Маврово" одел во прилог на младинците, во соодност близу 4:1[220].

Посебно треба да се забележи дека во изградбата на хидроелектраната "Маврово" во помал или поголем обем, младината постигнала забележителни резултзти. Земјишните работи извршени од страна на младината во периодот од 10 април до 10 октомври 1948 година биле следните:

*Одгласот на акцијата "Маврово" во Пиринска Македонија*

Податоци и оценки за текот на изградбата, за значењето на хидроцентралата "Маврово", како и за другите политички, економски, општествени и културни настани во Македонија републичкото раководство на НММ добиваше од повеќе страни. Масовниот одзив за учество во работните младински акции во НР Македонија, а особено за учество во изградбата на хидроцентралата "Маврово" дојде до израз во бројните отворени писма и телеграми што ги упатуваа младинците и младинките од Пиринскиот крај на Македонија до секретаријатот на Земското собрание на НММ. Иницијатор на ваквите акции беа пред се учениците и просветните работници-младинци и младинки од Пиринскиот дел. За учеството во изградбата на хидроцентралата "Маврово" учителот Тодор Зиновиев Иванов од село Падеж, Горно Џумајска околија во писмото до секретаријатот на Земското собрание на НММ, на 20 мај 1948 година пишуваше дека има голема желба да стане бригадир во некоја македонска бригада. "На сите нас Македонци младинци и младинки од Пиринскиот дел на Македонија ние желба заедно со младината од Вардарскиот дел на Мкаедонија да

учествуваме во изградбата на нашата заедничка татковина-Народна Република Македонија. Тоа е желба, на сета младина од Пиринскиот крај. Таа желба едногласно ја изразуваме преку пишување на најразлични писма и молби".[221)]

Со слична содржина се и писмата на уениците од шестите класови од гимназиите во Неврокоп, Горна Џумаја, Благоевград, Петрич и во други места од Пиринска Македонија.[222)] Голем е бројот на младинците и младинките што изразуваат желба да учествуваат во републичката младинска акција во Македонија. Нивните писма се најарен доказ за непотребното постоење на вештачки создадената граница. Тоа ја покажува единствената смисла на македонскиот народ од Вардарскиот и Пиринскиот дел на Македонија за изградување на нивната заедничка татковина-НР Македонија. Објективната анализа на историските факти на овие писма, покрај другото, наметнува недвосмислен заклучок дека младината од Пиринсјиот дел на Македонија, како и онаа од Егејскиот дел на Македонија е против постоењето на вештачки создадената граница меѓу еден ист народ и еден ист јазик. Тие најогорчено протестираат против негаторите кои не ја признаваат македонската нација. Секретаријатот на Земското собрание на НММ ги прифаќал барањата на младината од Пиринскиот дел на Македонија и настојувал да ги реализира нивните желби за учество во изградбата на хидроцентралата "Маврово". Но, при реализирањето на ова прашање се наидуваше и на некои тешкотии од објективна и субјективна природа. Така, на пример, во писмото на секретаријатот на Земското собрание на НММ, испратено до учениците од VI-д клас гимназија во Неврокоп се вели: "Сосема очекувано и со голема радост ја примивме вашата желба, да во заедница со младината од Вардарска Македонија, учествувате

во изградбата на нашата заедничка татковина Народна Република Македонија градејќи ги хидроцентралите "Маврово".

Другари, ние секогаш, а уште повеќе сега, сме готови да сториме се како би ви овозможиле вашата желба да биде остварена.

Но ние, со постоењето на границите, се уште сме вештачки одвоени. Затоа потрудете се да издејствувате преку "Сојузот сојузот на Народната младеж" и "Отечествениот фронт да се префрлите преку граница, а превозот од граница па наваки и местото во Маврово ние претходно ќе ви го обезбедиме..."[223)]

### *Социјална и национална структура*

Еден од суштинските елементи на младинската работна акција претставува и структурата на учесниците според нивното социјално потекло. Затоа ова прашање и се наметнува за посебна обработка. Преку прикажувањето на социјалната структура на учесниците во изградбата на хидроелектраната "Маврово" имено, ќе може и најдобро да се согледа и да се констатира кои социјални категории зеле најбројно учество во изградбата. Бројните показатели за социјалната структура на учесниците во изградбата на хидроелектраната "Маврово", се регистрирани, главно, што се однесува до 1948 година. Во текот на досегашните истражувања не дојдовме до позначајни податоци не само за бројот на учесниците, туку и за структурата на учесниците по социјално потекло во наредните години. Во 1948 година, структурата на учесниците во изградбата на хидроелектраната "Маврово" по нивното социјално потекло била следната:

- Од Македонија од вкупно 6.629 учесници, работници биле 988, 763 младинци и 225 младинки; од селско потекло 3287 од кои 3090

младинци и 197 младинки; ученици 1.964, од кои 1.303 младинци и 661 младинка, интелектуалци 390, 291 младинец и 99 младинки.[224)]

- Од Србија вкупниот број на учесници бил 1.681. Од нив работници биле 219, и тоа 201 младинец, и 18 младинки; од селско потекло 633, од нив 542 младинци и 91 младинка; ученици 632, од кои 501 младинец и 131 младинка; интелектуалци 197, од нив 126 младинци и 71 младинка.

- Од Хрватска од вкупно 1.108 учесници, работници биле 293, од кои 232 младинци и 61 младинка; од земјоделско потекло 429, од нив 232 мла динци и 197 младинки; ученици 204, од нив 137 младинци и 67 младинки; интелектуалци 182, од кои 130 младинци и 52 младинки.

- Од Босна и Херцеговина имало вкупно 815 учесници, од нив 42 работници, од кои 19 младинци и 23 младинки; од земјоделско потекло 763, од кои 540 младинци и 223 младинки; ученици 6, од нив 3 младинци и 3 младинки; интелектуалци 4, од нив 2 младинци и 2 младинки.

- Од Словенија од вкупно 176 учесници работници биле 109, од нив 70 младинци и 39 младинки; од земјоделско потекло и 5 младинки; ученици 62, од кои 48 младинци и 14 младинки.

- Од Црна Гора имало 159 учесници, од кои работници 7, од нив 3 младинки и 4 младинки; од земјоделско потекло 9, а од нив 7 младинци и 2 младинки; ученици 63, од кои 36 младинци и 27 младинки; интелектуалци 80, од кои 70 младинци и 10 младинки.[225)]

- Од Пиринска Македонија имало 69 учесници, од нив работници 2 младинци; од земјоделско потекло биле 60, од кои 50 младинци и 10 младинки; ученици 1, и интелектуалци 6 младинци.[226)]

Од горните податоци јасно се гледа дека од вкупно 10.637 уесници во текот на 1948 година во изградбат на хидроелектраната "Маврово", работници биле 1660, од нив 1290 младинци и 370 младинки; од

земјоделоско потекло биле 5.186, од кои 4.461 младинец и 725 младинки; ченици 2.932 од кои 2.029 младинци и 903 младинки; интелектуалци 859 од кои 625 младинци и 234 младинки. Овие податоци, впрочем ја даваат сликата на социјалната структура на учесниците во републичката акција на Македонија "Маврово". Најбројни биле учесниците од земјоделско потекло, а потоа следуваат учениците, работниците и интелектуалците.

За националната структура на членовите од младинските работни бригади на изградбата на хидроцентралата "Маврово" можат да бидат индикативни следните статистички податоци:

-Во 1948 година од Македонија учествувале 6.629 лица, 1.181 младинка, и 5.448 младинци. Од нив 5.348 Македонци, 58 Срби, 34 Хрвати, 1 Словенец, 11 Цногорци, 103 Албанци, 335 Турци, 84 Унгарци, 2 Словаци, 9 Руси и 44 останати;[227)]

-Од Србија вкупно 1.681 лице, од кои 311 младинки и 1.370 младинци. Од нив 1.346 се Срби, 18 Хрвати, 3 Словенци, 50 Црнагорци, 86 Албанци, 92 Унгарци, 20 Словаци, 3 Руси и 48 останати;

-Од Хрватска вкупно 1.108 лица 0д кои 377 младинки и 731 младинци. Од нив 6 Македонци, 388 Срби, 648 Хрвати, 9 Словенци, 25 Црнагорци, 2 Албанци, 12 Унгарци, 9 Словаци, 2 Руси и 7 останати;

-Од Босна и Херцеговина вкупно 815 лица од кои 251 младинки и 564 младинци. Од нив 624 Срби, 120 Хрвати, 50 Турци и 21 останати;

-Од Словенија вкупно 176 лица од кои 58 младинки и 118 младинки. Од нив 2 Македонци, 1 Хрват, 159 Словенци, 1 Црногорец и 13 останати;

-Од Црна Гора вкупно 159 од кои 43 младинки и 116 младинци: Од нив 2 Срби, 1 Хрват, 155 Црнагорци и 1 Албанец;

-Од Пиринска Македонија вкупно 69 лица од кои 10 младинки и 59 младинци. Од нив 69 се Македонци.[228)]

Од горните податоци се гледа дека во 1948 година на младинската работна акција "Маврово" учествувале вкупно 10.637 лица од кои 2.231 младинки и 8.406 младинци. Од нив 5.440 Македонци, 2.418 Срби, 822 Хрвати, 172 Словенци, 242 Црнагорци, 792 Албанци, 385 Турци, 188 Унгарци, 31 Словаци 14 Руси и 133 останати.[229)]

### *Форми на културно-просветна активност*

Поголем број документи на младинската оргаизација и други општествено-политички институции високо се вреднува културно-просветната работа на младинската работна акција "Маврово". Формите на работа во доменот на културно-просветното образование добиваат нови содржини и пошироки димензии. Во прв план таа е изразена во опфатеноста скоро на сите учесници на акцијата. СКЈ за време на младинските работни акции, преку младинската организација спроведуваше најширока идејно-политичка и културно-просветна работа со цел да се зачуваат тековините од НОВ и Револуцијата. Формите на културно-просветната работа, беа во извесна смисла на зборот, училишта во кои се формираше ликот на младинецот градител. Низ политичките предавања, низ масовните културни приредби, разните форми на работа на културно-просветните друштва, и на читачките групи, младинците го издигнувале своето културно-просветно ниво.

Од првите денови на работата на "Маврово", Главниот штаб на акцијата презема соодветни мерки за културно издигнување на младината. Главната цел на воспитувањето и образованието како и на

оопштото просветување, беше младинецот да не стане лесен плен на непријателските пропаганди кои во извесна мера се чувствуваа во тие дни. Овој првенствен квалитет на културно-просветната работа ја одредува како вистинска вредност, така и нејзината трајност. Работата врз остварувањето на културно-просветните цели започнува со започнувањето на Акцијата. Тоа беше возможно, бидејќи младинското движење, под раководство на ЦК на НММ, ја сфати и прифати воспитно-образовната работа како составен дел на чинот на револуционерното преобразување. Значи, сфатено беше дека воспитно-образовната работ е битна компонента на револуционерното преобразување на земјата и дека "книгата нас ни помогна да ја извојуваме слободата - слободата ќе ни овозможи да ги користиме благодетите од книгата". Учесниците во работната акција ги прифатија постојните форми и содржини на воспитно - образовната работа и се определија за изнаоѓање нови форми. Преобразувањата кои се одвиваа преку разни форми и содржини, младинците ги доживуваа како најголем можен степен на демократизација, како во поглед на масовноста, така и во однос на нивната примена[230)].

При штабовите на младинските работни бригади кои учествуваа на "Маврово", постојат културно-просветни одбори, составени од неколку члена кои, воедно се и членови на Штабовите. Културно-просветните одбори се занимаваат пред се со прашања од културно-просветната и од воспитно -образовната работа. Тие прават програма за работа, а секој член на одборот има и конкретни задолженија. Значајна форма на културно-просветната работа се организираните предавања. Се забележува дека предавачи во најголем број случаи се студенти од Скопскиот Филозофски факултет. Но, поради зафатеноста со испити, студентите не биле во можност во текот на јуни да држат предавања пред

младинците-градители во "Маврово". Затоа, во втората половина на јуни, културно-просветниот одбор при Главниот штаб на младинските работни бригади вешто се снашол во работата. Во вакви околности, со мали исклучоци, ни малку не изгледа случајно зошто бил формиран предавачки актив исклучиво од оние лица кои биле членови на штабот. Треба да се каже дека и предавачите - студенти, и предавачите од предавачкиот актив при Главниот штаб, своите предавања ги подготвувале на за еднички состаноци[231]).

Посебната тежина на оваа работа, на предавањата е тоа што предавачите меѓусебе разменувале мислења и го прифаќале пред се она што е ново, прогресивно. Не треба да се испушти од предвид фактот дека темите кои биле предвидени за предавањата се утврдувале на состаноците на читачките групи, на кои исклучиво била обработувана литература во врска со предвидените предавања. Речиси во секоја селска и работничка младинска бригада биле формирани читачки групи а во средношколските младински бригади дебатни кружоци. На читачките групи и на кружоците се изучувала основната марксистичка литература, како и партиска и младинска документација од провиенцијата на ЦК КПЈ, односно ЦК КПМ, на ЦК на НМЈ, односно ЦК НММ. Тие имаат улога на филтер во отстранувањето на некои опортунистички и малограѓански сфаќања и манири.

Во 1948 година на младинската акција "Маврово" биле организирани 282 читачки групи. Тие одржале 3.250 состаноци. На состаноците што се одржувале еднаш или двапати неделно, покрај разгледувањето на актуелните политички настани кај нас и во светот, речиси без исклучок се обработува или се дискутира некое поглавје од Историјата на КПЈ, материјали од V конгрес на КПЈ, реферати, прогласи,

Резолуцијата на V конгрес на КПЈ, локалниот младински печат и др. Бил разгледуван и материјалот во вид на брошура под наслов "За младината и должностите на членот на НММ", материјали за организацијата на младинските бригади и чети и др. Во програмата е вклучена и Резолуцијата на V конгрес на КПЈ, документ кој ја утврди и широко презентира револуционерната платформа на КПЈ за одбрана на независноста на земјата и зачувувањето на мирот во неа. Анализирана била и одлуката на V конгрес на КПЈ за спојувањето на СКОЈ и Народната младина во единствена младинска организација. Наш впечаток е дека со обработката на овој материјал младината тогаш уште еднаш се увери во правилноста и доследноста на политиката што ја водеше тогаш ЦК КПЈ на чело со Јосип Броз Тито. Стои фактот дека кај младината е изразен категорички став кон Резолуцијата на Информбирото[232)].

Во Маврово, каде што е голем бројот на учесниците на работната младинска акција, предавањата имаат поширока функција, бидејќи во нив биле опфатени теми со различна тематика, но најчесто се презентирани информации со политички карактер. Во полза на горното тврдење за нас мошне се интересни следниве податоци: Во 1948 год. на Републичката младинска акција на НР Македонија "Изградбата на хидроцентралите "Маврово", одржани се голем број предавања со различна тематика, и тоа: 465 со политичко-воспитна содржина, 385 политичко-информативни, 163 научно- популарни, 74 стручни. Предавања одржале 988 лица, пред се студенти. На предавањата присуствувале вкупно 6.728 младинци. Ваквото наведување на одредени факти и нивната интерпретација ни даваат за право да одбележиме дека интересирањето што ги покажале младинците кон оваа форма на културно-просветното издигнување се големи.

Во програмата за културно-просветно издигнување со одбрани написи е вклучен и органот на Главниот штаб на младинските работни бригади, весникот "Електро-Маврово". Тие обично имаат цел да придонесат за воспитувањето да дадат упатства како треба да се организира работата на градилиштето и како полесно да се реализираат дневните планови за работа на младинските бригади. Во 1948 година излегле 22 броја на "Електро Маврово", со вкупен тираж од 6.000 примероци. Меѓу бригадирите е присутен и друг печат како "Нова Македонија", од кого младинците добиле 300 примероци, потоа 300 примероци на "Борба". Бригадите на Маврово добивале и младински печат, како "Млад борец", орган на народноослободителниот младински сојуз на Македонија, потоа "Омладина" што како орган на НМЈ излегуваше во Белград како и одбрани весници на сојузните и на републичките акции[233)].

Сваќајќи го огромното значење и потребата од библиотеки, младинските власти, органи на акцијата "Маврово" презеле потребни мерки околу нивната организација. Кога е збор за библиотеките, не може да се зборува за некој голем книжен фонд, посебно кога е во прашање библиотеките на помалите младински бригади. Библиотеките при младинските работни бригади имале фонд од 7.569 книги. Тие главно биле снабдувани со белетристика и со литература со политички и популарно научен карактер. Секако, најзначајна е библиотеката при Главниот штаб која имала 1.789 книги. Оваа библиотека задолжително примала примерок од сите весници, брошури, летоци и други материјали кои пристигнувале во Маврово. На младинците и на младинките учесници во оваа најголема младинска акција во Македонија, најомилена литература им се делата на Горки "Мајка" и "На дното", на Островски "Како се калеше челикот", на Шолохов "Разорана ледина", збирката песни "Бели мугри" од Кочо Рацин,

поезијата на Коле Неделковски, поезијата на партизанскиот поет Мите Богоевски и други бројни дела со национална и социјална тематика. Оваа литература обично има статус на мала подвижна библиотека и ја имаше речиси секоја младинска бригада, а се читала самостојно или заеднички.[234)]

Со пристигнувањето на младинските работни бригади и чети во Маврово се развиваше и културно-просветната работа. Формите на оваа работа беа разновидни: читачки групи, аналфабетски курсеви, печат, културно-уметнички групи и други форми.

Во редовите на младинските работни бригади културно-просветната, политичко-идеолошката и воопшто воспитно-образовната работа се ширела и се одвивала по утврден план и програма. Според статутот на младинските работни бригади, пропишан од ЦК на НММ, се предвидуваат и културни екипи. Овие екипи биле во состав на Штабовите на младинските работни бригади и работеле врз политичкото и културно-просветно издигнување на младинците. Посебна улога во оваа работа имале раководните членови на културните екипи. Под непосредно раководство на културните екипи се приготвувале културни приредби, митинзи, забави, манифестации, се обработувале разни прогласи, се умножувале разни материјали и слично. Екипите предвидувале за младината и за народот програма со воспитно-образовна и културно-просветна содржина. Овие екипи укажувале помош на одборите при младинските чети кои се занимавале со културно- просветните прашања и проблеми.

Читачките групи, како форма на работа, биле раширени во младинските бригади и чети бидејќи немало доволно весници и друг материјал. На читачките групи се читале вести, прогласи, печат, кратки брошури, се давале известувања за најновите настани во светот и кај нас. Раководители на овие читачки групи биле истакнати младинци и младинки.

Преку оваа форма на работа се развивал интересот кон книгата, како и желбата за натамошно образование.[235)]

Во Маврово се организирале и аналфабетски курсеви, како основна форма за описменување на неписмените младинци и младинки. Аналфабетските курсеви се организирани во секоја бригада и чета каде што постоеле минимални услови, а имало неписмени младинци. Ги организирале културно-просветните екипи, односно одбори. Организаторите се сретнале со голем број проблеми како што се недостиг на наставен кадар, простор, учебници, литература. Раководители на курсевите биле стручни учители, или пак избрани младинци и младинки, кои имале извесна школска подготовка, односно искуство во ваква работа. Во 1948 година во Маврово биле одржани 52 аналфабетски курсеви, во кои биле опфатени 977 младинци, а се описменети вкупно 846 лица. Наставната програма се состоела главно во запознавање со читањето, пишувањето и совладувањето на основните математички операции. За време на наставната програма бил користен и печатот, разна литература, билтени, прогласи и др[236)].

Како форма на политичко-идеолошко, културно-забавната и воспитно-образовната дејност, приредбите заземаат мошне значајно место. Обично, се состоеле од два дела. Првиот имал пред се идеолошко-политички карактер - реферат за надворешната и внатрешната ситуација во земјата, а другите воспитно-образовен и забавен карактер. На приредбите со своја програма настапувале разни фолклорни, пеачки, дилетантски групи, хорови и др. Се прикажувале комедии, најчесто со тематика од НОВ и Револуцијата, со социјална тематика, се рецитирале партизански песни, песни за Тито, за слободата, хорско и солистичко изведување на народни песни, а обично приредбата завршувала со

народни ора и песни. Приредбите и митинзите биле значајна форма на културно-просветниот и забавниот живот. Интересирањата за нив биле мошне големи. При младинските бригади во 1948 година биле формирани 56 фолклорни, 36 пеачки, и 23 дилетански групи, како и 58 хорови.[237)] Овие културно-уметнички групи не само што извеле богата и содржајна културно-забавна програма за време на одржувањето на општите приредби, туку евидентна е нивната активност и во време на одржувањето на логорските огнови, како и на приредбите организирани во чест на трудбениците. Од записникот на околискиот НОО за Гостиварска околија од 24 август 948 година се гледа дека културно -уметничките групи од младинските работни бригади од Маврово, во околните села на Гостивар настапиле на 73 приредби, и тоа во оние места, каде, според расположивите податоци, нема траги, за постоење на културни екипи. Настапот и учеството на овие екипи бил инициран од страна на Главниот Штаб на младинските работни бригади од Маврово, со цел да го подигне културно-росветниот живот на селското население, а воедно ја популаризира вредноста на изградбата на хидросистемот Маврово..[238)]

Од извештајот на Главниот штаб на младинските работни бригади од 18 август 1949 година заведен под бр.23[239)] се дознава дека уште во април 1948 година, по иницијатива на културно-просветната екипа при Главниот штаб е формирана една културно-просветна бригада. Бригадата била составена од избрани момчиња и девојчиња на возраст од 15 до 20 години. Облечени во македонски народни носии, тие настапувале како играорна група, како театарска група или како хор, во Скопје, Битола, Охрид, Гостивар и во други поголеми градови во Македонија. На приредбите изведувале кратки театарски комедии: "Аналфабет", "Шаран", "Народен пратеник", "Јазовец пред суд",Просидба и мечка" (од Чехов), "Кај

лекарот", од Јован Поповиќ, и др. Претставите на бригадата претставувале извонредна манифестација на народната култура на младинецот Македонец. Со својата дејност, оваа бригада одигра импозантна улога во мобилизацијата на младината за испраќање нови младинци и младинки на младинските работни акции. Од друга страна, пак,ги зголемуваше моралните сили на младинецот учесник во изградбата на татковината.

Во врска со дејноста и значењето на првата културна бригада од Македонија, во еден напис од 21 јули 1949 година, под наслов "Нашиот младинец и нашата културно-просветна бригада", се вели: "Од пред извесно време наваму се чувствува многу повеќе дејноста на првата културно-просветна бригада од Маврово. Таа врши обиколка и изведе приредби кои беа масовно посетени од народот не само во Скопје и Охрид, туку отиде и во Штип, Струмица, дури и до Делчево и други градови на Македонија. Бригадата во Делчево со изведената приредба предизвика вистинска празнична атмосфера. Сите учесници на возраст од 18 до 20 години беа облечени во галичко руво, со неуморна работа на раководителите на бригадата, момчињата и девојчињата се оспособија насекаде во Македонија да сејат радост меѓу нашиот измачен дотогаш македонски народ". Вистина е дека песната и орото на оваа бригада го полнеа младинецот со ентузијазам, со дух и со гордост. Македонскиот младинец веројатно се почувствува уверен во можноста да ја изгради побрзо својата татковина, а со тоа растеше и неговата вера за подобар живот.[240)]

Активноста што ја покажаа културните бригади всушност, претставуваа израз и на динамичноста на нашиот млад човек, израз на неговите способности и душевни дарби, на неговата истрајност и енергичност, на се она што можеше да се создаде на културно-просветен

план по ослободувањето, во услови кога македонскиот човек за првпат во својата историја зечекори и тргна слободен да ја гради својата иднина. Но, логично е дека такви бригади требаше да има повеќе, барем 3 до 4 на секоја поголема работна младинска акција.

Опширниот доверлив извештај на секретарот на Главнот штаб на младинските работни бригади од 24 август 1948 година, испратен до Земското собрание на НММ во Скопје, се осврнува, покрај другото, и врз организирањето на фестивалите како една од поомилените форми на културно-забавната работа на младинците. Во извештајот се наведува дека 86 културно-уметнички групи од работните младински бригади на Маврово со вкупно 2.230 младинци учествувале на 5 младински фестивали. Фестивалите претставуваат ”посебен феномен и поголема културна манифестација на младинецот од младинските бригади” констатира на крајот од извештајот секретарот на ГШ.[241)] Атмосферата што ја создадоа фестивалите мошне пластично ја коментира еден од написите во ”Млад борец”. Низ примерот на Маврово типичен во смисла за одржување и организирање на фестивали на сите младински акции во Македонија, во ”Млад борец” се соопштени следните податоци: ”За организира њето на фестивали ГШ го искористи општото задоволство на младинците за развиток на културно-забавниот живот. Мноштво младичи и девојки. На румените образи за време на одржување на фестивалот на младинците и младинките им се гледаше радост. На сите страни одекнува песна и оро”.[242)] Одржувањето на фестивалите било незаборавен свечен настан. Започнувале обично во недела, на пригоден начин.

Пред започнување на свеченоста, со транспаренти и црвени знамиња под водство на своите раководители, младинците во строј минувале по патеките на градилиштата. На свеченостите по повод

отворањето на фестивалот, покрај младината учествувале и претставници на народната власт, на општествено-политичките организации, како и голем број гости од месното и околното население. Фестивалите започнувале со пеењето на химната "Хеј словени" и со македонскиот марш "Изгреј зоро на слободата". На фестивалите, пред да започне културно-забавната програма, надлежните младински претставници истапувале со пригодни говори, во кои посебно внимание било посветувано на ликот на младинецот учесник во работните акции[243].

Една од омилените форми на културно-забавната работа биле логорските огнови. Врз основа на податоците кои ги имавме на располагање, слободно можеме да констатираме дека, со цел да се опфатат што поголем број учесници, на логорските огнови беше посветено мошне големо внимание. Логорските огнови се одржувале секоја вечер по бригадите. На нив беа организирани мошне кратки и интересни приредби и концерти, на кои присуствувале голем број младинци. Тие беа таква форма преку која се чувствуваше интензитетот на културно-забавната активност.

Забрзаниот развој на културно-забавниот живот, покрај другото се потпираше и врз богатите традиции на културно-уметничките друштва. Во тој период тие настапуваа мошне често во Маврово, и на тој начин одиграа значајна улога меѓу младинците. Додека културно-масовната работа, во своите најразлични облици во младинските бригади беше спроведувана преку многубројни предавања од политички карактер, од областа на општото образование, преку читачките групи и сл., културно-забавниот живот, се развиваше преку разни дилетански, фолклорни и рецитаторски групи при младинските бригади, и преку културно-уметничките друштва.

Во таа смисла, Земското собрание на НММ и

Републичкиот сојуз на културно-просветните друштва на Македонија беа впрегнати во работа да направат план за учество на разните културно-уметнички друштва на "Маврово". Особено голема соработка развија со Министерството за просвета и со Главниот одбор на еднствените синдикати. Во Маврово позабележителна работа во развивањето на културно-забавниот живот постигна културно-уметничкото друштво "Кочо Рацин" од Скопје. На 1 мај и на 2 август 1948 година, Друштвото настапило со следните секции: хор, дилетанска група, фолклорна и музичка група. Вниманието на гледачите го привлече со џезот и со тамбурашкиот оркестар. Културно-уметничките друштва "Кочо Рацин" од Титов Велес и "Стив Наумов" од Битола направија турнеја во Маврово и водеа во културно-забавниот живот. Но, подобрувањето на културно-забавниот живот се должеше, уште и на едно посериозно активирање на театрите од Скопје, Битола, Титов Велес, и Куманово. Нив им се приклучи и аматерската театарска група "Кочо Рацин" од Скопје. Забележителна активност на културно-забавен план таму пројавија и фолклорните групи од Скопје, Тетово и Гостивар. Дел од културно-забавната активност исполнуваа и "Радио-хорот" од Скопје, "Градскиот хор" од Штип, група хористи од Скопската опера, младинскиот хор од Тетово и др.[244)]

Секоја недела, како и во рамките на првомајските и илинденските прослави, Маврово стана место каде започнаа традиционално да се одржуваат ревии на културно-уметнички друштва и секции. Културно-уметничките друштва и разновидните драмски, музички, фолклорни и други групи најразлично го користеа "Маврово", особено во летните месеци, бидејќи таму имаа добри услови да ги презентираат своите достигнувања. Со својата разновидна содржина, овие форми на културно-забавен живот, претставуваа вонредно добар начин за постигнување на

одредени цели.

## АКЦИИ ЗА ПОШУМУВАЊЕ

За време на четиригодишната војна (1941-1944) во Македонија окупаторот направи огромни материјални штети. Не беше поштедено дури ни шумското богатство. Впрочем оштетувањата на шумите во поголеми или во помали размери се забележувале скоро во сите подрачја на Македонија. Според расположивите податоци, најголеми штети беа направени врз шумите во битолскиот регион. Така, наместо определениот максимум за сечење дрва, кој во Битолско изнесуваше 300 м.кубни, окупаторот само во текот на една година исекол 2.888 м. кубни. Од ова произлегува дека боровите шуми на Пелистер, во Мариовско, како и во другите подрачја на Македонија беа немилосрдно експлоатирани од окупаторот.[245)]

Поради тешката затечена состојба во шумите, непосредно по ослободувањето, односно во првите повоени години, органите на народната власт посебно внимание му посветија на пошумувањето на голините во Македонија. Во акцијата за пошумување на голите површини, покрај надлежните шумски органи, забележително е учеството и на општествено-политичките организации. Челното место меѓу нив и припаѓа на организацијата на Народната младина на Македонија. Во текот на 1948 година во пошумувањето на голините евидентно е учеството на младината од Битолско, Кривопаланечко, и од други регии на

Македонија. Според расположивите показатели 2.110 младинци и младинки од Битолско во 1948 година засадија 720.000 садници, во Кривопаланечко, пак, 1.223 младинци и младинки засадиле 340.000 багремови садници, во Прилепско 934 младинци и младинки засадиле 386.000 садници. Во акцијата за пошумување во 1949 година, резултати бележи и младината од ТиквеШко, Титоввелешко, Радовишко и од други места[246)].

Во 1950 година, уште во почетокот беа преземени сериозни чекори не само од компетентните органи, туку и од ЦК НММ, со цел акцијата за пошумување на голините да добие сенароден карактер. Во писмото од 23 март 1950 година, кое ЦК на НММ го упатува до младинските организации на теренот, се инсистира младинските раководства да пружат се од себе, за да се реализира републичката програма за пошумување. ЦК на НММ меѓу другото од младинските раководства на теренот бара да го популариризаат значењето на шумите. За таа цел, младинските организации беа за должени да одржат повеќе конференции на кои на младинците ќе им се зборува, односно објаснува, ползата од шумското богатство. Целта на конференциите беше јасна - да се привлечат и да се вклучат во доброволните акции за пошумување што поголем број младинци. Преку овие конференции се придонесуваше акциите за пошумување да добијат масовен карактер.[247)]

Како резултат на ваквиот пристап во решавањето на ова прашање, во пролетта 1950 година младината на Македонија зеде помасовно учество во пошумувањето на голините. Според еден извештај на ЦК на НММ од 21 ноември 1950 година, младината во 1950 година засадила вкупно 1.563.000 садници врз доброволна основа. Ваквото успешно спроведување на пошумувачките акции, карактеристично за сите регии на Македонија, беше резултат на сериозниот пристап кон

разрешувањето на овој проблем од страна на Народната младина и на другите општествено-политички организации. И во текот на 1951 и 1952 година, младинските организации од Скопско, Радовишко, Тетовско, Гостиварско, Охридско, бележат резултати во пошумувањето. Така, младинците и младинките од Скопско во 1952 година засадиле 496.520 садници, од Кичевско 153.000 садници, итн[248)].

## МЕЛИОРАТИВНИ ЗАФАТИ

Паралелно со другите акции, но во помал обем, младината на Македонија им посвети внимание и на мелиоративните зафати - одводнување на мочурливите терени, регулации на реки, прокопување на канали, итн. Карактеристично е што во текот на првите години по ослободувањето, вакивте акции не беа масовни и бројни. Тоа резултираше повеќе од влошената економска состојба, поради што младината и другите општествено-политички организации беа ориентирани повеќе кон решавање на проблеми непосредно сврзани со зајакнувањето на стопанството. Но, ова не значеше дека треба да се занемарат мелиоративните акции, па и на овој план беа постигнати извесни резултати.

Ако судиме според постигнатите резултати на младината на овој план, ќе видиме дека евидентни резултати се постигнати во Скопско, Тетовско, Охридско, Прилепско, Кочанско и во други подрачја на Македонија.[249)] Еден од најкрупните зафати во кои младинската организација имаше значајна улога, секако, е мелиорацијата на Струмичкото Поле. За да се спречат претстојните компликации, Земското

собрание на НММ презело ефикасни мерки за да се подобри положбата во Моноспитовско Блато. Земското собрание испратило циркуларно писмо до сите младински активи,[250)] во кое го изнесува своето гледиште за изведувањето на работите во Струмичкото блато. Надлежните младински раководства, пак, ништо не пропуштале во настојувањата за побрзо извршување на работите. Според известувањата на организациониот секретар на младинската организација на Кавадаречка околија, од 18 април 1948 година, се дознава дека младински активисти од Тиквешко во текот на март и април 1948 год. оделе по сите села во Тиквешијата за да извршат поголема мобилизација на младинците за учество во доброволната младинска акција Моноспитовско Блато[251)]. Од текстот на извештајот може да се следи натамошниот тек на односот на младината кон мелиоративните акции. Може да се констатира дека младината била мошне одговорна по ова прашање.

На 3 мај 1948 година, поточно, во првата етапа од подготвителниот период за изведување на работите во Струмичко Блато, формирана е Управа за стручно раководно тело, кое, според својата функција, имплицира во себе неколку елементи. Од нив позначајни се: а) подготвување акти и изведување на сите технички работи, проекти и оперативни планови и б) следење на состојбата во областа на сместувањето, исхраната и сл. Изнесените елементи, всушност ја содржат управната функција на Стручното раководство во поширока смисла на зборот. Во организацијата на работите за раководење со доброволните младински сили, посебно и важно место му припаѓаше и на младинскиот штаб. Конкретната организација на Штабот, како челно младинско раководство, беше заснована врз примената на принципот на концентрација, и тоа ова тело според стручноста потребна за вршење

определени задачи. Во рамките на својот делокруг, ова тело, непосредно се грижеше за целокупната физичка, културно-просветна, идеолошко-политичка и фискултурна работа[252)].

Разгледувањето и оценувањето на проблемот на мелиоративните зафати, односно одводнувањето на мочурливите терени, ќе биде поуспешно доколку се засновува врз правилни констатаици. Нив ги наметнува се позачестената појава, односно масовноста на заразните болести, т.е. целиот сложен сплет на околности во врска со влошувањето на здравјето кај луѓето. Оттука, постојано мораат да се имаат наум, од една страна, дејствата и стремежите на младинските органи,а од друга страна барањата на младинците и младинките за учество на акциите од ваков вид. Со оглед на исклучителното значење на мелиоративните акции најживо интересирање младинската организација покажа за изградбата на Струмичкиот канал. Изградбата на овој канал се сведуваше и одеше на сметка на доминантната улога на младинската организација, поради што овој беше наречен уште и младински канал.[253)]

Младинската работна акција ”Моноспитовско блато” беше израз на високата свест и пожртвуваност. Потребите на општествениот развиток го наложуваа разрешувањето на еден ваков младински зафат ”кој се одликуваше со значајно влијание врз судбината на стопанскиот развиток на општеството во тогашните услови на изградба на земјата”. Во првата половина на мај 1948 година, се извршија позначајните подготовки за оваа акција, а при крајот на тој месец во мелиоративните работи во Струмичкото Поле зедоа учество 8 младински бригади со 1.569 младинци и младинки. Бригадите со работа започнаа на 1 јуни 1948 година. Младинците што учествуваа во оваа акција требало да се придржуваат на формулираните начела, зацртани во Законот за мелиорациите, донесен од

Министерството за земјоделие на НРМ. Според овој закон, во мелиорационите работи прво требало да се регулираат буиците, па потоа да се пристапи кон копањето на главниот канал. Стручното тело за изведување на мелиорационите работи на Струмичкото поле, категорички изјавува дека ќе ја пропагира идејата за неприменување на дел од републичкиот закон во регулацијата на Струмичкото блато и дека ќе настојува да се обезбедат нужните услови прво да се регулираат најопасните леви порои Василица и Бојковскиот поток, кои се влеваат во долниот тек на реката Струмица. Насочувањето на стручното раководство дел од младинските бригади да работат на самата река Струмица, беше сосема правилно. Потврда за тоа, наоѓаме во констатацијата дека десните порои, притоки, на Струмица, не се така опасни, бидејќи планината Беласица од каде што извираат, е прилично пошумена. Така се формираше и реалната оценка за природната консталација, од која произлегуваше и влијанието врз начинот, и обемот на решавањето на десните притоки на реката Струмица. Тие, имено, не беа опасни бидејќи не можеа да носат поголеми наноси[254)]

Во првата смена пристигнале младински чети од Струмичка, Битолска, Тиквешка, Прилепска, Скопска и други околии на Македонија. Тие работеле од 1 јуни до 2 август 1948 година. Учествувале во копањето на појасниот канал под Беласица. Во првата смена учествувале 8 бригади, составени од 1.569 младинци. Во текот на двомесечната работа тие дале 392.593 работни часови, а исфрлиле 127.864 м.кубни земја. Според расположивите податоци, во изградбата на овој одводен канал, долг 16 км. во 1947 година работеле 4.536 младинци и младинки. Во текот на шестмесечната работа тие дале 1.054.065 работни часови врз доброволна основа. Во 1948 година учествувале 3.723 младинци

и младинки кои дале 838.233 работни часови. Според расположивите податоци, со изградбат на Струмичкиот канал требаше да се создадат околу 105 декари обработлива земја.[255] Овој младински зафат, во кој дојде до израз ентузијазмот и свеста на младинските сели за побрза изградба на земјата, претставуваше позитивен чекор во тогашните услови.

## МЛАДИНАТА УЧЕСНИК ВО ИЗГРАДБАТА НА ЗАДРУЖНИТЕ ДОМОВИ

Акцијата за изградба на задружни домови беше иницирана од страна на Главниот одбор на Народниот фронт на Југославија. Во 1948 година земјоделските, а поретко и селските работни задруги, со значителна материјална помош на државата, започнаа интензивна изградба на задружни домови кои станувaа центри на културниот и вкупниот општествен живот во селата. Во некои средини изградбата на задружните домови беше форма на политичката мобилизација на селанството за програмата на социјалистичкото преобразување на селото, односно форма на борбата против ”влијанието на реакционерните политички сили”. Во таа акција исклучително значајна беше улогата на народната младина.[256]

Прашањето за изградба на задружни домови во Македонија станувало се поактуелно. Со извонредно внимание се следел процесот на нивното создавање, нивната практична примена, како и нивниот одраз врз животот на луѓето. По повод создавањето задружни домови, при Централниот одбор на Народната младина на Македонија, е формирана Републичка управа за задружни домови, во чиј состав влегувале член на секретаријатот на Централното собрание на НММ и тројца младински

раководители, членови на околиски и градски младински секретаријати, Во вршењето на своите функции Републичката управа имала овластување да донесува и општи правни акти: наредби, упатства, решенија и др. Таа, исто така, имала надзорни овластувања спрема пониските извршни одбори на младинските органи на народната власт задолжени за изградба на задружни домови. Републичката управа се смета како координатор, и во таа своја функција таа ги одредува и насоките од својот делокруг. Вршејќи ги своите овластувања над работата на локалните управи за изградба на задружни домови, Републичката управа можела да ги презема и непосредно да ги решава прашањата од својата надлежност.

Секретаријатот на Земското собрание на НММ под свое покровителство го зел семинарот кој се одржал од 15-19 февруари 1948 год. На него присуствувале членовите на околиските одбори на народната младина кои влегувале во управите за изградба на задружни домови. На семинарот констатирано е дека на изградбата на задружни домови се посветува доста внимание, но исто ака, е констатирано дека и околиските управи за градење задружни домови имаа тешкотии и помалку разбирање кај народот, отколку кога се работи на изградба на просветни институции. По одржувањето на овој семинар, по околиските центри, организирани се тридневни советувања, со командантите на младинските работни чети, односно со раководните младинци од селската управа за изградба на задружни домови.

На овие советувања позитивно е оценета широката програма и остварените резултати во изградбата на задружни домови, а укажано е и на бројните проблеми што требало да се решаваат[257].

Проблемите и противречностите, пројавени во реализацијата на ова прашање, се решаваа во следнава смисла: Без оглед

на почетните резултати и на се уште несоздадените услови, во селата каде било предвидено да се градат задружни домови се организирани работни чети кои се ангажирале околу собирањето градежен материјал потребен за изградба на домовите. По повод спроведувањето на заклучоците на Републичката управа за изградба на задружни домови, извештаите на младинските раководители од пролетта 1948 година немаат белег на некоја посебна задлабоченост во одделни проблеми од оваа акција. Тие повеќе информираат за одделни настани кои, биле во врска со оваа акција. Тоа говори само за еден позитивен однос кон тој процес на изградба на задружни домови. Меѓутоа, од еден од тие извештаи се гледа дека младинските раководители биле прилично витални при решавањето на поедините проблеми.

Во таа фаза на подготовки кога било можно да се наметнат повеќе проблеми на планот на изградбата на задружните домови. по околиските центри биле одржувани свечени конференции на кои биле формирани околиски бригади за изградба на задружни домови и биле избирани бригадни штабови. Чувствувајќи дека нешто повеќе треба да се направи, а со цел да се добијат што подобри резултати при изградбата на задружните домови, Републичката управа, испраќала чести наредби, упатства, и планови за потребата и количеството на градежен материјал, проекти за домовите до околиските управи за изградба на задружни домови. Во секоја прилика била потенцирана важноста и потребата од градежен материјал и било истакнувано дека материјалот треба да се обезбеди од локална база.

Од особена важност е успешното делување на Републичката управа меѓу членовите на околиските управи за градење задружни домови. Управите за изградба на за дружни домови, кои

делувале во состав на месните раководства на НММ по селата, каде е предвидено градење, започнале акција за собирање доброволен прилог од населението. Меѓу преземените мерки, од посебна важност за натамошниот развој на изградбата на задружни домови е одлуката на Владата на НР Македонија, со која одобрила парична помош во износ од по 520.000 динари за поголемите задружни домови, а по 300.000 динари за помалите. Овие средства требало да се користат исклучиво за набавка на материјал, како и за плаќање на стручниот кадар за изградба. Впечаток останува дека во решавањето на ова прашање беа постигнати забележителни успеси. Тоа беше резултат на планското пристапување при изградбата на задружните домови[258)].

Младината зеде активно учество во подготвителните работи за изградба на задружни домови. Беа формирани многубројни младински бригади и чети. Тие учествуваа во приготвувањето камен, вар, дрва и друг градежен материјал. Така, од извештајот на Околискиот одбор на Народната младина - Охрид, од 21 март 1948 година, се дознава дека младината од Охридска околија формирала младинска бригада која зела учество во изградбата на задружните домови кои започнале да се градат во селата: Белчишта, Велмеј, Врбјани, и Мешеишта. Во извештајот, меѓу другото, се вели: ”Младинците и младинките во подготовките за изградба на задружни домови извршиле голема работа. Извадија голема количина камен, исекоа дрва и пристапија кон прибирање на доброволни парични прилози. Освен тоа, бригадата изгради варница и тулана кои што веќе се приспособени за производство”[259)].

Во Кичево на 23 март 1948 година голем број младинци и младинки присуствувале на конференцијата на која била формирана работна бригада за изградба на задружни домови. Конференцијата ја

отворил секретарот на Народниот фронт Драге Богески[260]. Тој зборувал за улогата на задружните домови во планското стопанство, изградбата на задружни домови. И во Штипска околија во 1948 година младината бележи евидентни успеси при изградбата на задружни доови. Во Штипска околија 1948 год. биле изградени 11 задружни домови и тоа во селата: Драгово, Лесковица, Долјани, Врсјаково, Долни Балкан, Радање, Карбинци, Аргулица, Кучичино, Крупиште и Буковци. Во изградбата на задружни домови постигнати се успеси и во Прилепско, Тиквешко, Титовелешко и други подрачја на Македонија. Во Гостиварска околија се граделе 13 задружни домови[261].

## МЛАДИНАТА - УЧЕСНИК ВО ИЗГРАДБАТА НА КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

Во периодот на Втората светска војна културно-просветните институции во Македонија претрпеа огромни материјални штети. Поточно речено, војната предизвика општ застој најпрво во школството. Според степенот и обемот, осетни биле оштетувањата што ги претрпеле зградите на културно-просветните институции 18% од нив биле наполно уништени, а 82% биле делумно оштетени. За време на воените операции некои од нив биле претворени во касарни, во кои биле сместувани окупаторските војски, полицијата и другите непријателски оружани формации. Ваквата состојба на културно-просветните институции најдобро ја поткрепува еден современик. "Во ноември 1944 година, забележува тој, зградите во Македонија речиси на сите културно-просветни институции беа многу оштетени, а инвентарот во нив наполно уништен и однесен... Примери

на варварско рушење и оштетување  на културно-просветните згради се видливи во поголем број населби во Македонија...[262)].

Бидејќи немаме целосен преглед на оштетувањата на културно- просветните згради во Македонија од 1941 до 1944 година, се служиме со податоците од комисиите за утврдување на воени штети при училиштата. Според нивните заклучоци голем бил степенот на материјалната оштетеност на културно-просветните објекти во сите региони во Македонија, особено во пограничните населби и во оние што се наоѓале во близината на главните комуникации, по кои непријателските војски поминувале при нивното повлекување. Тоа јасно ќе го потврдат само неколку примери.  Во борбите за селото Локов во јуни 1944 година, од пожарот што го  предизвикале германско-балистичките банди, наполно била уништена  училишната зграда со целокупниот инвентар, опрема, архива и сл. Комисијата за утврдување на воената штета на основното училиште во селото Локов констатирала дека е направена штета во вредност од 77.200 тогашни динари. Во мошне тешка положба во Струшко се наоѓале и училишните згради во селата Ташмаруништа, Модрич, Збажди, Присовјани, Луково, Вевчани, Долна Белица, Лабуништа, Подгорци и др. И во Охридско окупаторот направил големи штети на училишните згради. Германците ги запалиле училиштата во Опеница, Сливово, Ботун, Мраморец и други села[263)].

Сериозни воени штети претрпеле и културно-просвените организации во Прилеп и Прилепско. Комисијата за утврдување на воените штети  констатирала дека материјалната штета на училиштето "Свети Кирил и Методиј" изнесуваше 229.140 дин., на основното училиште "Свети Климент Охридски" 144.960 дин., на училиштето "Кире Гавриловски Јане" 60.960 дин., на училиштето "Мирче Ацев" 40.840 дин., на училиштето "Цар Самоил"

(денес "Кочо Рацин") 19.880 дин., на училиштето "Браќа Миладиновци" 5.400 дин., на училиштето "Пере Тошев" 4.100 динари. Не биле незанемарливи ниту штетите нанесени на голем број училишта и други културно просветни институции во околината на Прилеп.[264)]

И во тиквешко окупаторот запалил и оштетил голем број згради на културно-просветни институции. Тоа го направил во селата Радња, Рибарци, Војшани, Стрмашево, Дреново, Раец, Мрзен, Ореовец, Тимјани, Глишиќ, Бунарче итн. Според комисијата за воени штети,огромни, се и материјалните оштетувања врз зградите на културно-просветните институции направени од страна на бугарските и германските непријателски војски во Велес и Велешко, штетата на училишната зграда во Башино Село изнесуваше 49.732 тогашни динари, во Богомила 45.000 динари, во Папрадиште 28.000 динари, во Ореов Дол 26.380 дин. во Мокрени 18.430 дин. во Теово 17.690 дин. Големи материјални штети биле нанесени и на училиштата во с.Мелница, Водоврати, Сајаклари, Долно Чичево, Виничани, Оморани, Мартолци, Рештани, Ролевци, Карслари и други села[265)]. Воени штети претрпеле и културно-просветните организации во Скопје и Скопско, Штип и Штипско, Струмица и Струмичко како и во други подрачја на Македонија. Податоци за материјалните штети даваат реална слика на состојбата во школството, односно слика на состојбата во која се наоѓале објектите на културно-просветните институции. Со еден збор, состојбата во училиштата и во другите културно-просветни институции во Македонија во времето по завршувањето на НОВ, со сосема мали исклучоци,била под сите минимуми потребни за работа.[266)]

Најголеми материјални оштетувања на културно-просветните згради, направил германскиот окупатор 85%. Другите окупатори, пак, учествувале со 15% од вкупните оштетувања[267)]. По

ослободувањето се чувствувала голема потреба од училишни згради и од згради за другите културно-просветни институции. Тоа го потврдуваат безбројните писма испраќани од народот и од просветните работници до соодветните органи на народната власт.

Обновувањето и изградбата на културно-просветните згради во деновите непосредно по ослободувањето претставуваше проблем од сериозна природа, па се наметнуваше потреба од што побрзо негово решавање. Но, поради мобилизирањето на извесен дел од машкото работоспособно население, кое беше испратено на Сремскиот фронт, беше отежната и обновата на зградите на културно-просветните институции. Меѓутоа, и покрај ваквите околности, како резултат на несебичната активност на општествено-политичките организации (Народниот фронт, НОМСМ, АФЖ, Синдикатот и др.) резултатите не изостанаа. ”Работата... треба да биде засилена, се велеше во еден извештај, треба да се ангажираат сите масовни организации, а пред се младината за мобилизирање на широките народни маси во работата за изградување на училиштата.[268)]

Улогата на младината во изградбата на разните културно-просветни и фискултурни објекти, се огледаше, главно, во две основни форми и тоа: а) Учество во објаснувачките акции сред широките народни маси за важноста на објектите на културно-просветните организации, со дел да се привлече и вклучи во самите акции што поголем дел од населението и б) директно учество на младината во самите работни акции за изградба на културно-просветни објекти. Овие начела и разбирања се разбирања се неразделни елементи на генералната политика на Главниот одбор на Земското собрание на Народната младина, односно на нејзиниот ЦК. Тие се проникнати и осмислени со искрените желби на младината и на

народот воопшто за издигнување на културно-просветното ниво на неписменото население. Тие ги изразуваат, всушност, основните стремежи и интереси на младата генерација за изградба и јакнење на социјалистичката државна заедница. Според статистичките извештаи на ЦК НМЈ, во периодот од 1948 до 1953 година, младината на Југославија освен во другите акции, зела обврска да учествува и во изградбата на 2.752 разни просветни и фискултурни објекти. Според расположивите податоци, младината од Македонија во овој период учествувала во изградбата на 276 просветно-културни институции. Според проценките на Земското собрание на НММ, на Планската комисија на НР Македонија и на Министерството за просвета, заедно со другите општествено-политичките организации, младинската организација учествувала во изградбата на 131 училиште, 70 културни домови, и 75 фискултурни игралишта.[269)]

Позитивно влијание врз забрзувањето на изградбата на културно просветните објекти изврши писмото на ЦК НММ од ноември 1949 год. испратено до сите организации на Народната младината на Македонија. Во писмото, меѓу другото се вели: ”... младината организирана во работни чети и бригади треба да биде најјак ослон на фронтот... Младинската самоиницијативност треба насекаде при секоја акција да се огледа, таа треба да дојде до израз и при изградбата на културно-просветните и фискултурните објекти. Таква една самоиницијатива на младината и младинската организација не само што е неопходна и корисна, но може во голем број случаи да даде поттик и на широките народни маси[270)]”. Младинската и другите општествено-политички организации, со своето доброволно учество, значително придонесоа во изградбата на културно-просветните ореганизации.

Според тоа, младината требало активно да работи на

изградбата на училиштата, културните домови, фискултурните игралишта и сл.

Во услови на тешка економска положба во сите акции, па и во акциите за изградбата на културно-просветните и фискултурните објекти, младината и другите општествено-политички организации, со своето доброволно учество, значително придонесе за ублажување на состојбата. Според некои податоци младинската и другите општествено-политички организации со своето учество во работните акции ја поефтиниле изградбата на културно-просветните објекти за околу 57,6%. Ваквата поставеност на младинската и на другите општествено-политички организации во ова време беше правилна и прогресивна.

Организацијата на Народната младина на Македонија, најголем удел во изградбата на културно-просветните и фискултурните објекти. Со своето учество во доброволните акции таа даде евидентен придонес во осособувањето и во изградбата на културно-просветните објекти. Во прилог на ова ќе изнесеме повеќе примери.Младината од Скопска околија во 1948 година учествуваше во изградбата на училиштата во селата Грушино, Љуботен, Сушица, Света Петка, Ново Село, во изградбата на културните домови во Маџари, Долно Соње и Љубанци, како и во изградбата на фискултурните игралишта во селата Маџари, Драчево, Лисиче и Синѓелиќ[271]. Вакви акции на младината беа забележани и во Битолскиот регион. Таму, младината учествуваше во изградбата на 19 објекти и тоа: во изградбата на училиштата во селата Брник, Сливница, Секирани, Добровени, Билјаник, Карамани, Братин Дол, во изградбата на културните домови во Кукуречани, Црнобуки, и Магарево, во изградбата на фискултурните игралишта во Породин, Буково, Лопатица, Бистрица, Маково, Могила, и Цапари. Видно е учеството на младината во изградбата

на културно-просветните и фискултурните објекти и во Охридска околија, каде во 1948 год. започнаа да се градат 11 такви објекти и тоа училишта во селата Рамне, Елшани, Горенци, Плаќе, и Сирула; културни домови во: Велмеј, Требиништа, и Врбјани; фискултурни игралишта во Белчишта и Мешеишта. Вакви акции на младината биле забележани во Титоввелешка околија, каде се граделе 13 објекти и тоа во селата Рлевци, Мамутчево, Водоврати, Кочилари, Попадија, Горно Чичево, и Подлес - училишта; во Богомила, Извор и Градско - културни домови и фискултурни игралишта. Во Струшка околија, пак, младината учествувале во изградбата на училиштата во селата Драслајца, Ливада, Заграчани, Горно Татеши, Селци, Добовјани, Делогожди, Калишта, и во изградбата на културните домови и фискултурните игралишта во Вевчани, Октиси, и Збажди. Младината во Кичевска околија учествувала во изградбата на 9 културно-просвретни и фискултурни објекти, и тоа во селата Велмевци, Грешница, Иванчишта и Осој - училишта[272)]; во Кичево при изградбата на големиот културен дом и фискултурното игралиште, во Карбуница при изградбата на културниот дом а во Зајас и Челопек при изградбата на фискултурни игралишта. Вакви акции на младината биле забележани и во Прилепска околија: во селата Кадино, Дупјачани, Загорани, Лажани, Мало Коњари, Галичник - во изградбата на културните домови, а во Кривогаштани и Тополчани при изградбата на фискултурни игралишта. Изградбата на училиштата беше дочекано со големо задоволство и од страна на младината од Кавадаречка околија. Таму започнаа да се градат училишта во селата Тремник, Манастирец, Криволак, Кошани, Крњево, културни домови во Бегниште, Росоман, Долни Дисан, Демир Капија, културен дом и фискултурно игралиште се градеа во Кавадарци, а во Неготино се градеше фискултурно игралиште. Младината од Гевгелиска околија учествуваше во

изградбата на училиштата во селата Николиќ, Бракли, Кованци, Петрово, во изградбата на културните домови и фискултурните игралишта во Гевгелија, Валандово, Стојаково, и Богданци. Во Дебарска околија младинците и младинките со торби на рамо носеле материјал за рградба на училиштата во селата Долгаш, Коњари, Папрадник. Младината учествувала во изградбата и на културниот дом и фискултурното игралиште во Дебар, Модрич, Лазарополе, и Галичник. Во Кривопаланечка околија младината учествувала во изградбата на училиштата во селата Гулинци, Ветуница, Гуновци, Отошница, како и во изградбата на културните домови во Крива Паланка, Радибуш и во Горно Црцорија при изградбата на фискултурното игралиште. Во Светиниколската околија младината зела масовно учество во изградбата на училиштата во селата Кшане, Стриславци, Крушица, Стрименци, и Павлешенци. Забележливи резултати дала и во изградбата на културните домови во Свети Николе и Кадрифаково, како и во изградбата на фискултурното игралиште во селото Немањинци. Во Ресенска околија младината зела учество при изградбата на училиштата во селото Арвати, Стење, Перово, Лесковец, и Избиште, при изградбата на културните домови и фискултурните игралишта во Ресен, Љубојно и Крани[273)]. Во Струмичка околија младината учествувала во изградбата на училиштата во селата Василево, Доброшинци, Свидовица, Дражево, Петралинци, Бојково и при изградбата на културни домови и фискултурни игралишта во Босилово и Ново Село.Во Кратовска околија, пак, во 1949 година започнала изградбата на училиштата во селата Бунеш, Секулица и Куклица, во кои забележани резултати покажува младинската организација. Младината во оваа околија дала помош и при изградбата на културниот дом и фискултурните игралишта во Кратово, Пробиштип, и во селото Лесново. Голем удел во изградбата на културно просветните и фискултурните

објекти младината има и во Кумановскиот регион. Таму учествува во изградбата на училиштата во селата Сочани, Ијачинце, Речица, Доброшани, Лопатен, Ваксинце, Лојане, Облавце, како и во изградбата на културни домови и фискултурни игралишта во селата Матејче, Табановце, Старо Нагоричане, Умин Дол и Романовце. Во Ѓорчепетровска околија младината учествувала во изградбата на 7 објекти, и тоа: во изградбата на училиштата во селата Матка, Свиларе, Грчец и во изградбата на културните домови и фискултурните игралишта во Ѓорче Петров и Рашче. Помошта на Младината била изразена и во Тетовска околија при изградбата на училиштата во Бродец, Брезно, Јажинце, Порој, Ново Село, Гермо и Слатино. Особена помош младината дала при изградбата на културниот дом во Вратница, како и при изградбата на фискултурните игралишта во Теарце, Врбница и Камењане. Во Гостиварска околија пак младината учествувала во изградбата на училиштата во селото Калиште, Врановци, Пирок, Ѓурѓевиште, Градец, Чајле, како и при изградбата на културните домови и фискултурните игралишта во Гостивар, Вруток, Врапчиште и Волковија. И во Беровската околија се забележани вакви акции на младината. Учествувала при изградбата на училиштата во селата Ратево и Митрашинци, како и при изградбата на културните домови и фискултурни игралишта во Берово, Пехчево и Владимирово. Во Крушевската околија, пак, младината изврши позитивно влијание врз забрзувањето на изградбата на училиштата во Дивјаци и Алданци, како и при изградбата на културниот дом и фискултурното игралиште во Крушево. Во Демирхисарска околија младината постигна добри резултати во процесот на изградбата на училиштата во селата Обедник, Железница, Горно Илино, Белче како и при изградбата на културниот дом и фискултурното игралиште во Слепче, при изградбата на културниот дом во Смилево, а во Жван и Ново Село при

изградбата на фискултурните игралишта. Во Бродска околија младината беше организирана во ударни младински бригади и групи. Забележителни резултати постигна при изградбата на училиштата во селата Борино, Зркле, Звечан, Јакимово, и Косово. Младината од оваа околија учествуваше и во изградбата на културниот дом и фискултурното игралиште во Брод, во Ростеш и Локвица при изградба на културни доови, а во Престинци при изградбата на фискултурното игралиште. Вакви акции беа забележани и во Радовишка околија, каде младината учествуваше во изградбата на училиштата во селата: Љубница, Загорци, Козбунар, а во градот Радовиш при изградбата на училиштето, културниот дом и фискултурното игралиште, во Кожани и подареш при изградбата на културните домови и во Ораховица при изградбата на фискултурното игралиште. Младината активно работеше и во изградбата на културно-просветни и фискултурни објекти и во Кочанска околија: во селата Видовиште, Липец, Јакимово - при изградбата на училишта,во Кочани, Блатец, Зрновци при изградбата на културни домови, а во Виница и Соколарци при изградбата на фискултурните игралишта[274]).

Покрај директното учество на мла дината и на другите општествено политички организации во изградбата на културно-просветните и фискултурните објекти, евидентна е и помошта што ја даваше месното население. По донесувањето на Првиот петгодишен план во Македонија со поголем интензитет се пристапило во изградбата на културно-просветните и фискултурните објекти. За таа цел, од стреана на соодветните органи на власта биле планирани и одобрувани и соодветни парични средства. Со помошта на народната власт, на младината и на другите општествено-политички организации, во Македонија во периодот 1944-1950 година, биле обновени и изградени околу 1096 училишта и голем

број културни домови и фискултурни игралишта. Во овој период биле постигнати неоспорни резултати во процесот на изградбата на горенаведените објекти.

## МЛАДИНАТА УЧЕСНИК ВО ПРОИЗВОДСТВОТО

Индустријализацијата и севкупниот економски развиток, со забележително ширење на терцијалните дејности, се реперкуира и врз учеството на младината во производсвениот процес. Донесувањето на Законот за Петгодишен план, во 1947 година, пред работничката младина постави нова задача - борба за извршување на производствените планови. Воедно, таа претставува и основна и најважна задача на работничката младина. Борбата за остварувањето на производствените планови, активите на народната младина ја сметаа за мошне суштествена и важна задача. Тоа беше доказ дека народната власт посветила посебно внимание и на економскиот развиток на земјата. Во производствениот процес, односно во индустријата, трговијата, сообраќајот и во другите стопански гранки, младите трудбеници беа заентересирани за исполнување на производствените планови.

Во фабриките, во претпријатијата, рудниците итн., во реализацијата на целите и задачите на производствениот план непосредно беа вклучени сите организации и раководства на КПЈ, на синдикатите, младината и на организациите на Народниот фронт. Меѓутоа, неоспорен факт е дека во процесот на производство најевидентна беше улогата на работничката младина. Самодисциплината, свеста и силно развиеното чувство за одговорност на мнозинството од

работничката младина, нејзиниот револуционедрен полет и творечка сила, како и импресивните резултати што ги оствари во некои фабрики и претпријатија во Македонија, овозможија мобилизација на сите производствени потенцијали на младите во реализацијата на предвидените планови. Активите на народната младина воделе постојана грижа за исполнување на месечните, тромесечните и годишните производствени планови. Огромнма улога во нивното извршување одигра агитацијата меѓу работничката младина. Агитацијата се одвивала преку одржување конференции од страна на младинските активи. Биле изработувани табли на кои се испишувале имињата на најдобрите млади трудбеници во текот на денот. Нивните имиња биле испишувани и на зидните новини во фабриките, претпријатијата и слично. Мошне значајна улога во исполнувањето на произвиодствените планови одиграа и младинските производствени бригади.

Усилбите на младинската организација за формирање на производствени младински бригади даваа се покрупни резултати. Во 1948 година веќе се нижеа и првите позначајни економски успеси и акции на младинците во Македонија. Индустриските традиции во Југославија во целост, а во тој контекс и во Македонија, беа скромни. Поголем дел од вработените младинци и други работници во индустриските гранки беа необразовани. Ова, секако, во извесна мера, неповолно влијаеше и врз процесот на создавањето на производствените младински бригади. Меѓутоа, од архивските податоци со кои располагаме, произлегува констатцијата дека младинските фактори во ова време правеа усилби да го развијат процесот на создавањето на производствените младински бригади и да се осознае нивното место и улога во производствениот процес во индустриските гранки во

Македонија.

До создавање на производствени младински бригади дошло во поголемите индустриски центри на Македонија во Скопје, Битола, Штип, Велес, Прилеп, како и во некои фабрики и претпријатија во помалите македонски градови. Така, на пример, скоро во сите фабрики во Скопје младинците биле опфатени во производствените младински бригади. Дневните планови тие ги натфрлувале просечно за 15-16%. Ваквите остварени резултати на трудбениците од младинските работни бригади, како фактор во, зголемувањето на продуктивноста на трудот, упатуваат на констатацијата дека тие имаат позитивна улога и место.[275)]

Поради ваквата положба на производствените мл;адински бригади, ЦК на НММ на ова мошне значајно прашање му придаваше посебнмо внимание. Како неодминлив фактор во реализацијата на поставените плански задаи, се смета дека со производствени бригади "се засилува системот на ударништво, се постигнуваат поголеми резултати во процесот на производството.Во продолжение на цитатов дури и се апелира во смисла на тоа: "... Затоа ќе мораме повеќе да агитираме и повеќе да ја објасниме пред младинските организации на теренот целта и задачата на производствените младински бригади. Работата во фабриките и пртпријатијата ќе мораме да ја засилиме преку нив. Нашите младински раководства вклучени во производствениот процес ќе мораат да му посветат поголемо внимание на прашањето на создавањето на производствените младински бригади.[276)]

Производствените младински бригади претставуваат еден од важните услови во зголемувањето на продуктивноста на трудот. Меѓутоа, процесот на нивното создавање, секако, е обусловен од

степенот на кадровската и квалификациона младешка работна сила. Насочувањето на работничката младина кон создавање младински бригади беше сосема правилно. Потврда за тоа се наоѓа во годишниот извештај на активите на младинците работници од фабриката за текстил во Битола за 1948 година. Во својот извештај тие констатираа дека, благодарение на тоа што формирале две младински производствени бригади, фабриката за текстил од Битола го натрврлила годишното производство за 35,8%. Месечниот производствен план, пак, во текот на оваа година го натфрлиле за 15О%. Затоа, тие стојат на становиште дека по сите фабрики и претпријатија во Македонија би било потребно да се создадат производствени младински бригади како фактор од големо значење за остварување на планските задачи.

Многу слични на становиштата на младите производители од фабриката за текстил од Битола, застапуваат и младите од фабриките од Титов Велес, Штип и други градови.

Значајна улога во исполнување на производствените планови имаат производствените бригади. За нивни раководители обично беа поставиувани најдобрите младинци. Работејќи по бригаден систем, активите на народната младина постигнувале добри резултати во производството. Според рсположивите податоци, во повеќе фабрики во Скопје, во 1948 година ги натврлувале младите работрници дневните и месечните производствени планови. Во реализацијата на годишните производствени планови за 1949 година, показателен е примерот на претпријатието "Кузман Јосифовски Питу" од Битола, во кое работеле тогаш 65 младинци. Годишниот производствен план тие го завршиле предвреме, уште на 6 ноември истата година. Во тутунската станица во Битола, каде што 45% од фкупниот број на вработени се младинци и

мл;адинки, производствениот план бил исполнет исто така во почетокот на месец декември.[277] Од извештајот на организациониот секретар на градскиот младински комитет-Битола, Цане Секуловски, 22 април 1949 година, се дознава дека во Битола, во средината на април работеле 19 активи на работничка младина со 1.432 младинци и младинки.

Во текот на претконгресното натпреварување за Четвртиот конгрес на НММ, во сите градови на Македонија се зголемил бројот на работничките активи и на младината опфатена во нив. Според расположивите податоци, од погоре цитираниот изветај се дознава дека за време на претконгресното натпреварување во Битола биле формирани нови 8 работнички активи со 359 членови. Од нив 180 биле од редот на работничката младина од село и 179 од градот. Во средината на април во Битола имало вкупно 19 активи на работничката младина, во кои биле опфатени 1.432 члена. Во овој период во градот Битола постоеа 37 младински производствени бригади со 249 члена, а во составот на синдикалните бригади работеа 328 младинци. Во текот на 1049 година, во Битолските претпријатија и фабрики за пожртвувана работа и натфрлување на нормата се прогласени 82 ударници, од кои 2 по третпат. Тие ја натфрлувале дневната норма за 40%.[278]

Видни резултати постигнале и младите трудбеници од фабриката за свилени платна, каде сите бригади се чисто младински. Нормата во 1949 година тие ја натфрлиле за 142%, младите трудбеници од претпријатието ”Ударник” за 124%, од ”Биграб” за 125%, од ”Тутунската станица” за 112%. Видни резултати во 1949 година постигнале и младите трудбеници од ”Ќилимарата” во Скопје, каде што нормата годишно била натфрлена за 38%. Во ”Македонски фолклор” од Скопје годишниот план бил натфрлен за 26,7%. Во 1949 година и активот

на младите работници од рудникот "Радуша", преку воведувањето на бригадниот систем во работата, успеаа да го натфрлат производствениот план.[279)]

Во текот на 1949 година во Македонија имало 283 производствени младински бригади, во кои биле опфатени 4.268 младинци и младинки. Во 1949 година во Македонија биле прогласени вкупно 1.428 ударници во производствениот процес од кои само во Скопје за ударници биле прогласени 812 млади трудбеници. Според едни нецелосни податоци, во оние фабрики и претпријатија каде што над 60% од вработените се младинци и младинки, производствените планови во 1948 година биле остварени со 106,8%, а во 1949 година со 107,14%. Во индустријата и во рударството, пак, производсвените планови во 1951 година се реализирани со 93,6%, а во 1952 година за 91,6%.[280)] Овие резултати секако се одраз на активноста што ја покажале младинските работни бригади во процесот на работењето. Анализата на целокупната активност на членовите на производствените младински бригади во сите можни случаи наметнува заклучок дека тие беа своевидна форма за реализација на нивните стремежи. Младинците трудбеници во процесот на работата покажаа пред се желба за натпревар и за постигнување поголеми резултати во работата.

## ГЛАВА ЧЕТВРТА

# КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА АКТИВНОСТ НА МЛАДИНАТА

Во областа на просветата и културата, воопшто, постои објективна заемност, обусловена од државното уредување, од општествено-политичките фактори, од материјалните и други услови. Историскиот развој на нашето општество, на нашата земја, на македонското школство и просвета, на културно-просветната дејност воопшто, покажува дека со векови е вршен притисок за попречување на прогресивниот од, на прогресивните мисли, на се она што водеше напред. Просветната политика на владеечките режими претставуваше составен дел од нивната општа политика. За пореално оценување на резултатите што се постигнати во Македонија во развојот на културно-просветната дејност, а аналогно на тоа и во сверата на народното просветување во периодот 1948-1953 година, каде што евидентен придонес има Народната младина на Македонија, неминовно треба да се имаат предвид историските околности во кои нашиот народ живееше во минатото. Веднаш по ослободувањето Македонија се најде на низок степен од културно-просветниот развиток. Затоа сметаме дека е потребно да се даде макар една кратка ретроспектива на мерките што ги превземаа органите на народната власт, а во тој контекс и

младинските органи на власта за развој на културно-просветната дејност.

Законитоста во развојот на културно-просветната дејност од времето на НОБ и Револуцијата-првенствено и најголемо внимание да се посвети на остранувањето на неписменоста како и на просветувањето на широките народни маси, непрестана да важи ни после ослободувањето. Слободниот и социјалистичкиот развиток на културно-просветната работа ја започна својата историја уште во виорот на Револуцијата и жестоките борби со окупаторите и домашните предавници. Со невиден ентузијазам и самопрегор, со совладување на бројни тешкотии, започна да се создаваат пообјективни услови за описменувањето на возрасното население, да се остварува вековниот идеал на македонскиот народ, неписменото население да се школува и образува на свој мајчин јазик. Како сотавен дел на НОБ и Револуцијата е и борбата за новата културно-просветна дејност.

## ПИОНЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Во периодот на НОВ и Револуцијата неопходно беше да се пристапи кон организирање воспитно-образовна работа и со најмладите, а со тоа да почне да зајакнува и пионерската организација. Младината била прва која започнала да ги собира децата дораснати за основните училишта и да организира со нив воспитно-образовна и идејно-политичка работа. "Младинска борба", орган на ЦК на СКОЈ, уште во почетокот на НОВ и Револуцијата дава насоки како да се работи со децата на возраст од 7 до 11 години. ЦК на СКОЈ, обраќајќи се до

младината на Југославија, меѓу другото, истакнува : "Собирајте ги најмладите, учете ги да читаат и пишуваат, да го негуваат својот народен мајчин јазик за да можат на своите домашни и на своите другарчиња да им читаат и раскажуваат за борбите и успесите на нашето Народноослободително движење".[281)] Новата историја на воспитно-образовната дејност, новата историја на пионерската организација, започна да се создава со невиден ентузијазам и самопрегор, со совладување на бројни тешкотии. Своите почетоци ги имаат уште за време на НОВ и Револуцијата, односно во текот на борбата со окупаторите и со домашните предавници.

Ова значи дека слободниот социјалистички развиток на образованието и воспитанието е во тесна врска со слободниот и социјалистичкиот развиток на пионерската организација. Започна да се остварува вековниот идеал на македонскиот народ неговите синови и ќерки да учат на свој мајчин јазик.

Посебен белег во развојот на просветата и училиштата, без кој неможе да се согледа и оцени целината, сложеноста и достоинственоста на слободниоит развој, претставува сеопштата насоченост на општеството, со мобилизирање на сите саили и средства, што побрзо да се зајакне и прошири пионерската организација. Настојувањето да се создадат подобри услови за издигнување на воспитно-образовното ниво на пионерите, за задоволување на нивните образовни потреби и слично беше констатно и примарно. Во таа смисла, треба да се одбележи дека во остварувањето на овој аспект на развиток врз работата на Сојузот на пионерите значајно влијание извршија организациите на Народната младина и на СКОЈ. Младинската организација ја помагала пионерската организација во разни форми на

работа. Била иницијатор и организатор на разни училишни и вонучилишни активности. Организацијата на Народната младина на Македонија имаше мошне значајна улога и во опфаќањето на поголем број деца во училиштата за редовно посетување на наставата. Во тоа време Земското собрание на НММ односно ЦК на НММ барал соодветни форми за решавање на неопфатеноста на училишните обврзници. За таа цел беа организирани разни културно-просветни приредби, фискултурни натпревари и други форми на културно-просветна активност. Задачите на младината во врска со опфаќањето на училишните обврзници беа прецизно формулирани во доверливиот извештај на ЦК НММ од 24 февруари 1949 година до ЦК НМЈ. Во него се нагласуваше дека НММ е заинтересирана да има што повеќе резултати во опфатот на училишните обврзници. За постигнатите резултати најдобро говорат следните податоци. Така, во почетокот на учебната 1948/49 година имало вкупно 54.000 неопфатени училишни обврзници, а во почетокот на второто полуготие на истата учебна година, неопфатени останале уште 8.072 ученици. Голем број архивски документи, пак, потврдуваат дека најдобрите младинци и укажувале помош на пионерската организација и при учењето на учениците. Сепак, најголеми резултати младинската организација постигнала во развивањето на другарските односи во училиштето, во воспоставувањето врски помеѓу родителските домови и училиштата, во развизњето правилен однос меѓу наставникот и ученикот, во почитувањето на детската личност и достоинство, во решавањето на училишните прашања и слично. Организацијата на НММ настојувала пионерската организација преку наставно-воспитно образовниот процес да ја развива идеата за братство и единство, љубов спрема КПЈ, Тито, кон народот и ЈНА.[282)]

Севкупниот развиток на пионерската организација во годините кои се предмет на нашево проучување се изразува и преку усовршување на функцијата, на физиономијата и на општата насоченост на одделни целини и задачи од делокругот на пионерската организација. Содржинската анализа на одделни документи од законска природа (нормативни акти, решенија и друго) и од општествено-политичка природа (документи од разни советувања, ставови), покажуваат дека токму овој пункт во определување на физиономијата и функцијата на пионерската организација во оваа етапа од развитокот на општеството, бил исполнет и остварен со разновидна содржина и степен на ефикасност. Тој бил подложен на постојани збогатувања, преиспитувања и пробразувања. Во сето тоа е забележлива улогата што ја играла организацијата на Народната младина. Ваква насоченост на прогресивниот развиток на пионерската организација беше обусловен од фактот што революционерниот развиток ја поставуваше неа секогаш пред нови идејни задачи. Доминантни се и оние развојни процеси кои се изразуваат низ зголемувањето на опфатот на учениците во редот на Сојузот на пионерите на Македонија. И тука, се разбира, доаѓа до израз влијанието на организацијата на народната младина. Според еден извештај на ЦК НММ од крајот на 1949 година, се дознава дека младинската организација водела грижа и за создавањето на кадровските, на материјалните и на другите услови за проширување и остварување на дејноста на пионерската организација. Во тој извештај децидно стои дека во Сојузот на пионерите на Македонија, во учебната 1947/48 година, имало 140.486 члена. Од нив 112.700 биле подмладок и 27.734 пионери опфатени во 110 пионерски одреди. Од истиот извештај дознаваме дека околу 2.156 младински пионерски

раководители биле задолжени да работат во Сојузот на пионерите[283])

Со се поповолниот развој на општата ситуација на југословенскиот, а аналогно со тоа и на македонскиот простор, се овозможи да се создадат подобри услови за зголемување на активноста на Сојузот на пионерите. Младинската организација ја помагаше пионерската организација и при одржувањето на пионерски зборови, на разни приредби во училиштата, митинзи, прослави и други активности.

Младинската организација давала голема помош при одржувањето на пионерските зборови. Во Царевоселска (Делчевска) околија, на пример, во текот на учебната 1948/49 година биле одржани 17 збора. Пионерски зборови биле одржани и во Беровска околија, Штип, Струмица, Скопје, Прилеп, Битола, Охрид и во други села во Битолска околија. Така, на пионерскиот збор што бил изведен од најдобриот пионерски одред во Македонија "Иво Рибар Лола", во јуни 1949 година во Битола, присуствувале делегации на пионерите и на младината од Прилеп, Струмица, Штип, Скопје и Гевгелија. Пионерскиот збор во Струмица, по повод 24 мај, денот на македонските просветители-Кирил и Методиј, пак, одржан со помош на младинската организација, оставил голем впечаток кај месното население. На него присуствувале и делегати од блиските околии[284]).

НММ и укажувала помош на пионерската организација и во работата на научните кружоци. Тие најчесто биле организирани во пионерските одреди. со својата активност, особено се истакнале научните кружоци во одредите "Јосип Броз Тито", "Цветан Димов" и "Гоце Делчев" од Скопје, научниот кружок во пионерскиот одред "Иво Лола Рибар" од Битола, Како и во одредите "Благој Мучето" од Струмица, "Славчо Стојменски" од Штип и други. Младинската оргамнизација

укажувала помош на пионерската организација и при културно-уметничката работа. При крајот на 1949 година во Македонијна имало 8 културно-уметнички пионерски групи. Во Скопје тоа биле градската културно-уметничка група, првата реонско културно-уметничка група и културно-уметничката група на пионерите железничари. Потоа имаме и културно-уметнички групи на пионерите во Струмица, Штип, Куманово, Тетово и Титов Велес. Мошне добри успеси во овој период бележи културно-уметничката пионерска група во Скопје. За доста кратко време оваа група организирала своја музичка, дилетантска фолклорна, и балетанска секција и хор. На смотрите на културно-просветната работа во мај 1950 година оваа пионерска група настапила со одбрана и подготвена програма. На мајските смотри хорот и фолклорната група на пионерската градска културно-уметничка група од Скопје беа добитници на првата награда.[285)]

Пионерската организација зела масовно учество и на околиските смотри, на кои е евидентно учеството на фолклорните, реситаторските и пеачките групи. Во 1951 година вниманието на гледачите го привлекла пионерската русалиска група од селото Миравци, Гевгелиска околија, која на околиските смотри одржани по повод празникот на работниците 1-ви мај, настапила со извонредно богата програма. Вниманието на гледачите на мајските околиски смотри во 1951 година го привлекла и културно-уметничката група на пионерскјиот одред од село Смилево, Демир Хисарска околија, потоа културно-уметничката група на пионерските одреди на селата Ропотово и Браилово, Прилепска околија. Во извештајот на околискиот училишен инспектор од Прилепска околија за учебната 1950/51 година се истакнува дека културно-уметничките групи од пионерските одреди од

околијата со помош на организацијата на НММ се повеќе ја збогатуваат својата активност. Во тој извештај се наведува дека на мајските смотри во 1951 година во Прилепска околија зеле учество 33 пионерски одреди, кои настапиле со 16 фолклорни групи со 185 члена, 6 хора со 183 члена, 7 пејаки групи со 94 члена и една дилетанска група со 8 члена, потоа 55 рецитатори, 5 триа, 1 квартет и 6 дуети.[286)]

Пионерските одреди масовно настапувале и на смотрите на културно-просветната работа во градовите. Видна активност, особено со помош на младинската организација, постигнала пионерската организација од Скопје. На мајските смотри во 1951 година учествувале 13 хорови, од кои со прва награда се наградени 2 хора, со втора награда 2 хора, со трета награда 3 хора, а 3 хора биле пофалени. За постигнатите резултати на мајските смотри биле наградени 8 фолклорни групи од Скопје. Видни успеси на смотрите во 1951 година бележат и пионерските организации од Штип, Струмица, Битола, Куманово, Охрид, Тетово и од други градови. Врз основа на податоците од архивската документација, може да се заклучи дека во целиот период кој е предмет на нашево истражување, младината забележлива активност пројавила при организирањето на културно-уметничката работа во пионерските одреди. Сето тоа е потврда дека културно-0уметничката работа во ова време беше разновидна и богата[287)].

Младинската организација ги помагала пионерските одреди, со цел пионерите да земат поголемо учество во борбата против неписменоста во Македонија. Така, според расположивите податоци, само во 1948/49 учебна година, во борбата против неписменоста зеле учество 275 пионери, во 1949/50 учебна година учествувале во борбата протв неписменоста 283 пионери, а во 1950/51

уебна година 240 младинци. Поголемиот број од пионерите учесници во борбата против неписменоста од страна на Министерството за народна просвета биле наградени или пак пофалени за извршената работа.[288)]

Организацијата на сојузот на пионерите во овој период покажа активност и при спроведувањето на конкурсот на младите природњаци. Значаен придонес во таа смисла дало и советувањео на младинските раководители од градските и околиските раководства задолжени за работа во пионерската организација. Советувањето било одржано во април 1948 година во Скопје. Одлука за негово одржување донело Земското собрание на Народната младина на Југославија, кое оценило дека е неопходно да се свика едно советување на кое ќе бидат анализирани проблемите кои се појавиле како последица од објавениот конкурс за млади природњаци. На советувањето била извршена анализа на работата на пионерската организација во првото полугодие од учебната 1947/48 година и биле дадени напатсвија за понатамошна работа.

Голем број факти недвосмислено потврдуваат дека по одржувањето на советувањето Пионерската организација обратила посебно внимание на рабпотата на младите природњаци. Помогнати од младинската организација, пионерите ја зголемиле содржината на работат, особено меѓу училишните деца од селските средини. Во извештајот на Сојузот на пионерите на Македонија од 26 јуни 1948 година доставен до Министерството за народна просвета на Македонија, се соопштува дека во 1948 година на конкурсот на младите природњаци учествувале 133 пионерски одреди. 102 одреди, со 7.641 члена се подмладок, а останатите биле организирани во 31 подред, со 3.090 члена, како и во 130 кружоци со 656 члена. Извесен број пионери на конкуrост на младите природњаци

учествувале дури и поединечно.[289)]

Спроведуваќи го конкурсот на млади природњаци, пионерската организација 1948 година извршила значајни акции од масдовен карактер. Значајна улога во 1949 година за спроведувањето на конкурсот на млади природњаци има советувањето одржано на 23 март 1949 година од страна на ЦК НММ. Советувањето имало за цел плански да се пристапи кон конкурсот на младите природњаци. Во знак на натпреварување пионерите покажале активност во разни акции. така од расположивата архивска документација дознаваме дека пионерите од Македонија во знак на конкурсот на младите природњаци зеле масовно учество во акцијата за пошумување на голините во Македонија. Во акцијата за пошумување на голините во Македонија мошне значајни резултати бележат членовите на пионерскиот одред од селото Миравци, Гевгелиско, во 1949 година само за еден ден посадиле над 40.000 садници, членовите на пионерскиот одред од Радовиш над 60.000 садници, а членовите на пионерскиот одред ”Благој Мучето” од Струмица посадиле над 23.000 садници. Во знак на конкурсот на млади природњаци видни резултати бележи и пионерскиот одред ”Позилатка” од селото Негрево, Беровска околија. Членовите на пионерскиот одред од Светиниколска околија посадиле 3.398 Ов0шни дрвца, засадиле 11 декари со зелка, 11 декари со патлиџан, 11 декари пипер, 27о кгр. кромид, 1.000 корени памук, тутун и слично.[290)]

Во Македонија во тоа време, со помош на младината, биле формирани и пионерски работни бригади за извршување на работи во полето. Такви бригади биле формирани во текот на 1949 година во селата Долно Дупени, некои села во Струмика, Кавадаречка и во Гевгелиска околија. Младината и укажуваше помош на пионерската

организација и при собирањето лековите билки. Така, на пример, пионерите, заедно со младинците и младинките, во 1950 година во летовалиштето "Пелистер" во текот на првата смена собрале 8 кгр. лист од јаготки и 60 кгр. лист од капинки.[291)]

## ФИЗИЧКО ВОСПИТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ

Развитокот на физичкото воспитување на младите во Македонија во периодот 1948-1953 година, течеше прилично рамномерно. Забележлив беше дури и еден постојан растеж. Значајната улога за ширењето на физичкото воспитување на младината одигра организацијата на НМЈ, која, врз основа на интересите што ги покажа младината на полето на фискултурната и спортската активност, најсуптилно го оцени значењето на физичкото воспитување. Значи, организацијата на НМЈ, а аналогно на тоа и организацијата на Народната младина на Македонија, има значителна улога во ширењето на фискултурното движење кај нас. Тоа има дури и извесна предисторија. Уште во мај 1945 година, во Белград е одржан состанок на кој присуствувале сите федерални фискултурни одбори, меѓу кои и фискултурниот одбор на Македонија. На состанокот дошло до формирање на Фискултурен сојуз на Југославија, како единствена фискултурна организација. Освен тоа биле утврдени суштинските начела за развиток на фискултурното движење во цела Југославија. Тоа се: масовно и сестрано ширењена физичката култура и воспитување на младината, поврзување на физичката култура со општонародните задачи на младината со цел да се зачуваат тековините од НОБ и Револуцијата, достојна репрезентација на

југословенската физичка култура во светската јавност[292].

Овие основни начела на Фискултурниот сојуз на Југославија имаа позитивен одраз и врз развојот на фискултурното движење во Македонија. Оценувајќи ги правилно појдовните начела од кои, во развојот на фискултурното движење, тргнуваше Фискултурниот сојуз на Југославија, Земското собрание на НММ даде насоки за развој на фискултурната дејност во Македонија. Местото, присутноста и актуелноста на младината, особено дојде до израз на Вториот конгрес на Фискултурниот сојуз на Југосласвија, одржан на 16 и 17 април 1948 година во Белград. Конгресот направи сериозен обид да ги анализира постигнатите резултати на полето на фискултурата во организацијата на Народната младина на Југославија и идната политика на организираното фискултурно движење да го насочи според целите на маладината. Се разбира, при тоа појдовна била оценката дека организацијата на Народната младина на Југославија по ослободувањето на земјата покажа видна активност во областа на фискултурниот живот.

Вториот конгрес на Фискултурниот сојуз на Југославија, во однос на Македонија оцени дека по ослободувањето се создадени повеќе фискултурни друштва и активи и дека македонската младина успешно учествувала на поголем број фискултурни манифестации, кои дале значаен придонес во развитокот на фискултурното движење во Републиката. Како што покажуваат фактите утврдени во еден од документите на Конгресот се констатира дека во текот на 1947 година, во пролетниот и есенскиот крос учествувале 17.836 младинци и младинки. За освојување бронзени, сребрени и златни значки на фискултурата, пак, се натпреварувале 2.500 младинци и младинки, а во штафетното трчање за Титовата штафета учествувале 4.600 младинци и младинки.

Младината од Македонија забележливи резултати постигнува и во најголемата спортска манифестација во Југославија, Првиот слет на фискултурците од Југославија, одржан 1947 година во Белград. На слетот учествувале 15.000 младинци и младинки од Југославија, а меѓу нив и 500 младинци и младинки од Македонија[293)].

Вториот конгрес на Фискултурниот сојуз на Југославија ја утврди идната политика на фискултурното движење во целата земја. Натамошниот тек на работите и развојот на фискултурната дејност во организацијата на Народната младина, пак, наметнува низа непосредни, актуелни задачи околу организирањето на фискултурниот живот на младината и околу подобрувањето на положбата во тој поглед. Тоа бара пошироки и поредовни објаснувања, систематска пропаганда и агитација. Во врска со оваа потреба, покрај другото, на Конгресот биле донесени и следните заклучоци: "Конгресот смета дека во текот на досегашниот развиток на Фискултурниот сојуз на Југославија се созреани условите за натамошен развиток и основање на посебни фискултурни спортски организации, кои непосредно и со јасно одредена програма и цел ќе можат и да развијат иницијатива и разновиден интерес за фискултурата и за спортот кои постојат на теренот. Конгресот смета дека посебно важна задача е создавањето една гимнастичка организација, која по пат на часови по општофизичко образование ќе опфати 1.000 младинци и младинци и младинки од градот и од селото и ќе им пружи, низ редовно вежбање, сестрано телесно воспитување. Составен од разни фискултурни и спортски организации, Фискултурниот сојуз на Југославија ќе може во иднина, како единствена и организирана сила на нашето фискултурно движење, темелно и уште поуспешно да ги извршува своите општи задачи и по пат на сите свои составни организации ќе постигне уште

поголем успех во масовниот и квалитетен развиток на фискултурата и спортот”294).

Врз база на овие заклучоци, веќе наредниот ден, поточно на 18 април 1948 година, е одржано основачко собрание, на кое дошло до формирање на Гимнастички сојуз на Југославија. На своето трето собрание, одржано 1951 година во Љубљана, Гимнастичкиот сојуз го променил името во ”Партизан” на Југославија-Сојуз за телесно воспитување.

Одлуките на Вториот конгрес на Фискултурниот сојуз на Југославија и на IX пленум на Централното собрание на НМЈ имаат позитивен одраз врз планската и систематската работа во фискултурниот живот во организацијата на народната младина. Со текот на времето, нараснаа и проблемите во фискултурното движење во Македонија. Така, било потребно, во сообразност со новите услови, потреби и можности на општествената заедница, да се одредат понатамошните задачи на полето на физичката култура.

Врз основа на донесените одлуки на Вториот конгрес на Фискултурниот сојуз на Југославија, во мај 1948 година, Земското собрание на НММ свикало во Скопје советување, на кое учествувале претставниците по физичко воспитание од градските и околиските младински комитети. На советувањето биле сестрано анализирани проблемите на физичкото воспитание и образование на младината. Советувањето ја прифати и ја спроведуваше директивата на ИЏ пленум на Земското собрание на НМЈ. Цвоите приврзаници и симпатизери од младинската организација ги ориентираше да работат врз развивање на масовна фискултурна дејност. На ова советување било констатирано дека, гледано во целина, фискултурното движење, и

покрај видниот подем, сепак, во извесна мера заостанува зад општиот општествен развиток. Биле разгледани недостатоците и објективните пречки и тешкотии во развојот на фискултурната дејност во Македонија. Учесниците на советувањето истакнале дека младинската организација треба што повеќе да работи врз будењето и развивањето на свеста кај младинците-ученици во средните училишта, со цел тие да стапуваат што повеќе во фискултурните и спортски организации.

Во упатството за работа на Народната младина на фискултурно поле, што на 27 август 1948 година го издаде Земското собрание на НММ, инаку значаен акт на овој маладински орган на власта, до сите младински органи на теренот наложено им е "со сите средства да ја развиваат политичката свест на младината и да работат на издигнувањето на фискултурното ниво на младината"[295].

Анализата на расположивите податоци од Извештајот на ЦК НММ од крајот на 1948 година, недвосмислено покажува дека младината постигнала видни резултати во областа на фискултурниот живот. Посебно забележливо е учеството на младината на околиските фестивали, во 1948 година учествувале 7.658 младинци и младинки. На третиот републички слет, одржан во август 1948 година, учествувале 6.500 младинци и младинки. Особена важност имаа пролетниот и есенскиот крос на кој учествуваа 19.100 младинци и младинки. Големо, би рекле дури и историско значење, имаше ставот што го зазаде раководството на НММ за учество на слетот во Прага. Така на слетот во Прага учествуваа 132 младинци и младинки од Македонија. Со поголемо детализирање во поглед на пријателскиот модус, Прашкиот фискултурен слет ја нагласи и потребата за решавање прашања од областа на фискултурата не само во Југославија, во нејзините државни

рамки, туку и надвор од неа. Учесниците на слетот во Прага едногласно решија да и дадат подршка на југословенската младина во спротиставувањето на обидите за разбивање на државното единство на Југославија. Фискултурците од разни земји отворено се искажаа дека сакаат на мирен начин, врз основа на рамноправен дијалог, да си помагаат во развивањето на фискултурната дејност. Во 1948 година, барем според постоечките услови, во Македонија имало богата фискултурна дејност. Младинците и младинките освоиле 3.532 бронзени, сребрени и златни значки. Во почетокот на 1949 година во Македонија се оформени 49 гимнастички друштва со 13.840 членови. При формирањето на овие друштва раководствата на НММ им пружале целосна поддршка на одборите на Фискултурниот сојуз на Македонија. Слабоста на овие друштва била во тоа што најголемиот број од членовите биле од градот. Од ова произлегува дека на младината од селото и е посветувано помалку внимание во развојот на фискултурната дејност.[296)]

Секретаријатот на Земското собрание на НММ посебно внимание и посвети на фискултурната работа во младинските бригади на работните акции. а работа на овие бригади бил изработен детален план и обезбеден соодветен стручен кадар. Во договор со Фискултурниот сојуз на Македонија, Земското собрание ги обезбедуваше потребите на младинските бригади со фискултурни реквизити. Освен тоа, во "Маврово" беше одржан курс за фискултурни раководители, на кој се оспособија 163 младинци. По завршувањето на курсот, младинците биле вработени во градските и околиските фискултурни одбори и на тој начин биле задоволени потребите од фискултурен кадар.

Поради надвиснатата опасност од непријателска

агресија од страна на хегемонистичките властодршци на СССР и на земјите со народна демократија, поради влошувањето на надворешно-политичката положба, а поаѓајќи од потребата за подобро вонармиско воспитување на младината, во летото 1948 година, Земското собрание на НММ издаде и растураше еден посебен проглас, во кој укажуваше на значењето од спроведувањето на одлуката на воените органи на власта за вонармиско воспитување на младината. Прогласот со наслов "НММ и вонармиското воспитување" е легално растурен меѓу младинското членство. Тој започнува со констатацијата дека "македонската младина треба да посвети поголемо внимание на вонармиското воспитување за да биде и да остане јака сила", односно за да може да ги потискува империјалистичките апетити. Мошне важно, пак, е и укажувањето во еден документ од декември 1948 година, дека како резултат на активноста на раководствата на НММ и Земското собрание на НММ, односно ЦК НММ, во вонармиското воспитување се опфатени 91,91% од селската младина, 87,22% од работничката младина и 80% од младината од градот. За вклучување на младината во вонармиското воспитување значајна улога одиграле младинските комитети.[297)]

Во духот на решенијата на IX пленум на Централното собрание на НМЈ, а во заедница со Фискултурниот сојуз на Македонија, за фискултурна работа во Сојузот на пионерите, се организирани курсеви за пионерски раководители. Така, во 1948 година тој курс го посетувале 25 младинци, а по неговото завршување младинците биле поставени за раководители на пионерската организација.[298)]

ЦК на НММ испратил повеќе писма до младинските раководители на теренот во кои наоѓаме мошне интересни податоци околу сфаќањата на значењето на фискултурната активност на

младината. Така, во писмото од 7 мај 1950 година, ЦК на НММ интересно ги прецизирал барањата и условите на младината за учество во разни форми во областа на фискултурата. Во писмото до младинските комитети на НММ од 8 јуни 1951 година ЦК вака ги формулирал своите главни барања и предлози за развојот на фискултурната дејност:

1. Фискултурната работа во организацијата на НММ да се сфати како една од секојдневните и важни задачи на организацијата на НММ, за да се овозможи јакнење на одбранбената сила на Југославија. Членовите на раководставата на НММ кои се приклучени во разни фискултурни друштва, секции, одбори и комисии, треба да покажат поголема активност и дисциплина во работата.

2. Ширењето на фискултурната организација на село меѓу работничката младина, е задача која треба исцело да ја прифати младинското раководство и на тоа поле да укаже помош на фискултурните одбори. Преку разни форми на работа, а пред се преку организирање гимнастички друштва да се вклучи селската младина во фискултурното движење. Тоа ќе биде добра гаранција за задоволување на потребите на младината од село со фискултурно воспитување.

3. Денес е повеќе отколку било кога момент младината на Македонија, залагајќи се за развој на фискултурното движење, да го истакне прашањето за стручен фискултурен кадар. За ова е особено важно раководствата на НММ од околиите и градовите во договор со одборите на Фискултурниот сојуз на Македонија да организираат разни курсеви и семинари, према потребата, и да оспособат кадар со основни познањања од областа на фискултурата. Во овој поглед ЦК на НММ треба да преземе мерки во заедница со Фискултурниот сојуз на Македонија.

4. Преку доброволна работа во секое село, каде има мали иницијативи да се продолжи со изградба на фискултурни игралишта.[299)]

Како градител на правилна политика на НММ по фдискултурното прашање, во писмото до младинските комитети на НММ од 4 март 1952 година, ЦК на НММ ја истакнува потребата НММ да се залага што е можно повеќе за развиток на фискултурната активност во нејзините редови. Концепцијата и визијата на ЦК НММ за развојот на фискултурната дејност на НММ, во овој и во други документи, е со кристална јасност и теоретска фундираност. Правилната политика на НММ укажуваше на патиштата за успешно насочување на младината од Македонија во разни акции од доменот на фискултурата. Оцените и аргументите на раководствата на НММ имаат пресудно значење за тоа широките младински слоеви од Македонија да земат помасовно учество во разните организирани форми од работа од областа на фискултурата. Фискултурното движење во Македонија, под влијание на организацијата на НММ, се ширеше и засилуваше. Од година во година се повеќе ги збогатуваше своите форми и содржини на работата.

## НАРОДНО ПРОСВЕТУВАЊЕ

### *Организација на аналфабетските курсеви*

Како составен дел на стремежите и политиката на младинските органи на власта за издигнување нивото на основното образование на широките народни маси, и тоа не само на младите

генарации што требало да се школуваат по пат на редовно задолжително школување, една од грижите и преокупациите на органите на Народната младина на Македонија било и опфаќањето на оној дел од населението кои од низа причини останал неписмен, односно без основно образование. Младинските органи на власта помогнати од органите на народната власт во координација со Партијата, и другите општествено-политички организации, пристапија мошне сериозно во борбата против неписменоста на населението. Тие борбата против неписменоста ја сметаа како дел од борбата за социјалистичко преобразување на земјата, дел од борбата за сестран и интензивен напредок во сите области од животот. За да се ликвидира што може побрзо неписменоста младинските органи на власта мошне големо внимание посветија на спроведувањето на мерките што ги превземаше народнта власт во областа на народното просветување.

Бројот на неписменото население во Македонија непосредно пред конечното ослободување на земјата бил мошне голем. Тој број изнесувал 229.170 неписмени лица или 67,5%, од вкупниот број на населението на над 10 год. возраст. Големиот процент на неписмено население се должи на долгогодишното ропство и на познатата просветна политика на владејачките режими во сите делови на Македонија.

Основна форма за описменување на возрасното население биле аналфабетските курсеви. Президиумот на АСНОМ, како највисоко преставничко тело на народот на Македонија, на седницата од 2 до 5 септември 1944 година, во манастирот "Прохор Пчински", покрај другите акти, донесе и решение за организирање аналфабетски курсеви. Во член 1 од ова решение се вели: "Поради подигање на писменоста на

народот се организираат аналфабетски курсеви",[300] Во текот на октомври 1944 година младинските органи на теренот во Македонија добиваат од Повереноството за просвета при Президиумот на АСНОМ едно упатство за организирање на аналфабетските курсеви. Во ова упатство најнапред се укажува дека како резултат на долгогодишното турско ропство и како резултат на асимилаторските и денационализаторските тенденции голем процент од македонскиот народ останал неписмен. Во него е истакната потребата не само НОО на слободната територија во Македонија туку и младинските раководства да пристапат кон организирање на аналфабетски курсеви. Упатството содржи не само препораки за организацијата, туку и основните дидактички барања за работата на аналфабетските курсеви. Покрај другото, во упатството стои: "Треба да се впрегнат сите сили за да се острани неписменоста. За да се постигне тоа неопходно е да се отворат аналфабетски курсеви секаде каде што е возможно".[301] Поради недостиг на стручни наставни кадри, според упатството се допуштало курсевите да ги одржуваат и луѓе без завршено средно образовани, односно лица што завршиле неколку класа средна школа. Курсевите можеле да ги посетуваат лица од 12 до 45 години, а по желба и постари. Според упатството се препорачувало курсевите да бидат одржани во вечерните часови. И во едно друго упатство кое што младинските органи на власта преку околиските просветни оддели го добиле од Повереноството за просвета, мошне опширно се зборува за начинот на работа на аналфабетските курсеви. Во него се укажува и на предметите што треба да се изучуваат во курсевите, со препорачување да се обработуваат буквите односно да се оспособуваат посетителите на курсевите да читаат и пишуваат, како и да се запознаат со основните

норми на македонскиот правопис, со основните математички операции, со географијата и друго. Во ова упатство се препорачувало на курсевите да се разкледуваат и прашања од општ карактер и интерес, на пример, од областа на историјата на македонскиот народ, од областа на внатрешната и надворешната политичка ситуација, од областа на економската политика и слично. Меѓу другото, според упатсвото, се предвидувало на курсевите да биде застапено пеењето и цртањето[302)]. Младинските раководства во Македонија во првите години по ослободувањето добиле повеќе акти од највисоките просветни органи на власта, во кои акти се укажувало на потребата од организирање аналфабетски курсеви, а воедно се укажувало во нив и на начинот на нивната организација. Во поетокот на март 1947 година младинските раководства ја добиле и Уредбата за курсеви за неписмените донесена од страна на Владата на НРМ, на седницата од 18 февруари 1947 година. Младинските раководства одржале во текот на април 1947 година повеќе состаноци на кои била анализирана содржината на горенаведената Уредба. Уредбата е важен и појдовен акт за работа аналфабетските курсеви. Во оваа Уредба се определени основните организациони форми по кои требало од 1947 година да се организираат аналфабетските курсеви. Врз основа на одредбите на оваа Уредба, се одвиваше и развиваше дејноста на курсевите во подолг период. Член 2 од Уредбата гласи: "Курсевите за неписмените ги основаат месните или градските, односно реонските народни одбори, културните друштва и масовните организации (НФ, НМ, АФЖ и синдикалните организации). Во случај кога месните народни одбори, културните друштва и масовните организации ќе организираат курс, курсот може да почне со работа тогаш кога ќе одобри Околискиот (реонскиот или градскиот) народен одбор.

Без ова одобрение не може да работи ниеден курс". На овој начин се предвидува организацијата на курсевите да се постави на здрава и единствена основа, да се постигне единство во планирањето и друго. Понатаму во Уредбата се изнесени одредби со кои се предвидува навремено отстранување на пречките од технички карактер (немање дрва, петролеј), кои во дотогашната практика биле наведени како главна причина за незапочнувањето или прекинувањето на работата на одделни аналфабетски курсеви. Народните одбори со помош на општествено-политичките организации, и културно-просветните друштва, според Уредбата, беа задолжени да обезбедат простории, огрев, ламби, петролеј и друго за одржување на курсевите. Во пракса се покажало дека во организацијата на аналфабетските курсеви најзабележителна активност покажале членовите на организацијата на Народната младина. Во Уредбата исто така е нагласено дека и Народната младина на Македонија треба да одигра улога и при снабдувањето на бедните курсисти со најосновни помагала неопходни при работата на аналфабетските курсеви како што се: снабдувањето со молови, тетратки и друго. Со тенденција да се воведе единство во времетраењето на работата на курсевите, во Уредбата мошне изрично е истакнато дека времетраењето на работата на секој курс треба да изнесува 90 работни часа.[303)]

При околиските, градските и месните младински комитети беа формирани посебни комисии за борба против неписменоста. За организирањето на аналфабетски курсеви, одговорни, биле и членовите на отсекот за агитација и пропаганда при дотичното младинско раководство. Управите на училиштата биле должни да ги ставаат своите учители-младинци на располагање на младинските раковдства кои биле

агитирањето се настапувало со паролата "Ниту еден неписмен македонец". Во повеќето простории каде се собирал народот по разни поводи, во училиштата и на други јавни места биле истакнувани пароли за борба против неписменоста. Особено биле видливи паролите: "Неписменоста е големо народно зло", "Писмен народ силна држава", "Учи, учи, учи", "Книгата е најголемо богатство" и други. Исто така биле организирани и приредби, предавања, митинзи со тематика од народното просветување. Членовите на младинската организација на теренот го доставувале неопходниот материјал за работа на аналфабетските курсеви, испраќан од Министерството за просвета на НРМ, како што се буквари на мајчин јазик, тетратки, креди, моливи и други наставни помагала, неопходни при изведувањето на наставата на анлфабетските курсеви.[305)]

Аналфабетските курсеви работеле за време на зимските месеци. Со започнувањето на сезонските работи во пролетта се намалувал нивниот број. Редовноста на курсистите најнапред била поставена на доброволна основа. Времетраењето на курсевите изнесувало еден до два месеци. При работата на аналфабетските курсеви се среќавале тешкотии насекаде, а особено поради недостиг на технички наставен материјал и инвентар. Немало доволно моливи, тетратки, креди и друго.

### *Бројната состојба на анлфабетските курсеви и опфатеноста на курсистите*

Постапувајќи во духот на упатсвата што ги добивале од највисоките просветни органи и од највисоките младински органи,

задолжени за организирање на аналфабетски курсеви. Должноист на секој учител младинец било да работи не само на воспитувањето на децата во училиштето, туку и на описменувањето на неписмените. Во практика раководители на курсевите биле учителите. Покрај бројните фактори, просветниот работник се наоѓал во челните редови во борбата за описменување на возрасното население. Покрај овие органи, била формирана и Републичка земска комисија во која влегол и раководителот на културно-просветниот отсек при Одделението за агитација и пропаганда при Земското собрание односно ЦК НММ. Комисијата имала задача да се грижи односно да го следи успехот во борбата против неписменоста.304)

Организацијата на НММ голема улога одиграла особено при организирањето на "Неделата на борбата против неписменоста", која обично се организирала во октомври од 5 до 12 секоја година. Главната цел на "Неделата за борба против неписменоста" била следнава: популаризација, објаснување на значењето на описменувањето итн. Тие денови, за време на одржувањето на "Неделата за борба против неписменоста", дневниот младински и друг печат бил полн со информации за одржаните конференции и семинари на младинските органи на власта, на кои посебно место било давано на значењето на описменувањето на населемието. На тие конференции, семинари и зборови како што се наведува во бројните званични извештаи на околиските младински комитети доставувани до ЦК НММ, се расправало, воглавно, по следните прашања: за младината во борбата против неписменоста, за општото народно просветување и слично. При популаризацијата на аналфабетската кампања најчесто се истапувало со агитациони материјали-плакати, пароли и значки. Во

месните младински раководства пристапиле кон организирање на аналфабетски курсеви. Првите аналфабетски курсеви во учебната 1944/45 година од страна на младдинската организација биле организирани во Кавадарско, Битолско, Прилепско и други подрачја, Бројот на новоотворените аналфабетски курсеви во Македонија постојано се зголемувал, а особено по конечното ослободување. Во Македонија, стои констатацијата деека акцијата на борбата против неписменоста попримила сенароден карактер и пошироки димензии. Во Македонија од јануари до почетокот на април 1945 година, биле одржани 156 аналфабетски курса во кои биле опфатени 5.582 лица, а додека пак според расположивите податоци може да се констатира дека од септември 1945 година до мај 1946 година биле организирани 974 аналфабетски курсеви, во кои биле опфатени 32.307, а описменети 12.967 лица. Во Битолски округ биле одржани 184 аналфабетски курсеви, описменети 3.302 лица, во Скопски округ биле описменети 3.493 лица, во Штипскиот 3.038 и во Титоввелешкиот 1.902 лица, а во Скопје биле описменети околу 1.332 неписмени.[306)]

По директива на Министерството за просвета, од 29 септември до 5 октомври 1946 година во Македонија бил спроведен попис на неписменото население. Младината активно зела учество во спроведувањето на пописот. Врз база на пописот во НРМ биле регистрирани 265.236 неписмени лица, од кои 170.311 жени и 94.925 мажи.[307)]

Неписменоста била поизразита кај жените, и тоа кај оние од турската и албанската народност. И покрај извесни недостатоци на пописот, тој покажал одредени резултаи. Младинските органи сега имале појасна ориентација за правилно насочување на налфабетската

кампања.

И набрзо по одржувањето на пописот, во Скопје секретаријатот на Главниот одбор на НММ, на 1 декември 1946 година свикал советување на кое присуствувале одговорните по агитација и пропаганда на околиските и градските младински раководства. Главна тема на советувањето била улогата на младината во борбата против неписменоста. Со цел да добие пошироки размери аналфабетската кампања, т.е. од страна на младината да бидат организирани поголем број аналфабетски курсеви, на советувањето биле донесени следниве заклучоци:

- организирање на поголема агитација и митинзиза аналфаабетската кампања;

- поголема активност во борбата против неписменоста да покажи младинската организација;

- да се воспостават подобри врски со просветните органи на власта. За таа цел лицата кои се одговорни во НМ за културно-просветната работа да бидат членови на дотичниот просветен оддел;

- за да се постигнат поголеми резултати во поединечното описменување, секретаријатот на младинскиот актив да постапи по напаствијата на највисокиот републички младински орган.;

- со раководителите на аналфабетските курсеви да се одржи семинар на кој ќе им се дадат кратки напатсвија за нивната работа. За овие семинари за предавачи да бидат повикани просветни работници;

- поголема контрола да се води на работата на анлфабетските курсеви.. Раководителите на курсевите за борбата против непиосменоста да поднесдуваат ивештај и да одговараат пред

секретаријатите на младинските активи;

- во борбата против неписменоста да се ангажира повеќе средношколската и студентската младина, како и поедини ученици членови на НММ;

- да се формираат младински бригади од 5 до 15 младинци кои ќе имаат за задача да покажат поголема активност во борбата против неписменоста во дотичното место. За овие бригади да се одржат семинари на кои ќе се дадат напатствија за нивната работа;

- бригадите да имаат свое раководство, кое ќе координира со одговорните по културно-просветна работа во околијата или градот;

- да се формираат женски бригади за описменување на неписмените младинки припадници на албанската и турската народност;

- поради недостиг на учителски кадри да се организираат курсеви за раководители на аналфабетски курсеви;

- да се искористат сите форми на агитација и пропаганда и друго.[308)]

Советувањето несомнено придонесе кон мобилизација на сите општествено-политички фактори, посебно на младинските органи за обединување и интензивирање на борбата против неписменоста.

Бил извршен нов попис на неписменото население во оние места каде што првиот не бил спроведен по дадените упатсва од страна на Министерството за народна просвета и на Секретаријатот на Главниот одбор на НММ, и каде што процентот на неписменото население ни приближно не одговарал на реалната состојба. Во спроведувањето на повторниот попис, како и при првиот попис,

евидентна била активноста на масовите организации, а особено на младината. Благодарение на повторниот попис кој беше спроведен по одржувањето на советувањето, младинските раководства имаа приближно јасна претстава за фактичката состојба на теренот.[309)]

Просветните работници-членови на младинската организација зеле најголемо учество во борбата против неписменоста. Се пристапило кон формирање на младински бригади. Во тоа време, според податоците изнесени во изветајот на Главниот одбор на НММ дознаваме дека во Македонија во средината на декември 1946 година дејствувале 25 младински бригади за борба против неписменоста и тоа: во Скопје 10 бригади, Ѓорче Петров 1 бригадабригада од 32 лица, Драчево 1 бригада од 18 лица, Тетовска околија 1 бригада од 25 лица,Теарце 1 бригада од 36 лица, Гостиварска околија 1 бригада од 25 лица, Дебар 1 бригада од 46 лица, Крива Паланка 1 бригада од 25 лица, во Беровска околија 2 бригади од 61 лице, Струмичка околија 2 бригади од 75 лица, Велешка околија 1 бригада од 64 лица, Кавадарска околија 1 бригада од 26 лица и Гевгелиска околија 2 бригади од 60 лица. При крајот на декември 1946 година и почетокот на јануари 1947 година во Македонија младински бригади за борба против неписменоста биле формирани: во Тетово 1 бригада со 23 лица од кои 20 младинци биле припадници на албанската народност, Тетовска околија 1 бригада од 25 лица од нив 10 младинци биле припадници на албанската народност, во Куманово 1 бригада од 18 лица од кои 2 младинци биле припадници на албанската народност, Ѓорче Петров 1 бригада од 25 лица, Беровска околија 2 бригади од 61 лице, Струмица 2 бригади од 70 лица. Во ова време младински бригади биле формирани во Скопје и тоа во прв реон биле формирани 3 бригади со 60 лица, 1 бригада од нив дејствувала во

Горно и Долно Водно, во втори реон 2 бригади со 40 лица, во третиот реон 2 бригада, 1 од 15 муслимани и 1 од 10 Македонци, и во четвртиот реон 1 бригада од 20 лица. Прикрајот на јануари според податоците на околиските и градските младински раководства за борба против неписменоста биле формирани 21 бригада: Тетово 2, Куманово, Свети Николе, Прилеп, Битолска околија, Демир Хисар, Ресен, Струга, Кичево, Македонски Брод, Кратово, Кочани, Царево Село (Делчево), Крушево, Штипска и Радовишка околија по 1 бригада. Бројот на таквите бригади и на бројот на младинците во нив постојано се зголемувал. Посебно е важно улогата што ја одиграле женските младински бригади или чети кои специјално работеле на описменувањето на жената односно на неписмената младинка Албанка или Турчинка, бидејќи кај нив мошне изразит бил процентот на неписменоста[310].

Во 1946/47 учебна година требало да се описменат 91.680 лица, а Македонија имала тогаш околу 1.875 учители, што значи, при положба секој учител да води по еден курс од по 30 души, можело да се опфатат само 56.250 неписмени лица. Затоа се пристапило и кон организирање на курсеви за оспособување на раководители на аналфабетските курсеви. Во 1946 година биле оспособени 243 младински раководители во Велешки округ, 165 во Битолски округ, 117 во Штипскиот округ, и 309 раководители за аналфабетските курсеви во градот Скопје. И покрај настојувањата на младинската организација, да се оспособат што поголем број раководители за аналфабетски курсеви, во некои места не дошло до одржување на курсеви за раководители на анлфабетските курсеви. Вакви курсеви не биле одржани во Гостивар, Кичево, Македонски Брод и Кочани. Во Прилеп дошло до предвремено прекратување на работата на првиот курс за осбособување на

раководители. Слаба активност била забележана и на курсот во Битола, каде во трите околи: Битолска, Мариовска, Демихисарска и градот Битола, курсот за раководители на аналфабетските курсеви го посетувале само 22 младинци.[311)]

Според републичкиот план за борба против неписменоста во 1946/47 година, во Македонија требало да се одржат 2.308 аналфабетски курса, преку кои требало да се описменат 91.680 неписмени лица. Според расположивите податоци, можеме да констатираме дека во Македонија тогаш биле одржани 408 аналфабетски курсеви во кои биле опфатени 59.274 неписмени лица, а според истите податоци описменети биле 37.330 лица.[312)]

Овие податоци се мошне индикативни и бараат несомнено коементар во смисла на објективните тешкотии со кои се соочиле политичките, државните фактори на планот на акцијата за описменување на неписменото население. Факт е дека се сакало за релативно кусо време да се ”прескокнат” не само децении туку и векови околу состојбата во која се наоѓале одделни подрачја и структури на населението во поглед на неговото просветно ниво. Од друга страна, пак, нереализираниот план за описменување своевидно укажува на неговата нереалност (предимензионираност), односно, јасно е дека немало и објективни можности за негово реализирање, посебно заради недостигот во прв ред на стручни кадри за раководење со курсевите, потоа материјални и други потреби.

Првата година на петгодишниот план внесе нов полет во работата на народното просветување. Земското собрание на НММ и во периодот по донесувањето на Петогодишниот план, во борбата против неписменоста како адекватна форма го применуваше принципот на

формирањето на младински бригади. Со цел борбата против неписменоста да добие поголеми размери, на 15 октомври 1947 година при Земското собрание на НММ свикано е советување на кое биле присутни лицата одговорни по културно-просветната работа во секретаријатите на околиските, градските одбори на НММ и повеќето команданти на бригадите за борба против неписменоста. На ова советување оценето беше дека младинската организација со помош на Народната власт успеала да оспособи над 1.250 младинци-бригадири кои што покажаа активност во младинските бригади на планот на народното просветување.[313)]

Во почетокот на кампањата во периодот 1947/48 година, НММ има формирано 70 младински бригади. Составот на бригадите воглавно беше од младинските раководства.Највисокото младинско раководство на НММ испраќаше и свои инструктори на теренот со цел да укажуваат директна помош во борбата против неписменоста. Во 1947/48 година за да добие пошироки размери аналфабетската акција според републичкиот план било предвидено да се организираат 3.285 анлафабетски курсеви, преку кои требало да се описменат 80.500 лица. Со цел да се постигнат поголеми резултати во сверата на описменувањето на возрасното население, младинските раководства пристапиле кон организирање на аналфабетски курсеви.[314)] Според извештајот на Министерството за народна просвета од 22 јуни 1948 година, се дознава дека евидентни резултати во зимските месевци во аналфабетската кампања постигнала младинските организации од повеќе околии во Македонија. Во првите денови на јануари и февруари 1948 година во Титоввелешка околија борбата против неписменоста бележи голем напредок. Младинската организација со помош на другите

општествено-политички организации успеала да организира 65 нови аналфабетски курсеви со 1.223 нови посетители. Учителите младинци во селто Горно Врановци во јануари 1948 година отвориле 25 аналфабетски курсеви, во февруари истата година во Горно Врановци работат 28 аналфабетски курса во кои биле опфатени 521 жена муслиманка, и еден аналфабетски курс со 53 неписмени мажи. Женските курсеви ги раководеле 22 најдобри ученика од четврто одделение од основното училиште. Учителките младинки Пандора Шуркова и Деса Димитриева, раководеле со по три аналфабетски курса, одржувале редовно инструкторски часови со учениците раководители на аналфабетските курсеви. Во селото Кочилари со описменувањето раководеле истакнатите пионери.[315)] Во Светиниколска околија спрема планот за опфаќање и описменување на неписмените требало во зимската кампања за борба против неписменоста во 1948 година да се организираат 105 аналфабетски курсеви во кои требало да се опфатат 2.550 неписмени лица. Планот во оваа околија бил натфрлен. Според извештајот на околискиот комитет на НММ за Светиниколска околија од 21 мај 1948 година, се дознава дека во Светиниколска околија на 10 февруари работеле 115 аналфабетски курсеви во кои биле опфатени 3.350 неписмени. Планот бил натфрлрн за 750 курсисти.[316)] Благодарение на заедничките залагања на НММ, на младинските активи за борба против неписменоста и на другите општествено-политички организации, во Кумановска околија, пак, работеле 247 аналфабетски курсеви, од кои 128 за Македонци, 80 за припадници од албанската народност и 5 аналфабетски курса за припадници од турската народност. Во овие курсеви успешно се описмениле 6.010 неписмени мажи и жени од кои 3.680 Македонци, 1.627 лица од албанската народност и 86 неписмени

лица припадници на турската народност. Според расположивите податоци доста добри податоци се постигнати во опфаќањето на жената Албанка. Од 1.627 неписмени лица од албанската народност опфатени во аналфабетските курсеви во Кумановска околија 507 се жени. Покрај описменувањето преку аналфабетски курсеви во Кумановска околија описменувањето се вршело и на поединечен начин. Во околијата поединечно биле описменети 390 неписмени мажи и 185 жени. Во оваа околија планот за опфаќање на неписмените е надфрлен за 160 курсисти.[317)] Видни резултати во борбата против неписменоста се постигнати и во Радовишка околија каде што планот за описменување на неписмените лица е надфрлен за 623.[318)] Младинската организација во Битолска околија постигнала евидентни резултати во борбата против неписменоста. Постапуваќи во духот на упатствата што ги добивале од највисоките просветни и младински органи, младинските раководства на теренот пристапиле кон организирање на младински бригади за борба против неписменоста. Младинската организација од Битолска околија максимално ги вложила сите свои сили за да постигне поголеми резултати. Во јануари 1948 година во Битолска околија работеле 78 аналфабетски курсеви во кои биле опфатени 2.506 неписмени лица.[319)] За пример во својата работа можат да послужат младинските активи на селата Лозани, Трново, Кременица, Тепавци, Долно Оризари, Српци и други. Курсот во селото Трново го посетувале 41 неписмено лице, а 21 неписмено лице се описменувале поединечно. Во селото Трново благодарение на активноста на младинската организација, а пред се на учителот од истото село кој бил член на младинската организација, биле описменети сите неписмени лица на возраст до 50 години. Во селото Трново преку аналфабетски курсеви биле описменети повеќе лица

припадници на турската народност.[320)] Во селото Кременица биле описменети 115 неписмени односно планот бил натфрлен со 21%, во селото Мецитли биле описменети 70 лица или 25% над планот.[321)] Во еден извештај на секретарот на младинската отганизација за Битолска околија, од крајот на март 1948 година, меѓу другото дознаваме дека во Битолска околија во првата половина на јануари 1948 година дејствувале 9 младински бригади во чиј состав влегле 180 младинци за борба против неписменоста. Според податоците од овој документ слободно може да се тврди, дека, најголеми резултати во борбата против неписменоста бележат Четвртата и Петата младинска бригада. Во селата на просторот Тепавци-Трап се осеќаше активноста на Четвртата младинска бригада, под раководство на младинецот Драган Крстевски. Иако младинците од ова бригада работеле "под тешки услови", како што се наведува во горенаведениот извештај, бригадата успеала да ги совлада тешкотиите и да постигне забележителни резултати во работата. Петата младинска бригада била раководена од учителот Владимир Михајловски, дејствувала на теренот Ивањевци. Тука отворила 10 аналфабетски курсеви во кои биле опфатени 327 неписмени, односно планот бил реализиран со 100%. Во Битолска околија во борбата против неписменоста забележителна е активноста на учителите младинци Климе Каневски, Атанас Николовски, Владимир Михајоловски, Алексо Наумовски, Петар Петров и други.[322)] Видни резултати во борбата против неписменоста се постигнати и во градот Прилеп. Во текот на јануари 1948 година во Прилеп за одбележување е активноста на 4 младински бригади. Младинците од бригадата "Ице Балкански" описменила 210 неписмени лица. Младинската бригада "Митко Цветановски" организирала 9 аналфабетски курсеви во кои биле опфатени 218

неписмени лица, меѓу нив и 106 од турската народност. Бригадата "Трајко Тарцанот" организирала 3 аналфабетски курсеви со 40 неписмени. Бригадата "Кире Гавриловски-Јане" која дејствувала на Прилепскиот квартал познат под името "Ридот" во аналфабетските курсеви опфатила 150 неписмени лица.[323)] Во 1948 година видни резултати во борбата против неписменоста постигнати се и во градот Охрид и неговата околија. Во јануари 1948 година во Охрид биле организирани 5 аналфабетски курсеви за припадниците од турската народност. Овие аналфабетски курсеви се организирани во приватни куќи, во непосредна близина на неписмените лица. Со ваквиот начин на организација на анлфабетските курсеви се овозможило жената-Турчинка да биде редовна на часевите на аналфабетските курсеви. Во аналфабетските курсеви биле описменети 71 жена турчинка.[324)] Во борба против неписменоста резултати бележи и младинската организација од градот Скопје. За одбележување е активноста на женската бригада "Вера Циривири-Трена". Бригадата била составена од 120 младинки. Бригадата која дејствувала во Први реон во Скопје организирала 29 аналфабетски курсеви со 441 лице и тоа: 27 аналфабетски курсеви во кои биле опфатени 300 жени-Македонки, 1 аналфабетски курс со 15 Турчинки и 1 аналфабетски курс во кој биле опфатени 28 мажи.[325)] Во Беровска околија се постигнати исто така добри резултати во борбата против неписменоста. Младинските активи од селата Ратово и Владимирово во аналфабетските курсеви биле опфатени скоро сите неписмени лица. Послаби резултати во борбата против неписменоста биле постигнати во Гостиварска, Штипска, Гевгелиска и други.[326)]

Според еден извештај на Поверенството за просвета од 16 април 1948 година се дознава дека во текот на јануари 1948 година

во Македонија работеле 2.058 аналфабетски курсеви со 50.393 неписмени лица.[327)]

Со цел да се постигнат поголеми резултати во опфаќањето на неписмените во аналфабетските курсеви и да се дадат смерници за понатамошната работа во народното просветување, ЦК на НММ на 27 декември 1048 година, во Скопје, одржал советување, на кое биле присутни одговорните членови по агитација и пропаганда на околиските и градските раководства на НММ. На советувањето било констатирано дека на НММ и престои сериозна задача во борбата против неписменоста. На советувањето донесен е заклучок организацијата на НММ во зимската кампања на 1948/49 година да описмени над 20.000 неписмени лица. Според расположивите податоци младинската организација во јануари 1949 година, опфатила 17.299 неписмени лица.[328)]

Со цел да се постигнат поголеми резултати во борбата против неписменоста ЦК на НММ донел Одлука за одржување на смотри за постигнатите резултати во борбата против неписменоста. Смотрата била одржана во Скопје, на 20 јануари 1949 година. Оваа смотра имала за цел да даде оценка на постигнатите резултати во борбата против неписнменоста во Македонија, да изврши анализа и даде смерници за понатамошната работа. Покрај другите аспекти, може да се констатира дека смотрата имаше пред се организационо мобилизаторски карактер за јакнење на работата на младинските раководства, на раководителите на младинските бригади за борба против неписменоста, на раководителите на аналфабетските курсеви и слично. На смотрата беше констатирано дека најголеми резултати во текот на 1948 година и почетокот на 1949 година постигнале младинската организација од

Ресенска, Битолска, Охридска, Титоввелешка, Кривопаланечка и други околии.[329)]

Според републичкиот план во 1948/49 година, требало да се описменат во Македонија 83.068 неписмени. Во оваа година биле организирани 2.922 аналфабетски курсеви, на кои биле описменети 48.017 лица, и тоа: Македонци 21.255 (машки 7.263, женски 13.992); од албанската народност биле описменети 13.990 лица (машки 7.038, женски 6.953); од турската народност 6.354 (машки 3.771, женски 2.583 лица); и други биуле описменети уште 1.418 лица.[330)] Според податоците, се гледа дека во Македонија биле организирани не мал број аналфабетски курсеви во кои се опфатени голем број посетители. Меѓутоа, организираните аналфабетски курсеви не биле доволно за да се опфатат и описменат онолку лица колку што било предвидено со републичкиот план за борба против неписменоста. И покрај сите напори и настојувања, органите на народната власт и просветните работници како и на особените залагања и резултати на НММ, може да се констатира дека од повеќе причини од објективен и субјективен карактер сите отворени аналфабетски курсеви не можеле да се одржат до крај. Во 1948/49 година, прекратиле со работа 346 аналфабетски курсеви со 10.540 курсисти.[331)]

Во периодот од 1947 до 1953 година, најдобри резултати во Македонија во описменувањето на возрасното население се постигнати во Битолска, Ресенска, Охридска, Дебарска, Беровска, Кумановска, Кривопаланечка, Царевоселска (Делчевска) и други околии во Македонија, во градовите Скопје, Охрид, Битола, Прилеп и други.[332)]

И покрај објективните и субјективни тешкотии, во

Македонија бројот на описменетите лица постојано се зголемувал.

Политиката на народното просветување, посебно за описменувањето на возрасното население, се однесувала за целокупното население во Македонија, вклучувајќи ги и народностите. Меѓутоа, недостигот на стручни лица за описменување на јазиците на кои зборувале народностите како и патријахалните традиции, наследената неписменост, посебно кај жените, биле причина што описменувањето кај нив било поставено на доброволна основа. За да се постигнат подобри резултати кај жените од албанската и турската средина, Народната младина на Македонија применила посебна тактика при нивното описменување со ангажирање на активисти, младинки-Турчинки и или Албанки. Во недостиг на такви лица, и покрај желбите и стремежите, не биле постигнати саканите резултати во описменувањето на на жената Албанка и жената Турчинка[333)].

Меѓутоа од расположивите податоци може да се констатира дека во сверата на народното просветување во Македонија во првите години по ослободувањето се постигнати евидентни резултати. Во Македонија во првите денови на ослободувањето неписменоста на населението изнесуваше 67,5% од фкупниот број на населението, а во 1948 година 40,3% неписнео население.[334)] Тоа значи дека за 3 години во Македонија процентот на неписменоста е намален за 17%. Овие податоци јасно говорат за политиката на новата народна власт во областа на народното просветување, а аналогно на тоа и во областа на целокупната културно-просветна дејност. Големото воодушевување на народните маси предизвикано со победата на Револуцијата со ист интензитет се манифестираше и во сверата на описменување на возрасното население. Младинската организација, борбата за

неписменоста ја сметаше за неразделен дел од нејзината општа политика. Покрај НММ во организирањето на народното просветување зедоа учество и разновидни општествени сили-политички и други организации, народната власт, организацијата на АФЖ, просветните работници и други со помош на Партијата и Народниот фронт. Тогаш, за прв пат во македонската историја дојде до оживотворување на тезата дека во сверата на "народното просветување и културно издигнување нема никој монопол на работа, ниту поединци, ниту групи", Туку дека таа работа е во вистинска смисла на зборот "народна во која ќе бидат опфатени сите оние што на каков и на било кој начин можат да придонесат во борбата против неписменоста".

## ДРУГИ ФОРМИ НА КУЛТУРНО-ПРОСВРТНА АКТИВНОСТ НА МЛАДИНАТА

Културно-просветните резултати на младината, одразувајќи ги постојните општествени прилики и најпозитивните стремежи на македонскиот млад човек, беа органски поврзани и извираа од самата стварност и слободарско-ентузијастички усилби на младинците и младинките и затоа што тие по својата содржина и основните интенции беа и останаа во служба на интересите на светлите хуманистички идеали, на духовно богатата младинска личност. Скромната задача на ова подглавје се сведува на соопштенија главно за културно-просветната работа на младината и тоа во еден тесно ограничен временски период. Младината тогаш значителен дел од своето слободно време го посветиле за подготвување на театарски престави, вечеринки, фестивали и слично. Прашањето за подобра работа на културно-

просветно поле претставуваше во тие дни, една од мошне актуелните прашања кое не требаше да се одлага. Врз основа на препораката на ЦК НМЈ и ситуацијата која ја наметнаа новите општествени односи, неопходно беше посебно внимание да се посвети на културно-просветната активност на младината. ЦК НММ во заедница со НОФ и Поверенството за просвета, организираа во текот на 1949-1950 година повеќе состаноци и советувања со цел да се развие културно-просветната активност на младината. Мошне значајно за развојот на културно-просветната работа на младината има и советувањето од 15 јануари 1949 година на кое било решено да се формираат културно-уметнички младински друштва во: Скопје, Штип, Тетово, Прилеп, Струмица и Дебар. На советувањето била разгледана и работата на културно-уметничките друштва од Универзитетот, Куманово, Титов Велес и Битола.[335)]

Младинската организација значајна активност пројави и при организирањето на кружоци од млади писатели. Какво значење им се придаваше на кружоците на младите писатели добро се гледа од просторот што "Гимназијалец" им го посветил на овие кружоци, истакнувајќи дека кружоците на младите писатели во Битола, Прилеп, Титов Велес, Куманово, Охрид, Тетово, Скопје и други места, треба да ја покренат младината во смисла за поголема активност на културно-просветни поле.[336)]

Зачуваните документи од младинските раководни органи и тела, расврлени во разни фондови, придонесуваат да се расветлат и уточнат резултатитете на младината на културно-просветен план во тој бурен и важен период од поновата македонска историја. Така поразновидни податоци за постигнувањата на младината во културно-

просветната област во Македонија содржи еден документ, а тоа е извештајот на ЦК НММ од 26 мај 1949 година доставен до ЦК НМЈ. Документот почнува со констатацијата дека според едногласни соопштенија од повеше страни на обласните комитети на НММ се карактеризира во Македонија со едно позасилено темпо на развојот на културно-просветната дејност на младината. Во извештајот посебно се истакнува дека во Август 1948 година во Македонија имало 425 младински библиотеки, 103 младински хорови, 75 делетански групи, 388 фолклорни групи, 54 младински културни друштва, 19 младински секции при синдикалните културно-уметнички друштва, 181 секција при селските, културно-уметнички друштва.[337)]

Во еден друга пак документ мошне пластични подробности се споменуваат и за учеството на младината во сојузниот и републичкиот младински фестивал.[338)] Според наведениот документ на републичкиот фестивал во Скопје во 1949 година зеле учество 116 младински фолклорни групи со 1.390 учесници, 15 младински хорови со 880 учесници, 28 пеачки групи со 250 учесници и 10 народни пеачи.[339)] Од Македонија на Сојузниот фестивал во Белград 1949 година учествувале 9 фолклорни групи, 2 хора, една дилетанска група, 2 соло пеачи, една група на народни пеачи, 3 млади писатели и 2 рецитатори.[340)]

Натамошниот тек на работите и развојот на културно-просветната деност на младината наметнуваат низа непосредни, актуелни задачи околу организирањето нз нови културно-уметнички друштва во Македонија во градовите: Скопје, Струмица, Тетово, Штип, Прилеп и Кавадарци.Поголема културно-уметничка дејност во ова време развиле културно-уметничките младински друштва: ”Благој Шошолчевски” и студентското друштво ”Мирче Ацев”-Скопје, ”Јонче Тесличков”-Титов

Велес, "Васе Гелев"-Куманово, "Радован Џони", "Коста Рацин"-Прилеп, "Светлост"-Битола, "Славе Стојменски" -Штип, "Боро Џони"-Струмица, "Цано Попристовски"-Кавадарци и "Сашо Огњен" во Охрид.[341)] Членовите на драмските секции на овие културно-уметнички друштва вниманието на гледачите го привлекле со изведбата "Печалбари" од Антон Панов, "Крвава македонска свадба" од Војдан Чернодримски, "Продадена невеста" и "Веридба" од Васил Иљовски и други драмскји текстови. Покрај драмската секција, мошне добри резултати постигнале и пеачката, играорната и други секции на културно-уметничките друштва. Рецитаторските, драмските, музичките, фолклорните и другиоте културно-уметнички секции и групи на друштвата, со својата богата и разновидна активност го привлекувала вниманието на населението и претставуваа погодна форма преку која младината на Македонија одвивала доста богат културно-просветен и забавен живот.

# ЗАКЛУЧОК

Во повоениот социјалистички период, кој настана како резултат на Народноослободителната војна и Револуцијата на Југославија и Македонија како нејзин интегрален дел, како и другите општествено-политички организации така и Народната младина на Македонија одигра значајна улога во општествениот самоуправен социјалистички систем. Периодот (1948-1953) е мошне интересен, кој што се карактеризира со зголемена активност на југословенските народи за одбрана на независноста на Југославија. Во овој период младината на Македонија покажа видна активност на сите полиња во општествено-економскиот, политичкиот и културно-просветниот живот.

Настаните што ја потресоа југословенската држава по објавувањето на Резолуцијата на Информбирото со најголемо внимание и заинтересираност беа следени и толкувани не само од странските, туку и од југословенските политички фактори и служби. Редовно одбележувајќи ги актуелните настани и појави во Југославија, младинските претставници на власта се впуштија во мошне подробни анализи и прогнози за ситуацијата во земјата, а наедно соопштуваа низа околности и оценки во врска со дејноста на младинското движење на Југославија. Извештаите од тие години на младинските емисари на Југославија обилуваат со податоци за општествено-политичките и економските услови во земјата. Често точни и непристрасни, тие извештаи укажуваат на положбата на НММ, а наедно ја рефлектираат големата заинтересираност

на младината за исполнување на задачите на Првиот петгодишен план.

Разгледувањето и оценувањето на организационата политика на Народната младина на Македонија во раздобјето 1948-1953 година ќе биде поуспешно доколку повеќе се надоврзува на правилни заклучоци што ги наметнува анализата, суштината и развитокот и создавањето на новите социјалистички односи, т.е. целиот сложен сплет на околностите во врска со секојдневната активност на младината од Македонија. При тоа мора да се имаат на ум, од една страна дејствата и стремежите на младинската организација која, со сите свои обележја и карактеристики во овој петгодишен период, беше свртена кон борбата за обнова и изградба на земјата, како и кон барањата форми на борбата за одбрана на националната слобода, државната самостојност и независност на нашта земја и за создавање темели за натамошна успешна изградба на социјалистичките односи, од друга страна.

Со оглед на исклучителното значење на младата генерација, врвните претставници на народната власт на Македонија биле заинтересирани за организационо изградување на младинската организација.

За поефикасно да го продолжи извршувањето на задачите што ги наложуваше индустријализацијата и севкупниот економски развиток, младинската организација настојуваше да привлече на своја страна што поголем број младинци. Значи, во спроведувањето на политиката за побрз економски развирок и планска изградба на земјата, се форсираше и организационото зајакнување на младинската организација.

Околностите и факторите што влијаеја во растежот на

младинската организација условија зголемување на нејзиното членство. Тоа многу добро го илустрираат статистичките податоци за бројот на младинците во СР Македонија. Според едни податоци во ноември 1947 година организацијата на НММ броела 77.732 члена, при крајот на јануар 1948 година 83.423 члена. Во почетокот на октомври 1948 година 96.723 членови, односно 79,50% од вкупниот број на младината во Македонија била опфатена во организацијата. Пред одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ, во време на прткогресните активности се зголемува бројот на младинските активи во Македонија, а аналогно на тоа расте и бројното членство на младинците и младинките опфатени во НММ. На Четвртиот пленум на Земското собрание на НММ донесена е одлука за опфаќање на што поголем број младинки од редовите на националните малцинства.

Во годините по Втората светска војна, поради вонредната состојба, како и поради брзиот развиток на крупните историски настани и промени во Југославија, прашањето за учество на младината во младинските работни акции доби актуелност. Затоа Народната младина станува подржувач на идеи во поглед на организирањето на младински работни акции. Искуствата стекнати во организирањето на работните акции за обнова и изградба на земјата, како и порастот на единството меѓу политичките сили на младинското движење во Југославија, беа битни елементи кои извршија позитивно влијание врз определбата на СКОЈ и НМЈ да се зафатат со крупни младински објекти како што се изградбата на Автопатот "Братство-Единство", изградбата на "Нов Белград", пругата "Бања Лука-Добој" и други. Но, една од најважните задачи на младината во Македонија беше изградбата на хидроелектраната "Маврово".

Предноста на новото општествено уредување тогаш, револуционерниот и невиден ентузијазам и работен полет на младината, беа пресудни за брзата ефикасност на изградбата. Работниот полет на младината кој се разгоре, така да се рече во периодот на обновата и изградбата на земјата, не беше случаен. Тоа беше непосреден израс на фактот што младината чуствуваше дека работи за подобрување на својот живот.

Преку младинските работни акции, младинската организација спроведуваше најширока идејно-политика и културно-просветна работа. Формите на културно-просветната работа, беа ви извесна смисла на зборот, училишта во кои се формираше ликот на младинецот-градител. Низ политичките предавања, низ масовните културни приредби, низ разните форми на работа на културно-просветните друштва и на читачките групи, младината го издигнуваше своето културно-просветно ниво.

# Ф У С Н О Т И

1) Д-р Бранко Петрановиќ, Револуција и контра револуција 5, Београд, 1983, 140-149; Владо Стругар, Завоѓење италијанске окупације у југословенским областима (1941-1942 године), Гласник ИИ Одјелења друштвених наука, Друштво за науку и уметност Црне Горе, ЦАНУ, Титоград, 1978, 85-88; д-р Вера Весковиќ-Вангели, Жената во Револуцијата на Македонија 1941-1945, Скопје, 1982; д-р Владо Ивановски, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944, Скопје, 1973, 369; Боро Митровски, д-р Венцислав Глишиќ, Томо Ристовски, Бугарската војска во Југославија 1941-1945, Београд, 1971, 22-30, 42,43; д-р Глигор Тодоровски, Окупацијата на Западна Македонија, Скопје, 1975, 120-160; д-р Миле Тодоровски, Поделбата на Македонија, Партизанските одреди и народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1944, Скопје, 1972, 16-18; Зборник документата и података о Народноослободилачком рату народа Југославије, IV, 1 и 2, Београд, 1954.

2) Историски архив КПЈ, 1941-1944 , Београд, 1951, том 7, док.3, 15-16.

3) Д-р Владо Ивановски, Активноста на СКОЈ и Народната младина на Македонија во Народноослободителната војна и Револуцијата (1941-1945), Скопје, 1980, 4-5; Д-р Вера Вескови Вангели, цит. дело, Жената во Револуцијата, 35-46.

4) Историски архив Куманово (во понатамошниот текст ИА Куманово) фонд Околиски комитет на Сојузот на Комунистичката младина на Југославија (СКОЈ)-Куманово (1945-1948), к.1 (несредена документација).

5) Лилјана Чаловска, условите и создавањето на НОМСМ, Првиот конгрес на НОМСМ, Незаборавник, ”Комунист”, Скопје, 1983, 9-16.

6) Д-р Ристислав Терзиоски, Денационализаторската дејност на бугарските културно просветни институции во Македонија (Скопска и Битолска окупациона област) 1941-1944, Скопјре, 1974, 28-80.

7) Документи за младинското движење во Македонија 1941-1945 (натаму ДМ ДМ). Избор и редакција на материјалките Велимир Вреаовски и Славко Мандичевски, Скопје, 1961, 23.

8) Цит ДМДМ...,25-26.

9) Цит ДМДМ...,28-29.

10) Д-р Владо Ивановски, цит. дело, Активноста на СКОЈ ..., 7-8; Историјат омладинског покрета у Македонији у ратном периоду 1941-45 година Машинопис, Архив на Институтио за национална историја-копје, к.14.арх. бр. 5.395;д-р Симо Младеновски, Младината од Македонија во НОБ, "Млад Борец", Скопје, -19,24-25: Мишо Китановски, Цутењето на Црената младост, средношколските штрајкови во Македонија 1941-та "Млад Борец), Скопје, 11. 1981, 12- 13.

11) Д-р Владо Ивановски, цит. дело, Активноста на СКОЈ..., 9.

12) Цит. ДМДМ, 49-50.

13) Историски архи Охрид, фонд:Околиски комитет на СКОЈ-Ресен (1944-1948), Реферат за Првиот конгрес на НОМСМ.

14) Истото.

15) Д-р Владо Ивановски, цит. дел, активноста на СКОЈ, 14-22; Томе Груевски-Марко Илковски, Конгресите на Младината на Македониј, Скопје 1983, 15-19; д-р Симо Младеновски, цит дело, Младината од Македонјата..... 5-6О.

16) Цит. ДМДМ...,127.

17) Ослободичаки рат народа Југославије 1941-1945, к.2, Београд, 1958, 373-376; Југославија-тридесет година после ослобоѓења и победе над фашизмом 1945-1975, Београд, 1975, 9-15; Југославија 1945-1964, Статистички преглед, Београд, 1965, 61-64; Десет године нове Југославије, Београд, 1975, 156; Борис Кидрич, Податоци репарационе комисије, потврџује неправду која чини Југославије у погледу Репарација, Сабран дела к.3, Београд, 1960, 195.

18) Борис Кидрич, Издрадње социјалисричке економије, Сабрани дела, кн.3, Београд, 1960, 353-359; Види поопширно за ова: д-р Лазар Лазаров, Општествено-економскиот развој на НР Македонија, 90-143.

19) Бранко Петрановиќ и Чедомир Штрбац, Историја социјалистичке Југославије, књ.И, Београд, 1977, 58-59; Едвар Кардељ, За хитниост Закона о национализацији, Проблеми наше социјалистичке изградње, к.1, Београд, 1960, 63-66, 295-296.

20) Петгодишен план за развитокот на националното стопанство на Федеративна Народна Република Јигославија 1947-1951 и на Народните републики Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Београд, 1947, 69-70; Д-р Лазар Лазаров, цит. дело Општествено-економскиот развој..., 165-171.

21) Петгодишниот план..., цит. дело, 74.

22) Истото, 384.

23) Тридесет година омладинских акција, Београд, 1976, 104-106.

24) Историски архив Битола, фонд: Околиски комитет на Сојузот на комунистите на Македонија-Битола (1946-1965). Говор на Владимир Бакариќ по повод Резолуцијата на Информбирото.

25) Јосип Броз Тито, Борба комуниста Југославије за социјалистичке демократије, избор из дјила, кн.1, Свијетлост, Сараево, 1977.

26) Историски архив Куманово, фонд Околиски комитет на СКОЈ-Куманово (1946-1948), к.1 Резолуција за состојбата и положбата на Комунистичката партија на Југославија.

27) Истотот.

28) Јосип Броз Тито, Борба комуниста Југославије за социјалистичку демократију... цит.труд 110-115.

29) ИА Куманово фонд:Околиски комитет на Народната младина-Куманово (1946-1950). к.3 (несредена документација). Говор на Јосип Броз Тито по повод Новата 1949 година.

30) Јосип Броз Тито," Политички извештај ЦК КПЈ", Пети Конгрес КПЈ 21-28 јули 1948, стенogравске белешке, Култура, Београд, 1949, 22.

31) Петиот конгрес на КПЈ одржан во Белград од 21-28 јуни 1948 година присуствувале 2.344 делегати и голем број гости од земјата и странство. На Конгресот се поднесени и разгледани: Политички извештај ЦК КПЈ (Тито), Извештај за организационата работа на КПЈ (А.Ранковиќ), Извештај за агитација и пропаганда (М.Гилас), реферат "КПЈ во борбата за нова Југославија за народната власт и социјализмот" (Е.Кардељ), реферат "Изградбата на социјалистичката економија" (Б.Кидрич), предлог на проектот на статутот на КПЈ (В.Нешковиќ), и предлог на проектот на програмата на КПЈ (М.Пијаде).Конгресот смело истапил во одбрана на југословенската револуција и Партија и по сила на историските факти документирано ја одбил Резолуцијата и сите клевети на Информационото биро (ИБ). Конгресот ги усвоил сите поднесени извештаи и реферати, донел Резолуција за основните и наредните задачи на организацијата на КПЈ, Резолуција за односот на КПЈ према обвиненијата на ЦК СКП (Б) и ИБ, нов Програм и статут на КПЈ и избрал ЦК КПЈ кои за генерален секретар го избрал Јосип Броз Тито.

32) Историски архив Охрид, фонд: Околиски комитет на СКОЈ-Ресен (1944-1948),(несредена документација). Говор на Јосип Броз Тито по повод Новата 1949.

33) Пети конгрес КПЈ 21-28 јула 1948. Стенogравске белешке, Култура, Београд, 1948, 793; Види Четврти конгрес СКОЈ-а Заједнички конгрес СКОЈ-а и НОЈ 1948, Издавачки центар Комунист, Београд, 1985, 427.

34) Историски архив Охрид, фонд: Околиски комитет на СКОЈ-Ресен (1944-1948). Извештај на Верификационата комисија, известувач Милан Прибиќ поднесен на Четвртиот конгрес на СКОЈ.

35) Цит. Извори за историју СКЈ Четврти конгрес СКОЈ-а..., 3-4. овор на МИлијан Неорчич, секретар на ЦК на СКОЈ по повод отворањето на Четвртиот конгрес на СКОЈ.

36) Говор на Милован Гилас-член на Политбирото на ЦК КПЈ, Борба, 13 октомври 1948, бр.1 и 2.

37) Цитирани Извори за историји СКОЈ-а..., 11.

38) Истотот, 213-214.

39) Истото, 218. Говор на Маршалот Тито при предавањето на Орденот на Народен херој.

40) Цит. Извори за историјата..., 223.

41) Истото.

42) Истото, 223.

43) Резолуција Четврти конгреса СКОЈ-а поводом клеветничке кампање против наше земље, Борба, 18 октобар 1948, 3.

44) Телеграм Четвртог Конгреса СКОЈ-а маршалу Титу, Борба, 16 октобар 1948, 1.

45) Писмо Четвртог конгреса СКОЈ-а Генералном секретару организације јединених нације, Тригве Лију, Борба, 16 октобар 1948. Организацијата на Обединетите нации (ООН) е меѓународна организација на државите за зачувување во светот и мируљубива соработка меѓу народите.Основана е на конференцијата во Сан Франциско, одржана од 25 април до 26 јуни 1945, на која 50 земји, меѓу кои и Социјалистичка Југославија ја потпишала Повелбата на ООН. Организацијата се засниваше на принцип на суверена еднаквост на своите членови. Тригве Ли (1896-1968), светски дипломат. Бил генерален секретар на ООН од 1946 до 1953.

46) Цит. Извори за историјата СКЈ-а..., 238.

47) ИА Куманово, фонд: Околиски комитет на СКОЈ-Куманово (1946-1948), к.1 Извештај за работата на заедничкиот конгрес на СКОЈ и Народната младина.

48) Цит. Извори за историји СКЈ-а, 239.

49) Истото, стр.31.

50) Историски архив Струмица, фонд: Околиски комитет на КПМ-Струмица (1944-1955), к.1. Извештај на ЦК на СКОЈ и на Централното собрание на Народната младина на Југославија.

51) Истото.

52) Историски архив Охрид, фонд: Околиски комитет на Народната младина-Охрид (несредена и несигнирана архивска документација).Статут на Народната младина на Југославија донесен во 1948.

53) Истото.

54) Цит. Извори за историји СКЈ, 392-393. Резолуција за спојување на Сојузот на комунистичката младина на Југославија и Народната младина на Југославија.

55) Истото, 394-395.

56) Истото, 406-407.

57) Архив на Македонија (натаму АМ Скопје) фонд: Републичка конференција на сојузот на социјалистичката младина на Македонија (натаму РК ССММ), к.13 Извештај за работата на етвртиот пленум на Замското собрание на НММ.

58) АМ,Скопје, фонд: РК ССММ, к,13, Извештај за организационото зајакнување на НММ поднесен на Четвртиот пленарен состанок.

59) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Извештај за идеолошко-политичката работа на НММ поднесен на Четвртиот пленарен состанок.

60) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Реферат на Видое Смилевски поднесен на етвртиот пленарен состанок.

61) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. звештај на околискиот одбор на НММ, Гевгелија поднесен на Четвртиот пленарен состанок.

62) АМ, Скопје,м фонд: РК ССММ, к.13. Извештај на околискиот одбор на НММ за Тетовска околија.

63) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13.

64) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.17. Извезштај на околискиот комитет на НММ за Ресенска околија.

65) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Проглас на Земското собрание наНММ од IV пленум.

66) Истото.

67) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај на IV пленарен состанок од страна на околискиот политички секретар на околискиот комитет на НММ во Ресен.

68) Истото.

69) Истото.

70) Истото.

71) Историски архив Битола, фонд:Околиски одбор на народната

младина-Битола (1947-1952), к.1 (несредена и несигнирана архивска документација. Изветај на Алексо Манговски, политички комесар на околискиот комитет на Народната младина Битола.

72) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај на секретарот на градскиот комитет на Народната младина Битола.

73) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ,к.21. Извештај на Градскиот комите на Народната младина на Скопје поднесен на Четвртиот конгрес на НММ.

74) АМ, Скопје, фонд: РК ССМММ, к.21. Извештај за работата на ЦК НММ во период меѓу Третиот и Четвртиот конгрес.

75) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Писмо од претседателод од ЦК на НМЈ од 15 јануари 1949 година до претседателот на ЦК НММ.

76) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, К.21. Писмо од ЦК НММ до младинските организации во Македонија од 7 февруари 1949 година.

77) Истото.

78) Историски архив Охрид, фонд: Околиски НОО за Преспанска околија-Ресен, (1944-1955), (несредена архивска документација). Извадоци од весниците "Нова Македонија" и "Млад Борец" во врска со одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ.

79) АМ,Скопје, фонд: РК ССММ, к.21.

80) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Список на делегати од околиски и градски комитети на НММ избрани за делегати на Четвртиот конгрес на НММ.

81) "Нова Македонија", 22 април 1949, бр.1336.

82) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај за одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ.

85) Истото.

86) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Поздравен говор на Четвртиот конгрес на НММ од Крсте Марковски.

87) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Записник од одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ.

88) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Поздравни говори од повеќе претставници-учесници на Четвртиот конгрес на НММ.

89) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ,к.21. Поздравен говор на Четвртиот конгрес на НММ од Раденко Брочк.

90) АМ, Скопје,фонд: РК ССММ, к.21. Поздравен говор од полковникот Фрањо Кнебл на Четвртиот конгрес на НММ.

91) Истото.

92) АМ, Скопје,фонд: РК ССММ, к.21. Поздравен говор од делегатите на Сојузот на пионерите на Македонија.

93 АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Поздравно писмо од делегатите на Четвртиот конгрес на НММ до ЦК НМЈ-Белград.

94) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Телеграма од делегатите од Четвртиот конгрес на НММ до приврзениците на мирот во Париз. Во Париз во салата "Пјерол" од 20-25 април 1949 година се одржал Светскиот конгрес на приврзениците на мирот во Париз. Првиот говорник на Конгресот, во свечената и возбудливата атмосвера е претседателот на Подготвителниот комитет на Франција, научникот Фредерих Жолио Кири. На конгресот присуствувале околу 1.800 делегати од целиот свет од редот на научните и културните работници, претставници на работничките и селските работни маси, претставници на синдиканата и на други општествено-политички организации кои што од името на преку 600 милиона мажи и жени од целиот свет дошле на конгресот за да ја изразат непоколебливоста и решеноста за одбрана на мирот, како најбитен и највредносен елемент за успехот на целиот свет.

95) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21.

96) АМ ,Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Цит. телеграма од Четвртиот конгрес на НММ до приврзениците на мирот во Париз.

97) Истото.

98) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај на Четвртиот конгрес на НММ за работата на ЦК НММ поднесен од страна на организациониот секретар на ЦК НММ-Славе Поповски.

99) Истото.

100) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Реферат за социјалистичкити воспитување на младината поднесен на Четвртиот конгрес на НММ.

101) Истото.

102) Истото.

103) Истото,

104) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај за идеолошко-политичката работа на НММ 1947-1949.

105) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Записник од одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ.

106) АМ, Скопје, фонд:РК ССММ, к.21. Резолуција по повод клеветничката кампања против КПЈ.

107) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Резолуција за основните и наредните задаи на Организацијата на НММ.

108) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Цитиран записник за одржувањето на Четвртиот конгрес на НММ.

109) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Цит. Резолуција на Четвртиот конгрес на НММ за основните и наредните задачи на организацијата на НММ.

110) Истото.

111) Истото.

112) Истото.

113) Истото.

114) Истото.

115) Истото.

116) Историски архив Титов Велес, фонд: Околиски народен одбор-Титов Велес (1945-1955), (несреден архивска документација). Извештај на Околискиот комитет за Титовелешка околија од 23 септември 1948.

117) Истото.

118) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.18. Анализа на ЦК НММ за идеолошко-политичката работа (1948-1953).

119) Историски архив Струмица, фонд: Околиски комитет на КПМ Струмица (1944-1955); 1947/1955, к.1. (несреден документација). Извештај на околискиот младински комитет Струмица (1948-1950).

120) Истото.

121) Историски архив Тетово, фонд: Околиски НО-Тетово (1944-1955) несредена архивска документација. Анализа на Околискиот комитет на НММ-Тетово 1948-1951.

122) Историски архив Тетово, фонд: Околиски НО-Гостивар (1944-1955), (несредена архивска документација. Проглас од друштвото ”Џелалако” до младината од Албанската народност во Македонија.

123) Истото.

124) Истото.

125) Истото.

126) Истото.

127) Историски архив Охрид, фонд: Околиски комитет на Народната младина-Охрид (1948-1965), (несредена документација). Извештај на Околискиот одбор на НММ за Струшка околија од 27 септември 1948 година.

128) Историски архив Тетово, фонд: Околиски НО-Тетово (1944-1955), (несредена документација). Анализа за работата на НММ во Тетовска околија 1947-1950.

129) Историски архив Охрид, фонд: Околиски одбор на НММ на Кичевска околија-Кичево (1944-1955) (несредена архивска документација). Телеграми од родители и од младинци испраани до Главниот штаб на младинските бригади Маврово.

130) Истото.

131) Историски архив Тетово, фонд: Околиски НО Тетово (1944-1955). Разни извештаи, телеграми и други материјал.

132. АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.11. Писма и Телеграми од Главниот штаб на младинските бригади испраани до родителите на младинците учесници во работната младинска акција "Маврово.

133) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.14. Извештај на редакција "Млад Борец" за 1948 и 1949 год.

134) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.25. Анализа за агитационо пропагандната работа на НММ 1948-1950.

135) Истото.

136) Истото.

137) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ. (несредена архивска документација).Извештај на Министерството за проосвета за агитационо-пропагандната работа кај средношколската младина 1948-1950.

138) Истото.

139) Истото.

140) Истото.

141) Истото.

142) Истото.

143) Истото.

144) Истото.

145) Истото.

146) Истото.

147) Историски архив Струмица, фонд: Околиски комитет на КПМ - Струмица (1944-195) (несредена и несигнирана архивска документација). нализа за составот на младинските комитети.

148) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.20. Извештај на ЦК НММ за организационата структура на НММ во 1949.

149) Истото.

150) Историски архив Охрид, фонд: Околиски комитет на НММ-Охрид (1947-1965) Напаствија за организационата структура на органите и

раководствата на Народната младина по околиите, градовите, реоните од ЦК НММ.

151) Истото.

152) Истото.

153) АМ,Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Записник од Четвртиот конгрес на НММ.

154) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.51. Анализа за работата на ЦК НММ 1949-1951.

155) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Спискови за составот на апаратот на ЦК НММ.

156) Истото.

157) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23.Анализа за кадровската политика и за извршување на планот на работата на ЦК НММ од 1948-1950.

158) Истото.

159) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.25. Извертај од екипите на ЦК НММ за работата на младината на теренот.

160) Истото.

161) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.2. Извештај за кадровската политика на ЦК НММ поднесен на IV Конгрес на НММ

162) Истото.

163) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.23. Извештај за кадровскиот состав на околиските и градските младински комитети.

164) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.21. Анализа за кадровската состојба при ЦК НММ.

165) Истото.

166) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.35. Годишен извештај за работата на кадровското одделение при ЦК НММ за 1949 година.

167) Истротот.

168) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.35. Анализа за кадровската структура на ЦК НМММ од 1949-1952 година.

169) Истотот.

170) Истотот.

170а) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.23. Извештај за составот на ЦК НММ од крајот на ноември 1949 год.

170б) АМ, Сопје, фонд: РКССММ, к.21. Извештај на ЦК НММ од 22 септември, 1949 год.

170в) Архив на Скопје, фонд: Областен народен одбор-Скопје, (1949-

1950), (несредена архивска документација). Извештај на обласниот комитет на НММ-Скопје од 24 ноември, 1949 год.

170г) Историски архив Битола, фонд: Околиски одбор на Народниот фронт на Македонија - Битола (1947-1952), к.1 (несредена архивска документација). Годишен извештај на Обласниот комитет на НММ - Битола за 1949 год.

170д) ИА, Скопје, фонд: РКССММ, к.25. Анализа на ЦК НММ за кадровската структура на обласните комитети на НММ во 1949 год.

170ѓ) ИА, Тетово, фонд: Околиски народен одбор - Гостивар (1949-1955), (несредена архивска документација). Извештај на Околискиот комитет на НММ - Гостивар за 1948 год.

170ж) Архив на Скопје, фонд: Народен одбор на скопска околија - Скопје (1955-1963), (несредена архивска документација). Извештај од 24 февруари, 1948 год. на Околискиот одбор на ННММ

170з) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.21. Извештај на ЦК НММ за работата на Организацијата на НММ во периодот од III до IV Конгрес на НММ.

170ѕ) Истото.

170и) Истото.

170ј) ИА, Битола, фонд: Околиски комитете на Сојузот на комунистите на Македонија - Битола (1946-1965). Извештај на околискиот комитет на НММ за активноста на младинската организација од декември, 1940 год.

170к) Истото,

170л) ИА, Скопје, РКССММ, к.21. Цит. Извештај на ЦК НММ поднесен IV конгрес.

170љ) Истото.

170м) Цит. дело на д-р Вера Весковиќ Вангели, "Жената во револуцијата на Македонија 1941-1945...

170н) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.21. Извештај за бројната состојба на млдинската организација воп Македонија од март, 1949 год.

170њ) Истотот.

171) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.12. Извештај за организационата структура на Главниот Штаб на младинскитрЃе работни акции.

172) АМ, Скопје, фонд: РКССММ, к.12. Извештај на Главниот штаб на млдинските работни бригади од 17 септември, 1949 год.

173) Истото.

174) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Анализа на ЦК НММ за младинските работни акции од сојузен карактер од декември, 1948.

175) Истото.

176) Истото.

177) Истото.

178) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Извештај за работата на младинската акција "Братство-единство" во 1948 год.

179) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Извештај на Главниот штаб на младинските работни бригади на НММ за 1948 год.

180) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Статистички извешрај за учеството на млдината од Македонија во 1948 год, на млдинската работна акција "Братство-единство".

181) Истото.

182) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.38. Анализа за учеството на млдината на Македонија во сојузните младински акции.

183) Истото.

184) Истото.

185) Истото.

186) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Извештај на ЦК НММ за учеството на млдината од Македонија во младинските акции во други републики.

187) АМ, Скоје, фонд: РК ССММ, к.13. Извештај за учеството на млдината од Македонија во младинската работна акција "Нов Белград", во 1948-1949 год.

188) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Статистички извештај за Бројот на млдинците и младинките од Македонија - учесници во изградбата на "Нов Белград".

189) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.38. Анализа за Учеството на млдината од Македонија во сојузните и републичките акции.

190) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Извештај за учеството на млдинатаод Македонија во изградбата на пругата "Бања Лука - Добој".

191) Истото.

192) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к12. Анализа од ЦК НММ за учеството на младината од Македонија во сојузните и републичките младински акции од 1947 до 1950 год.

193) Истото.

194) Истото.

195) Истото.

196) Истото.

197) ИА, Охрид, фонд: Околиски комитет на народната младина - Охрид (1945-1950), (несредена документација), (разни документи за учеството на младината

младинските работни акции.

198) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Извештај на ЦК НММ од 27 декември, 1948.

199) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Статистички преглед за бројот на ичесниците ид Македонија во акцијата "Металски Титотв завод - Добој".

200) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Статистички извештај за бројот на учесниците на младината од Македонија во акцијата "Нова Горица".

201) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Статистички преглед за бројната состојба на млдината од Македонија учесник во акцијата "Кучево - Бродица".

202) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, Статистички преглед за бројната состојба на младинците младинките од Македонија на Сојузните акции во 1948 година.

203) Истото.

204) Истото.

205) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Извештај на Главниот штаб на младинските работни бригади од Македонија за бројот на учесниците во акцијата "Маврово" 1948 год.

206) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Анализа за учеството н младината од Македонија во сојузните и републичките акции 1948-1949 год.

207) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Статистички преглед за бројната состојба за млдината - учесник во сојузните и републижките акции 1948-1949 год.

208) Истото.

209) Истото.

210) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Извештај од ЦК НММ за изградба на хидроцентралата "Маврово".

211) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Говор на Страхил Гигов на IV пленум на земското собрание на НММ.

212) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.24. Писмо од земското собрание од 14 март, 1948 год. до млдинските организации во Македонија.

213) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Елаборат за изградба на хидроцентралата "Маврово"

214) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Републички план за учество на младината во работната младинска акција "Маврорво" и за извршените работи.

215) Истото.

216) ИА, Куманово, фонт: Околиски комитет на народната младина - Куманово (1946- 1950), к.3. Писмо од 26 март, 1948 год. од Земското собрание на НММ до младинските организации на теренот.

217) Истото.

218) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.38. Извештај на ЦК НММ до ЦК НМЈ од 15 мај, 1950.

219) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Извештај за учеството на младината од Македонија на работната акција "Маврово" во 1948 год.

220) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Извештај за учеството на младинските работни бригади во Маврово, 1948 год.

221) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Писмо од Тодор Зиновиев Иванов од село Падеж, околија Горно Џумајска, Пиринска Македонија до Земското собрание на НММ.

222) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Писма на ученици од гимназиите од повеќе градови од Пиринска Македонија.

223) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Писмо од Земското собрание на НММ до учениците од ВИ клас.

224) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16 Статистички преглед за бројот на учесниците во акцијата "Маврово".

225) Истото.

226) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Статистички преглед за бројот на учесниците од Пиринска Македонија во младинската акција "Маврово".

227) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Статистички преглед за националниот и социјалниот состав на младината од Македонија - учесник во републичките акции во Југославија.

228) Истото.

229) Истото.

230) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НММ, к.26. Анализа за културно просветната работа на младинските работни бригади во акцијата "Маврорво" 1948 год.

231) Истото.

232) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Извештај на Главниот штаб на младинските работни бригади - Маврово, 18 септември, 1948.

233) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Извештај за културно - просветната работа на младината - учесници во акцијата маврово 1948-1949 год.

234) Истото.

235) Истото.

236) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.37. Анализа за културно просветната работа на младината од Македонија 1947-1950.

237) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21.Извештај на ЦК НММ за работата намладибата од 1947 до 1949 год.

238) Истото.

239) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Извештај на Главниот штаб на младинските работни бригади од 18 август, 1949 год.

240) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просветана НММ к.27. Анализа за културно просветната работа на младината од Македонија по ослободувањето до 1950 год.

241) Истото.

242) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ (разни написи од весникот "Млад борец".

243) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.38. Извештај на Главниот штаб на младинскитр работни бригади во Маврово за културно просветната работа вцо 1949 год.

244) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.12. Извештај на ЦК НММ за културно - просветната работа на младинските работни бригади во Маврово.

245) ИА, Битола, фонд: Околиски комитет на сојузот на комунистичката младина - Битола (1946-1965), (несредена документација).

246) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај на ЦК НММ од 1947 до 1951 год.

247) ИА Охрид, фонд: Околиски комитет на народната младина - Охрид (1951-1965), (несредена архивска документација).

248) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.50. Анализа за акциите на младината во Македонија 1947-1952 год.

249) Истото.

250) ИА Охрид, фонд: Околиски комитет на народната младина..., Писмо од 24 март, 1948 год. на Земското собрание на НММ до младинските организации во Македонија.

251) ИА Титов Велес, фонд: Околиски народен одбор - Титов Велес (1945-1955). Извештај на Околискиот комитет на НММ од Титовелешка околија за активноста на младината 1948-1950.

252) ИА Струмица, фонд: Околиски одбор на НММ 1945-1950 (несредена архивска документација).

253) М-р Лазар Лазаров, Општествено-политичките организации во обновата и изградбата на НР Македонија 1944-1948, Скопје, 1979, 133-135.

254) ИА Струмица, фонд: Општински комитет на СКМ Струмица (1944 - ),

(несредена докуиментација). Анализа за работата на младинските бригади - учесници во младинската работна акција "Моноспитовското блатао", 1948, 255.

255) Истото.

256) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај на ЦК НММ за активноста на младината во Македонија во периодот меѓу Третиот и Четвртиот конгрес на НММ.

257) Истото.

258) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.16. Анализа за работата на младинската организација во изградбата на задружни домови.

259) ИА Охрид, фонд: Околиски комитет на народната младина на Македонија. Извештај за активноста на младинската организација во Охридска околија 1948 год.

260) ИА Охрид, фонд: Околиски народен одбор за Кичевска околија (несредена архивска документација). Извештај на Околискиот младински комитет на НММ од 26 ноември, 1948 год.

261) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај за активноста на младината од 1946-1949 год.

262) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к.9. (несредена архивска документација).

263) ИА Охрид, фонд: Околиски Народен одбор - Струга. Иавештај на комисијата за воени штети во училиштата.

264) ИА Прилеп, фонд: Околиски НОО - Прилеп, 1945, к.11. Извештај на комисијата за направени воени :тети во училиштата.

265) ИА Титов Велес, фонд: Народен одбор на Титовелешка околија 1945, к.12. Список на училишна штети од окупаторот.

266) АМ, Скопје, фонд: Председателство на Владата на НРМ, 1945, к.4. (несредена архивска документација), Елаборат за направените воени штети на територијата на Федеративна Демократска Македонија.

267) Истото.

268) ИА Охрид, фонд: Околиски народен одбор (несредена и несигнирана архивска документација).

269) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ к.55. Анализа на Министерството за просвета за изградба на културно - просветни и фискултурни објекти во Македонија од 1946 до 1950 год.

270) Истото.

271) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.25. Анализа за учеството на

младината во изградбата на културно - просветни објекти по ослобидувањето до 1952 год.

272) Истото.

273) Истото.

274) Истото.

275) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај за активноста на работничката младина во Македонија 1949 год.

276) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.38. Реферат за идеолошко политичката работа на работничката младина.

277) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Реферат за активноста на работничката младина од 1947 - 1949 год.

278) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај за активноста на работничката младина од Битола и околијата, поднесен од организациониот секретар на градскиот младински комитет - Битола, Цане Секуловски, на IV конгрес на НММ.

279) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.47. Анализа за работата на работничката младина по ослободувањето до 1951 год.

280) Истото.

281) Омладинска борба, 1941-1944, Загреб, 17-18.

282) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај на ЦК НММ од 14 ноември 1949 година.

283) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Информација за одржување на пионерските зборови, за учеството на пионерите во разни акции.

284) Истото.

285) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.25. Годишен извештај за работата на пионерската организација во учебната 1948/49.

286) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Годишен извештај за културно-просветната работа на Пионерската организација на Македонија за 1949.

287) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Статистички преглед за активноста на Пионерската организација во Македонија по ослободувањето до 1951.

288) Истото.

289) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Извештај на Сојузот на пионерите од 26 јуни 1948.

290) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Информација за одржување на пионерски зборови и за активноста на пионерите во разни акции 1947-1953.

291) Истото.

292) Истото.

293) Истото.

294) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к.96. Анализа за активноста на младината во средните училишта (1944-1950)

295) Историски архив Струмица, фонд: Општински одбор на ССРНМ 9Народен фронт)-Струмица (1944-) (несредена архивска документација). Упатство од Земското собрание на НММ од 27 август 1948 година до младинските организации на Македонија.

296) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај за активноста на младината во периодот меѓу Третиот и Четвртиот конгрес.

297) Истото.

298) Истото.

299) ИА Куманово, фонд: Околиски комитет на СКОЈ - Куманово. Писмо од ЦК НММ до младинските комитети.

299а) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к.27. Положбата на борбата против неписменоста од ослободувањето до 1950.

300) АМ, Скопје, фонд: АСНОМ, 1944, к.2. Решение за организирање на аналфабетски курсеви, Службен весник на федерална единица на Македонија во Демократска федеративна Југославија, Скопје, 1944 год. И, бр. 1, 431.

301) ИА Охрид, фонд: Околиски НО на Преспанска околија - Песен (1944-1955). Архивски бр. 4286.

302) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к.27. Упатство за организирање на аналфабетски курсеви.

303) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просветана НРМ, к.27. Уредба за курсеви за неписмени од 18 февруари.

304) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.27. Извештај на ЦК НММ за 1949 год.

305) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к.27. Анализа за борбата против неписменоста во Македонија по ослободувањето до 1950 год.

306) Истото.

307) Истото.

308) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ к.55. Извештај на Министерството за просвета за 1949 год.

309) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на нрм к.27. Цит. Анализа за борбата против неписменоста...

310) Истото.

311 Истото.

312) Истото.

313) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Извештај за работата на младинатра во периодот 1947 до 1952.

314) Истото.

315) Истото.

316) Истото.

317) Истото.

318) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.40. Извештај на Околискиот младински комитет за Радовишка оклија во 1949.

319) ИА Битола, фонд: Окружен одбор на народниот фронт Битола, к.1. Анализа за активноста на младината во Битола и Битолско по ослободувањето до 1949.

320) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ к.26. Анализа за работата на младинските комитети во Македонија во борбата против неписменоста.

321) Истото.

322) Истото.

323) ИА Прилеп, фонд: Околиски народен одбор - Прилеп (1944-1955), к.15. Извештај на градскиот младински одбор - Прилеп за активноста на младината од Прилеп и околијата во борбата против неписменоста, 27 април, 1949.

324) ИА Охрид, фонд: Општински НО на општината Охрид - Охрид, (1944-1957). Извештај за улогата нба младината во борбата против неписменоста од 1946 до 1949 год.

325) Архив на Скопје, фонд: Околиски комитет на Сојузот на младината на Македонија - Скопје (1945-). Извештај за активноста на младината од Македонија во борбата против неписаменоста од ослободувањето до 1952 год.

326) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета к.27. Статистички преглед за бројот на описменетите во Македонија 1945 - 1950 год.

327) Истото.

328) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај за активноста на младината во периодот меѓу Третиот и Четвртиот конгрес на НММ.

329) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Извештај на агитационо - пропагандното одделение при ЦК НММ за активноста на младината во борбата против неписменоста по ослободувањето до 1951 год.

330) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к.26. Анализа за борбата против неписменоста во Македонија по ослободувањето до 1950 год.

332) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.13. Статистички преглед за одржаните аналфабетски курсеви во Македонија 1947 - 1953 год.

333) М-р Нада Јурукова, Основното воспитание и образование во

Македонија (1944 - 1950) Скопје, 1990, 152-158.

334) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Извештај за агитационо пропагандната работа на младината на Македонија во 1950 год.

335) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Анализа за културно просветната активност на младината 1947 - 1950 год.

336) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Реферат за агитационо-пропагандната работа на младината 1948-1950 год.

337) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.21. Извештај на ЦК НММ од 26 мај, 1949 год. до ЦК НМЈ.

338) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Анализа за културно просветната активност на младината 1947 - 1950 год.

339) Истото.

340) АМ, Скопје, фонд: РК ССММ, к.23. Анализа за културно просветната активност на младината 1947 - 1950 год.

341) АМ, Скопје, фонд: Министерство за просвета на НРМ, к.26. Извештај на Министерството за народна просвета од 27 февруари, 1951 година.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## I ИЗВОРИ

### 1. Необјавена архивска документација

*а) Архив на Македонија-Скопје, Фондови:*

- ПК на СКОЈ
- Главен одбор на НММ
- Република конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија
- АСНОМ
- Главен одбор на Народниот фронт на Македонија
- Републичка планска комисија
- Министерство за просвета на НРМ
- Покраински комитет на КПЈ за Македонија
- Претседателство на Владата на НРМ
- Главен одбор на АФЖ на Македонија
- Главен одбор на Единствените синдикати на работниот народ на Југославија за Македонија (ЕСРНЈ)

*б) Архив на МАНУ, Фонд:*

- Јован Костовски

*в) Историски архив Охрид, фондови:*

- Околиски НОО-Охрид
- Околиски НОО-Струга
- Собрание на Охридска околија
- Главен одбор на Народен фронт
- Главен одбор на НММ
- Околиски НО на Дебарска околија-Дебар (1944-1950)
- Околиски НО на Преспанска околија (1944-1955)
- Општински НО на Дебарска општина-Дебар (1944-1955)
- Општински НО на општина Ресен (1944-1950)
- Околиски комитет на КПМ-Дебар (1944-1955)
- Околиски комитет на КПМ Струга (1945-1952)
- Гратски комитет на КПМ - Охрид (1944-1954)
- Околиски одбор на АФЖ-Струга (1945-1950)
- Околиски одбор на Народен фронт-Струга (1947-1952)
- Гратски сојуз на културно-уметнички друштва-Охрид (1948-1950)
- Околиски комитет на СКОЈ-Ресен (1944-1948)
- Окружен комитет на КПМ-Охрид (1945)
- Околиски одбор на ССРНМ-Охрид (1945-1965)
- Околиски комитет на Народната младина-Охрид (1951-1965)

*г) Историски Ахив Прилеп, Фондови:*

- Околиски НОО-Прилеп (1944-1955)

- Околиски народен одбор-Крушево (1944-1955)
- Градски народен одбор Прилеп (1944-1955)

*д) Историски Архив Струмица, Фондови*

- Околиски НОО
- Околиски комитет на КПМ-Струмица (1944-1955)
- Општински комитет на СКМ Струмица(1944)
- Општински одбор на ССРНМ (Народен фронт) Струмица (1944)

*ѓ) Историски Архив Титов Велес, Фондови:*

- Околиски НОО-Титов Велес (1945-1955)
- Околиски НО-Кавадарци (1944-1945)
- Народен одбор на општина Кавадарци(1945-1958)
- Народен одбор на Градска општина-Гевгелија (1944-1955)
- Околиски одбор на Народниот фронт-Титов Велес (1944-1962)
- Околиски комитет на Народната младина на Македонија-Гевгелија (1945-1952)
- Околиски комитет на СКОЈ-Гевгелија (1944-1948)

*е) Историски Архив Битла, Фондови:*

- Околиски комитет на Сојузот на комунистите на Македонија-Битола (1946-1965)
- Општински комитет на СКМ-Битола (1946-1966)
- Околиски одбор на Народниот фронт на Македонија-Битола (1947-

1952)

- Окружен одбор на Народниот фронт-Битола 1945/1946

*ж) Историски Архив Куманово, Фондови:*

- Околиски НО-Куманово (1944-1965)
- Обласен комитет на КПМ-Куманово (1950)
- Окружен комитет на КПМ-Куманово (1944-1945)
- Околиски комитет на Сојузот на Комунистичката младина на Југославија (СКОЈ)-Кратово (1945-1948)
- Околиски комитет на СКОЈ-Куманово (1946-1948)
- Околиски одбор на АФЖ на Македонија-Кратово (1944-1951)
- Околиски одбор на АФЖ на Македонија-Куманово (1944-1953)
- Областен комитет на Народната младина-Куманово (1950)
- Околиски одбор на НММ-Кратово (1945-1951)
- Околиски комитет на НММ-Куманово (1946-1950)
- Градски комитет на Народната младина-Куманово (1945-)

*з) Архив на Скопје, Фондови:*

- Областен НО-Скопје (1949-1950)
- Окружен НО-Скопје (1944-1947)
- НО на Скопска околија-Скопје (1945-1963)
- НО на град Скопје-Скопје (1944-1955)
- Околиски НО на Ѓорче Петров (1945-1952)
- Околиски комитет на сојузот на младината на Македонија-Скопје (1945)

*ѕ) Историски Архив Тетово, Фондови:*

- Околиски НО-Гостивар (1944-1955)
- Околиски НО-Тетово (1944-1955)
- Албанска Фашистичка партија-Гостивар (1941-1942)
- Околиски комитет на СКМ-Тетово (1946-1965)
- Градски комитет на СКМ-Тетово (1945-1956)

*и) Одделение за документација при ИНИ Фондови:*

- АВНОЈ
- НОБ

**2. Објавена архивска документација**

- Авној и Револуција...(тематска збирка докумената 1941-1945), Београд, 1983.

- АСНОМ, Документи за создавањето на народната власт и државно-правниот развој на СР Македонија. том 1, кн.1, Скопје, 1984.

- Броз Тито, Јосип, Говори и статии, II, Скопје 1965.

- Броз Тито, Јосип, Говори и чланци, I-IV, Загреб, 1959.

- Документи за младинското движење на Македонија 1941-1945, Скопје, 1961.

- Документи историје омладинског покрета Југославије, Том 2, кн. 2, 1960

- Документи од Првпто и Второто заседание на АСНОМ, I, Скопје, 1984.

- Документи од создавањето и развитокот на НР Македонија (1944-1946), Скопје, 1949.

- Друго заседање Антифашистичког веќа народног ослобоѓења Југославије, Београд, 1949.

- Зборник докумената и података о Народноослободилачкомрату народа Југославије, VI, 1-4, Београд, 1954.

- Зборник на документи АСНОМ 1944-1964, Скопје, 1964.

- Зборник на документи за државно-правниот развиток на СР Македонија 1945-1963.

- Извори за Ослободителна војна и Револуција во Македонија 1941-1945, I, 1, 2, Скопје, 1968.

- Историски архив Комунистичке партије Југославије, 1941-1944, VII, Београд, 1951.

- Историски архив на Комунистичката парија на Македонија, Скопје, 1949.

- Конгрес СКОЈ-а и Народне омладине Југославије, Београд, 1949.

- Одлуке V Конгреса Комунистичке партије Југославије, Београд, 1948.

- Педгодишњи план развитка народне привреде Федеративне Народне Републике Југославије у годинама 1947-1951, Београд, 1947.

- Педгодишен план за развитокот на народното стопанство на ФНРЈ и на народните републики 1947-1951, Београд, 147.

- Прво и Друго заседање АВНОЈ-а, Београд, 1983.

- Службен весник на НРМ, IV, 37, Скопје, 1948.

- Службен весник на Федерална единица Македонија во Демократска Федеративна Југославија, I, 1, Скопје, 1944.

- Службен лист ФНРЈ (ДФЈ), 1945-1957.

- Статистички годишњак ФНРЈ, Скопје, декември 1954.

- Устав на НРМ, Службен весник на НРМ, 1947.

- Устав на ФНРЈ, Београд, 1946.

- Цетврти конгрес СКОЈ-а и заједницки конгрес СКОЈ-а и НОЈ (1948), Београд, 1985.

### 3. Весници и списанија

- Нова Македонија-орган на Народниот фронт (Социјалистичкиот сојуз) на Македонија

- Млад Борец-орган на младината на Македонија

- Омладина-орган на младината на Југославија

## II ЛИТЕРАТУРА

- Апостолски, Михаило, Ослободителна војна на македонскиот народ (1941-1945), Скопје, 1965.

- Апостолски, Михаило, Организационата структура на образованието и на школството во НОВ и Револуцијата во Македонија, Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија (1943-1983), Скопје, 1985.

- Арсов Љупчо, Непосредните задачи во натамошниот стопански развиток на НРМ, Скопје, 1958.

- Арсовски, А., Изградба на училиштата во Скопскиот округ, "Нова Македонија", III, 509, Скопје, 1946.

- Брезовски, д-р Велимир, Ослободителната војна на Македонија во 1943 година, Скопје, 1971.

- Броз, Јосип Тито, Националното прашање и Револуцијата, Скопје, 1980.

- Вељановски, Новица, АСНОМ за образованието и воспитанието во Македонија 1944 година, Четириесет години слободен развој на воспитанието и образованието во Македонија 1943-1983), Скопје, 1985.

- Вељановски, д-р Новица, Народната власт во Македонија во НОВ и Револуцијата (1941-1944), Скопје, 1983.

- Весковиќ-Вангели, д-р Вера, Жената во Револуцијата на Македонија 1941-1945, Скопје, 1982.

- Весковиќ-Вангели, д-р Вера, Марксистичкото образование во Народноослободителната војна и Револуцијата на Македонија (1941-1945), Просвета и сколство у Народноослободилачом рату и Револуцији народа и народности Југославије, Нови Сад, 1984.

- Влахов, Д., Престојаштите задачи на македонската младина, "Нова Македонија", I/16, Скопје, 1944.

- Грличков, А., Миљовски, К., Симитчиев, А. и Ѓоргов, V., 10 години изградње социјализма у Македоније

- Груевски, Томе-Илковски, Марко, Конгресите на младината на Македонија

- Десет године нове Југославије, Београд, 1975.

- Дуганова, Васка, Тие не ја дочекаа слободата. Сеќавање за Првиот конгрес на НОМСМ, "Нова Македонија", Скопје, 22.XII 1968, XXIV/7975,8.

- Ивановски, д-р Владо, Активноста на СКОЈ и Народната младина на Македонија во Народноослободителната војна и Револуцијата

(1941-1945), Скопје, 1980.

- Ивановски, д-р Владо, Ослободителната војна во Западна Македонија 1941-1944, Скопје, 1973.

- Ивановски, д-р Владо, Формирање и активност на Народноослободителните одбори во Западна Македонија 1943, "Развој на државноста во Македонија", Скопје, 1966.

- Ивановски, д-р Владо, Сојузот на комунистичката младина на на Југославија (СКОЈ) во текот на Народноослободителната војна и Народната Револуција во Маскедонија 1941-1945, Гласник на ИНИ Скопје, г. XVI, бр.1, Скопје, 1972

- Ивановски, д-р Владо, Првиот конгрес на Антифашистичката младина на Македонија од 22. XII 1943 година, сп. "Историја", г.VII бр. 2, Скопје 1971.

- Инадески, Митре, Незгасливи искри (Преглед на диверзантско-саботажните акции и некои други илегални активности во Скопје и Скопско (1941-1944), Скопје 1982.

- Јовановиќ, д-р Марија, Просветно-политичките прилики во Вардарска Македонија (1918-1929), Скопје, 1983.

- Јурукова, м-р Нада, Основното воспитани и образование во Македонија (1944-1950), Скопје, 1990.

- Караиванов, Иван, НР Македонија, Скопје, 1949.

- Кидрич, Борис, Привредни проблеми ФНРЈ, Београд, 1950.

- Ивановски д-р Владо, Формирање и активност на

- Киселиновски, д-р Стојан, Статусот на македонскиот јазик во Македонија (1913-1987), Скопје, 1988.

- Китановски, Мишо, Цутењето на црвената младост.

Средношколските штрајкови во Македонија 1941. ”Млад Борец”, Скопје, 11.X.1981, 12-13.

- Конески, Блаже, За македонскиот литературен јазик, Скопје, 1967.

- Коневски, Блаже, Охридската книжевна школа, ”Книга за Климент”, Охрид, 1966.

- Куцуловска, Галена, Вториот конгрес на Антифашистичката младина на Македонија-Омладина у Антифашистичком покрету Југославије, 1936-1945, Бихаќ, 1972.

- Лазаров, д-р Лазар, Општрствено-економскиот развој на НР Македонија, Скопје, 1988.

- Лазаров, м-р Лазар, Општествено-политичките организации во оновата и изградбата на НР Македонија 1944-1948, Скопје, 1979.

- Лазаров, Лазар, Прилог кон проучувањето на прашањето за индустријализација и електификација на НР Македонија, Скопје, 1976/1.

- Лазаров, Лазар, Спроведување на аграрната реформа на територијата на НРМ, Сп. Правна мисла, Скопје, 1976/1.

- Младеновски, д-р Симо, Младината од Македонија во НОВ, Скопје,1983.

- Младеновски, д-р Симо, Дебарскиот младински баталјон, ”Наш Свет”, Скопје, 18.XI 1981, XXI/711.

- Петрановиќ, д-р Бранко, Политичка и економска основа народне власти у Југославији за време обнове, Београд, 1969.

- Петрановиќ, д-р Бранко, Политичке и правне прилике за време привремене владе ДФЈ, Београд, 1964.

- Петрановиќ, д-р Бранко, Историје Југославије 1918-1978, Београд, 1980.

- Петрановиќ, д-р Бранко, Историја социјалистичке Југославије, Београд, 1977.

- Петрановиќ, д-р Бранко, Револуција и контрареволуција, Београд, 1983.

- Сталевски, Драге, Првиот скоевски курс во Македонија, "Млад Борец", Скопје, 28.XI 1979, XXXVI/1294.

- Стефановски, Светимир, Тито на конгресите на младите, Скопје, 1979.

- Терзиоски, д-р Растислав, Денационализаторската дејност на бугарските културно-просветни институции во Македонија 1941-1944, Скопје, 1974.

- Тодоровски, д-р Глигор, Окупацијата во Западна Македонија, Скопје, 1975.

- Тодоровски, д-р Миле, Поделбата на Македонија, Партизанските одреди и народноослободителната војска на Македонија во Ослободителната војна и Револуцијата 1941-1944, Скопје, 1972.